УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

м-р Зоран Тодоровски

# ВНАТРЕШНА МАКЕДОНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА 1924 - 1934 ГОДИНА

- докторска дисертација -

Ментор: проф. д-р Александар Апостолов

СКОПЈЕ, 1994

## С О Д Р Ж И Н А


**ПРЕДГОВОР** 1

**ВОВЕД** 13

**ПРВА ГЛАВА**
**ВМРО 1924 - 1928**

1. ПРЕСТРОЈУВАЊЕ И РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ВМРО

а) ВМРО по убиството на Тодор Александров 20

б) Програмски цели и политичка платформа на новото раководство на ВМРО 25

в) Организациона поставеност на ВМРО и односите на македонските емигрантски организации во Бугарија 33

г) Воспоставување организациона мрежа во пиринскиот дел на Македонија 41

д) Воена организација, стратегија и тактика 53

ѓ) Политичко-пропагандни активности во Европа и Америка 62

е) Почеток на внатрешните конфликти во раководството на ВМРО 77

## 2. ВМРО ВО ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ НА БУГАРИЈА

а) Односите меѓу раководството на ВМРО и бугарската влада 88

б) Наметнување на ВМРО во политичкиот и стопанскиот живот во пиринскиот дел на Македонија 101

## 3. ПОЛИТИЧКО - ПРОПАГАНДНИ И ВООРУЖЕНИ АКТИВНОСТИ НА ВМРО ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

а) Политичко - пропагандни и информативно разузнувачки активности 117

б) Вооружени и терористички акции 129

в) Политички и воени мерки на Кралството на СХС за спречување на акциите на ВМРО 142

## 4. ЗАОСТРУАВАЊЕ НА ВНАТРЕШНИТЕ КОНФЛИКТИ И РАСЦЕП НА ВМРО

а) Заострување на конфликтите во раководството на ВМРО 153

б) Убиството на Александар Протогеров 161

в) Седми конгрес на ВМРО - расцеп на организаијата 168

## ВТОРА ГЛАВА
## ВМРО 1928 - 1934

### 1. ДЕЈНОСТА НА МИХАЈЛОВИСТИЧКАТА ВМРО

а) Програмска и политичка платформа 171

б) Улогата во политичкиот живот во Бугарија 178

в) Терористичка активност во вардарскиот дел на Македонија 191

г) Надворешна политичка активност 196

### 2. АКТИВНОСТА НА ПРОТОГЕРОВИСТИЧКАТА ВМРО

а) Програмски цели, идеи и тенденции 205

б) Воена тактика и вооружена активност 214

в) Воспоставување контакти со ВМРО (Обединета) 222

г) Поврзување со бугарските и југослвоенските политички кругови 233

### 3. РЕАКЦИЈА ПРОТИВ ВМРО И ЗАБРАНА НА НЕЈЗИНАТА ДЕЈНОСТ ВО БУГАРИЈА

а) Меѓусебна пресметка на двете струи во ВМРО 244

б) Обиди за помирување на двете струи во ВМРО 254

в) Реакција против меѓусебните убиства во ВМРО 260

г) Забрана на дејноста на ВМРО во Бугарија 267

ЗАКЛУЧОК 278

КРАТЕНКИ 288

БИБЛИОГРАФИЈА НА КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА 290

# П Р Е Д Г О В О Р

Проучувањето на македонското револуционерно движење претставува едно од најфундаменталните неисцрпни теми во историјата на македонскиот народ. Ова најмасовно македонско народно движење, легализирано од Македонската револуционерна организација, во својот историски развоен пат измина мошне сложени и тешки искушенија во барањето на најсоодветен револуционерен метод за ослободување, обединување и создавање на самостојна и независна македонска држава.

Внатрешната македонска револуционерна организација (ВМРО) во особено тешка и сложена состојба се најде по Првата светска војна. Овој период на историскиот континуитет на ВМРО беше исполнет со засилена диференцијација и престројување во нејзините редови, како и со идејни превирања, струења и отворени судири. Сите овие внатрешни противречности предизвикани, пред се, од надворешни влијанија и притисоци, придонесоа да се разбие и ослабне револуционерниот и ослободителниот карактер на организацијата, како и да се компромитира самостојноста на македонското ослободително движење.

И покрај внатрешните судири и меѓусебните физички ликвидирања, ВМРО беше единствената македонска револуционерна сила што со своето агресивно дејствување влеваше надеж кај поробениот македонски народ за ослободување на својата татковина и дека е достоен да има своја сопствена држава. Нејзините активности во совладувањето на отпорите што и се испречија на патот кон ослободителното дело, наидоа на силни спротивставувања од страна на соседните балкански држави и ја ставија долго време да биде во центарот на историските и политичките констелации на Балканот и Европа.

Нејзината генерална политичка програма и вооружена стратегија продолжила и по 1924 година до нејзината забрана во 1934 година, кога се прогласила за легитимен продолжувач на

автономистичката ВМРО на Тодор Александров. Оваа последна етапа од историјата на ВМРО, што е предмет на обработка на оваа дисертација, и покрај тоа што зафаќа помал период од 10 години, сепак, со своите внатрешни судири и надворешни пропагандно - вооружени и терористички активности, била мошне присутна на Балканот и на европската политичка сцена. Меѓутоа, и покрај присутниот македонски фактор на меѓународен план, таа не оствари поголемо и подеднакво присуство на македонскиот политички амбиент во трите дела на Македонија.

Во оваа последна етапа од историјата на ВМРО, внатрешните превирања продолжиле со поголем интензитет во борбата за превласт на раководството во организацијата и во меѓусебното конфронтирање на внатрешните струи за наметнување на политичко-програмските цели и на методите и тактиката за продолжување на револуционерното дејствување на организацијата. Во организацијата настапил внатрешен расцеп на раководната структура, идејна деградација, кариеризам и корупција на одделни водачи и членови на организацијата, политичко и дипломатско маневрирање и отстапување од програмските цели. Овие појави биле пропратени со неизбежното присуство на бугарскиот политички фактор, кој мошне скапо ја наплатувал својата толерантност во непреченото дејствување на ВМРО во неговите државни граници, што придонело до обезличување на самостојноста на македонското ослободително дело. Сите овие спорови и кризи во ВМРО во последната етапа од нејзиното дејствување, завршувале со меѓусебни убиства познати како "македонски самоистребувања".

Во историјата на ВМРО по Првата светска војна, главно, се разграничуваат три периоди. Првиот, од 1918 до 1924 година, кога ВМРО под раководството на Тодор Александров и Александар Протогеров се обновува во границите на Бугарија и создава своја база во Петричкиот округ, односно во пиринскиот дел на Македонија. Вториот, од 1924 до 1928 година, е период кога по убиството на Тодор Александров на чело на Централниот комитет (ЦК) на ВМРО дојде Иван Михајлов, кој заедно со стариот член на ЦК, Александар Протогеров, преземејќи го раководењето на организацијата ја реорганизира и го

засили интензитетот на нејзиното дејствување. Третиот и последниот период, ги опфаќа годините од 1928 до 1934 година, кога по убиството на Александар Протогеров ВМРО се расцепи на две струи, приврзаници на Иван Михајлов и приврзаници на Александар Протогеров, и кога започнало меѓусебно истребување што траело се до нејзиното распуштање со 19-то мајскиот преврат во Бугарија.

Имајќи ги предвид досегашните трудови и бројни прилози за историјата на ВМРО по Првата светска војна, мошне илустративно се наметнува констатацијата дека за првиот период, од 1918 до 1924 година, се објавени повеќе посебни трудови на оваа тема од страна на македонската историографија[1]. Исто така, и бугарската[2] и југословенската[3] историографија на наведениот период му посветиле доста внимание.

За разлика од наведениот период, другите два последни периода од историјата на ВМРО не се доволно и целосно проучени и досега на биле предмет на посебна научна разработка во

---

[1] *Ги наведуваме само трудовите во кои поцелосно го опфаќаат предметниот период од развојот на ВМРО: Д-р Иван Катарџиев, Време на зреење. Македонското национално прашање меѓу двете светски војни (1919-1930), I, II, Скопје, 1977; Димитар Митрев, Пиринска Македонија, Скопје, 1986, Ангел Динев, Политичките убиства во Бугарија, Скопје 1951; Д-р Александар Апостолов, Злетовска област - Историски осврт, Скопје 1974; М-р Надежда Цветковска, Политичката активност на македонската емиграција во Бугарија од 1918 до 1929 година, Скопје, 1990; Д-р Даринка Пачемска - Петреска, Дејноста на левите струи и организации. Златна книга - 100 години ВМРО, Скопје, 1993, 129-142; М-р Зоран Тодоровски, Дејноста на десните струи и организации, Златна книга... цит, 152-170.*

[2] *Палешутски Костадин, Вътрешната македонска революционна организация (1918-1924 г.), Известия на Института по история на БКП, бр.49, София, 1983; Истиот, Македонският въпрос в буржоазна Югославия, 1918-1941, София, 1983; Истиот, Македонското освободително движение след Првата световна война (1918-1924), София, 1993; Дино Г. Късев, Борбите на македонскиот народ за освобождение, София, 1950; Истиот, История на македонското национално - революуционно движение, София, 1954.*

[3] *D-r Desanka Todorovic, Jugoslavija i balkanske drzave 1918-1923, Beograd, 1979.*

македонската историографија. Една од причините за ваквата состојба, е не само што наведениот период претставувал најконтраверзна етапа во историскиот континуитет на организацијата, пред се заради антимакедонското национално и неафирмативно обележје, туку и заради нерасполагањето со изворна архивска документација. Притоа, не треба да се пренебрегне и фактот што македонската историографија поголемо внимание им посветуваше на проучувањето и расветлувањето на левоориентираните струи во македонското ослободително движење, пред се, на ВМРО (Обединета) и на Македонската емигрантска федеративна организација. Наведениот период од дејствувањето на ВМРО во македонската историографија е третиран во одделни трудови што биле предмет на пошироки теми од развојот на македонското национално прашање, на македонското национално ослободително движење и на македонската емиграција во Бугарија меѓу двете светски војни[4]. Во нив, со еден синтетизиран и хронолошки приод се засегнати и одделни прашања што се предмет на нашата проблематика, главно, врз архивска документација од домашни и југословенски архиви.

Исто така, во повеќе мемоарски и историско-публицистички прилози на истакнати македонски дејци и општественици, предметната тема е третирана повеќе од аспект на терористичкото изродување и меѓусебните убиства во организацијата[5]. Во отсуство на неопходна архивска документација, во

---

[4] *Д-р Иван Катарџиев, Време... цитиран труд; М-р Даринка Пачемска, Внатрешна македонска револуционерна организација (Обединета), Скопје, 1985; М-р Надежда Цветковска, Политичката... цитиран труд; Д-р Крсте Битоски, Македонските добротворни братства во Бугарија и нивната активност за создавње на обединета и независна Македонија 1918-1934, Гласник на ИНИ, XV/2, Скопје, 1971 Во цитираната монографија , "Златна книга - 100 години ВМРО", во делот што се однесува на дејноста на десните струи во организацијата, 170-192, се обидовме да дадеме поголемо внимание за дејствувањето на ВМРО во периодот 1924-1941 година.*

[5] *Димитар Влахов, Мемоари, Скопје, 1970; Ангел Динев, Политичките... цитиран труд; Алексо Мартулков, Моето учество во револуционерните борби во Македонија, Скопје 1954; Зографски Г. Тодор и Димче А. Зографски, КПЈ и ВМРО (Обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920-1930, Скопје, 1974; Димитар Митрев,*

овие трудови, покрај објективните вистини, се присутни и еднострани, некритички и неаргументирани сознанија, засновани, пред се, од идеолошки позиции. Нивните првични сознанија и констатации за ВМРО, главно, ги следеле сите подоцнежни трудови и прилози, кои ги преземале дадените оценки без приложување на документирана аргументација. Заедничка карактеристика на сите овие трудови е отсуството на изворна архивска документација.

Исто така, и во бугарската историографија нема посебен и специјален труд за историјата на ВМРО во периодот од 1924 до 1934 година. Ова прашање кај постарата бугарска историографија е третирано само во рамките на севкупната историја на македонското национално револуционерно движење, засновано, пред се, на класно-партиски позиции[6].

Поновата бугарска историографија од 80-ите години на овој век, на оваа проблематика и посветила повеќе внимание со објавување на поголем број трудови и прилози, каде посебен акцент им се дава на надворешно-политичките активности на ВМРО[7]. Поаѓајќи од позиција на приврзаници на едната струја на ВМРО, обработката и презентацијата на нивните ставови, во прв ред, се мотивирани од политички побуди за

---

*Пиринска... цитиран труд.*

[6]*Дино Г. Къосев, Борбите... цитиран труд; Истиот, История... цитиран труд; Ярослав Иоцов, Управлението на "Демократическия" сговор (статия втора), Исторически преглед, кн.3-4, София, 1949, 451-488; Георги Наумов, Политически борби в Демократическият сговор през управлението на Андрей Ляпчев, Исторически преглед, кн.6, София, 1969, 24-51.*

[7] *Костадин Палешутски, Македонският... цитиран труд; Истиот, Югославската комунистическа партия и македонският въпрос 1919-1945, София, 1985; Димитър Г. Гоцев, Младежките национално -освободителни организации на македонските българи 1919-1941, София, 1988; Истиот, Тайна младежка революционна организация във Вардарска Македония (1922-1927 г.), Исторически преглед, кн.2, София, 1983, 49-63; Илчо Димитров, Българо - италиянски политически отношения 1922-1943, София, 1976; Васил Ат. Василев, Великобритания и македонският въпрос (1924-1929); Исторически преглед, кн.1, София, 1984, 20-42; Димитър И. Митев, Англия и македонският въпрос по време на второто Лейбъристко правителство (1919-1931) Исторически преглед, кн.2, София, 1986, 3-20.*

реафирмирање на врховистичката политика на ВМРО и докажување на бугарскиот карактер на македонското ослободително движење и воопшто на македонскиот народ. Особено ваквите еднострани толкувања и тенденции и со евидентен подбор на изворите, се присутни во трудовите објавени во последните години. Во нив, прикажувањето на историскиот развој на македонската емиграција во Америка и Канада, авторите го третираат од позиција на приврзаници на михајловистичката струја на ВМРО[8].

Во најновата бугарска историографија, особено кај помладата генерација, присутни се настојувања за покомплексно и пообјективно расветлување на одделни прашања од овој последен период на дејствувањето на ВМРО, се разбира, врз основа на изворна архивска документација[9]. И покрај тоа што авторите настојуваат да се издигнат над секаква пристрасност или приклонување кон било која струја на ВМРО, сепак, со селективен приод на архивската документација го прикажуваат развојот на ВМРО и историјата на македонскиот народ како дел од историјата на бугарскиот народ и држава.

Изработката на нашата тема, главно, се темели врз изворна документација од бугарските државни архиви, односно врз

---

[8]*Костадин Гърдев, Македонските патриотически организации в Канада од основането им до 1987 г., София, 1991; Трендафил Митев, Българската емиграция в Америка и борбите за освобождение на Македония 1919-1941, София, 1993; Веселин Трайков, История на българската емиграция в Северна Америка. От началото и през средината на XIX в. до 80-те години на XX век, София, 1993.*

[9]*Цветана Мичева, Убийството на Александър Протогеров, Исторически преглед, кн.2, София, 1984, 54-69; Истата, Конгресът на ВМРО през 1928 г. - конгрес на разцеплението, Векове, кн.4, София, 1987, 45-53; Истата, Идейна еволуция на ВМРО (протогеровисти) в периода 1928-1931 г., Векове, кн.3, София, 1984, 22-29; Александър Гребенаров, Мястото на македонската емиграция в информационната служба на ВМРО (1926-1928 г.), Военно- исторически сборник, кн.5, София, 1988, 99-111; Истиот, Иван Михайлов и националноослободителното движение на македонските българи (1925-1928), Известия на Военно-историческото научно дружество, Том 50, София, 1990, 164-188; Петър Галчин. Политическите борби в Пиринския край 1923-1939, София, 1989.*

документите од архивата на ВМРО. Со радикалните демократски процеси во Бугарија и со либерализацијата во користењето на нивните архиви во последните три години, ни се пружи среќна околност да ги користиме скоро сите позначајни фондови на ВМРО и на дејците на организацијата што се депонирани во Центрелниот државен архив, Централниот партиски архив[10], Архивот на Министерството за внатрешни работи, Научниот архив на БАН и Бугарскиот историски архив при Народната библиотека "Кирил и Методиј" во Софија[11]. Најголемиот дел од архивата на ВМРО содржи изворни документи: протоколи и резолуции од конгресите, декларации, комюникеа, извештаи, инструкции, наредби, упатства, решенија, одлуки и проекти на ЦК на ВМРО, како и на Задграничното претставништво (ЗП) на ВМРО. Исто така, во овие фондови наидовме и на огромен број доверливи и други писма на раководителите и членовите на организацијата, меѓу кои и личната коресподенција и повратните писма меѓу Иван Михајлов и Александар Протогеров.

Мошне драгоцени податоци содржат и личните фондови на дејците и раководителите на ВМРО, како и на бугарските државници, политичари и општественици, кои биле во блиски односи со организацијата[12]. Покрај споменитe, дневниците и оригиналните

---

[10]*Од 1993 година со укинувањето на Централниот партиски архив, неговите архивски фондови се преземени од Централниот државен архив.*

[11]*Во наведените архиви ги консултиравме фондовите на Македонската внатрешна револуционерна организација (Фонд 396), на "Национално-ослободителните организации на македонските Бугари по Берлинскиот договор 1878 година" (Фонд 1932), на друштвото "Илинден" (Фонд 1075), на Дирекцијата на полицијата (Фонд 370), на Министерството за надворешни работи (Фонд 176), на ВМРО-Обединета (Фонд 204), на Балканската комунистичка федерација (Фонд 10), Задгранични органи на БКП (Фонд 3) и збирката "ВМРО" при Архивот на Министерството за внатрешни работи.*

[12]*Користени се личните фондови на: Иван Михајлов, Александар Протогеров, Кирил Прличев, Георги Баждаров, Петар Дрвингов, Георги Кулишев, Васил Пундев, Ефтим Спространов, Христо Коцев, Климент Бојаџиев, Сребрен Поп Петров и Симеон Кавракиров, а од бугарските државници и политичари: Андреј Љапчев, Стојчо Мошанов и Методи Јанчулев.*

документи што ги содржат овие фондови, од особено значење е нивната лична коресподенција. Овој епистоларски материјал во голема мера ја надополнува атмосферата на времето во кое се одвивале настаните, одразувајќи ги, притоа, интимните мисли, чувства и морално-етичките својства на личностите, односно на протагонистите на настаните, што и недостасува на официјалната документација на ВМРО. Сета оваа изворна документарна база во голема мера придонесе да се збогатиме со нови податоци и сознанија, од кои поголемиот број досега непознати и необјавени документи.

При изработката на темата ги користевме и архивските фондови и збирки што се наоѓаат во југословенските архиви во Белград: Архив на Југославија, Архив на Воено-историскиот институт, Архив на Србија и некогашниот Дипломатски архив на Сојузниот секретаријат за надворешни работи. Во овие архиви, исто така, наидовме на огромна документација што говори за големиот интерес што југословенските власти и го посветувале на ВМРО, меѓутоа, со нагласен пропаганден карактер и од позиција на великосрпски национализам и шовинизам.

Исто така, при изработката на темата ги консултиравме скоро сите фондови во Архивот на Македонија и Архивот на Институтот за национална историја[13], како и дел од фондовите на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) и на Музејот-галерија во Кавадарци.

Покрај оваа изворна архивска документација, консултиравме и голем број необјавени ракописни спомени, сеќавања, изјави и други ракописи на активни македонски дејци и одделни современици на настаните што се предмет на нашата тема[14]. Исто така, ги консултиравме

---

[13] *Ги наведуваме само поважните фондови во овие архиви: Македонски национален комитет, Министерство за внатрешни работи и Централно пресбиро на Кралството на СХС, Републичкиот секретаријат за внатрешни работи, Милан Стојадиновиќ (во Архивот на Македонија), Кралското посланство во Лондон, Централното Пресбиро, Третата армиска област и Главниот Генералштаб на Кралството на СХС (во Архивот на ИНИ).*

[14]*Особено драгоцени се спомените на: Павел Шатев, Димитар Поп Ефтимов, Панајот Хаџиев, Славе Иванов, Ефтим Спространов, Христо Коцев, Георги Кулишев, Сребрен Поп Петров, Петар Шанданов, Методи*

и објавените изворни материјали и документи[15], мемоарските трудови на истакнати македонски дејци[16], брошури и други изданија. Од користените мемоарски прилози ги истакнуваме повеќетомните спомени на Иван Михајлов[17], не заради нивната научна верификација, туку заради обемниот фактографски материјал што е презентиран во неговите спомени. При изработката на темата консултиравме и повеќе брошури издадени во времето на настаните или непосредно по нив[18]. Сите тие, без исклучок, се одликуваат со голема субјективност и пристрасност, бидејќи се пишувани од автори што им припаѓале на спротивставените струи на ВМРО.

Посебно внимание посветивме и на весниците на

---

*Јанчулев, Стојчо Мошанов, како и ракописните материјали: Процес срещу ВМРО, материјалот од сослушувањето на Владимир Куртев, како и ракописните материјали на Благој Видов: "Првите години од властуването на Иван Михайлов (1925-1928 г.)" и "Някои моменти от македонското революционно движение в България", V и VI дел.*

[15]*Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Том Втори, Скопје, 1981; ВМРО (Обединета). Документи и материјали, кн I и II. Избор, редакција и коментар Иван Катарџиев, Скопје, 1991, 1992; Македония. Сборник от документи и материали, София, 1978; Чехословашки извори за българската история, I, II, София, 1985, 1987; Михаил Герджиков, Спомени, документи, материали, София, 1984.*

[16]*Види фуснота бр.5.*

[17]*Иванъ Михайловъ , Спомени III. Освободителна борба 1924-1934, Louvain, 1967; Истиот, Спомени IV. Освободителна борба 1924-1934 г. (продължение), Indianapolis, 1973.*

[18]*Заговорътъ противъ Тодоръ Александровъ. По данни на Вътрешната македонската революционна организация, София, 1924; Защо бъ убитъ Александъръ Протогеровъ. Свътлина върху събитията отъ 1924 и 1928 год. По данни на Вътрешната македонска революционна организация, (София), 1928; Истината върху кризата въ ВМРО. Задгранично издание, (София), 1929; Г. Кулишев, Македонската криза (София),1938; В. Пундевъ, Следъ злодейството. Шесть месеца отъ убийството на Александъръ Протогеровъ, София, 1929; Идеитъ и задачитъ на македонското прогресивно движение въ България, София, 1933; Кърсто Веляновъ, Дънешната политическа постановка на македонскиятъ въпросъ, София, 1928; Родоотстъпници, (София), 1929.*

македонската емиграција во Бугарија, а особено на печатените органи на револуционерните сили и струи во ВМРО[19]. Нивниот, не мал број, овозможува целосно опфаќање на настаните што се предмет на нашата тема и нудат обемна информација во подробности да се проследи целокупната дејност на ВМРО. Меѓутоа, скоро сите овие гласила не можат да се ослободат од својата идеолошка припадност во прикажувањето на настаните и се забележува отсуство на нивно пообјективно и критичко толкување. Во оваа смисла, особено органите на спротивставените струи на ВМРО во своите написи мошне субјективно и тенденциозно, како и со нагласен негаторски и пропаганден приод спрема спротивничките струи, ги прикажуваат процесите во организацијата.

При изработката на темата, се разбира, настојувавме да ја консултираме сета објавена историографска литература, што на било кој начин има допирни точки со нашата проблематика. Притоа, не можат да се одбегнат трудовите што потекнуваат од бугарска провиниенција што во последните три-четири години знатно ја зголемија продукцијата со теми од поновата историја на ВМРО, а посебно на последните нејзини водачи, Тодор Александров и Иван Михајлов.

Сите овие изнесени моменти беа основен мотив да се определиме за проучување на оваа проблематика и врз научно истражувачки пристап, главно, на изворна архивска документација, пообјективно, поцелосно и позадлабочено да ја обработиме и расветлиме оваа последна етапа од дејствувањето на ВМРО меѓу двете светски војни. Притоа, настојувавме да не се повлијаеме на наследените тези и прифатени оценки и сознанија за одредени процеси, струи и сили во македонското ослободително движење и да се издигнеме над било каква пристрасност. Исто така, раководејќи се од научната етика и историската вистина, се трудевме без селективен приод на документите да ги презентираме сите поважни процеси без да ги премолчиме, одбегнеме, па и негираме антимакедонските појави кај

---

[19]*Се однесува на следните поважни печатени органи: "Македонско дело", "Македония", "Македонска правда", "Македонско знаме", "Илинденъ", "Свобода или смърть" (на михајловистичката и протогеровистичката струја), "Революционенъ листъ".*

одделни македонски дејци, како и одделни промакедонски пројави и заложби кај водачите на ВМРО, кои во македонската историографија се верифицирани со оценката како великобугарски националисти.

Дисертацијава е изработена врз основа на тематско-хронолошки метод. Структурата на темата е поделена во две посебни глави, ВМРО 1924 -1928 и ВМРО 1928-1934 година, условени од специфичната проблематика на организацијата во наведениот период и со засебно проблемско разработување и заокружување на секое прашање. Изложувањето на проблематиката што е предмет на нашата тема е со нагласен документарно-фактографски пристап, базирајќи се на архивската документација како основен историски извор во обработувањето и толкувањето на процесите, настаните и личностите што се предмет на темата. При примената на ваквиот метод се раководевме не само да се презентира досега необјавената ахривска документација, туку и заради потребата да се расветлат и реконструираат одделни значајни настани и процеси кои досега недоволно биле обработени и погрешно толкувани и интерпретирани. Презентирањето на изворната документација ја ставивме во функција на поткрепа на нашите научни сознанија, сметајќи, притоа, дека не е потребно нивно посебно коментирање и пошироко елаборирање, туку само со неопходни прагматични заклучувања.

И покрај тоа што во дисертацијата се содржани најсуштествените прашања и проблеми од историските процеси на ВМРО во периодот 1924 -1934 година, сметаме дека и други прашања од наведениот период заслужуваат внимание, без да претендираме дека сме ги исцрпиле сите извори при нејзината обработка. Со веќе создадената либерализација во користењето на архивската документација, а особено на бугарските и руските архиви, ќе се создадат услови за уште покомплексно и сестрано истражување и, се разбира, ќе се дојде и до нови поцелосни сознанија за проблематиката што е предмет на нашата тема.

Свесни сме дека значајна и клучна изворна документација, воопшто за историскиот развиток на ВМРО, недостапна за историската наука, се наоѓа, пред се, во тајните архиви на бугарскиот цар и министерствата за војската, за надворешни и за внатрешни

работи, од каде всушност се диригирале главните политички потези во врска со целокупното дејствување на ВМРО во Бугарија и надвор од неа. Со симнувањето на ембаргото на овие архиви, секако ќе се дојде до нови сознанија и преоценки на презентираните во дисертацијава, до кои успеавме да дојдеме во оваа фаза на нашето проучување.

# ВОВЕД

По Првата светска војна политичките констелации во Европа на односите меѓу големите сили, како и политичките околности на Балканот, значително се видоизмениле. Динамичните меѓународни односи на прегрупирање и дипломатско маневрирање со нагласени интереси, тенденции, аспирации и ревизионистички стремежи на државите победнички во војната и на поразените држави, нашле свој одраз и во севкупната дејност на Македонската револуционерна организација.

На европски план, земјите победнички во војната, Франција и Велика Британија, поаѓајќи, пред се, од своите политички и економски интереси, биле заинтересирани за одржување статус-квото во Европа и обезбедување и заштита на класните и државните интереси на балканските држави. Нивната главна надворешно-политичка преокупација била во тежнението да се одржи "версајскиот поредок"[20]. Противречностите што набргу се јавиле меѓу овие две сили, во прв ред, заради настојувањето на Велика Британија да го намали хегемонизмот на Франција во Европа и да ги разлабави врските со нејзините сојузници во Централна Европа и на Балканот, а да ја зачува својата улога на арбитар на стариот континент[21], во голема мера ги искористила Италија. Оваа држава, и покрај тоа што излегла победник од војната, длабоко незадоволна од Версајските одлуки, веднаш ги пројавила своите ревизионистички стремежи. Особено по воспоставувањето на фашистичката власт Италија отворено почнала да ги демонстрира своите заканувања за насилна ревизија на постоечките односи во Европа и верифицираните државни граници.

Интересот на Италија особено бил свртен кон Балканот, а посебно кон Албанија и Бугарија. Кон нејзината офанзивна ревизионистичка политика, покрај Германија се придружиле Унгарија и

---

20 *Андреј Митровић, Време нетрпељивих. Политичка историја великих држава Европе 1919-1939, Београд, 1974, 375.*

21 *Илчо Димитров, Българо... цит, 86.*

Бугарија, кои постојано биле во судир со своите соседни држави, чија основна надворешна политика се состоела во зачувувањето на постоечката состојба. Со меѓусебното сојузување и групирање се измениле односите на силите во Европа. Ревизионистичките држави, наспроти државите што се залагале за надминување на последиците од војната, својата надворешна политика ја насочувале за создавање на "нов поредок" во Европа[22]. Противречностите што биле присутни во нивните меѓусебни односи ќе доведат и до нова светска војна.

Имајќи го предвид геополитичкото и стратегиско значење на Балканот, политичките и економските интереси на спротивставените европски сили биле силно насочени и кон Кралството на Србите, Хрватите и Словенците и Бугарија. Поларизацијата на нивните интереси и цели имала свој одраз и во надворешната политичка ориентација на овие балкански земји. Кралството на СХС водејќи политика на задржување статус-квото на постоечките државни граници на Балканот, со помош на Франција настојувала да игра улога на хегемон на овој дел на Европа. Од друга страна, Бугарија како поразена држава, била принудена да се ориентира кон Англија, а особено кон Италија, чија ревизионистичка политика била вперена против ослабнувањето на надворешната положба и влијание на Кралството на СХС на Балканот.

Во вакви мошне комплексни меѓународни односи на интереси и тенденции, а особено изложени на меѓусебните политички и дипломатски противречности на Кралството на СХС и Бугарија и со значителна промена на етничката структура на своето население, се најдоа повторно распарчената и поделена Македонија, обесправениот македонски народ и демоларизираната Македонска револуционерна организација. Владеачките буржоаски диктатури и монархистички режими на Кралството на СХС, Бугарија и Грција уште повеќе ја засилиле денационализаторската и асимилаторската политика над македонското население, настојувајќи со сите возможни средства и методи да докажат дека заграбените делови на Македонија претставувале дел од нивната државна територија. Додека големосрпскиот режим преземал жестоки мерки на асимилација и денационализација над македонскиот народ и

---

22 *Андреј Митровић, Време нетрпељивих... цит, 375.*

засилена колонизација на немакедонски етнички елементи во вардарскиот дел на Македонија[23], грчките власти врз основа на меѓународни договори со Бугарија за мошне кусо време и со насилни мерки протерале од егејскиот дел на Македонија во Бугарија преку 32.000 Македонци, а доселиле околу 640.000 грчко население, поголемиот број од Турција[24]. Од друга страна, бугарските владеачки режими не само што македонското население во пиринскиот дел на Македонија го третирале за бугарско, туку воделе перманентна политика на манифестирање територијални претензии и кон другите два дела на Македонија, пласирајќи ја, притоа, тезата за бугарскиот карактер на македонското население.

Македонската револуционерна организација веднаш по Првата светска војна се нашла на големи искушенија. Во состојба на распарчена и поделена Македонија, разединет и разочаран македонски народ и разбиени и деморализирани револуционерни сили, таа остана единствена револуционерна сила што можеше да ја врати довербата за национално ослободување, обединување и создавање на самостојна и независна македонска држава.[25] Во услови на веќе дефинираните балкански граници и отворените процеси на зајакнување на владеачките балкански државни режими и монархии, таа била принудена да го продолжи своето дејствување како емигрантска организација и под покровителство на бугарските државни фактори.

Бугарија како поразена држава во војната, и покрај

---

[23]*За политиката на големоспскиот режим во вардарскиот дел на Македонија види повеќе кај Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, Скопје, 1966; Истиот, Специфичната положба на македонскиот народ во Кралството Југославија, Гласник на ИНИ, бр.1, Скопје, 1972, 39-60; Истиот, Злетовска област... цит, 481-608; Историја на македонскиот народ кн.3, Скопје, 1969, 5-113; Д-р Иван Катарџиев, Време... цит, 23-85.*

[24] *За положбата на македонското население и за демографските промени на егејскиот дел на Македонија види повеќе кај м-р Стојан Киселиновски, Грчката колонизација во Егејска Македонија (1913-1940), Скопје, 1981; Историја на македонскиот народ, кн.3... цит; 245-273; Д-р Иван Катарџиев, Време... цит, 85-106.*

[25]*За активноста на ВМРО во периодот од 1918 до 1924 година види фуснота број 1, 2, 3, 4 и 5.*

ревизионистичките ставови за промена на мировните договори и статус-квото на Балканот, во состојба на длабока економска криза и со ограничена вооружена сила и материјални средства, својата надворешна политика таа ја подредила на принципот на мирна ревизија на балканските граници[26]. Притоа, таа постојано го истакнувала правото за признавање на бугарското малцинство во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија, што остана трајна карактеристика на бугарската надворешна политика[27]. Од 1924-1925 година Бугарија постепено се извлекувала од економската криза и од внатрешната политичка изолација. Во барањето надворешни сојузници таа лавирала меѓу Англија, во чии политички средини имала традиционални симпатии и подршка и Италија, чии ревизионистички манифестирања и биле блиски на нејзината надворешно политичка конфронтација со Кралството на СХС.

Меѓусебните односи на Бугарија и Кралството на СХС, односно Кралството на Југославија, биле обременети со наследените историски претензии во однос на Македонија и на прашањето за националната припадност на македонскиот народ во вардарскиот дел на Македонија. Во меѓусебниот судир со југословенските државни фактори, како и во водењето на својата генерална надворешна политика, бугарските владеачки режими широко ги користеле политичките и пропагандните активности на институтите, органите и телата на ВМРО и на македонската емиграција во Бугарија. Со своето активно учество во надворешната политика на Бугарија, ВМРО станала важен фактор и во внатрешно-политичкиот живот на земјата, влегувајќи во сложени меѓусебни односи со бугарските влади[28]. Меѓутоа, со своите уставни и програмски пароли за автономна, независна и самостојна Македонија, ВМРО била во голема противречност не само со политиката на Кралството на СХС, односно Кралството на Југославија, туку и со

[26]*Людмил Спасов, България, Великите сили и балканските държави 1933-1939 г., София, 1993, 3-6; Кръстьо Манчев, Югославия и международните отношения на Балканите 1933-1939, София, 1989, 19-25.*

[27]*История на България, София, 1994, 574.*

[28]*Исто, 579.*

политиката на бугарските влади[29].

Најголемиот дел од македонските револуционерни кадри по војната се нашле во Бугарија, сред повеќеилјадните македонски емигрантски и бегалски маси. Во овој период, пред и за време на одржувањето на Париската мировна конференција кога се поставило прашањето со кои сили и со какви средства ќе продолжи борбата за ослободување на Македонија, повторно се обновила дејноста на Македонската револуционерна организација. Членовите на Централниот комитет на ВМОРО, Тодор Александров, Александар Протогеров и Петар Чаулев, на македонската политичка сцена го најавиле постоењето на организацијата под ново име: Внатрешна македонска револуционерна оргранизација (ВМРО). Иницијатор за обновување на организацијата бил Т. Александров, кој, притоа, го најавил и револуционерниот вооружан метод на дејство како единствено средство за борба против новите поробувачи на Македонија. Со ваквиот свој револуционерен став, тој се издигнал во прв водач на ВМРО се до неговото убиство во 1924 година.

Кога на Париската мировна конференција пропаднале сите надежи за присоединување на Македонија кон Бугарија, Т. Александров повторно ја афирмирал старата програмска цел на организацијата - автономија на Македонија, како основа за зачувување на нејзиниот територијален интегритет, со што неговата организација го добила називот "автономистичка" ВМРО. И покрај тоа што во поимот "автономија" се прикривале присоединувачките тези на Македонија кон Бугарија, основната програмска цел на автономистичката ВМРО била создавање на автономна, самостојна и независна македонска држава во нејзините географски и економски граници. Покрај оваа максимална програма на македонското револуционерно движење, раководството на организацијата при покренувањето на барањето за решавање на македонското прашање ја истакнувало и минималната програма, односно, вклучување на Македонија во рамките на југословенската федерација и признавање на малцинските права и слободи на македонското население, третирајќи го како "македонски Бугари".

[29] *Костадин Палешутски, Македонското... цит, 6.*

Обезбедувајќи морална и финансиска подршка кај бугарските и италијанските политички кругови, ВМРО отпочнала засилена вооружана и терористичка дејност во вардарскиот дел на Македонија, со цел да го сврти вниманието на европската јавност за присутноста на македонскиот фактор и нерешеното македонско прашање. На внатрешен план, зацврстувајќи го своето влијание во пиринскиот дел на Македонија, со помош и толерантниот став на бугарските државни власти, раководството на ВМРО го претворило овој дел на Македонија во основна база на организацијата. Станувајќи неоспорен фактор во политичкиот живот на Бугарија, Т. Александров ја ставил организацијата во услуга на бугарските буржоаски, воени и монархистички кругови, олеснувајќи ги нејзините акции во соборувањето на Земјоделската влада на Александар Стамболиски и активно учествувајќи во задушувањето на Септемврискoто востание во 1923 година.

Внатрешните противречности и идејни превирања по основните програмски цели и вооружената стратегија, довеле до судири и расцеп на организацијата. Покрај создавањето на Македонската емигрантска федеративна организација (МЕФО), на чие чело застанале истакнати македонски револуционери и демократи, од автономистичката ВМРО на Т. Александров се одделила една група на негови бивши приврзаници и формирале посебна организација, Македонска федеративана револуционерна организација (МФРО). Внатрешните судири и антагонизмот меѓу струите во организацијата прераснале во отворени физички пресметки и убиства, при што автономистичката ВМРО, предводена од Т. Александров, успеала скоро целосно да ја ликвидира федералистичката опозиција во нејзините редови.

Натамошното дејствување на организацијата во барањето на нови сојузници во борбата за ослободување на Македонија, ќе претрпи нагло свртување во нејзината надворешна политичко - програмска ориентација. Разочарувајќи се од дотогашната соработка и ветувања на бугарскиот државен фактор и европските сили, дека ќе помогнат во решавањето на македонското прашање, ВМРО се ориентирала кон Советскиот сојуз. Гледајќи во оваа голема комунистичка сила можен

покровител и иден сојузник во борбата за ослободување на Македонија, раководството на автономистичката ВМРО се надевала дека таа ќе му даде искрена подршка на македонскиот народ за национална и социјална слобода. Контактите со Советскиот Сојуз и Коминтерната довеле до потпишување на познатиот Мајски манифест. Меѓутоа, со брзото откажување на раководството на организацијата од овој мошне значаен документ, ќе пропадне и последниот обид за обединување на македонските сили во единствен ревулуционерен фронт кога веќе била подготвена платформата на новата ориентација на македонското революционерно движење.

Бугарските владеачки фактори, вознемирени од самоволните потези и нелојалното поведение на Т. Александров, го организирале неговото убиство со цел да ја вратат организацијата повторно под своја контрола, бидејќи таа се повеќе се ослободувала од нивното влијание и се пројавувала како независна револуционерна организација. Убиството на Т. Александров, бугарските власти и припадниците на автономистичката ВМРО, предводени од Иван Михајлов, го искористиле за пресметнување со најистакнатите претставници на македонските левоориентирани революционерни сили и со опозицијата во ВМРО.

# ПРВА ГЛАВА

# ВМРО 1924-1928

## 1. ПРЕСТРОЈУВАЊЕ И РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ВМРО

### а) ВМРО по убиството на Тодор Александров

По убиството на Тодор Александров и крвавите септемвриски настани во 1924 година во пиринскиот дел на Македонија, кога физички бил ликвидиран најголемиот дел од кадровската база на македонското левоориентирано ослободително движење, настанала длабока криза во редовите на организацијата. ВМРО дефинитивно се поделила на две организации: ВМРО, во која останале наследниците и приврзаниците на тодоралександровата "автономистичка" ВМРО во границите на Бугарија, и ВМРО (Обединета), во која преминале приврзаниците на федералистичката струја и на комунистите, кои под закана на физичко доистребување биле приморани да ја напуштат Бугарија и да формираат свој центар во Виена.

Веднаш по убиството на Т. Александров, неговиот секретар Иван Михајлов и членот на Централниот комитет (ЦК) на ВМРО, Александар Протогеров, се ставиле на чело на организацијата, продолжувајќи го нејзиното функционирање. Примената на насилни мерки над македонските левоориентирани дејци уште поблиску ги приближила двајцата водачи на ВМРО со бугарските политички и воени кругови. Со оглед на тоа што внатрешните несогласувања и противречности на ВМРО добиле карактер на идеолошко самоистребување, настанала извесна деморализација кај членовите во самата организација.

Согледувајќи ја новонастанатата состојба по убиството на Т. Александров, а особено непостоењето на комплетен состав на ЦК, за натамошното раководење на организацијата А. Протогеров предложил да се образува "привремено тело" до избирањето на нов ЦК на општ конгрес на организацијата. Неговиот предлог бил прифатен и од

војводите Петар Шанданов и Панчо Михајлов[30]. Ваквото размислување кај раководството во организацијата дало повод Битолскиот револуционерен округ на својот окружен конгрес, одржан во октомври 1924 година, да донесе "Проект - Правилник на македонската револуционерна организација", во кој се предлагало ЦК на ВМРО да се состои од пет нелегални члена, од кои тројца да ги раководат областите, а двајцата "Претставничкото тело" на организацијата[31]. Меѓутоа, И. Михајлов самоиницијативно се ставил за секретар на ЦК на ВМРО, функција што според Правилникот и дотогашното постоење на организацијата не била предвидена. Во функција на секретар на организацијата, тој заедно со А. Протогеров почнал да раководи и да ги потпишува сите документи во името на ЦК на ВМРО.

Веднаш по убиството на Т. Александров, И. Михајлов и А. Протогеров презеле итни мерки за мобилизирање на членството и воспоставување контрола над вооружените сили на организацијата. Притоа, И. Михајлов посебно инсистирал и му сугерирал на А. Протогеров да се обноват пунктовите во пиринскиот дел на Македонија, особено оние кои биле против Т. Александров[32]. Со одлука на ЦК на ВМРО од 23 септември 1924 година, И. Михајлов бил назначен за "полномошник" на Петричкиот округ со цел за смирување и

[30]*Централен държавен архив, София, Фонд 1909 Александар Протогеров (натаму: ЦДА и број на Фондот), оп. 2, а.е. 323, л. 16-18. "Драги чичо Ангеле" (псевдоним на А. Протогеров - З.Т.), писмо до А. Протогеров од "Пламенов" (псевдоним на П. Шанданов - З.Т.) од 7.IX.1924 година.*

[31]*Исто, фонд 932 - Националноосвободителни организации на македонските Българи след Берлинския договор 1878 година, оп.1, а.е. 277, л. 1. По се изгледа дека овој обид за изменување на Правилникот на ВМРО во делот што се однесува за составот на ЦК, е дело на П. Шанданов кој бил раководител на Битолскиот револуционерен округ (Архив на Институтот за национална историја, Скопје, фонд Кралско посланство во Лондон /натаму: АИНИ, Фонд КПЛ/, к. XXXVII/18, бр. 287).*

[32]*ЦДА, Фонд 1909, оп. 2, а.е. 270, л. 6. "Драги Дядо Ангеле". Писмо до А. Протогеров од "Брязов" (псевдоним на И. Михајлов - З.Т.), од 22.IX.1924 година.*

продолжување активностите во округот[33]. Сметајќи го пиринскиот дел на Македонија за главна потпора на организацијата, А. Протогеров уште на 15 септември 1924 година му наредил на струмичкиот окружен војвода, Георги В'ндев, покрај струмичкиот округ, да го презеде раководството и на "Петричкиот пункт со околијата". А. Протогеров на сите раководители на окружните и околиските тела, пунктовите началници и окружните војводи во пиринскиот дел на Македонија им испратил и посебни наредби и упатства за работа во новонастанатата ситуација[34].

Исто така, А. Протогеров и И. Михајлов во името на ЦК на ВМРО упатиле "доверливи" расписи до раководните тела на револуционерните комитети во пиринскиот дел на Македонија, до македонскиот народ во вардарскиот дел на Македонија и до македонската емиграција во Америка. Во нив тие им дале на знаење дека и натаму постои ЦК на ВМРО како врховно тело на организацијата и како нејзин легитимен заштитник во борбата за добивање национални права и слобода на македонскиот народ[35]. Во расписот до "Раководните тела на революционерните околии" во пиринскиот дел на Македонија од 12 октомври 1924 година, запознавајќи го своето раководно членство за неизменетите програмски цели на организацијата - "ослободување и независност на целосна Македонија", ЦК на ВМРО ги поканил сите "Македонци од Петричкиот округ" да се откажат од учеството во партиските борби во Бугарија, а својата енергија да ја насочат во ослободувањето на своите поробени браќа и нивно обединување во една "Независна Македонија". Со ваквата јавно искажана директива дека "Македонците под бугарска власт" треба да се оттргнат од партиските борби во Бугарија, ЦК на ВМРО сакал да даде на знаење

---

33 *Исто, Фонд 1932, оп.3, а.е.117, л.7. "Полномошното" е потпишано од А. Протогеров.*

34*Исто, а.е. 91, л. 93-106. Писмо на А. Протогеров (под псевдоним "Дядо Илия") до Георги В'ндев, Стојан Филипов, Иван Караџов и други војводи од 15.IX.1924 година.*

35*Исто, Фонд 1932, оп. 3, а.е.84. Допис на ЦК на ВМРО потпишан од А. Протогеров и И. Михајлов до Централниот комитет на македонските политички организации во Македонија и Канада од 3.XI.1924 година.*

дека организацијата нема да се меша во внатрешните партиски борби во Бугарија, а за возврат да бара и бугарските политички партии да се откажат од делувањето сред македонското население во пиринскиот дел на Македонија[36].

Во еден друг "доверлив" распис до "окружните, околиските и месните револуционерни комитети, задграничните претставници и пунктовите началници", ЦК на ВМРО, настапувајќи од името на организацијата како "единствен достоен и компетентен претставник на поробеното и распарченото македонско население и како носител на неговите борбени стремежи и идеали", им наредил на своите извршни органи да употребат најостри мерки против организирањето на тајни комунистички јадра во "територијата на организацијата" (се мисли на пиринскиот дел на Македонија - З.Т.) и инфилтрирањето на комунистите во легалните македонски организации[37].

Во дописот упатен до македонското население во вардарскиот дел на Македонија од 24 декември 1924 година, ЦК на ВМРО откако констатирал дека е невозможна "легална општествена дејност во Македонија" и помирувајќи се со минималната програма на организацијата наследена од Т. Александров - "Македонија да биде рамноправен член во идната федеративна Југославија", му дал "општи насоки" во претстојните избори во овој дел на Македонија. Како главна насока во земањето учество на изборите, на македонските избирачи им се препорачувало да истакнат свои кандидати во листите на југословенските политички партии и од нив да создадат "македонска парламентарна група"[38] во собранието на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците (Кралство на СХС), слична на онаа што ја имало во бугарскиот парламент.

Исто така, ангажирањата на привремениот ЦК на ВМРО биле

---

[36]*Архив на Македонија, Скопје, Фонд Македонски национален комитет (натаму: АМ, Фонд МНК), кут.5.*

[37] *ЦДА, Фонд 1932, оп.1, а.е.9, л.1-2. Расписот потпишан од членот и секретарот на ЦК на ВМРО е без датум. Неговата содржина упатува на констатацијата дека е испратен веднаш по убиството на Т. Александров.*

[38] *АМ, Фонд МНК, кут.5. Дописот е потпишан само од А. Протогеров.*

насочени и кон запознавање на македонската емиграција во Бугарија и европската општествена јавност за основните насоки на дејствувањето на ВМРО по смртта на Т. Александров. Ваквата можност ја искористил И. Михајлов, кој прикривајќи се зад името на "еден водач на организацијата", дал опширно интервју за весникот "Реицхспост" од 17 октомври 1924 година, кој го пренел и органот на Илинденската организација "Илинден". Во интервјуто И. Михајлов најавил постоење на некаков "главен комитет од неколку души", кој со поголема енергија ќе го продолжи делото на Т. Александров[39]. Притоа, тој ги изложил основните програмски цели на организацијата: "Единственоста и независноста на цела Македонија со седиште во Солун". Ова барање било содржано и во Меморандумот на ЦК на ВМРО од август 1924 година (со фалсификуван потпис на Т. Александров - З. Т.) доставен до Друштвото на народите во Женева од страна на Наум Томалевски и Тома Карајовов[40]. Откажувањето на организацијата од "револуционерната тактика" и најавувањето на водење легална борба, И. Михајлов го условувал со барањето Кралството на СХС и Грција да ги признаат малцинските права на македонското население во нивните држави, како и исполнување на единствените услови: признавање и почитување на верата и јазикот на населението во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија. Под ваквите и не до крај дефинирани термини, И. Михајлов и ВМРО подразбирале признавање на "бугарското национално малцинство" и на бугарската црква и воведување на бугарски јазик во училиштата во овие два дела на Македонија.

И покрај тоа што раководството на ВМРО крајното разрешување на македонското прашање го гледало преку "создавање на самостојна држава во границите кои се определени од науката и природата", според И. Михајлов, тоа би се задоволило и со "привремено разрешување со автономија на поголемиот дел од

39*В. "Илинденъ", бр.15, 14.XI.1924, "Македонската организация следъ смъртъта на Т. Александровъ (Разговоръ съ единъ водачъ на Организацията)", 3; Види и кај Костадин Палешутски, Македонският... цит., 201-202.*

40 *ЦДА, Фонд 1948 - Кирил Прличев, оп.1, а.е.8, л.1. Писмо на Т. Карајовов од Женева до К. Прличев од 19.IX.1924 година.*

Македонија", односно на делот на Македонија што се наоѓа во составот на Кралството на СХС. Изложувајќи ја подготвеноста на ВМРО за компромис и отстапување од "револуционерните" програмски цели на организацијата, надвор од сите релни политички околности и во услови на дефинирани балкански граници по Првата светска војна, И. Михајлов отишол толку далеку во своите оптимистички желби, завршувајќи го интервјуто со надежта дека кон автономниот дел на Македонија во рамките на Кралството на СХС со текот на времето ќе и се придружат и другите делови на Македонија. Па така Македонија, како што изјавил И. Михајлов, "ќе може како автономна држава да се развие во пределите на Југославија"[41].

Со директното ангажирање и вклучување во организационите работи, И. Михајлов си отворил пат во највисокото тело на ВМРО, не дозволувајќи да дојде до поголема криза и деморализација во редовите на организацијата. Продолжувањето со насилните методи над македонските левоориентирани дејци, уште поблиску ги приближило И. Михајлов и А. Протогеров со бугарските политички и военi кругови. Ваквото поврзување уште на почеток на нивното застанување на чело на организацијата ја определило натамошната судбина на ВМРО како нелегална и револуционерна организација и значаен политички фактор во Бугарија.

## б) Програмски цели и политичка платформа на новото раководство на ВМРО

Една од најприоритетната задача што била поставена пред раководството на организацијата, била формирањето и озаконувањето на нов ЦК на ВМРО, кој по убиството на Т. Александров формално не постоел. Оваа задача им била дадена на членовите на стариот состав на Задграничното претставништво (ЗП) на ВМРО, Георги Баждаров, Кирил Прличев и Наум Томалевски. По извршените консултации со бугарските владини кругови и Воената лига, нивниот избор застанал на И.

---

41 *В. "Илинденъ", бр.15, 14.XI 1924, 3.*

Михајлов, кој уште по убиството на Т. Александров бил определен за негов заменик. Тие сметале дека тој успешно ќе го продолжи неговиот курс и, како и до тогаш, ќе им биде послушен во спроведувањето на генералната политика на ВМРО[42].

По сондирањето на теренот за избор на ново раководство на ВМРО, искрснале два проблема околу свикувањето и учеството на делегатите на претстојниот конгрес. Имено, според Правилникот на ВМРО, конгресот го свикувале членовите на ЦК, а делегатите се избирале од окружните конгреси и, по правило, да бидат од внатрешноста на Македонија, односно да дејствуваат во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија[43]. Во првиот случај, покрај А. Протогеров, сеуште формален член на ЦК бил и Петар Чаулев, кој повеќе години престојувал во странство, односно во Албанија и Италија, и воопшто не се согласувал со политиката на ВМРО. Поврзувајќи се со претставниците на Коминтерната и федералистичкиот центар на ВМРО во Виена, тој станал еден од најголемите противници на раководството на ВМРО во Бугарија. Затоа, за да го отстранат од законското право да одлучува во свикувањето на нов конгрес на организацијата, членовите на ЗП решиле физички да го ликвидираат. За таа цел, тие го испратиле атентаторот на организацијата, Димитар Стефанов, во Милано, кој на 23 декември 1924 година го убил П. Чаулев во една градска кафеана[44].

---

[42]*Научен архив на БАН, София (натаму: НА БАН), сб.IV, а.е.153, Благой Видов, "Първите години от властуването на Иван Михайлов 1925-1928 г.", (ракопис), 1. Една од определбите за И. Михајлов да дојде на чело на ВМРО била и, меѓу другото, што тој бил ученик на Г. Баждаров и К. Прличев во солунската гимназија. Наскоро, како што следеле настаните, тие ќе бидат измамени во своите оценки за послушноста на И. Михајлов.*

[43]*ЦДА, Фонд 1909, оп. 2, а.е.31, л.1-34. Устав и Правилник на ВМРО (преработен од општиот конгрес на ВМРО во 1925 година).*

[44]*АМ, Фонд Републички секретаријат за внатрешни работи (натаму: РСВР), Пописник Ц, Материјал број 27, извод од изјавата на Стефанов Иванов Димчо, 2; В. "Илинденъ", бр.1 3.И.1925, "Петъръ Чаулевъ убитъ" 3. Раководството на ВМРО, не штедејќи финансиски средства, се зазело за ангажирање на влијателни и авторитетни адвокати кои успеале на судскиот процес во Милано да го ослободат атентаторот Д. Стефанов од издржување казна. (ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.192, л. 1 и 7. Писма до А. Протогеров од Антон Пиперов, претставник на ВМРО во*

Во вториот случај, заради неприсуството на потребниот број делегати од окружните революционерни комитети, како и заради делегирање на свои делегати, поголемиот број од пиринскиот дел на Македонија, Конгресот бил именуван за "вонреден" конгрес на ВМРО.

Општиот конгрес на ВМРО, шести по ред, бил свикан во првата половина на месец февруари 1925 година во село Србиново (сега с. Брежани - З.Т.), Горноџумајско, и траел три дена. Покрај делегатите, на Конгресот присуствувале и поголем број поканети гости од Националниот комитет на македонските братства во Бугарија (НК), кои давале тон и директива на конгресните заседанија[45]. Врз основа на претходно извршените консултации и подготвени листи, на Конгресот за членови на ЦК на ВМРО биле избрани И. Михајлов, А. Протогеров и Георги Поп Христов, а за заменици П. Шанданов, Јордан Ѓурков и Никола Василев. Составот на ЗП на ВМРО останал истиот избран во 1920 година: Г. Баждаров, К. Прличев и Н. Томалевски, додека за резервни членови биле избрани Јордан Бадев, Т. Карајовов и Ангел Узунов[46].

---

*Италија, од 5.I. и 11.III.1925 година). За адвокати на Д. Стефанов, со лично посредување на бугарскиот амбасадор во Италија, Г. Радев, ВМРО ги ангажирала сенаторот Морело и пратеникот Капа (Илчо Димитров, Фашистка Италия и ВМРО. България и европейските страни през XIX век. Посвещава се на чл.-кор. Туше Влахов по случай 75-годишнината му, БАН, София, 1975, 248-249). За убиството и судењето на П. Чаулев во Милано, види повеќе кај Тритъ дъела... цит., 181-283; и Processo diseusso alla corte di assisi di Milano contro il patriota macedone Dimitri Stefanoff per l'uccisione del traditore Pietro Ciauleff, Roma, 1927.*

*[45]Според Б. Видов, на Конгресот како гости учествувале: д-р К. Станишев, Г. Кондов, В. Василев, Т. Карајовов, И. Караџов, А. Манасиев, С. Филипов, М. Монев, Ј. Бадев, П. Мрмев, Х. Шалдев, К. Велјанов, А. Узунов и повеќе од дваесет бугарски офицери (НА БАН, сб. IV, а.е.153, цитиран ракопис на Б. Видов, 3-4). Офицерите биле предводени од полковниците Кочо Стојанов и Порков, кои биле врската меѓу ВМРО и Министерството на војската, односно со министерот, генералот Иван В'лков (Владимир Спиридонов Куртев, материјал од неговото сослушување во Софија во 1946 година, 25. Материјал отстапен на користење од новинарот и публицистот Панче Михајлов, за што му изразуваме благодарност).*

*46 НА БАН, сб. IV, а.е.153, цитиран ракопис на Б. Видов, 6-7; В.*

Конгресот ги усвоил преработените Устав и Правилник на организацијата, кои соодветствувале на изменетите територијални и политички услови на Балканот по балканските и Првата светска војна. Според член 1 од Уставот, целта на ВМРО била: "обединување на разделена Македонија во нејзините географски граници и извојување нејзина целосна политичка автономија (самоуправување)"[47]. На Конгресот била донесена и посебна резолуција за идното дејствување на организацијата, која воопшто не отстапувала од вооружената концепција на автономистичката ВМРО на Т. Александров. Во неа, "јасно и недвосмислено" се истакнувала потребата од непосредно учество на "Бугарска Македонија", односно на пиринскиот дел на Македонија под бугарска власт, во борбата за "ослободување и обединување на цела Македонија"[48].

На 9 март 1925 година новиот состав на ЦК на ВМРО пред општествената јавност во Бугарија и македонската емиграција во оваа земја излегол со Декларација, во која ги изнел целите, средствата и методите на идното дејствување на организацијата. Изјавувајќи дека ги подржува декларациите на бившиот ЦК на ВМРО од септември 1923 и од 1 август 1924 година, односно на Т. Александров и А. Протогеров, новиот ЦК ја истакнал крајната цел на ВМРО согласно донесените резолуции на Конгресот: извојување целосна политичка автономија на Македонија во нејзините природни географски граници. Како максимално барање во декларацијата се сакало: Создавање на независна македонска држава под покровителство на Друштвото на народите. Доколку тоа не можело да се оствари, била истакната алтернативата Македонија да стане самоуправна и рамноправна единица во федеративна Југославија или во Балканска федерација. Изнесувајќи ги ваквите барања за идното уредување на Македонија, за новиот ЦК на ВМРО најважно било Македонија да биде слободна, а нејзиното

---

*"Илинденъ" бр. 8, 20.II.1925, "Новиятъ Централенъ комитетъ на ВМРО", 3.*

[47]*ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.31, л.2.*

[48]*Исто, Фонд 396-Македонска вътрешна революционна организация, оп.2, а.е.5, л.82.*

население да биде "господар на својата судбина".

Што се однесувало на силите и средствата за постигнување на целите, покрај сопствените сили, односно организираните членови на македонското население без разлика на народност, вера и политичко убедување, ЦК на ВМРО сметал и на заедничкото дејство со потиснатите народи во Југославија и Грција. Исто така, ЦК на ВМРО сметал и на моралната и материјална поддршка на сите држави и организации чиј интерес бил да се одржи мирот на Балканот. Во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија средствата за борба и во иднина се предвидувале да останат револуционерни, бидејќи според новиот ЦК, други средство за борба освен нелегални немало се додека југословенските и грчките власти не ги "признаат националните права и слободи на сите етнички групи во Македонија". Имајќи ги предвид културните и политичките слободи на Македонците "под бугарска власт", ЦК на ВМРО застанал на становиште дека во пиринскиот дел на Македонија "не се потребни револуционерни методи на борба". Притоа, тој отворено и дал на знаење на бугарската влада дека на секој нејзин обид за "вршење насилства и беззаконија спрема Македонците, како што тоа го правела владата на Стамболиски", ВМРО ќе се спротивстави за да ги "заштити правата на своите сонародници"[49].

Со оваа прва Декларација, која всушност претставува програмска и политичка платформа на ВМРО, новото раководство на организацијата најавило продолжување на "револуционерните" методи на автономистичката ВМРО на Т. Александров во борбата за извојување автономија за Македонија. Притоа, ЦК на ВМРО изразил спремност, исто како во последните декларации на Т. Александров, дека ќе ги прекине "револуционерните методи" во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија ако Кралството на СХС и Грција им ги признаат националните слободи и политичките и културните права на Македонците во тие области. Застанувајќи на становиште дека македонското

---

49 *В. "Илинденъ", бр.11, 14.III.1925, "Декларацията на ВМРО" и "Исканията и сръдствата на ВМРО", 1. Види и кај VERITAS. Македония подъ иго 1919-1929. Документи и свидетелства, София, 1931, 476-478; Чезаре Спеланзонъ, Източниятъ въпросъ. Победени и победители на Балканитъ, София, 1930, 294-298.*

прашање е решено во пиринскиот дел на Македонија и дека таму немало потреба да се води "револуционерна " борба, ЦК на ВМРО и натаму не можел да се ослободи од влијанието на бугарскиот државен фактор, изразувајќи, притоа, лојалност на онаа бугарска влада која ќе ја заштитува дејноста на организацијата во границите на Бугарија.

Програмската и политичката платформа на ВМРО била предмет и на подоцнежните декларации и соопштенија на организацијата, како и во изјавите на нејзините раководители. Најпрвин, политичката и "револуционерната" платформа на ВМРО, на практичен план пред европската општествена јавност, побрзал да ја обелодени младиот и крајно амбициозен лидер на организацијата И. Михајлов. Актуелизирајќи ги последните "минимални барања" на Т. Александров[50]. И. Михајлов изјавил дека ВМРО е подготвена "да го положи оружјето и да се претвори во една легална партија" до колку Кралството на СХС и Грција ги извршиле следните услови: "амнестија на сите политички затвореници и судење на оние кои вршеле злосторства на македонското население; признавање народноста на македонското население и гарантирање исполнување на малцинските права; слободно враќање во родната македонска земја под контрола на Лигата на Народите и гарантирање право на македонски политички партии". Само при тие услови, подвлекол И. Михајлов, "ВМРО ќе се претвори во носителка на мирен и културен прогрес на својата земја"[51].

Исто така и во интервјуто дадено на рускиот емигрантски журналист Неманов за весникот "Последни новости", И. Михајлов, веќе претставен како нов водач на ВМРО, изјавил дека ВМРО нема да "отстапи од програмата зацртана од Александров". Имено, тој уште еднаш подвлекол дека нема да се откаже од "револуционерната" борба додека не бидат исполнети " минималните, скромни и наполно праведните барања за правото на национално постоење" на

---

50 *В. "Независима Македония" бр.77, 26.IX.1924, "Македонскитѣ искания - Послѣдни изявления на Тодоръ Александровъ ", 1. Види и кај Тодор Александров - Живот легенда. Составител: Цочо В. Билярски, София, 1991, 22-23, 115-118.*

51 *ЦДА, Фонд 1945 - Иван Михайлов, оп.1, а.е.3.*

Македонците во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија[52]. Во сличен тон била и неговата изјава од април 1928 година, во која повторно нагласил дека ВМРО го избрала "револуционерниот начин" на живот, бидејќи друг не постоел[53].

И другиот член на ЦК на ВМРО, А. Протогеров, во интервјуто за германскиот весник "Neue Zuricherzeitung" од октомври 1927 година, претставен како водач на "македонските востаници", изјавил дека и покрај тоа што во Бугарија живееле над 300.000 "македонски Бугари", ВМРО не се стремела за "присоединување на Македонија кон Бугарија, туку за нејзина слобода и самостојност". Според него, тоа би било најдобро решение не само за ВМРО, туку и за целиот Балкан, "каде се до денес Македонија останува објект за борби". А. Протогеров во интервјуто ја навестил и подготвеноста на ЦК на ВМРО за напуштање на "револуционерната" борба, доколку "Србите и Грците му дадат најелементарни културни и политички слободи" на македонското население во нивните држави[54].

Исто така, и ЗП на ВМРО стоело на истото становиште и ја подржувало генералната политика на ЦК во остварувањето на програмските цели на организацијата. Членот на ЗП, Георги Баждаров, во едно писмо до членовите на ЦК и ЗП, известувајќи ги за своите активности на надворешен план, истакнал дека ВМРО никогаш не се откажала и "нема да се откаже од автономијата на Македонија" и дека само при "давање на културни слободи и политичка амнестија" на македонското население во вардарскиот дел на Македонија ВМРО ќе се претвори "од нелегална во легална политичка организација за целосна политичка автономија на Македонија"[55].

---

[52]*В. "Илинденъ", бр.21, 29.V.1925, "Новиятъ водител на Македонската организация - Изявления на Иванъ Михайловъ ", 3.*

[53]*В. "Свобода или смъртъ", бр.69, 22.IV.1928, "Една среща съ Иванъ Михайловъ", 3-4. Види и кај Иван Михайлов. Избрани произведения. Съставители: Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, София, 1993, 410-412.*

[54]*ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.439, л.1-2. Види и кај VERITAS... цит, 483-485.*

[55] *ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.92, л.70, "До членовите на ЦК и ЗП",*

По повод "политичките комбинации" на балканските држави за создавање меѓусебни пактови и сојузи, ЦК на ВМРО во септември 1926 година излегол со посебна Декларација. Во неа, тој категорично изјавил дека "секоја политичка комбинација на Балканот без Македонија и против Македонија е нетрајна и штетна". Изложувајќи го својот став во однос на политичките консталации на Балканот и местото на Македонија во нив, ЦК на ВМРО подвлекол дека "вистински мир на Балканот ќе има кога ниту еден балкански народ нема да присилува друг балкански народ" и кога секоја историска засебна земја, во тој однос и Македонија, самата ќе се управува. Само на таквиот начин, сметал ЦК на ВМРО, "ќе се расчисти патот за Балкански Соединети држави". На крајот од Декларацијата, ЦК уште еднаш подвлекол дека ВМРО "ќе ја продолжи борбата додека не се извојува автономија на Македонија", со легални или нелегални средства, во зависност "од оние кои владеат во Македонија"[56].

Декларациите на ЦК на ВМРО, како и изјавите на нејзиниот млад лидер И. Михајлов, јасно даваат на знаење дека програмската и политичката платформа на новото раководство на организацијата всушност претставува продолжување на програмските цели зацртани од автономистичката ВМРО на Т. Александров. Тие се темелат на следните позначајни компоненти: доследно барање за извојување автономија на Македонија; декларативно и недоволно дефинирање статусот на државно - правното конституирање на Македонија во Балканска федерација; задоволување и со "минималната" програма, односно Македонија да влезе како рамноправна единица во рамките на Федеративна Југославија и признавање на малцинските права на македонското население, подразбирајќи притоа, признавање на "бугарското малцинство" во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија; продолжување со "револуционерните" методи, односно со оружени и терористички акции во вардарскиот и егејскиот дел на

---

*"Прахово" (конспиративно име за Софија - З. Т.), 13.VI.1927. Писмото е потпишано со "Петъофи" (псевдоним на Г. Баждаров - З.Т.)*

56 *В. "Илинденъ", бр.35, 10.IX.1926, "Декларацията на ВМРО", 1; В. "Свобода или смърът" бр.41, 1.ИЦ.1926, "Декларация", 1.*

Македонија; продолжување на соработката со бугарските владеачки фактори чие решение за македонското прашање се вклопува во нивните ревизионистички планови на државните граници на Балканот и реваншистички концепции во однос на Македонија; и прифаќање на ставот дека македонското прашање е решено во пиринскиот дел на Македонија, односно во границите на бугарската држава.

### в) Организациона поставеност на ВМРО и односите со македонските емигрантски организации во Бугарија

Според Правилникот на ВМРО, организацијата ја раководел Централниот комитет, составен од три нелегални члена, "рамноправни и еднаквоодговорни". По VI-тиот Конгрес на ВМРО, ЦК и натаму останал "врховен организатор и главен управен орган" во раководењето со општата дејност на организацијата во трите дела на Македонија, пиринскиот, вардарскиот и егејскиот. ЦК ја имал највисоката контролна власт и бил врховен организатор на сите воени сили, на материјалните средства и на нелегални тела на организацијата. Исто така, ЦК раководел со дејноста на терористичките групи, решавал за преземање на поважните акции и се грижел за вооружувањето и материјалната издршка на организацијата[57].

По конституирањето на новото раководство на ВМРО, настапило мошне брзо издигање и отворено наложување на новиот член на ЦК, И. Михајлов. Тој фактички ја презел организацијата во свои раце, учествувајќи во креирањето на нејзините институции, контролирајќи го извршувањето на издадените наредби и диригирајќи ја целокупната нејзина активност. Покрај својството член на ЦК, И. Михајлов ја вршел должноста и на секретар, располагајќи со печатот и касата на организацијата. Според документите на организацијата, ВМРО во 1928 година имала на располагање околу 35 милиони лева, а во

---

[57] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.4. Устав и Правилник на ВМРО (преработени на VII-от Конгрес во 1928 година).*

периодот 1925-1928, буџетот на организацијата изнесувал 20 милиони лева годишно[58]. Главните извори на средства биле собирани од населението од пиринскиот дел на Македонија, а сосема мал дел од странство. Најголемиот дел од средствата се наменувале за нелегалните дејствија на организацијата, за плати на членовите на организацијата, пред се, за војводите и четниците, за пропагандно политичките активности во странство и за финансирање дејноста на македонските емигрантски организации, друштва и весници во Бугарија[59].

Второ највисоко тело на ВМРО било ЗП. Според Правилникот на ВМРО, членовите на ЗП се назначувале од ЦК за извршување на "задгранична работа на организацијата", односно "да го издигаат престижот на организацијата пред надворешниот свет"[60]. За членови на ЗП биле преизбрани: Г. Баждаров, К. Прличев и Н. Томалевски, кои и во претходните години ја претставувале организацијата во странство. Особено на овој план мошне активен бил Н. Томалевски, кој ги одржувал врските со италијанските политички кругови[61].

За спроведување на своите програмски цели, раководството на ВМРО најголема подршка гледало во македонските емигрантски маси и нивните организации, друштва и братства ширум Бугарија. Според податоците на југословенските дипломатски претставници во Софија, заклучно до месец април 1927 година во Бугарија биле регистрирани вкупно 118 македонски организации, од кои 42 во Софија и софиско, додека во "Петричкиот округ" постоеле 82 македонски организации[62].

---

58*Исто, а.е.5, л.23-24 и л.271-272. "Протоколъ" и "Отчетъ" за финансиската положба на ВМРО презентирани на VII-от Конгрес на ВМРО.*

59 *Исто, л.272-273.*

60 *Исто, а.е.4, л.1.*

61 *Илчо Димитров, Фашистка... цит., 245-259; Истиот, Българо-италиански... цит., 112-164.*

62*АМ, Фонд Централно пресбиро (натаму: ЦП), кут.1, рег.бр.64.*

Имајќи ги предвид последиците од настаните во бугарскиот политички живот и во самата ВМРО[63], кои доведоа до поларизација и апстиненција во редовите на македонската емиграција во Бугарија, раководството на ВМРО презело сериозни напори повторно да ги привлече македонските организации на своја страна. И покрај опозицијата и отпорите што се јавувале кај одделни македонски организации и друштва[64], а во прв ред, присутната недоверба и неодобрувањето на одредени самоволија на И. Михајлов, новото раководство на ВМРО за кратко време успеало да ги придобие раководствата на највлијателните македонски емигрантски организиции и друштва. Со оглед на тоа што овие организации, главно, биле финансирани од касата на ВМРО[65], за раководствата на организациите не претставувало поголема тешкотија да влијаат врз изборот на нивните управни тела и да ја насочуваат нивната дејност во подржувањето на политиката на ВМРО.

Особено внимание ЦК и ЗП на ВМРО полагале на Сојузот на македонските емигрантски организации во Бугарија, односно на неговиот раководен орган, Националниот комитет, кој ги обединувал сите македонски емигрантски братства во Бугарија и имал традиционално силно влијание во политичкиот и општествениот живот во Бугарија. Бројот на македонските братства во Бугарија во 1925 година изнесувал 125[66], а во 1928 година 180[67], додека во 1934 година

[63] *Се однесува на настаните што се случиле во последните години во Бугарија: Деветојунскиот преврат и Септемвриското востание 1923 година, Мајскиот манифест и последиците од неговото откажување и Горноџумајските настани во септември 1924 година, кога биле убиени голем број левоориентирани припадници на македонското ослободително движење.*

[64] *Д-р Иван Катарџиев, Време... цит, I, 285.*

[65] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.273. Од дискусијата на И. Михајлов на VII-от Конгрес на ВМРО за финансиската состојба на организацијата.*

[66] *М-р Надежда Цветковска, Политичката... цит.,171.*

[67] *АМ, Фонд МНК, кут.8.*

нараснал на 235[68] братства. Бројот на членовите на братствата, во зависност од концентрацијата на македонските емигрантски и бегалски маси во одредени подрачја во Бугарија, изнесувал од 20 до 200 членови[69], додека најголемите братства броеле и до 700-800 членови[70]. Вкупниот број на регистрираните членови на македонските братства во Бугарија во 1924 година изнесувал околу 150.000 души[71].

Изнесените бројки го објаснуваат интересот и залагањата на раководството на ВМРО за завладување на Сојузот, односно на неговото раководно тело, НК, во кој гледало главна потпора на организацијата. Особено во периодот по 1928 година, кога И. Михајлов станал прв лидер на ВМРО, НК бил негово легално тело и главен потстрекнувач на внатрешните и надворешните пропагандни активности на ВМРО. Резолуциите донесувани на годишните конгреси на НК биле мошне идентични со програмските цели на ВМРО, изработувани, пред се, во координација со раководството на ВМРО. НК, во името на македонската емиграција во Бугарија, се јавувал и како заштитник на македонското население во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија. Во резолуциите упатувани до "големите сили" и до бугарската влада, НК постојано барал решавање на македонското прашање, зачувување народноста на македонското население под "српска и грчка власт" и заштитување на неговите права и слободи, третирајќи го и посвојувајќи го како "бугарско население"[72].

---

[68]*Исто, кут.11. На зголемувањето на бројот на македонските емигрантски братства во Бугарија, во голема мера влијаеле јавните апели упатувани од годишните конгреси на НК, со кои се повикувале "сите Македонци - емигранти" во Бугарија да се зачленат во своите месни друштва и братства (В. "Илинденъ", бр.3, 6.III.1925, 2).*

[69]*АМ, Фонд МНК, кут.16, "Отчетъ за дейноста на Националния Комитетъ пръдъ годишния редовенъ конгресъ на Македонскитъ братства, свиканъ за 14,15 и 16 февруарий 1925 г."*

[70] *ЦДА, Фонд 3 - Задгранични органи на БКП, оп.4, а.е.115. "Доклад" на Извршното биро на ЦК на БКП за организационата состојба и дејноста на македонските организации во Бугарија од август 1926 година, 86.*

[71]*АМ, Фонд МНК, кут.16, цитиран "Отчетъ".*

[72] *Исто, кут.6, "Редовенъ годишенъ конгресъ на Македонскитъ Благот.*

Исто така, НК преку своите претставници бил постојано присутен во европските центри и во Друштвото на народите во Женева. Со своите многубројни меморандуми, тој постојано ги опсипувал европските форуми и меѓународни организации, и во името на бугарската државна политика ја промовирал својата "легална акција за независност на Македонија". Истовремено, НК со своите меморандуми и резолуции претендирал на правото да ги застапува интересите на "македонските Бугари", термин со кој го нарекувал македонското население во деловите на Македонија што се наоѓале под власта на Кралството Југославија и Грција. На тој начин, како што констатирал југословенскиот владин дописник во Софија, НК со несомнена подршна на бугарските политички кругови, заедно со ВМРО дејствувале како "едно тело"[73].

Во рамките на НК, ВМРО со парични средства го дотирал и Македонскиот национален институт (МНК) во печатењето на неговите изданија. Основачите на МНК, Иван Георгов, кој бил првиот претседател, и Љубомир Милетич, истовремено биле и членови на НК. Тие редовно го претставувале НК во Друштвото на народите во Женева и на други европски конференции[74]. Уште со создавњето на МНК во декември 1923 година, тој одржувал мошне тесни врски со водачите на ВМРО, Т. Александров, а подоцна и со И. Михајлов, кои морално и материјално го помагале[75].

Скоро сите други македонски емигрантски организации, секоја на свој начин, биле привлечени од ВМРО станувајќи лојални подржувачи на нејзините акции. Во прв ред, Сојузот на македонските студентски организации, чиј основач и прв претседател на софиското студентско друштво "Вардар" бил И. Михајлов. Во редовите на ова друштво И. Михајлов ги нашол и своите први истомисленици:

---

*Братства въ България , свикан за 31.И., 1 и 2.II.1926 г.".*

[73] *Исто, Фонд ЦП, кут.1, "Македонски национален комитет".*

[74] *Исто, Фонд МНК, кут.6.*

[75]*Проф. д-р Добрин Мичев, ВМРО и Македонският научен институт, Македонски преглед, кн.4, София, 1993, 145-146.*

Јордан Ѓурков, Кирил Дрангов, Крсто Велјанов, Петар Колиштрков, Асен Аврамов и др.[76].

Од почетокот на 1925 година ВМРО вложил сериозни напори за придобивање и наложување на раководството на Илинденската организација. Оваа организација на македонските револуционери - ветерани, учесници во Илинденското востание, по отстранувањето на левите сили во нејзиното раководство, на чело со Георги Занков и Петар Ацев и убиството на редакторот на нејзиниот орган "Илинден", Арсениј Јовков, ја изгубила својата самостојна борбена физиономија. Тоа било и основната причина за постепеното осипување на членството и намалување бројот на нејзините друштва во Бугарија. Според извештаите на "Раководното тело" на годишните конгреси на оваа организација, во 1924 година бројот на нивните организирани друштва изнесувал 81[77], во 1926 година 70[78], додека во 1937 година 47 друштва[79]. Раководството на ВМРО преку кооптирање на свои истомисленици во Раководното тело на Илинденската организација ја контролирало целокупната нејзина работа и обезличувајќи ја нејзината дејност ја сообразила на својата политичка и програмска ориентација. Илинденската организација под притисок на ВМРО и НК наместо весникот "Илинден" почнала да издава ново издание под наслов "Илустрација Илинден", кое под редакција на Петар Мрмев, ниту по форма и по содржина не потсетувало на претходниот нејзин орган[80].

Од 1926 година во политичкиот живот на македонската емиграција во Бугарија се вклучил и Македонскиот женски сојуз. Сојузот бил основан во мај 1926 година со цел да ги обедини женските културно - просветни и добротворни друштва ширум Бугарија. Нивниот

---

[76]*Александър Гребенаров, Иван Михайлов... цит., 166.*

[77]*В. "Илинденъ", бр.29, 24. VII 1925, 2.*

[78] *ЦДА, Фонд 1075 - "Дружество Илинден" , оп.1, а.е.36б, л.61.*

[79]*Исто, л.25.*

[80]*Види повеќе кај д-р Боро Мокров, Развојот на македонскиот печат и новинарството (од првите почетоци до 1945 година), Скопје, 1980, 288-289.*

број во 1927 година изнесувал околу 3500 членови[81]. Покрај политичката и пропагандната дејност, Сојузот бил мошне активен и со своите културно - просветни, хуманитарни и добротворни активности. Сојузот не дејствувал како самостојна организација, туку останал наполно потчинет на НК, особено новото раководно тело со претседателката Д. Хололчева[82], а уште повеќе кога на негово чело дошла Олга Радева.

Една од најбројните македонски емигрантски организации во Бугарија бил Сојузот на македонските младински организации. При крајот на 1928 година, овој Сојуз броел околу 19.500 членови[83]. Сојузот, пред се, имал културно-просветен карактер, извршувајќи, притоа, и друга мошне значајна улога - да подготвува кадри за идното раководство на ВМРО и на НК. Од раководните органи на Сојузот произлегле Страхил Развигоров, Васил Василев, Никола Коларов, Страхил Топуков и др, кои долго време заземале важни функции во ВМРО и НК.

Во октомври 1926 година, по иницијатива на НК, а во согласност со раководството на ВМРО и во договор со бугарските владини органи, печатните гласила на македонската емиграција во Бугарија се обединиле во еден орган, весникот "Македонија"[84]. Под

---

81 *Александър Гребенаров, Македонските бежански организации във България (1918-1928г.), (дисертация), БАН, Институт по история София 1988 (ракопис), 354. Му благодарам на авторот што ми ја отстапи дисертацијата на користење.*

82 *Исто, 258-259.*

83 *Исто, 354; Според податоците на југословенскиот дипломатски претставник во Софија, бројот на членовите на македонските младински друштва во Бугарија во 1929 година и во странство изнесувал околу 20.000 (АМ, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.53).*

84 *Александър Гребенаров, Македонските... цит, 256, 283-284; Истиот, Иван Михайлов... цит, 168; Костадин Палешутски, Македонския... цит.,206. Весникот "Македонија" почнал да излегува наместо весниците "Независна Македонија", орган на Сојузот на македонските емигрантски организации во Бугарија, весникот "Илинден", орган на Илинденската организација и весникот "Устрем", орган на Сојузот на македонските младински организации (види повеќе кај д-р Боро Мокров, Развојот... цит.,284-288).*

изговор за постигнување единство на македонската емиграција, обединувањето било извршено со цел полесно да се контролираат идејно - политичките погледи и ставови на македонските емигрантски организации и сили во Бугарија. Покрај давањето финансиска помош за издавње на новиот секојдневен весник "Македонија"[85], раководството на ВМРО во редакцијата назначило искусни редактори, како Васил Пундев, Димитар Талев, Симеон Ефтимов, Велко Думев, Крсто Велјанов и Никола Церов, а за директор го поставило познатиот новинар, публицист и општественик, Георги Кулишев. За распростанување на весникот биле задолжени органите на ВМРО и специјално ангажирани соработници на весникот. Служејќи се и со насилни мерки и врз основа на претходно изработени списоци, тие ги принудувале припадниците на македонската емиграција, а особено Македонците во пиринскиот дел на Македонија, да се претплатуваат и да внесуваат "доброволни" суми за издавање на весникот[86].

Кон крајот на 1926 и почетокот на 1927 година раководството на ВМРО, преку финансиска подршка и директно наложување и контролирање, успеало потполно да ги привлече на своја страна скоро сите македонски емигрантски организации во Бугарија. Во содејство со НК, ЦК и ЗП на ВМРО ги зазеле клучните позиции во раководните тела на македонските организации, добивајќи ја нивната подршка во пропагирањето и остварувањето на програмски цели на организацијата. Со тоа, патот на раководството на ВМРО за целосно преземање власта на македонските емигрантски политички средини во Бугарија бил отворен и видно олеснат.

---

85 *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.273.*

86 *НА БАН, сб.IV, а.е.153, цитиран ракопис на Б. Видов, 80-81, 89; ЦДА Фонд 1932, оп.2, а.е.77. Писмо до Г. Баждаров, потпишано од "Иосифъ" (псевдоним на Ј. Ѓурков - З.Т.) од 10.IV.1928 година.*

## г) Воспоставување организациона мрежа во пиринскиот дел на Македонија

Пиринскиот дел на Македонија ги опфаќал околиите: Горноџумајска, Разлошка, Неврокопска, Петричка и Свети Врачка. Од 1924 до 1934 година, административен центар на оваа област бил градот Петрич. Затоа, во наведениот период овој дел на Македонија се именувал како "Петрички округ". Округот опфаќал простор од 6.798 км2, а во 1926 година бројот на жителите изнесувал 186.167 души[87]. Од вкупниот број жители, околу 30.000 го сочинувале македонските бегалци, од кои 5.953 семејства од егејскиот дел на Македонија и 564 семејства од вардарскиот дел на Македонија[88].

Пиринскиот дел на Македонија продолжил да ја игра истата функција што ја имал за време на автономистичката ВМРО на Т. Александров. Оваа област и понатаму останала да биде основна база на ВМРО за подготвување на нејзините ооружени акции во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија. Потребата за пренесување на основната вооружена дејност на ВМРО во пиринскиот дел на Македонија, главно, може да се сведе на две основни причини. Првата произлегува од политичката стратегија на бугарскиот државен фактор во однос на Македонија во Првата светска војна, одбирајќи го пиринскиот дел на Македонија за водење на својата офанзивна политика како на надворешен , така и на внатрешен план. На внатрешен план, за елиминирање на своите идејни противници, особено на левоориентираните сили, кои уште од времето на Јане Сандански длабоко се сродиле со широките народни маси[89]. А на надворешен план, за водење на својата надворешна политика во однос на соседните земји, пред се, со Кралството на СХС и Грција, не

[87]*ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.70, л.19-21. "Доклад" на административниот инспектор на Петричкиот округ до "главниот директор" за сместување на бегалците, од 31.В. и 26. VI. 1927 година.*

[88]*Исто.*

[89]*Христо Калайджиев, Федерална Македония и велико-българският шовинизъм, София, 1945, 20.*

помирувајќи се со поделбата на Македонија и статусот на македонското население во овие држави, третирајќи го како дел од бугарскиот народ. Тоа било и основниот мотив владата на Александар Цанков пиринскиот дел на Македонија да и го препушти на ВМРО, дозволувајќи и непречено дејствување. Со тоа, ВМРО добила широки овластувања, кои брзо ги злоупотребила со присвојување на широки и неограничени права над целокупниот општествено-политички и стопански живот во овој дел на Македонија. Втората причина била условена и од новата политичка ситуација на Балканот по Првата светска војна. Имено, режимите на Кралството на СХС и Грција во изградувањето на државната власт, мошне енергично се спротивставиле на организационата и вооружената дејност на ВМРО во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија. Ваквите нови околности ја принудиле ВМРО своите сили да ги повлече и да ги концентрира во пиринскиот дел на Македонија.

Основните начела врз кои требало да почива организацијата во пиринскиот дел на Македонија, И. Михајлов ги изложил во својот "Реферат за промените што треба да настанат во организирањето на Македонија под бугарска влас" од 20 август 1926 година. Дефинирајќи го пиринскиот дел на Македонија "како дел од територијата на слободна и обединета Македонија", во рефератот И. Михајлов ја изразил готовноста овој дел на Македонија што се наоѓа во границите на Бугарија "да се присоедини кон останатите делови на Македонија кога тие ќе имаат своја автономна управа". За остварување на ваквата цел, тој препорачувал да се подржува духот на населението во пиринскиот дел на Македонија, кој според него, требало да помага за ослободување на своите поробени браќа и нивно "обединување во една слободна и автономна област". Во рефератот, тој ги истакнал основните цели што требало да ги има пиринскиот дел на Македонија. Прво, да служи како воена база за префрлување на вооружените чети на организацијата преку границата, и второ, да претставува основен извор за материјални средства потребни "за револуционерната борба за поробена Македонија", кои, според него, годишно изнесувале

околу 20 милиони лева[90].

Давајќи му приоритетно значење на пиринскиот дел на Македонија во идното дејствување на организацијата, новиот ЦК на ВМРО на ВИ-от Конгрес донел "специјални резолуции", во кои ги определил рамките на своето дејствување во "Македонија под бугарска власт"[91], како што официјално во своите документи од 1925 година ја именувал оваа област. Поаѓајќи од основните рамки за "организационото администрирање" на областа, определени уште од Т. Александров, во конгресните резолуции "јасно и недвосмислено" се истакнувала потребата за "учеството на бугарска Македонија", односно на пиринскиот дел на Македонија во борбата за "ослободување и обединување на цела Македонија". Исто така, во резолуциите биле определени "точните насоки" по кои требало да дејствува ВМРО во пиринскиот дел на Македонија, а кои сосема се разликувале од оние во деловите на Македонија што се наоѓале под југословенска и грчка власт. По конгресот, ЦК на ВМРО изработил и испратил посебни инструкции со соодветни наредби за управување на петте околии во овој дел на Македонија: наредба за управување на "Македонија под бугарска власт", финансиска наредба и судски и воени инструкции[92].

Со верифицирањето на новиот ЦК на ВМРО и избирањето на И. Михајлов во неговиот состав, овој највисок орган на ВМРО целосно ја презел организацијата во свои раце. Една од задачите што биле поставени пред ЦК на ВМРО, било неодложно пристапување кон реорганизација на револуционерните окрузи, пунктовите и околиските

---

90 *ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.64, л.55-60.*

91 *Исто. Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.82-83, "Македония подъ българска властъ". Извештај за дејноста на ВМРО во периодот 1925-1928 година поднесен на VII-от Конгрес на организацијата.*

92 *Исто.*

раководни тела, како и нивно кадровско екипирање[93]. Како прва мерка, веднаш по VI-от Конгрес, ЦК на ВМРО, по иницијатива на И. Михајлов, пристапил кон реорганизација на револуционерните окрузи. И покрај спротивставувањето на А. Протогеров, тој си го доделил на управување "Петричкиот округ"[94], односно денешниот пирински дел на Македонија. Со преземањето на оваа мошне важна стратегиска област, И. Михајлов се здобил со правото да располага со финансиите на организацијата, бидејќи главните приходи во касата на ВМРО, земани под форма на прилози, даноци, "доброволни прилози" и казни, биле од тамошното население. Исто така, раководејќи со овој дел на Македонија, И. Михајлов ја држел контролата над воената сила на организацијаата, имајќи го предвид фактот дека во оваа област бил сконцентриран најголемиот дел од милицијата и терористичките групи, а постојано престојувале и четите на организацијата[95].

Од 1925 година под директно раководство на И. Михајлов пиринскиот дел на Македонија се претворил во основна база на ВМРО и главен воен, регрутен и материјално-финансиски извор на организацијата. Единствено во овој дел на Македонија "стриктно се применувале наредбите од Уставот" и се одржувала воената готовност на вооружените сили на организацијата и нивно подготвување за преминување во вардарскиот дел на Македонија[96]. Поаѓајќи од ваквата поставеност на организацијата во пиринскиот дел

---

[93] *За кадровското екипирање на ВМРО со нови членови посебно инсистирал И. Михајлов, кој во своите белешки по ова прашање забележал: "луѓето да бидат чесни, упорни во работата, егзалтирани, да имаат организациони способности и да се користат со потребниот авторитет" (Архив на Министерството за вътрешни работи, София /натаму: АМВР/, ОБ. 14.935, л.103).*

[94]*ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.173, л.60-61. "Драги Ванчо", писмо на А. Протогеров до И. Михајлов од I 1926 година.*

[95]*Во документите на ЦК на ВМРО од 1925-1928 година, И. Михајлов, покрај "Член на ЦК на ВМРО", се потпишувал и како "Раководител на Македонија под бугарска власт". Во своите спомени тој и самиот вели дека "раководел со работите во Пиринска Македонија" (Иванъ Михайловъ, Спомени IV... цит, 386).*

[96]*Александър Гребенаров, Иван Михайлов... цит; 165.*

на Македонија, ВМРО во своите документи ја именувал како "Помошна организација", односно за подржување на нејзините вооружени акции во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија. Карактерот на организацијата како "помошна", била дефинирана со "Наредбата на ВМРО за Македонија под бугарска власт" од 25 август 1925 година. Во неа било набележано дека "Македонија под бугарска власт" била должна на ВМРО да и дава: "а) целосно идејно единство на населението во согласност со целите на ВМРО; б) вооружена подршка според потребите и можностите; в) најсигурна база за борците во Македонија под српска и грчка власт; г) најголема можна подршка според силите на населението"[97].

Од наредбата јасно произлегува дека ВМРО си поставила за цел да стане единствен толкувач на мислите и чувствата на населението, кое требало да ги стави сите свои расположиви средства на организацијата, па дури и своите животи, односно ВМРО да има целосен идеолошки, политички и стопански монопол во пиринскиот дел на Македонија. Во замена на основните права и слободи, ВМРО во наредбата му ветувала на населението во овој дел на Македонија дека ќе го заштити од "евентуални беззаконија и малтретирања од страна на административните органи и поединци" и ќе се грижи за "заштитување на населението од непријателски и разбојнички напади од грчка и српска страна[98]. Во наредбата, посебно било регулирано управувањето на военета организација и пунктовата служба, како и финансиското и судското уредување и културно - стопанскиот живот во пиринскиот дел на Македонија[99]. Преку оваа наредба, како и со подоцнежните упатства и инструкции, ВМРО настојувала целосно да го опфати населението во овој дел на Македонија и да го држи под своја контрола. Како што признава и самиот И. Михајлов во своите спомени, целокупниот општествено-политички и стопански живот во пиринскиот дел на Македонија се раководел од двата основни института на ВМРО: судско-

---

[97] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.17, л.327-334; Исто, Фонд 1932 оп.3, а.е.64, л.61-62*

[98] *Исто.*

[99] *Исто.*

казнениот и воениот преку вооружената милиција[100].

Раководството на ВМРО изработило посебна "Наредба за управување на околиите во Македонија под бугарска власт", според која населението во пиринскиот дел на Македонија се организирало и управувало според Правилникот на ВМРО и издадената наредба. За управување на околиите било создадено специјално управно тело наречено "Управно тело на околиите под бугарска власт". Ова тело ги раководело" воените, административните и финансиските односи" во околиите и било директно потчинето на ЦК на ВМРО[101]. Управно тело било составено од претседател, кој, по правило, бил полномошник на ЦК, и двајца резервни членови. За управување со целата област на пиринскиот дел на Македонија било создадено "општо управно тело" од пет души и тројца резервни членови, со претседател, кој истовремено бил "општ полномошник" на ЦК на ВМРО[102].

Заради непосредно раководење со целата територија на пиринскиот дел на Македонија, на која и биле вклучени Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ, И. Михајлов за "полномошник" на ЦК на ВМРО го назначил резервниот член Јордан Ѓурков[103]. Исто така, ЦК на ВМРО назначил полномошници за секоја околија и пунктови началници. За околиски полномошници на ЦК на ВМРО биле назначени: Георги Настев за Разлог[104], Сашо Попов за Петрич, Страхил Развигоров за Св. Врач, К. Димитров за Горна Џумаја и Стојан Филипов за Неврокоп[105]. За пунктови началници биле назначени: Владимир Куртев за Ќустендил, Иван Караџов за Горна Џумаја, Миле Станоев за

---

100 *Иванъ Михайловъ, Спомени IV... цит, 386.*

101 *ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.64, л.44.*

102 *Исто, л.61-62.*

103 *Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.3, л.107, Решение на ЦК на ВМРО, бр.124а од 12.II.1926 година.*

104 *Исто, а.е.3, л.108*

105 *Исто, Фонд 132, оп.3, а.е.118; НА БАН, сб.IV, а.е.153, цитиран ракопис на Б. Видов, 27.*

Св. Врач и Кирил Дрангов за Софија[106]. Исто така, биле именувани и "нелегални членови на револуционерните окружни раководни тела"[107], а за "финансиски ревизор", ЦК на ВМРО го назначил Никола Доганџиев[108].

Според Правилникот на ВМРО, организационата мрежа во пиринскиот дел на Македонија останала непроменета. За управување со областа биле задолжени организационите институти: месни, околиски и окружни управи, пунктова служба, милиција и терористички групи. Кон овие институти припаѓале и окружните и околиските војводи, назначувани од ЦК на ВМРО[109]. Главен и основен институт на ВМРО во пиринскиот дел на Македонија била милицијата, чии "воени началници", според "Наредбата за управување на околиите во Македонија под бугарска власт", биле назначувани директно од ЦК на ВМРО[110]. Раководството на ЦК на ВМРО изработило посебно "Воено упатство за Македонија под Бугарска власт", во кое биле разработени организацијата, обуката и борбената тактика на милицијата[111]. Според упатството, во секое населено место се формирала милиција од членови на организацијата способни да носат оружје. Милицијата била организирана во чети - групи од триесет души, составени од три "десетки" со тројца десетари, од кои едниот бил началник на групата. Поголеми воени групи се формирале за посебни случаи и по наредба на највисокото раководство. За борбената подготвеност и обучување на милицијата во секоја околија се назначувале специјални лица, односно

---

106*АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVII/18, бр.321; АМ, Фонд Министерство за внатрешни работи на Кралството на СХС (натаму: Фонд МВР) кут.10.*

107*ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.3, л.138-139.*

108*Исто, л.41. Одлука на ЦК на ВМРО бр.30 од 10.IV.1925 година.*

109 *Исто, а.е.4, Правилник на ВМРО (преработен на VII-от Конгрес во 1928 година).*

110*Исто, Фонд 1932, оп.3, а.е.64, л.44.*

111*Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.3, л.120; а.е.17, л.11; 80-83; и а.е.39, л.288.*

"воени инструктори"[112]. За главен воен инструктор на пиринскиот дел на Македонија бил назначен Борис Бунев[113].

Со зачленувањето во организацијата и пристапувањето во милицијата, секој член бил должен да плати поголема сума членски влог, да се задолжи со пушка, 100 куршуми, три - седум бомби и облека: панталони, војничка блуза, капа и пелерина[114]. Во 1927 година само во Неврокопска околија во воената организација биле опфатени над 7.390 души, од кои милицијата броела 5.853 вооружени лица, со 647 десетари и околу 840 месни началници[115].

И покрај конспиративното организирање и обучување на милицијата, секојдневните вежби и одделните истапи и самоволија на поединци и месни чети земале голем замав пред очите на населението и државните власти. Затоа, и самиот И. Михајлов бил принуден во март и јуни 1926 година да интервенира со посебни упатства до "Окружниот комитет" и до околиските управни тела во пиринскиот дел на Македонија. Сугерирајќи на потребата демонстрациите на месните чети и милицијата "што потајно да се организираат", за да не ги предизвикувале властите, а населението да не ги гледало "масовно вооружените сили на организацијата", тој во упатството "за преземање мерки" барал вооружените групи на организацијата без потреба денски да не се движат, а милицијата за "неодредено време" да се задоволи само со "тајни свикувања по тревога", за да се проверува нејзината подготвеност[116].

Воената подготвеност и обученост на милицијата ВМРО ја демонстрирала уште во 1925 година. По граничниот инцидент на 21-22 октомври, грчката војска со една дивизија од околу 6.000 војници навлегла околу 12 км длабоко и околу 32-40 км широко на бугарска

---

112 *Исто, а.е.3, л.121-134; а.е.17, л.11.*

113 *Владимир Спиридонов Куртев, цитиран материјал, 11. Борис Бунев бил офицер на бугарската армија и брат на Мара Бунева.*

114 *АМВР, ОБ 67-79, л.133-134*

115 *Петър Галчин, Политическите... цит, 57.*

116 *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.3, л.114; а.е.17, л.223.*

територија и претела голема опасност да го заземат градот Петрич[117]. На грчката агресија единствено се спротивставиле милицијата на организацијата и "македонските чети", на број околу 2-3.000 души[118], помогнати од месното население. Пред да пристигне бугарската регуларна армија, тие им нанеле "големи штети" на грчката војска и не дозволиле Петрич да биде окупиран[119]. Со одбивањето на "непријателскиот граничен напад", како што му напишал И. Михајлов во коресподенцијата со А. Протогеров, ВМРО ја спасила "честа на Бугарија"[120].

Друг мошне важен институт на ВМРО била службата за разузнување и информирање. Основите на оваа служба ги поставил и со неа лично раководел членот на ЦК на ВМРО, А. Протогеров. Тргнувајќи од основното мото на овој институт дека "силата на ВМРО, пред се, е во тајната"[121], А. Протогеров и И. Михајлов изработиле повеќе инструкции во кои ги дефинирале целите, задачите и мрежата на разузнувачко-информативната служба на организацијата. Посебни инструкции биле изработени за разузнување на ВМРО во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија[122], за пунктовите началници, за

---

[117]*В. "Илинденъ", бр.43, 29.Ц.1925, 1; Чехословашки извори... цит, том И, 386-392. За грчко-бугарскиот пограничен инцидент види и кај Васил Ат. Василев, Великобритания... цит, 25; Иванъ Михайловъ, Спомени III.. цит, 584-585.*

[118]*ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.272, л.12.*

[119]*Чехословашки извори... цит; том И, 388 Како изгледала бугарската армија за време на бугарско - грчкиот инцидент, може да се долови и од спомените на бугарскиот политичар Стојчо Мошанов. Пишувајќи за овој инцидент, тој вели: "Кога во 1925 година грчките војски навлегле во Петричко, воените одреди кои заминаа да ја заштитат границата имаа жален изглед на обична полициска група" (НА БАН, сб.4, а.е.128, Стойчо Мошанов, "Из спомените ми", част III/1925-1928/, 198).*

[120]*ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.172, л.8-12. "Драги дядо Илия", писмо до Протогеров од И. Михајлов од 9.IV.1926 година.*

[121] *Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.17, л.84.*

[122] *Исто, а.е.13, л.53-64; Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е.173, л.12. "Драги Ванчо", писмо до И. Михајлов од А. Протогеров, од 31 март 1926 година.*

Македонската младинска тајна револуционерна организација (ММТРО) и за македонската емиграција во Бугарија и во странство[123]. Според архивата на ЦК на ВМРО, уште на почетокот од организирањето на разузнувачката служба, за окружни информатори на ВМРО биле предложени: Петар Шанданов за Битолскиот, Борис Бунев за Скопскиот, Мишо Шкартов за Солунскиот, К. П. Атанасов за Струмичкиот и Борис Тиков за Серскиот револуционерен округ, а Владимир Куртев бил предложен да ја организира "контра - шпионажата" долж границата со Кралството на СХС[124].

Разузнувачко-информативната служба во пиринскиот дел на Македонија била организирана во четири пункта, а главни информатори биле пунктовите началници: Иван Караџов за Горна Џумаја, Владимир Куртев за Ќустендил, Стојан Филипов за Неврокоп и Миле Станоев за Петрич. Одговорен за оваа служба бил полномошникот на ЦК на ВМРО за овој дел на Македонија, Јордан Ѓурков[125].

Институтот на разузнувачко-информативната служба бил изграден врз строга конспиративна основа. Особено специфично конспиративен карактер имала службата на ММТРО. Основните јадра на оваа служба ги сочинувале "петарите", на чело со "петар". Секој "петар" бил должен редовно да го известува повисокиот од него "петар". Окружниот "петар", кој заземал највисоко место во разузнувачката хиерархија, испраќал збирни извештаи до ЦК на ВМРО[126]. Оваа служба во пиринскиот дел на Македонија имала свои градски, околиски и окружни информатори, а за свој полномошник ЦК на ВМРО го назначил Кирил Борисов[127]. Исто така, и секое македонско емигрантско братство

---

[123]*Исто, Фонд 1932, оп.3, а.е.120, л.49-50.*

[124]*Исто, л.53-54. "Белешки по контрашпиунажа".*

[125] *Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.17, л.12.*

[126]*За разурнувачко-информативната служба на ВМРО види повеќе кај Александър Гребенаров, Мястото... цит, 99-111.*

[127] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.3, л.111. "Полномошно" на ЦК на ВМРО, бр.128 од 20.II.1926 година.*

имало свој информатор. Како одговорен за оваа служба, кај А. Протогеров се наоѓале списоците на сите информатори на ВМРО во пиринскиот, вардарскиот и егејскиот дел на Македонија[128]. Разузнувачко-информативната служба А. Протогеров ја сметал како една од најважните институти на ВМРО. Во своите обраќања до И. Михајлов, тој го уверувал дека без разузнување и информирање "раководните луѓе на организацијата не можат да ја познаваат положбата во Македонија и не можат да ги знаат средствата со кои се служат непријателите". Затоа, тој барал ЦК на ВМРО да назначи специјални информатори за секоја околија[129]. Заради стимулирање на информаторите за давање поголеми резултати во разузнувачката дејност, А. Протогеров во своите писмени обраќања до И. Михајлов и Ј. Ѓурков, инсистирал во секоја околија да има "специјални лица за разузнување" и да бидат посебно платени[130].

Преку институтот за разузнувачко-информативната служба, ВМРО го контролирала целокупниот општествено-политички, стопански и образовно-културен живот во пиринскиот дел на Македонија, создавајќи , при тоа, атмосфера на страв и несигурност и вршејќи физички, политички и морален терор над населението. Исто така, преку оваа служба ВМРО ја одржувала "безбедносната сигурност" во овој дел на Македонија под бугарска власт, следејќи ги и прогонувајќи ги не само своите непријатели, туку и државните непријатели: комунистите, федералистите, членовите и привржаниците на ВМРО (Обединета) и на Бугарскиот земјоделски народен сојуз (БЗНС). За овој вид јавна безбедност особено настојувал И. Михајлов. Во своите упатства, инструкции и писма упатувани до околиските управни тела во пиринскиот дел на Македонија, тој постојано укажувал на потребата од засилено

---

128*Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е.172, л.57. "Драги Деянов" (псевдоним на И. Михајлов - З.Т.), писмо потпишано од "А. Лятов" (псевдоним на А. Протогеров - З.Т.) од 20.IX.1927 година.*

129 *Исто, л.33-34. "Драги Ратко" (псевдоним на И. Михајлов - З.Т.), писмо од А. Протогеров од 20.В.1927 година.*

130*Исто; Исто, Фонд 1932, оп.3, а.е 121. "Драги Иосифъ" (псевдоним на Ј. Ѓурков), писмо од А. Протогеров.*

набљудување на сомнителните и непознатите лица и прогонување на "неблагонадежните елементи" надвор од границите на овој дел од Македонија[131].

Во мерките за воспоставување на организациона мрежа во пиринскиот дел на Македонија, ЦК на ВМРО постојано испраќал и специјални инструкции, наредби, окружни писма и овластувања за преземање или за надминување на одделни несакани појави[132]. Покрај овие организациони инструкции, И. Михајлов, како раководител на пиринскиот дел на Македонија, постојано испраќал и свои наредби и упатства до околиските управни тела за спроведување на одредени задачи. Во нив, тој посебно сугерирал на потребата од конспиративно извршување на наредбите и критички укажувал на појавите на несовесно работење и пречекорување дисциплината на членството. Притоа, тој редовно барал доставување на извештаи за нивната работа, списоци и податоци за луѓето опфатени во организацијата, како и водење на посебни списоци на сомнителни лица во нивната околија. Во своите упатства И. Михајлов укажувал на потребата од обрнување посебно внимание на анархистите, комунистите и федералистите[133]. Покрај тоа, и самиот тој вршел редовна обиколка на теренот и учествувал во работата на околиските и окружните конференции кога се расправало за организациони, воени и други прашања од интерес за организацијата во овој дел на Македонија[134].

Според документи на организацијата, се смета дека изградувањето на организационата мрежа на ВМРО во пиринскиот дел на Македонија, главно, завршило кон крајот на 1926 година. Ваквата констатација ја потврдува и Извршното биро на ЦК на БКП во својот извештај од август 1926 година "за организационата состојба и дејноста на македонските организации во Бугарија". Во извештајот, меѓу другото, било подвлечено дека во пиринскиот дел на Македонија "се

---

[131] *Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.17, л.4, 223-224; а.е.18, л.231.*

[132] *Исто, а.е.5, л.82-83; а.е.17, л.192.*

[133] *Исто, а.е.17, л.4, 192, 230 и 234.*

[134] *Исто, а.е.23, л.1-2; а.е.35, л.38, 125.*

реформирани сите чети", дека "милицијата и младинските органи се под контрола" на ВМРО и дека тие биле "армија лишена од секаков дух и идеал"[135].

## д) Воена организација, стратегија и тактика

По VI-от Конгрес на ВМРО настанала нова фаза во целокупното дејствување на организацијата. И покрај тоа што вооружената активност на ВМРО претрпела извесни промени со примената на нови методи, стратегии и тактики, главната и крајна цел на организацијата останала иста: "ослободување на Македонија"[136]. ВМРО и натаму го задржала приматот на "револуционерна организација" со цел да ги привлече широките македонски емигрантски маси во Бугарија, презентирајќи се како единствена организација што со "револуционерни методи" се бори за ослободување на Македонија.

Новото раководство на ЦК на ВМРО во своите први декларации од 1925 и 1926 година отворено апелирало дека средствата за борба и во иднина "ќе останат револуционерни". Притоа, овој највисок орган на ВМРО, оправдувајќи ги своите вооружани методи со денационализаторската и асимилаторската политика на југословенските и грчките власти во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија, подвлекувал дека "други средства за борба освен нелегални нема" и дека тие зависеле "од оние кои управуваат во Македонија"[137]. Особено милитаристички настроен во своите изјави бил новиот член на ЦК на ВМРО И. Михајлов, кој, во улога на нов водач на организацијата, отворено најавувал дека "борбата со српската и грчката влада (...) е неизбежна" и дека "патиштата (на ВМРО - б.м.) за

---

135 *Исто, Фонд 3, оп.4, а.е.115, л.88.*

136 *Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.39-40.*

137 *В. "Илинденъ", бр.11, 14.III.1925, 1 и бр.35, 11.IX.1926, 1; В. "Свобода или смъртъ", бр.41, 1.IX.1926, 1.*

легална борба се затворени"[138]. Продолжувањето на дејноста на организацијата со револуционерни методи И. Михајлов го оправдувал со наметнатата состојба во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија и од неможноста за водење на "легална борба", бидејќи, како што вели тој, "Србите и Грците не ни оставија ниту една можност за тоа"[139].

Во сличен тон било соопштението и на ЗП на ВМРО од 19 февруари 1926 година до редакцијата на весникот "Последни новости". Во него, ЗП го повторило ставот изнесен во декларацијата на новиот ЦК на ВМРО, дека "македонското движење не може да го напушти революционерниот метод" и дека "тактиката на борбата зависи само од оние кои што управуваат во Македонија[140].

Ваквиот предизвикувачки тон во декларациите на ЦК на ВМРО и изјавите на неговиот нов лидер, И. Михајлов, биле со знаење и поддршка на бугарските владини и воени кругови, кои официјално не реагирале на ваквите милитаристички заканувања. Од друга страна, и покрај тоа што ВМРО со ваквите изјави сакала да постигне извесен легитимитет на своите основни програмски цели кај македонската емиграција во Бугарија, тие различно биле дочекувани и одобрувани од нивна страна. Во оваа смисла, левоориентираните македонски емигрантски маси во Бугарија и еден поголем број на неорганизирани, пасивни и оние што се држеле "неутрални" во борбите меѓу македонските струи, не го одобрувале "револуционерниот" метод на ВМРО. Тие сметале дека за ослободување и создавање на автономна и независна македонска држава постојат и други легални средства.

Веднаш по VI-от Конгрес, ЦК на ВМРО по иницијатива на И. Михајлов, пристапил кон реорганизација на воената поставеност и распределба на револуционерните окрузи. Опкружен со млади и енергични истомисленици, тој си го доделил на управување "Пиринскиот округ", односно пиринскиот дел на Македонија, и наследениот од Т. Александров, Скопскиот револуционерен округ. На А.

---

[138] *В. "Илинденъ", бр.21, 29.В.1925, 1.*

[139] *ЦДА, Фонд 1945, оп.1, а.е.3, л.1.*

[140] *VERITAS... цит, 478-481.*

Протогеров за раководење му биле доделени Солунскиот, Струмичкиот и Серскиот револуционерен округ[141]. На третиот член на ЦК, Г. П. Христов, му бил доделен Битолскиот револуционерен округ, кој заедно со резервниот член на ЦК, П. Шанданов, бил задолжен за одржување контактите со Албанија[142].

Исто така, ЦК на ВМРО покрај старите околиски војводи кои ги назначил за "нелегални членови" на револуционерните окружни раководни тела[143], назначил и нови околиски војводи. Истовремено со реорганизацијата на воената организациона поставеност, раководството на ВМРО во февруари 1926 година покренало широка акција за ревизија на организационото оружје. Со акцијата било извршено прибирање на оружјето и воените реквизити што останале кај неактивните членови на организацијата и изработени нови списоци на лица кои поседувале или биле задолжени со организационо оружје[144] . ЦК на ВМРО во своите "воени инструкции" барал секој организиран член да има "воено воспитување и образование", предвидувајќи дека само по неколку месеци обука со оружје може да се образуваат "целосни военоспособни партизански одреди составени од неколку илјади души[145].

Главна и основна воена сила на ВМРО биле нелегалните и легалните чети во пиринскиот дел на Македонија. Според насоките за идната работа на четите, ЦК на ВМРО го задржал четничкиот институт, препорачувајќи четите да дејствуваат во помали групи со "специјални инструкции" за агитирање, организирање и подржување на организацијата во секоја околија во пиринскиот дел на

---

141 *ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.173, л.60.*

142 *Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.3, л.27; АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVIII/18, бр.287 и бр.321.*

143 *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.3, л.19-37.*

144 *Исто, а.е.19, л.1-8 и а.е.17, л.226.*

145 *Исто, а.е.5, л.86.*

Македонија[146]. Најголемиот број од нелегалните чети биле т.н. околиските чети од вардарскиот и егејскиот дел на Македонија, кои престојувале и се обучувале во пиринскиот дел на Македонија. Легалните чети, според Правилникот на ВМРО, се формирале во секој пункт, град или село во пиринскиот дел на Македонија, на чело со војвода, а поголемите пунктови имале и по две или три чети. Секој четник бил вооружан со пушка и со 200 куршуми, опинци, пелерина и раница, а оружјето во секој момент требало да му биде чисто и исправно[147]. Своите материјални трошоци четите ги покривале од касата на ВМРО. Војводите добивале месечни плати од 4.500 лева, додека четниците до 2.700 лева[148].

При реорганизацијата на воената поставеност, ЦК на ВМРО, согласно Правилникот на организацијата, посебно внимание обрнувал во изградувањето на институтите: "пунктова служба" и "терористички групи". Посебен интерес за организацијата претставувале пунктовите распоредени вдолж границата спрема Кралството на СХС и Грција. Пунктовите ги раководеле "пунктови началници", кои биле назначувани од ЦК на ВМРО и добивале редовна месечна плата. Секој пунктов началник располагал со 30 - 40 нелегални членови - четници и имале широки овластувања во нивното примање и ангажирање во четите. Главна задача на пунктовите началници била да укажуваат помош при преминувањето, како и при враќањето на четите преку границата во и од вардарскиот односно егејскиот дел на Македонија, да се грижат за нивното оружје и опрема, да ги уредуваат пограничните канали и доставувањето и примањето на организационата пошта. Покрај овие задачи, нивна главна должност и грижа, според И. Михајлов, била да ја одржуваат "дисциплината и моралот на нелегалните членови на организацијата"[149].

Институтот "терористички групи", според ЦК на ВМРО,

---

146 *Исто, Фонд 1932, оп.3, а.е.64, л.44-46.*

147 *Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.4, л.1.*

148 *Исто, а.е.16, л.309.*

149 *Исто, а.е.5, л.341*

заземал посебно место во новата тактика на организацијата. Терористичките групи биле организирани од проверени, храбри и секогаш подготвени луѓе за саможртвување. Согласно Правилникот на ВМРО, вакви групи се формирале во градовите и во поголемите села во пиринскиот дел на Македонија. Тие биле избирани директно од околиските војводи, а нивните имиња се чувале во голема тајност. Некои од нив, како Владимир Георгиев - Черноземски и Мирчо Кикиритков, станале вистински професионалци, телохранители и најдоверливи луѓе на И. Михајлов[150]. За извршување на терористички акции во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија, непосредно раководел пунктовиот началник на Ќустендил, Владимир Куртев, кој се грижел за префрлување на терористичките групи преку границата и за снабдување со оружје[151].

Во првите години од своето консолидирање, новото раководство на ЦК на ВМРО вооружената дејност ја продолжило со истата тактика на автономистичката ВМРО на Т. Александров, но со помал интензитет. Вооружените активности на организацијата единствено се остварувале преку повремени четнички навлегувања и оружени акции во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија, насочени против државните власти и објекти во овие делови на Македонија.

Меѓутоа, изменетите општествено - политички околности во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија по Првата светска војна ја наложиле потребата од отстапување на основните принципи и традиционални форми на оружената борба на организацијата. Со консолидирањето на своите државни режими во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија, властите на Кралството на СХС и Грција не го дозволувале натамошното дејствување на четите на ВМРО и

---

150 *Владимир Георгиев - Черноземски е атентаторот на Димо Хаџи Димов, Наум Томалевски и југословенскиот крал Александар Караѓорѓевиќ, а Мирчо Кикиритков на Владислав Ковачев. Овие проверени терористи И. Михајлов со задоволство ги препорачувал на А. Протогеров, како "одлучни и подготвени за извршување на секакви работи" (ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.273, л.5).*

151 *АМ, Фонд МВР, кут.9, 3/7.*

успешно се спротивставувале на сите нејзини акции. А со концентрирањето на огромни и модерно вооружени воени и полициски сили и изградбата на посовремени комуникации, било оневозможено движењето на поголеми чети на организацијата, бидејќи тие мошне брзо биле откривани од државните власти.

Ваквата новонастаната состојба на отежнато дејствување на организационите чети, брзо било воочени и од новото раководство на ЦК на ВМРО. Според мислењето на стариот и искусен воен деец, генералот А. Протогеров, вооружената дејност на организацијата требала да поаѓа од организирање на македонското население, и тоа не масовно, туку на мали јадра во секое населено место, и тоа од тројца луѓе. Масовното организирање на населението, според него, требало да се избегнува "за да не се разоткрие организацијата", а со тоа да не им се даде можност на југословенските и грчките власти "да го тероризираат населението" и да го попречуваат неговото организирање. Притоа, А. Протогеров сугерирал да се продолжи со извршување на атентати со цел "да се окуражи населението и да добие верба во ВМРО"[152].

Другиот член на ЦК на ВМРО, И. Михајлов, доаѓајќи и самиот до заклучок дека основната цел на ВМРО - "дигање на востание", не можела да биде остварена, во своите упатства тој настојувал да се канализира вооружената борба сред пошироките категории на македонското население, главно на интелегенцијата по градовите, која мошне малку била опфатена во редовите на организацијата[153]. Елаборирајќи го прашањето за "како и каква борба претстои да се води", И. Михајлов сметал дека "на прво место" ВМРО не треба да се стреми кон масовно организирање на народот, туку масовно да се влијае сред македонските маси. Според неговите размислувања, требало да се напуштат акциите со големи чети, бидејќи

---

152*ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.368. "Отчетъ" на А. Протогеров за "револуционерната дејност" на Солунскиот, Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ од февруари 1925 до крајот на 1927 година, доставен на VII-от Конгрес на ВМРО.*

153 *Исто, л.36-40.*

тие брзо паѓале "во очи на непријателот", додека малата чета, односно група, е "поневидлива" и, како што вели тој, "може - ако треба - да нанесе удар и да исчезне"[154].

Тргнувајќи од новонастанатите околности, раководството на ВМРО застанало на становиште за промена на воената стратегија и тактика на организацијата. Новата вооружена тактика се состоела во праќање на чети со помал број четници и во помали групи и извршување на поединечни атентати во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија. На тој начин, традиционалниот метод за дејствување на организацијата со вооружени чети бил заменет со терористички акции преку конспиративни групи, т.н. "тројки" или "петорки"[155]. Новата тактика на организацијата наложувала донесување и на други мерки, пред се, отфрлање на четничките униформи и отстранување на долгите бради, заради конспиративното извршување на акциите[156]. Со примената на новата вооружена тактика на организацијата, според А. Протогеров, се настојувало ВМРО да го сврти вниманието на европската општествена јавност кон македонските проблеми, давајќи и,, притоа, на знаење дека "македонското население ќе се бори и дека мир на Балканот не може да има додека не се реши македонското прашање"[157].

Друг мошне важен стратегиски пункт за организацијата била Албанија. Во нејзината територија ВМРО настојувала да создаде база за навлегување на своите вооружени чети во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија и да отвори нов фронт во западните области на вардарскиот дел на Македонија. За реализирање на оваа задача, особено инсистирале двајцата членови на ЦК на ВМРО, И. Михајлов и А. Протогеров. Според нивната оценка, мошне важно било прашањето од постоењето база во Албанија и нејзино засилување. Потребата од силна база во Албанија тие ја истакнувале и заради протерување на приврзаниците на федералистичкото крило на ВМРО и на

---

154 *Иванъ Михайловъ, Спомени III, цит.,81-99.*

155 *Цветана Мичева, Убийството... цит., 69.*

156 *Иванъ Михайлов, Спомени III, цит., 92.*

157 *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.368.*

комунистите од територијата на Албанија[158]. Имено, федералистичката струја на ВМРО (Обединета), со центар во Виена, нашла засолниште во Албанија и вршела силен пропаганден притисок против новото раководство на ВМРО. Според извештаите на дипломатските и воените претставници на Кралството СХС од Софија и Тирана, ВМРО со помош на албанските власти и со финансиска помош на Бугарија, успеала во албанската зона на Охридското езеро, да создаде мрежа на свои канали и засолништва, со главен центар во градот Корча. Во нивните извештаи се потенцирало присуството на највисоките раководители на ВМРО во Бугарија и контактите што ги имале со албанските претставници[159].

Гостопримството што албанските власти им го укажувале на претставниците на ВМРО во голема мера се должи на пријателските односи што ги одржувале владите на Албанија и Бугарија. Притоа, на својот секретар во дипломатско претставништво во Тирана, Лазар Поповски, бугарската влада му дала широки овластувања во дејствувањето на ВМРО во Албанија и во контактите со албанските власти. Ваквите пријателски односи меѓу овие две држави биле подржувани и од Италија, чија надворешна политика имала силно влијание врз Албанија, како своја сфера на дејствување. Водејќи отворена антијугословенска политика, а во договор со ВМРО, Италија го помагала префрлувањето на четите на организацијата од нејзината територија, кај пристаништето Бари, преку Албанија во западните области на вардарскиот дел на Македонија[160].

---

[158] *Исто, а.е.18, л.175. "Драги Пламенов" (псевдоним на П. Шанданов - З.Т.), писмо од И. Михајлов од 26.VII.1926 година; Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е.175, л.6. "Драги Антоне" (се однесува на Крсто Антонов Делов - З.Т), писмо од А. Протогеров од 18.II.1927 година.*

[159] *АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVIII 18 б.306 и бр.337; исто, Фонд Главен Генералштаб (натаму ГГ), к.XXXVI /7, бр.713. Во извештаите се наведуваат имињата на А. Протогеров, Н. Томалевски, Г. П. Христов, П. Шанданов, Ф. Димитров и др. Според архивата на А. Протогеров, Г. П. Христов во почетокот на ноември 1927 година се наоѓал во Корча со "3 војводи и со по 15 четници" подготвувајќи се да дејствуваат во Острово, Воден и Лерин (ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.76, л.11).*

[160] *Чехословашки извори... цит., II, 372; Илчо Димитров, Фашистка*

Во одржувањето на контактите со албанските владини претставници и со организирањето на политичко - пропагандните активности и вооружени акции од Албанија, биле задолжени раководителите на ВМРО: Г. П. Христов, Н. Томалевски, П. Шанданов и војводата Пецо Трајков. И покрај тоа што тие подолго време престојувале и дејствувале во Албанија, сепак нивните нелегални дејствија не ги дале очекуваните резултати. За активностите во Албанија ВМРО ангажирала огромни финансиски средства[161], на што реагирал и И. Михајлов. Увидувајќи ја бескорисноста на ангажирањето на ВМРО во Албанија, тој му сугерирал на А. Протогеров "да се стави засекогаш крај" на дејствијата од Албанија и повеќе да не се финансирале и подржувале албанските сојузници[162].

Со финансиска и дипломатска помош на Италија и во содејство со албанските власти, ВМРО во Албанија единствено успеала да создаде мрежа на свои канали и засолништа во близина на албанско-југословенската граница, да го истисне влијанието на федералистичката струја на ВМРО (Обединета) и да изврши помали вооружени акции, повеќе од пропаганден карактер. Преку ваквите пропагандно-политички и помали вооружени активности од Албанија, раководството на ВМРО настојувало да ги демантира оптужувањата на дипломатските претставници на владата на Кралството на СХС дека бугарските владини кругови ги помагале и ги поттикнувале нејзините вооружени акции во границите на Бугарија.

Новата воена стратегија и тактика на организацијата, промовирана од И. Михајлов со терористички акции како основен метод на дејство и постојан престој на четите и раководството на ВМРО во Бугарија, односно во пиринскиот дел на Македонија, ја изменила

---

*Италия... цит, 249-252; Истиот, Българо - италианските... цит., 112.*

[161]*ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.170. Според дискусијата на И. Михајлов на VII-от Конгрес на ВМРО, за акциите на четите од Албанија биле потрошени 4 - 5 милиони лева.*

[162]*Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е.273, л.27. Писмо од И. Михајлов (под псевдоним "Р. Деянов") до А. Протогеров (под псевдоним "Лятов") од 23.IX 1927 година..*

содржината и смислата на револуционерната организација, и се претворила од "внатрешна" во "надворешна" организација. Со замирањето на вооружените четнички дејствија и со прекинувањето на врските со македонскиот народ во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија, ВМРО се институционализирала во пиринскиот дел на Македонија и се претворила во чисто "терористичко - емигрантска" организација, како што впрочем подвлекле и современите бугарски историчари[163].

## ѓ) Политичко - пропагандни активности во Европа и Америка

Веднаш по своето конституирање, новото раководство на ВМРО се ангажирало за интензивирање на политичко - пропагандната активност во странство, со цел да ги промовира програмските цели на организацијата, да ја запознае европската јавност со асимилаторските и денационализаторските мерки на југословенските и грчките власти во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија, како и со цел да добие нови сојузници во борбата за решавање на македонското прашање.

Според Правилникот на ВМРО, за пропагандна активност на организацијата во странство бил задолжен ЗП. Покрај членовите на ЗП, ЦК на ВМРО во координација со НК испраќал во европските земји и други свои соработници за да ја претставуваат организацијата на меѓународните конференции и форуми при разгледувањето на прашањата во врска со Македонија. Во текот на 1925 година со одлука на ЦК на ВМРО, покрај Наум Томалевски, во специјални мисии да ја претставуваат организацијата во странство биле испратени Борис Мончев, Тома

[163] *Александър Гребенаров, Идеи и тенденции в македонското освободително движение между двете световни войни, История, опщество, философия, бр.4, София, 1991, 64; Васил Ат. Василев, Майският манифест на ЦК на ВМРО од 1924 г. - обстановка, преговори и последици, Исторически преглед, кн.5, София, 1980, 62-63; Петър Галчин, Политическите... цит.,53, 202.*

Карајовов и Јордан Бадев[164], а подоцна Никола Булов, Симеон Ефтимов и др.[165].

ЦК на ВМРО посебно настојувал да воспостави блиски контакти со одделни европски земји кои благонаклоно гледале кон прашањето за изнаоѓање решение на македонскиот проблем. Во прв ред, раководството на ВМРО настојувало да ги продолжи традиционалните блиски контакти со Италија, воспоставени уште во 1920-1921 година од Т. Александров, кога бил формиран Италијанско-македонски комитет во Рим и отпочнала финансиската помош за ВМРО[166]. Според мислењето на новото раководство на ЦК на ВМРО, Рим бил "најглавниот дипломатски пункт" каде организацијата требала да има постојан претставник за перманентно одржување на врските со италијанските владини претставници[167]. На продолжувањето контактите со Италија влијаела и изјавата на италијанскиот воен претставник во Софија, дадена на А. Протогеров, дека Италија решила да го "брани оправданото дело" на ВМРО и дека "Македонците треба да бидат слободни"[168]. Блиските контакти со Италија уште повеќе се засилиле со писмото на италијанскиот "главен претставник на фашистите во Италија", Триони, упатено до ЦК

---

[164] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.3, л.11-12, 73 и 94.*

[165] *Исто, а.е.5, л.343.*

[166] *Архив Србије, Београд (натаму: АС), Збирка Танасије Динића, кут.38, "ВМРО и Бугарска" (ракопис), Београд, 1933, 56-58; АМ, Фонд РСВР, Пописник 1, Материјал бр. 20, Извод од изјавата на Станчев Иванов Славе, 2; АИНИ, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.3; В. "Автономна Македония" бр.10, 5.II.1921, 1 и бр.32, 18.VII.1921, 1.*

[167] *За потребата од постојан преставник на ВМРО во Рим, особено инсистирале Г.П. Христов и А. Пиперов во своите писма од Корча, Албанија и Рим до ЦК и ЗП на ВМРО, како и до А. Протогеров и И. Михајлов, сугерирајќи притоа во Рим да се испрати "Лоергин" (псевдоним на Н. Томалевски - З.Т.) (ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.18, л.213; Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е.113, л.97; а.е.239, л.60; и а.е.296, л.73).*

[168] *АС, Збирка Танасије Динића, кут.38, "Извештај са мога пута". Извештај без потпис и датум доставен до "Господине министре", со псевдоним "Бошков", сонародник на Мишо Шкартов од Кавадарци, уфрлен во потесното раководство на ВМРО.*

на ВМРО. Во писмото јасно била изразена подршката кон ВМРО со навестувањето дека "фашистичка Италија која се бори за слобода на нациите смета за најсветла потреба Македонците, како национално поробени, искрено да ги помогне", а борбата на ВМРО "материјално и морално да ја помага до конечната победа"[169].

Преку соработката со ВМРО, Италија настојувала да го искористи македонското прашање, како и силите на ВМРО, за инструмент на својата агресивна политика спрема Кралството на СХС. Со нејзиното директно мешање во балканските проблеми, всушност се прикривале политичките и економските стремежи на оваа најблиска европска држава, за преку Албанија да ги прошири своите сфери на влијание и на другите држави на Балканот и да ја постигне својата стратешка цел - доминација на Јадранскиот брег. На ваквата прикриена опасност, според дипломатскито претставник на Кралството на СХС во Софија, укажувал комунистичкиот печат во Бугарија со оценката дека "италијанскиот капитализам и империјализам не носи слобода туку ново ропство и дека нема да се задржи само на границите на Албанија, туку ќе премине и на областите кои се предмет на македонските аспираци"[170]. А според чехословачкиот дипломатски претставнк во Софија, италијанскиот водач Мусолини говорел за Македонија како "плацдарм" за натамошна италијанска експанзија на Балканот и дека Италија сакала "да го експлоатира македонското движење" за свои надворешни потреби[171].

За продолжување контактите со Италија, ЦК на ВМРО го задолжил членот на ЗП Наум Томалевски, кој и пред тоа успешно ја извршувал оваа задача, а во Рим за свој официјален и постојан претставник го имал Антон Пиперов[172]. Исто така, А. Протогеров одржувал мошне блиски односи со италијанскиот амбасадор во Софија

---

169 *Исто.*

170 *АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVIII18, бр.306.*

171 *Чехословашки извори... цит.II, 122.*

172 *АМ, Фонд МВР, кут.10; Илчо Димитров, Фашистка Италия... цит., 245-258.*

Пијачентини и со италијанските воени претставници во Италија, меѓу кои и со полковникот Луиѓи Лоди[173]. Како резултат на контактите со италијанските владини претставници, и покрај тоа што тие се држеле во голема тајност, ВМРО на неколку наврати добивала материјална помош во пари, оружје и воени униформи за извршување на вооружени акции во вардарскиот дел на Македонија[174].

Друг мошне значаен дипломатски пункт за кој раководството на ВМРО му придавало големо значење, бил Лондон[175]. Со доаѓањето на Андреј Љапчев на чело на бугарската влада во јануари 1926 година, и активирањето на бугарско - англиските односи, ВМРО ја гледала својата шанса за "засилување активноста" во Англија, која дотогаш му била препуштено на Балканскиот комитет[176]. За интензивирање на пропагандната активност и за анимирање на

---

173*Исто.*

174 *Исто; АИНИ, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.3; АС, Збирка Танасије Динића кут.38, цитиран извештај. Во извештајот на уфрлениот разузнувач во редовите на ВМРО, кој и самиот учествувал во преговорите со Италија, се спомнува сума од 5 милиони лири што Италија и ги дала на ВМРО, за "што поефикасна акција во Југославија". Во таа смисла, Г.П. Христов, со препорака на И. В'лков, министер на војската на Бугарија, бил испратен во Италија да издејствува "униформи и оружје - со македонски грб - за три илјади борци"; ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.182, л.5/6. А. Протогеров (под псевдоним "А. Лятов") во писмото до Н. Томалевски (под псевдоним "Нуни" - З.Т.) од 13.VIII.1927 година, го известува за испраќање на автоматски пушки "како мостра за порачка на 500 пушки од Италија"; Чехословашки извори... цит.II, 101-105. За помошта на Италија во наоружувањето на ВМРО со пушки и постоењето на "специјален фонд" при италијанското дипломатско претставништво во Софија за потребите на организацијата, укажува и чехословачкиот амбасадор во Белград во извештајот до своето министерство за надворешни работи од 23.XII.1927 година.*

175*ВМРО кај англиските политички кругови имала нескриени симпатии и традиционално добри односи и врски, почнувајќи од Вилијам Гледстон (од кого потекнува и девизата "Македонија на Македонците"), потоа Џемс Баучер, браќата Бекстон, генералот Томсон, претседателот на Балканскиот комитет во Лондон Едвард Боил и др.*

176*ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.116. "Извештај" за пропагандната активност на ВМРО во странство, поднесен од И. Михајлов на VII-от Конгрес на ВМРО.*

општественото мислење во Англија, посебно настојувал И. Михајлов. Во преписката со А. Протогеров, тој се залагал за формирање на "Англиско - бугарски или Македонско - англиски комитет" во Лондон, со задача "како што имал Балканскиот комитет" и би работел, како што вели И. Михајлов во писмото, "само на македонските проблеми". Правејќи разлика помеѓу називите "Англиско - бугарски" и "Македонско - англиски" комитет и сомневајќи се од "размерите на политичката корист на еден Бугарско - англиски комитет", тој во писмото го истакнал ставот дека "каузата на Македонците не може да се идентификува со онаа на официјална Бугарија"[177].

За разлика од моралната и финансиска подршка што ВМРО ја добивала од соработката со Италија, во интензивирањето на контактите со англиските политички кругови раководството на ВМРО настојувало од Англија, како една од најголемите европски сили и мошне влијателна во меѓународните политички конференции и форуми, да добие дипломатска подршка во решавањето на македонското прашање. Наоѓајќи подршка кај политичките лидери на Либералната партија, кои го застапувале мислењето дека македонското прашање е неправилно решено по Првата светска војна[178], раководството на ВМРО полагало големи надежи во англиската дипломатија за реализирање на својата "минимална програма", односно остварување на малцинските права на "македонските Бугари" во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија.

Од друга страна, бугарската влада на А. Љапчев, прикривајќи ја својата покровителска улога во однос на ВМРО, во

---

177 *Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е.407, л.13. Писмо од "Ив. Брязов"(псевдоним на И. Михајлов - З. Т.) Дилемата за називот на "Комитетот", И. Михајлов ја објаснува со толкувањето: "Изгледа дека потешко е создавање на Македонско - англиски комитет поради политички и други причини(...), а полесно е создавање на Бугарско - англиски комитет, особено при постоењето на официјален бугарски претставник во Лондон - Х. Мишев". На крајот од писмото, И. Михајлов оваа дилема им ја препуштил на членовите на ЗП, односно како што нагласил во писмото, "на пријателите кои се компетентни поцелосно да се занимаваат со ова прашање".*

178 *Димитър И. Митев, Англия... цит; 20.*

активирањето на односите со Англија, пред се, поаѓала од потребата за добивање материјална подршка за решавање на државните внатрешно-политички и економски проблеми. Соочена со социјално-економската криза на бегалците и потребата од финансиско решавање на бегалското прашање, контактите на бугарската влада со Англија, главно, се однесувале за добивање финансиска помош, односно "бегалски заем"[179].

Со испраќањето на свои постојани и повремени претставници во странство, раководството на ВМРО за кратко време успеало да организира и своја надворешно политичко - дипломатска мрежа со развиена разузнувачко - информативна служба и во другите центри во Европа: Виена, Тирана, Истамбул, Париз, Прага, Загреб, Белград, Солун и други градови. На овој план мошне активен бил Тома Карајовов, еден од најблиските соработници на И. Михајлов, кој вршел специјални мисии на ВМРО во Германија, Австрија, Франција, Италија, Холандија, Чехословачка, Полска и други европски земји[180]. Исто така, ВМРО имала и свои легални претставници во бугарските дипломатски и конзуларни претставништва во Рим, Виена, Истамбул, Тирана и Белград, кои паралелно работеле и за организацијата. За назначување на свои приврзаници, како и сменување на неподобните службеници кои работеле против интересите на организацијата во дипломатските претставништва на Бугарија во странство, И. Михајлов и А. Протогеров лично посредувале преку претседателот на бугарската влада А. Љапчев и министерот за надворешни работи Атанас Буров[181].

---

[179] *Види повеќе кај Васил Ат. Василев, Великобритания... цит; 20-42; Георги В. Димитров, Настаняване и оземляване на българските бежанци (1919-1939), Благоевград, 1985, 121-150.*

[180] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.114.*

[181] *Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е. 113, л.40; а.е.176, л.26; а.е.275, л.2, а.е.296, л.40, 68, 73; а.е.406, л.26-27; АМ, Фонд МВР, кут.10, бр.33. Се однесува на сменувањето на Лазар Поповски, секретар на бугарската амбасада во Тирана, бидејќи бил поврзан со федералистичките кругови на ВМРО во Виена, и за назначувањето на Јанко Пеев за бугарски конзул во Истамбул.*

За извршување на пропагандните активности во странство, раководството на ВМРО големи надежи полагало и во македонските студентски друштва во европските земји. По Првата светска војна во европските универзитетски центри студирала бројна македонска интелегенција, бидејќи не постоеле услови за продолжување на нејзиното образование во Македонија. Настапувајќи од името на "поробена Македонија" и афирмирајќи ги нејзините културни вредности, македонските студенти стекнале големи симпатии и подршка кај европската општествена и академска јавност, а особено во Италија, Германија, Австрија, Унгарија, Франција, Чехословачка, Полска и во други земји[182].

Во првите години од формирањето на македонските студентски друштва во странство, и покрај тоа што автономистичката ВМРО на Т. Александров обрнувала сериозно внимание на нивното политичко дејствување, кај нив биле присутни и симпатиите кон штотуку формираната ВМРО (Обединета). Затоа, новото раководство на ВМРО пред ВИ-от Конгрес, а особено после неговото одржување, испратило специјални пратеници низ европскте центри, со задача да ги придобијат раководствата на студентските друштва и да ги вклучат во пропагирањето на својата политичка програма.

Увидувајќи ја определбата и симпатиите на македонското студентско друштво во Виена кон ВМРО (Обединета) и губејќи верба за негово придобивање, специјалниот пратеник на ВМРО во странство, Т. Карајовов, во едно писмо, до членот на ЗП Кирил Прличев, известувајќи го за извршената посета во Виена во ноември 1924 година, му сугерирал ВМРО да обрне поголемо влијание на студентите во Германија, Франција и Италија. За да се оттргнат македонските студенти од влијанието на ВМРО (Обединета), односно од "болшевизмот", како што вели Т. Карајовов во писмото, тој му препорачал на К. Прличев да ги организираат во студентски друштва и да создадат "голема организација" во која ВМРО требала да вложува големи надежи во нејзините пропагандни активности во странство[183].

---

[182]*АМВ, Фонд ЦП, кут.10, рег.бр.40.*

[183]*ЦДА, Фонд 1948 - Кирил Прличев, оп.1, а.е.1. "Драги Кириле", писмо од*

Сличен впечаток за македонското студентското друштво во Виена добил и самиот К. Прличев при неговата посета на Виена во мај 1925 година. За својата мисија во Виена, во извештајот до ЦК на ВМРО, тој резимирал дека не успеал "потполно" да ги придобие, односно "да ги убеди во се" македонските студенти во Виена. Исто како и Т. Карајовов, тој во извештајот препорачувал ВМРО да посвети поголемо внимание кон "младите сили во Виена" и воопшто во странство[184].

Од јануари 1922 година до крајот на 1924 година се формирале повеќе македонски студентски друштва во Виена, Грац, Берлин, Прага, Будимпешта, Минхен, Брисел, Лајпциг, Париз, Рим, а по 1924 година и во други европски центри[185]. Со цел за заедничко дејствување, тие во јануари 1925 година во Лајпциг се обединиле во "Сојуз на македонските студентски друштва во странство". Според документите на ВМРО, Сојузот бил основан по иницијатива на раководството на ВМРО, а основањето финансиски било помогнато од софиското студентско друштво "Вардар"[186]. И покрај тоа, Сојузот водел своја самостојна политика и цврсто стоел на позициите на македонското ослободително дело, што се гледа од решенијата донесени на основачкиот Конгрес: "Заземање отворен фронт во ослободителната борба" на Македонија. На Конгресот биле донесени основните резолуции за идната работа на Сојузот, кои, главно, се состоеле во ангажирањето за "запознавање на општественото мислење во странство за македонските работи", во работењето на "пропагандата за македонското дело" и во водењето "духовна борба за ослободување на

---

*Т. Карајовов до К. Прличев, Берлин, 4.XI.1924.*

184 *Исто, Фонд 1932, оп.3, а.е.91, л.4, "Какво видяхъ и направихъ въ Виена, Грац, Берлинъ". Извештај до ЦК на ВМРО од 4.V.1925 година, потпишан со "К. Пандов" (псевдоним на К. Прличев - З. Т.).*

185 *Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.112-113. "Извештај" на И. Михајлов за пропагандната работа на ВМРО во странство, поднесен на VII-от Конгрес на ВМРО.*

186 *АИНИ, сл.IV.1. "Отчетъ за дъностьта на секретариата прьдь прьвия редовень конгресь на Съюза на македонскитъ студентски дружества въ чужбина състоялъ се прьзъ януарий 1928, Виена, Януарий 1928", 2.*

Македонија"[187]. На Конгресот бил избран Секретаријат од тројца членови и "сојузен организатор", бил донесен Устав и Правилник на Сојузот и било донесено решение седиштето на Сојузот да биде во Виена. Според член 2 од Уставот, целта на Сојузот била: "а) да создаде потесни врски меѓу македонските студентски друштва во странство; б) да зема учество во животот на меѓународните студентски друштва; в) да го изразува културниот облик на Македонија во секој поглед"[188].

Македонските студентски друштва во странство развиле широка културно-просветна, научна и издавачка дејност за запознавање и придобивање на симпатиите и поддршката на европската културна и општествена јавност за политичко, социјално и духовно ослободување на македонскиот народ од соседните балкански држави[189]. Меѓутоа, под влијание на покровителската улога на бугарските државни органи, притисокот и финансиската поддршка од страна на ВМРО, како и сеуште недоволно изграденото национално осознавање, македонските студентски друштва ги спроведувале погледите и ставовите на раководството на ВМРО за бугарскиот карактер на македонското население. Затоа, скоро сите европски учени во своите јавни обраќања, залагајќи се за ослободување на Македонија, под влијание на претставниците на ВМРО во странство како и на бугарските државници и дипломатски претставници, го застапувале ставот за добивање права и слободи на "бугарското малцинство" во Македонија.

По формирањето на Сојузот, ЦК и ЗП на ВМРО и НК со директно наложување, испраќање на печатни материјали и преку финансиска поддршка, настојувале да ја контролираат активноста на македонските студентски друштва, да ги придобијат и да ја насочат нивната пропагандна дејност во странство во остварувањето на своите програмски цели[190]. Според проценките на Н. Томалевски,

---

187 *Исто, Фонд КПЛ, к.XXXVIII/18, бр.278.*

188 *Уставъ и Правилникь на Съюзъ на македонскитѣ студентски дружества въ чужбина, Виена, 1925 (личен архив).*

189 *Види повеќе кај Димитър Г. Гоцев, Младежките... цит, 78-148.*

190 *АИНИ, Сл.IV.1, цитиран "Отчетъ", 5. Покрај средствата од касата на*

задолжен за одржување врските со европските земји, за пропагандна активност на ВМРО во странство биле потребни 450.000 лева месечно или 5.000.000 лева годишно[191].

И покрај директното мешање на раководството на ВМРО во политичкото дејствување на македонските студентски друштва, тие во своите пропагандни активности, а посебно во декларациите и протестите испраќани до разни конференции и европски политички и меѓународни организации, настапувале самостојно и независно во бранењето на македонското дело и во заложбите за ослободувањето на Македонија, давајќи, притоа, подршка на "своите браќа кои со оружје во рака се борат за слободата на Македонија"[192]. Својот револт тие особено го истакнувале против меѓусебните "братоубиства" во ВМРО и "личните интереси" на водачите на организацијата, укажувајќи, притоа, на опасноста дека "секоја акција од сличен карактер е голема штета за доброто на многусаканата Македонија"[193].

Со своето самостојно и независно политичко дејствување, особено се истакнувало "Македонското Народно Студентско Друштво" во Виена. Ова друштво во својот проглас од август 1927 година до делегатите на ИВ-от редовен конгрес на македонските младински организации во Бугарија, апелирало македонската младина да го продолжи патот на Гоце Делчев, кој бил и нивна цел - "слободна и обединета Македонија" и храбро да ја истакне паролата за "НЕЗАВИСНОСТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ И БОРБА НА РАМНА НОГА ПРОТИВ МАКЕДОНСКИТЕ НЕПРИЈАТЕЛИ ОД ТРИТЕ БАЛКАНСКИ ПРЕСТОЛНИНИ" (со големи букви во прогласот - З.Т.). Со ваквата изјава, ова македонско друштво, за разлика од македонските емигрантски

---

*ВМРО, македонските студентски друштва се финансирале и од "Фондот за пропаганда во странство", основан при софиското студентско друштво "Вардар" (ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.113).*

[191] *ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.92, л.56-62. "Белешки" од извештајот на Н. Томалевски од обиколката во странство од 1926 година.*

[192] *АИНИ, сл.IV.1, цитиран "Отчетъ", 7.*

[193] *ЦДА, Фонд 1932, оп.2, а.е.217, л.1-7. .*

организации и друштва во Бугарија, не правело разлика меѓу југословенската, грчката и бугарската влада и не ги подвојувала нивните државни аспирации во однос на Македонија. Понатаму, истакнувајќи го барањето за "СЛОБОДА НА МИСЛАТА И КРИТИКАТА ВО СОЈУЗОТ И НАДВОР ОД НЕГО" (со големи букви во прогласот - З. Т.), во прогласот друштвото се објавило против "недостојните" македонски водачи кои им служеле на туѓи интереси и нивно заменување "СО НОВА ЕНЕРГИЈА, ЗДРАВИ ИДЕИ И ЧЕСНА МИСЛА" (со големи букви во прогласот - З.Т.)[194].

Настојувањето за придобивање на македонските студентски друштва во европските универзитетски центри од страна на ВМРО продолжило со поголем интензитет и по 1928 година. По убиството на А. Протогеров, борбата за придобивање на друштвата се претворила во вистински натпревар меѓу приврзениците на михајловистичката и протогеровистичката струја на ВМРО.

За интензивирање на пропагандните активности во Европа, ЦК на ВМРО иницирал основање на "македонско биро за печат" со цел брзо да реагира и да ја известува европската општествена јавност за дејноста на организацијата, како и да ги оправдува вооружените акции на организацијата. За таа цел, во 1927 година во Женева почнал да излегува седмичен весник "Ла Мацедониа" на француски јазик, како втор печатен орган на НК, а за главен редактор бил поставен Симеон Ефтимов, близок соработник на И. Михајлов. Весникот се печател во 4 - 5 илјади примероци и како неофицијален орган на ВМРО се доставувал до сите европски центри и политички кругови, како и до голем број истакнати општественици и научни и културни личности[195].

Раководството на ВМРО и НК по VI-от Конгрес на организацијата, своето внимание го насочило и кон придобивање на македонската емиграција во Америка и Канада. Бројот на македонската емиграција во овоие прекуокеански земји по Првата светска војна изнесувал околу 35 - 40.000 души, главно економска емиграција и населена во поголемите индустриски центри[196].

---

194 *Исто, оп.3, а.е.299, л.1-2.*

195.*Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.113-114.*

196*АМ, Фонд РСВР, Пописник 2, Материјал бр.6, П. Хаџиев, Од животот*

Политичкото ангажирање на македонската емиграција во Америка и Канада во подршката на борбата на македонскиот народ за ослободување и обединување на распарчената татковина се интензивирало особено од 1922 година. За организирање на македонските братства и подготвување терен за нивно придобивање кон политиката на автономистичката ВМРО на Тодор Александров, Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија го испратила во Америка Сребрен Поп Петров[197]. Според неговите сеќавања, за време на својот тримесечен престој во 1922 година, тој основал 23 друштва во поголемите градови - центри во САД и Канада[198].

Во октомври 1922 година се одржал основачки конгрес на македонските братства, на кој тие се обединиле во Сојуз на Македонски политички организации (МПО) и бил избран Централен комитет. На Конгресот бил донесен и прв Устав на Сојузот на МПО. Според член 2 од Уставот, Сојузот на МПО имал за цел: "Да се бори по легален начин за прогласување на Македонија во една независна македонска република во нејзините географски и економски граници". Во постигнувањето на прокламираната цел, Сојузот на МПО изразил спремност да влезе во сојуз со организациите на потиснатите народи од Балканскиот полуостров, со цел да помогне во "создавањето на една балканска федерација или конфедерација, во која целокупна Македонија да биде рамноправна единица"[199]. Со објавувањето на овие

---

*и борбата на македонските иселеници во Америка (ракопис), 6; В. "Илинденъ", бр.16, 17.IV.1925, 2.*

[197] *Исто; Костадин Гърдев, Македонските... цит.,42-43.*

[198] *Български исторически архив при Народната библиотека "Кирил и Методий", София, (натаму: БИА НБКМ), Фонд 808 - Сребрен Поп Петров, а.е.467, л.200. А во своето писмо до претседателот и до членовите на НК, С.П. Петров за својата мисија во организирањето на "Македонците во САД и Канада", наведува дека за време на неговиот тримесечен престој обиколил 35 градови во Америка и Канада, свикал 16 собранија и бил организатор на првиот Конгрес на Сојузот на МПО во кој членувале 25 македонски братства (Исто, л.406-408).*

[199] *Веселин Трайков, История... цит, 169-170.*

програмски цели, всушност започнал процесот на поорганизирана дејност на Сојузот на МПО, како најмоќна, најмасовна и највлијателна организација на македонска емиграција во Америка и Канада.

За поорганизирано дејствување и организирање на македонската емиграција во Америка, раководството на ВМРО и НК во 1924 година го испратило Јордан Чкатров, близок соработник на И. Михајлов, пламенен говорник, енергичен агитатор и способен организатор[200]. Веднаш по своето пристигање во Америка, според в. "Тхе Нењ Sорк Тимес" од 10 август 1924 година, тој изјавил дека "Македонците сакаат целосна независност и се надеваат дека порано или подоцна ќе се создаде една Балканска Република од сите балкански држави, односно федерални држави"[201].До 1924 година, како што подвлекол Димитар Влахов во еден свој извештај за македонската емиграција во Америка, македонските организации биле на позициите прокламирани во Мајскиот манифест, ја прифатиле паролата за "Независна македонска република" и определбата дека ќе работат и пропагираат за идеата на "Балканска Федерација"[202]. Ваквата политичка ориентација на македонските организации и покрај присуството на Ј. Чкатров, била верифицирана на Третиот конгрес на Сојузот на МПО, одржан во септември 1924 година. Новоизбраниот Централен комитет на Сојузот на МПО, за чиј сојузен секретар бил избран Ј. Чкатров, излегол со програмска декларација која тргнувала од главната цел зацртана во Уставот на МПО: "Претварање на Македонија во независна република". Како компромис било прифатено решението за прогласување

---

200 *АМ, Фонд РСВР, Пописник 2, Материјал бр.6, цитиран ракопис на П. Хаџиев, 16; Трендафил Митев, Българската... цит, 29-48, 92. Ј. Чкатров во својот Извештајот за својата активност во Америка, поднесен на VII-от Конгрес на ВМРО, самиот признава дека имал "двојна задача: привлекување на сите (македонски - З.Т.) емигрантски друштва и запознавање на јавното мислење за македонското прашање" (ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.265-270).*

201 *ЦДА, Фонд 1932, оп.1, а.е.32, л.11.*

202 *Исто, Фонд 3, оп.4, а.е.549, л.46-51, Димитар Влахов, По въпроса за издаването на един опщ орган на бълг. и макед. емигация в Америка, 20.XII.1937 (ракопис).*

на Македонија во "автономна република" и пропагирање на идеата за "балканска федерација"[203].

Ваквото политичко расположение на македонската емиграција во Америка продолжило и во наредната 1925 година. Во "Протестот" од април 1925 година, под паролата "Македонија на Македонците", Сојузот на МПО патот за разрешување на македонското прашање единствено го гледал преку остварување на "Балканска федерација"[204]. На Четвртиот конгрес, одржан од 7-9 септември 1925 година, Сојузот на МПО, во барањето за зачувување интересите на македонскот население, го истакнал решението за ослободување и создавање "независна Македонија како рамноправна единица во идната балканска федерација"[205].

Сојузот на МПО, односно неговиот ЦК, до забраната на ВМРО во Бугарија во 1934 година не отстапувал во барањето за создавање "слободна и незвисна Македонија" и покренувал широка пропагандна и печатна активност во Америка за запознавање на "желбите на македонскиот народ за слобода и целосна политичка и културна независност". Ваквите негови програмски цели и политичка ориентација биле содржани во прогласот до претседателот на македонските добротворни братства и до Македонската младинска организација во Бугарија, од декември 1934 година. Давајќи им на знаење на своите сонародници во Бугарија дека македонската емиграција во Северна Америка "цврсто застанала на принципот за НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА" (со големи букви во прогласот - З.Т.), ЦК на МПО ги запознал дека во своите ангажирања во објаснувањето на македонскиот проблем пред надворешниот свет, поаѓал од становиштето

---

[203]*Костадин Гърдев, Македонските... цит, 47.*

[204]*В. "Илинденъ", бр.16, 17.IV.1925, "Протестъ на македонската емиграция въ Америка", 2.*

[205]*Исто, бр.41, 16.Ц.1925, "Четврти конгресъ на македонската емиграция въ Америка", 3. Види и кај м-р Даринка Пачемска - Петреска, Федеративната идеја во македонското национално-ослободително движење од 1918 до 1941 година (докторска дисертација - ракопис). Универзитет "Кирил и Методиј", Факултет за филозофско-историски науки, Скопје, 1986, 279.*

дека "само преку создавање на една НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА (со големи букви во прогласот - З.Т.) може да се создаде траен мир на Балканот", како и во Европа[206].

Во наредните години ВМРО преку своите емисари[207] постепено ги привлекувала македонските друштва со вршење притисок во промената на нивното политичко расположение. Сесрдна помош во тоа им укажувале и бугарските дипломатски претставници во Америка, како и бугарската влада и црква. Тие, со испраќање на свои учители и свештеници ја спроведувале великобугарската политика и на американскиот континент, воспитувајќи ја македонската емиграција, а особено децата, во бугарски дух и наметнувајќи им го името "македонски Бугари"[208]. На ваквата образовно - воспитна и црковна пропаганда, особено инсистирал првиот емисар на ВМРО во Америка, С. П. Петров. Тој во Извештајот за својата мисија во Америка, доставен до министерот за внатрешни работи и религијата и до претседателот на Св. Синод на бугарската црква, предлагал постоење на "организирана и дисциплинирана (бугарска - З. Т.) црква" во Америка и Канада, на чело со епископ и основање на Митрополија. Исто така, во Извештајот тој сугерирал во секој град, каде што имало "по педесет бугарски семејства", да се изгради по една црква и училиште и да се назначат по еден "достоен свештеник" и "подготвен и трудољубив учител", а при црквите и училиштата да се основат читалишта"[209].

Своето влијание врз македонските емигрантски маси во Америка и Канада ВМРО уште повеќе го засилила со издавањето на органот на Сојузот на МПО "Македонска трибуна" и на други изданија

---

206 *БИА НБКМ, Фонд 808, а.е.467, л.197.*

207 *Покрај Сребрен Поп Петров и Јордан Чкатров, раководството на ВМРО во Америка ги испратило и Борис Зографов, Асен Аврамов, Петар Ацев, Љубен Димитров, Васил Михајлов, Георги Николов и др. (Трендафил Митев, Българската... цит., 425).*

208 *ЦДА, Фонд 3, оп.4, а.е.549, л.47, цитиран "Извештај" на Д. Влахов; АМ, Фонд РСВР, Пописник 2, Материјал бр.6, цитиран ракопис на П. Хаџиев, 7-8.*

209 *БИА НБКМ, Фонд 808, а.е. 467, л. 126-128, Изложение за блгарските работи в Америка", Софи , 2. IX 1924 г.*

на англиски јазик[210]. Првиот број на весникот излегол на 10 февруари 1927 година. Во својата програмска статија редакцијата на весникот подвлекла дека една од грижите на овој весник била да се "истакне високо идеата за независност на Македонија", која ќе создадела можност за "здружување на сите балкански народи во една заедница".[211] Прикривајќи се зад ваквата политичка ориентација, која била неопходна да се излезе пред патриотско настроената македонска емиграција во Америка и Канада, редакцијата на весникот безрезервно го подржува курсот на раководството на ЦК и ЗП на ВМРО, а особено на нејзиниот лидер И. Михајлов. Притоа, нејзиното третирање на македонскиот народ во колоните на весникот, како "македонски Бугари" и "бугарско население во Македонија", продолжува се до денес.

Поларизацијата што се вршела во средината на македонските студентски друштва во Европа и кај македонската емиграција во Америка, под влијание и директно наложување на раководството на ВМРО за нивно придобивање, мошне негативно се одразила во настојувањата за привлекување на европската и американската демократска јавност во подршката на ослободителната борба на македонскиот народ. Тоа било и основната причина што за првпат во историјата на мекедонското ослободително движење беше пропуштена можноста за создавање на веќе пројавениот интерес за едно промакедонско "лоби" во Европа и Америка со јасен македонски национален карактер, во подршката и заземањето на барањата на македонските легални организации и друштва за ослободување на Македонија и создавање на своја сопствена држава.

## е) Почеток на внатрешните конфликти во раководството на ВМРО

210 *ЦДА, Фонд 396, а. е. 5, л. 122 и 267.*

211 *Види повеќе кај Александър Гребенаров, Вестник "Македонска трибуна" - извор за дейността на македонските политически организации в САЩ и Канада (1922-1934 г.) Сборник доклади от Третата национална конференция на младите историци - Пловдив 1981, София, 1985, 151-154.*

Несогласувањата по одделни прашања во раководните структури на ВМРО биле присутни уште по убиството на Т. Александров. Меѓусебните недоразбирања, главно, се претвориле во ривалска борба за заземање позициите за наследување на упразнетото место на главен водач и лидер на организацијата. Во конкурентската борба за раководното место на ВМРО, во прв план избил младиот и крајно амбициозниот И. Михајлов, не бирајќи средства и начини и газејќи врз уставните принципи на организацијата. Од младиот, неискусен и нежен секретар - благајник на ЦК на ВМРО, именуван од Т. Александров со прекар "скромни".[212] Михајлов се претворил во вистински диктатор, наложувајќи се за единствен претендент за водач на ВМРО.

Плашејќи се од популарноста и авторитетот на постарите раководители и војводи на организацијата, пред се, на А. Протогеров и војводата Панчо Михајлов, И. Михајлов се опкружил со млади и енергични истомисленици, како што биле: Јордан Ѓурков, Кирил Дрангов, Страхил Развигоров, Јордан Чкатров, Иван Караџов, Владимир Куртев и Георги Настев.

По убиството на Т. Александров, А. Протогеров бил во тешка душевна криза и долго време го носел товарот на сомневањето и обвинувањата дека е замешан во неговото убиство. Неможејќи да го издржи притисокот, односно недовербата и ширењето интриги од страна на И. Михајлов дека е главниот виновник во убиството на Т. Александров, тој уште во ноември 1924 година сакал да се повлече од организацијата[213]. Исто така, и И. Михајлов бил засегнат од озборувањата дека со неприсуството како легален или нелегален член на ВМРО во "поробените делови на Македонија", предвидено во Правилникот на организацијата, не го исполнувал главниот услов да биде избран за член на ЦК на ВМРО и делегат на претстојниот конгрес на

---

212 *Истината...цит., 78.*

213 *ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.172, л.1-7. "Драги Ванчо", писмо до И. Михајлов од А. Протогеров (под псевдоним "дядо Ангел") од 21.XI.1924 година.*

организацијата[214].

Претчувствувајќи ја нескриената амбиција за лидерство на младиот И. Михајлов, војводата П. Михајлов во едно писмо до А. Протогеров ги изложил неопходните доблести што треба да ги поседуваат раководителите на ВМРО. Образложувајќи ја "вештината и способноста што треба да поседува еден раководител, општественик и револуционер", П. Михајлов во писмото го предупредувал А. Протогеров дека "Македонија нема потреба од капетани, туку од доблесни борци" и дека е потребно да се отстранат "секакви амбиции за власт", бидејќи како што подвлекол тој во писмото, "служиме не на личност, туку на Македонија!"[215].

Исто така, и А. Протогеров во писмото до еден свој пријател, потсетувајќи го на традицијата во историјата на организацијата дека таа немала претседател, односно "водачи и шефови", му ги изложил своите сфаќања за рамноправноста и еднаквоодговорноста на членовите на ЦК на ВМРО. Во писмото, тој загрижено му укажувал на потребата дека не треба да се издига "култ на личноста, туку на Делото" и дека "подвизите не се на одделни личности, туку на организацијата"[216]. На слично мислење бил и членот на ЗП, К. Прличев, кога на ВИ-от Конгрес на ВМРО ја прозрел болната амбиција за власт на И. Михајлов. Изложувајќи ги своите ставови по одделни прашања во организацијата, тој во едно писмо до еден свој пријател, подвлекол дека е потребно да се развива "култ кон

---

[214]*Исто, Фонд 1932, оп.2, а.е.16, л.4, ракопис од Христо Коцев; Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е.272, л.8-12. "Драги дядо Илия", писмо до А. Протогеров од И. Михајлов од 9.IV.1926 година. Во писмото И. Михајлов го оптужува А. Протогеров дека тој наводно говорел за него дека е "воспитаник на Тодора" (се мисли на Александров - З. Т.), дека носел "негови црти", дека "газел преку просото" и затоа "не бил погоден за Централниот комитет".*

[215] *Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е.277, л.2-5. "Драги Ангеле" писмо до А. Протогеров од "Чавдар" (псевдоним на Панчо Михајлов - З.Т.) од 23.IX.1924 година.*

[216]*Исто, а.е.108, л.1-2. "Драги бр. Костадине". Писмо од А. Протогеров до неидентификуван негов пријател од 25.IV.1925 година.*

Македонија, а не кон личноста"[217].

По изборот на новиот состав на ЦК на ВМРО, И. Михајлов и покрај спротивставувањето на А. Протогеров и толерантноста и неамбициозноста на Г. П. Христов, се наложил за прв човек на ВМРО[218]. Во првите интервјуа за странските дописници од Балканот, И. Михајлов бил претставуван за "нов водач на македонската организација" и за нов "вожд" на ВМРО на местото на Т. Александров[219]. На ваквите лидерски амбиции на И. Михајлов мошне остро реагирал А. Протогеров во писмата упатувани лично до него и до другите членови на ВМРО, во кои отворено му замерувал дека од ВИ-от Конгрес на ВМРО почнал да игра улога на "Вожд"[220].

Не бирајќи средства кон освојувањето власта во ВМРО, И. Михајлов физички се пресметал со оние членови на организацијата што претставувале главна препрека во неговото напредување. Први на удар биле кочанскиот околиски војвода Панчо Михајлов и малешевскиот околиски војвода Ефтим Цеков, кои уживале голема популарност и

---

[217] *Исто, Фонд 1948, оп.1, а.е.1, л.6. "Драги Петре", писмо од К. Прличев до Петар Манов од 8.III.1925 година.*

[218] *Во истакнувањето на И. Михајлов за прв човек на ВМРО, голема улога одиграле гласилата на македонската емиграција во Бугарија, кои објавувајќи го краткото коминике на Г. Баждаров од VI-от Конгрес потенцирале дека при гласањето на Конгресот И. Михајлов ги добил сите гласови, а А. Протогеров и Г. П. Христов добиле гласови "на поголемото мнозинство од делегатите". Со ваквото известување му се дало "предност" на И. Михајлов пред останатите двајца членови на ЦК. Преку објавеното соопштение на бугарската општествена јавност и на македонската емиграција во Бугарија недвосмислено им се дало на знаење дека всушност И. Михајлов го превзел раководството на ВМРО и дека тој ќе го замени Т. Александров на кормилото на организацијата (НА БАН, сб.IV, а.е.153, цитиран ракопис на Б. Видов, 12-13).*

[219] *В. "Независима Македония", бр.111, 22.В.1925; В. "Илинденъ", бр.21, 29.В.1925, "Новиятъ водителъ на македонската организация - изявления на Иванъ Михайловь", 3.*

[220] *ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.173, л.49-61. "Драги Ванчо", писмо до И. Михајлов од А. Протогеров од 10.И.1926 година; Исто, а.е.108, л.1-2. "Драги бр. Костадине", цитирано писмо од А. Протогеров.*

се истакнувале со своите интелектуални способности[221]. Особено во личноста на П. Михајлов, И. Михајлов гледал најголем претендент за упразнетото место во ЦК по убиството на Т. Александров. Најпрвин, за да го отстрани П. Михајлов од раководното место на ВМРО, по пат на агитација и заплашување на членовите на окружните револуционерни комитети и околиски тела, И. Михајлов не дозволил да биде избран за делегат на ВИ-от Конгрес на ВМРО[222]. Покривајќи се формално со одлуки на ЦК на ВМРО, И. Михајлов формирал "судски комисии"[223], кои заради престапите што наводно ги извршиле против организацијата, го казниле П. Михајлов со исклучување од редовите на ВМРО, а Е. Цеков го осудиле на смрт[224], под обвинение дека одржувал врски со Тодор Паница[225].

По извршувањето на смртната казна над Е. Цеков, на 15 јуни 1925 година во Софија бил убиен и П. Михајлов[226]. Според

---

[221] *Панчо Михајлов бил најомилениот војвода на Т. Александров, познат и како книжевник, поет, журналист и фолклорист. Објавувал прилози во весниците "Илинден" и "Независна Македонија", автор е на збирката песни "Български народни пъсни отъ Македония" (Софија, 1924) и на збирката раскази "Въ страната на сълзите" (Софија, 1924). Војводата Ефтим Цеков посетувал духовна семинарија во Цариград, а по Првата светска војна завршил учителски курс во Белград. Во редовите на ВМРО се вклучил во 1923 година и веднаш бил назначен за малешевски околиски војвода.*

[222] *ЦДА, Фонд 1932, оп.4, а.е.33, Мирчо Кикиритков, Спомени (ракопис), 14-15.*

[223] *Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.3, л.10. Одлука на ЦК на ВМРО бр.7 од 12.III.1925 година и бр.5 од март 1925 година.*

[224] *Исто, а.е.5, л.98; Исто, а.е.3, л.16. "Окружно" на ЦК на ВМРО бр.11 од 26.III.1925 година. Најпрвин судската комисија се произнела дека П. Михајлов заслужува смртна казна, но заради сторените заслуги за организацијата, казната му била заменета со исклучување од ВМРО (Исто, а.е.5, л.96. "Извештај" за дејноста на ВМРО во периодот 1925-1928 година поднесен на VII-от Конгрес на ВМРО; НА БАН, сб.IV, а.е.158, цитиран ракопис на Б. Видов, 21-25; В. "Илинденъ", бр.23, 26.VI.1925, "Убийството на Панчо Михайловъ", 3).*

[225] *ЦДА, сп. 2120 - Спомени на Петър Димов Шанданов, 135.*

[226] *А. Протогеров бил против убиствата во редовите на ВМРО и во своите писма до И. Михајлов му забележувал дека убиствата на П.*

презентираните документи на ЦК на ВМРО на ВИИ-от Конгрес на организацијата, како и според спомените на Ефтим Спространов, член на НК и близок пријател на А. Протогеров, претходната казна - отстранување од ВМРО, на П. Михајлов му била заменета со смртна казна заради тоа што раководството на ВМРО имало податоци дека тој наводно се подготвувал да избега во Европа и во сојуз со федералистите и Д. Влахов во Виена да издава весник против ВМРО[227]. На тој начин, раководството на ВМРО и И. Михајлов го оправдувале убиството на П. Михајлов, плашејќи се на македонската сцена да се појави "втор Чаулев". Само неколку месеци подоцна, во октомври 1925 година бил убиен и долгогодишниот штипски околиски војвода Иван Брло. Според одлуките на ЦК на ВМРО, тој бил убиен заради неморални и криминални дејствија кои го компромитирале угледот на организацијата[228].

Со цел да го подигне својот авторитет во организацијата и надвор од Бугарија, И. Михајлов физички ги ликвидирал и Петар Чаулев, дотогашниот член на ЦК на ВМРО и Тодор Паница, водач на федералистичкото крило на ВМРО. Овие двајца левоориентирани македонски дејци, И. Михајлов ги сметал за најголеми непријатели на ВМРО и се плашел од нивното дејствување во европските земји. По убиствата на овие двајца македонски дејци од страна на испратените

---

*Михајлов и Е. Цеков се извршени без негово знаење и согласност (ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.173, л.49-61). Сепак, на сите смртни пресуди на ЦК на ВМРО, заедно со потписот на И. Михајлов стоел и неговот потпис.*

[227]*ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.96; БИА НБКМ, Фонд 324 - Ефтим Спространов, а.е.1, Автобиография - спомени, л.3389-3393. Дека П. Михајлов остварил контакти со федералистичката струја во Виена, потврдува и Славе Иванов во својата подоцнежна "Изјава". Имено, раководството на ВМРО (Обединета) следејќи ги несогласувањата во редовите на ВМРО во Софија и барајќи погодно лице кое ќе му се спротивстави на И. Михајлов, се поврзало со П. Михајлов и му понудила да дојде во Виена, каде "ќе му се стават сите средства на располагање". Според С. Иванов, П. Михајлов ја прифатил понудата, но пред да тргне "со визиран пасош" бил убиен. (АМ, Фонд РСВР, Пописник 1, Материјал бр.20, цитирана Изјава на С. Иванов, 23).*

[228] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.3, л.86, Соопштение на ЦК на ВМРО бр.114 од 4.X1925; Исто, а.е.5, л.92-94; Исто, Фонд 1932, оп.4, а.е.33, цитирани спомени на М. Кикиритков, 14-15; НА БАН, сб.IV, а.е.158, цитиран ракопис на Б. Видов, 25.*

атентатори на ВМРО во Милано и Виена, И. Михајлов им дал голем публицитет на нивните извршени "подвизи", како и на нивните судски процеси[229]. За да му се даде поголем пропаганден публицитет на чинот на убиството на Т. Паница, И. Михајлов на атентаторката Мелпомена Карничиу (позната како Менча Карничева - З.Т.) и приредил свечен пречек во Софија, а ЦК на ВМРО ја наградил со значка "во знак на благодарност и почит кон реткиот и голем подвиг"[230]. По извесно време И. Михајлов се оженил со неа.

Веднаш по VI-от Конгрес на ВМРО на 13 февруари 1925 година во Софија бил убиен професорот Никола Милев, член на потесното раководство и еден од идеолозите на ВМРО. Убиството предизвикало голема вознемиреност во редовите на организацијата, бидејќи тоа било прво посегање над висок функционер во ВМРО. Всушност со ова убиство му се дало на знаење на раководство на ВМРО дека постои и друга струја во организацијата која не е согласна со нејзините програмски определби. За да ги заплаши сите оние што ќе посегнат врз организацијата, по наредба на И. Михајлов на најсвиреп начин бил ликвидиран убиецот на Н. Милев[231].

Несогласувањата во раководството на ВМРО уште повеќе се засилиле со лидерскиот однос на И. Михајлов во управувањето со организацијата. И покрај тоа што спред Правилникот на ВМРО тројцата членови на ЦК биле "рамноправни и еднаквоодговорни", И. Михајлов се однесувал како прв човек на организацијата. Во преписката водена меѓу И. Михајлов и А. Протогеров, на преден план биле нагласени недоразбирањата и недовербата меѓу нив, а особено

---

[229] *За убиството на П. Чаулев види фуснота бр.34. За убиството на Т. Паница види повеќе кај Димитар Влахов, Мемоари... цит., 256-262; Ангел Динев, Политичките... цит.,148-152; Тритъ дъла... цит.,73-180.*

[230] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.3, л.111. Писмо - благодарност на ЦК на ВМРО бр.122 од 29.XI.1925 година до Менча Карничева.*

[231] *Исто, а.е.5, л.99; В. "Илинденъ ", бр.16, 17.IV.1925, "Убиеца на Н. Милевъ убитъ ", 3. Приврзениците на И. Михајлов откако на сомнителниот Милан Манолов со инквизиторски методи му изнудиле признание да напише дека тој е убиецот, го ликвидирале и го фрлиле на истото место каде што бил прострелан професорот Н. Милев.*

различните ставови во водењето со организацијата. Главните забелешки што А. Протогеров му ги укажувал на И. Михајлов, биле неговиот "арогантен однос", повеќемесечно несостанување на членовите на ЦК, остварување контакти единствено преку писма, неодговарање на испратените писма, пораки и сл.[232]. На А. Протогеров особено му сметало самоиницијатвното однесување на И. Михајлов во издавањето инструкции, наредби и упатства, без да ги консултира и за нив да ги информира другите членови на ЦК на ВМРО[233].

Меѓусебното ривалство и нетрпеливоста на А. Протогеров и И. Михајлов се повеќе се манифестирале во редовите на ВМРО. Во амбицијата да стане прв човек на ВМРО, И. Михајлов се служел со секакви интриги да го натера А. Протогеров да се повлече од организацијата. Од друга страна, А. Протогеров, како долгогодишен раководител на ВМРО и генерал на бугарската армија, уживал голем авторитет во организацијата и кај државните, политичките и воените кругови во Бугарија и странство. Работејќи подолго време во сенка на Т. Александров и соочен со самоволното издигање и прогласување на младиот и неискусниот И. Михајлов за нов водач на ВМРО, кај А. Протогеров се појавил разбирлив отпор повторно да не биде ставен во втор план. Во атмосфера на недоверба и неединство меѓу членовите на ЦК, тој бил мошне загрижен за иднината на организацијата. Во своите писма и изјави, тој песимистички предупредувал дека "делото пропаѓа" од такви личности (мислејќи на И. Михајлов - З.Т.) што биле "повисоко од идеата" и кои се служеле "со диктатура и парадирање", а тоа, според него, неминовно водело кон "пропаѓање и кон крах" на организацијата[234].

Тргнувајќи од слабостите во управувањето со организацијата, А. Протогеров во јануари 1926 година до двајцата членови на ЦК, Г. П. Христов и И. Михајлов, понудил проект за

---

[232]*ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.172, л.8, 57; а.е.173, л.3, 15, 49-69. Писма од А. Протогеров до И. Михајлов пишувани во периодот 1925-1927 година.*

[233] *Исто, а.е.173, л.37, 113.*

[234]*БИА НБКМ, Фонд 324, а.е.1, цитирана Автобиографија - спомени на Е. Спространов, л.3902-3903.*

реорганизација на ЦК на ВМРО. Во проектот, тој се застапувал ЦК да се трансформира во "Централна Управа", како врховен контролен орган со посебни "пододделенија": секретаријат, организациона каса, главно сметководство, воен оддел, информација - разузнување и печат и политика. А. Протогеров посебно настојувал да се востанови секретаријат на ЦК со секретар, благајник и архивар, за да се стави, како што подвлекол тој во проектот, "канцелариски ред"[235]. Проектот на А. Протогеров за реорганизација на ЦК на ВМРО не наишол на одобрување не само кај И. Михајлов и Г. П. Христов, туку и кај членовите на ЗП на ВМРО. Заради ваквиот генерален став на раководството на ВМРО, како и несогласувајќи се со "принципиелните прашања"[236] со И. Михајлов околу раководењето со организацијата, А. Протогеров во мај 1926 година со писмо ги известил ЦК и ЗП на ВМРО дека дава оставка во членството на ЦК на ВМРО[237].

Несогласувањата меѓу двајцата членови на ЦК на ВМРО уште повеќе се заостриле со примената на новата вооружена тактика на И. Михајлов преку извршување на индивидуални терористички акции и атентати во вардарскиот дел на Македонија. Против неговата тактика како "погрешна и опасна"[238], остро се спротивставил А. Протогеров, кој како стар и искусен деец на организацијата не можел да го прифати откажувањето на традиционалниот начин на дејствување со вооружени чети, и покрај тоа што новите услови не овозможувале продолжување со старите вооружени методи.

Друг мошне важен спор помеѓу двајцата членови на ЦК на ВМРО избил во толкувањето и практичката примена на основниот принцип на организацијата - внатрешноста. Овој основен принцип на

---

[235]*Фонд 1909, оп.2, а.е.95, л.1-3. "До членовите на ЦК на ВМРО, Г. П. Христов и Иван Михайлов", Писмо на А. Протогеров од 25.I.1926 година.*

[236] *Исто, а.е.101, л.1-20.*

[237] *Исто, а.е.96, л.2-3.*

[238]*Исто, а.е.273, л.23. "Драги Лятов", писмо до А. Протогеров од И. Михајлов (под псевдоним "Р. Деянов") од 19.IX.1927 година.*

дејствување на организацијата бил причина и меѓу останатите дејци на организацијата да се појави раздор[239]. Придржувајќи се кон стариот и традиционален принцип на организацијата, А. Протогеров во зимата 1926 година доставил до ЦК и ЗП на ВМРО проект за "Враќање на принципот на внатрешноста" на организацијата. Во проектот тој ги изложил главните принципи за "коренито преустројство" на организацијата, според кои дејноста на организацијата требала да биде "внатрешна", односно да дејствува во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија, а не "надворешна", да дејствува единствено во пиринскиот дел на Македонија. За Протогеров било неоправдано престојување на четите во пиринскиот дел на Македонија, каде, според него, се уништувал "револуционерниот дух" на организацијата и се подржувала "цела армија - фиктивни борци кои никогаш не влегле и немале ништо заедничко со внатрешноста на Македонија". За ВМРО да биде третирана како "Внатрешна револуционерна организација", А. Протогеров предлагал секој нејзин член да престојува најмалку една година "внатре" во Македонија[240]. Во проектот, како и во својата преписка со И. Михајлов, А. Протогеров се залагал членовите на ЦК на ВМРО да бидат "внатре" (се мисли во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија - З. Т.) и со своето присуство на самиот терен да ја согледаат положбата на македонскиот народ за да можат да го раководат и да имаат авторитет кај него[241].

Личното ривалство и меѓусебната нетрпеливост помеѓу И. Михајлов и А. Протогеров се одразиле и во барањето на сојузници во спротивставените бугарски политички кругови. Блиските односи на И. Михајлов со министерот на војската, генералот И. В´лков, го упатиле кон крилото на "Демократскиот сговор" на новиот претседател на бугарската влада, А. Љапчев, кои биле проиталијански ориентирани и

---

[239]*БИА НБКМ, Фонд 589 - Христо Коцев, а.е.1, Спомени, л.477.*

[240]*ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.98, л.1-3; НА БАН, сб.IV, а.е.153, цитиран ракопис на Б. Видов, 60-61, 72-77. Во својот ракопис Б. Видов го користи истиот проект - белешки на А. Протогеров добиен од неговиот секретар Коце Поп Атанасов.*

[241] *ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.98, л.1-3; а.е.173, л.49-61.*

антијугословенски настроени, што било блиско со политичката и програмската ориентација на ВМРО. А. Протогеров останал лојален на бившиот претседател на владата, Александар Цанков, кој се повеќе ги губел позициите во бугарските политички кругови. Ваквата ориентација на овие двајца членови на ЦК на ВМРО ја предодредила и надмоќноста на И. Михајлов во борбата со А. Протогеров во преземањето на раководната улога во организацијата. Подржуван морално и материјално од новата бугарска влада на А. Љапчев, И. Михајлов и официјално станал единствен лидер и нов водач на ВМРО.

Внатрешните конфликти во раководствот на ВМРО негативно влијаеле во мобилизирањето на членството и во целокупното дејствување на организацијата. Меѓусебните несогласувања и нетрпеливости на И. Михајлов и А. Протогеров предизвикале нови прегрупирања во раководните сили на организацијата, што се одразиле на единството и цврстината на ВМРО. Несогласувањата и различните гледања на двајцата највлијателни членови на ЦК на ВМРО по основните прашања на воената стратегија, тактика и методите на вооруженото дејствување на организацијата, прераснале во идејни несогласувања во реализирањето на програмските цели на организацијата во барањето на нови патишта за разрешување на македонското прашање и ослободување на Македонија.

## 2. ВМРО ВО ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ НА БУГАРИЈА

### а) Односите меѓу раководството на ВМРО и бугарските влади

Дејствувањето на ВМРО во границите на Бугарија продолжило и по убиството на Т. Александров, благодарејќи на присутната желба за соработка и толерантноста на бугарските владини кругови. По септемвриските настани во 1924 година во Бугарија и продолжувањето на "автономистичката" политика на ВМРО, беше исклучена можноста за водење на самостојна и независна политичка и вооружена дејност на организацијата. Со давањето подршка на новите водачи на ВМРО, односно на И. Михајлов и А. Протогеров, бугарската влада настојувала и натаму да ја користи ВМРО како испробано орудие за своите ревизионистички планови во однос на Македонија[242].

За односите меѓу бугарската влада и ВМРО, дипломатскиот претставник на Кралството на СХС во Софија во извештајот до својата влада од 21 септември 1924 година, констатирал дека бугарската влада "многу вешто ги искористува" следбениците на Т. Александров во ликвидирањето на приврзениците на комунистите меѓу Македонците во организацијата и во пружањето помош во превземањето на ВМРО во свои раце. Според неговото мислење, на бугарската влада и одговарала победата на привrзаниците на Т. Александров, бидејќи тие "независно од самата бугарска влада и неизложувајќи ја Бугарија на опасност" пред надворешниот свет, ќе го подржувале "македонското прашање" пред европската јавност. Продолжувањето на дотогашната политика на новото раководство на ВМРО, според југословенскиот дипломатски претставник, и давала надеж на бугарската влада дека, во блиска или далечна иднина, може да го сврти македонското прашање во своја корист, што всушност била и "скриена намера" на секоја бугарска влада[243].

---

242 *Кръстъо Веляновъ, Днешната политическа постановка на македонскиятъ въпросъ, София, 1928, 10.*

243 *АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVIII/17, бр.254.*

Бугарската влада и бугарските буржоаски партии уште на почетокот од формирањето на новото раководство на ВМРО започнале да го "експлоатираат македонското прашање" за свои државни и партиски интереси[244]. Врските со ВМРО, тие, главно, ги потчиниле на своите внатрешни потреби - да се осигурат од опасноста на левоориентираните револуционерни сили во земјата. Од друга страна, ВМРО, според проценката на чехословачкиот дипломатски претставник во Белград, очекувала од бугарската влада, респективно со развивањето на "македонскиот проблем, со добро или лошо, да постигне ревидирање на македонската граница"[245]. За ваквата "неоврховистичка" политика на новото раководство на ВМРО, Павел Шатев во своите аналитички опсервации подвлекол дека бугарската влада ги искористувала националистичките стремежи и "револуционерната енергија" на организацијата за свои чисто партиски великодржавни цели и интереси, а со својата политика во однос на "македонскиот проблем" таа секогаш се јавувала како непријател на секое обединување на македонските емигрантски сили во единствен македонски револуционерен фронт[246].

Веднаш по убиството на Т. Александров, новиот привремен ЦК на ВМРО, во името на А. Протогеров и И. Михајлов, уште во своите први "доверливи" расписи до револуционерните комитети во пиринскиот дел на Македонија ја навестил подредената улога на организацијата во однос на глобалната надворешна политика на бугарската влада. Изразувајќи благодарност на бугарската влада за несметаното функционирање на организацијата во границите на Бугарија, двајцата раководители на ВМРО во упатствата до своите вооружени сили им сугерирале дека ВМРО нема право да ја "жртвува слободата на Бугарија", кога самата таа се бори за своја слобода. Ваквата своја лојална политика спрема бугарската власт, сеуште неизбраното раководство на

---

244 *Илчо Димитров, Фашистка... цит.,248.*

245*Чехословашки извори... цит., том II, 104.*

246*АМ, Фонд РСВР, Пописник 1, Материјал бр.18, Павел Шатев, "Спомени и сеќавања", 571-572.*

ВМРО ја објаснувало со толкувањето дека "патот за ослободување на Македонија е пократок при постоењето на независна бугарска држава, отколку и Бугарија да стане тоа што стана и со Македонија"[247].

Интересни се и размислувањата на највисоките раководители на ВМРО што се однесуваат на политиката на односите со бугарската влада. Членот на ЗП на ВМРО, Кирил Прличев, поставувајќи си го прашањето: "Што може да очекуваме од бугарската влада во сегашната ситуација?", го дал следниот одговор: "Се разбира, не војна за Македонија. Најважно за сега е: а) Да се зачува себеси (државата), зашто без Бугарија нема да ја има ни Македонија ни македонското ослободително движење - веројатноста за отворено подржување на нашето прашање значително би се намалила...". А на прашањето: "Што треба да бараме од Бугарија и бугарските влади?", К. Прличев подвлекол: "Зачувување на сегашните граници (во кои е вклучен и делот од Македонија); Зачувување на животот, здравјето, просветатата, кулурата, секојдневното живеење на населението (голем дел од кое претставуваат Македонците); применување на минималните права признати со договорите за решавање на прашањето што ја засега судбината на бугарските малцинства под туѓа власт; прифаќање, сместување, грижи за бегалците што доброволно дошле или на сила се приморани да дојдат тука и сл. Толку нешто можеме да бараме, и бараме, бидејќи ни должат и Бугарија и бугарските влади"[248].

Во извештајот за својата посета на студентските друштва во Виена, Грац и Берлин, доставен до ЦК на ВМРО, К. Прличев за "самостојноста на бугарската државна политика спрема ВМРО и независноста на ВМРО од бугарската државна политика", резимирал: "При денешни услови на една победена Бугарија, обврзана со сите задолженија наложени од договорите од една страна, и една многуилјадна македонска емиграција во неа со своите легални организации, плус еден дел од Македонија што претставува база на ВМРО, со една помошна организација, од друга страна, природно е взаемното дејствување на едната врз другата, односно, зависноста на

---

247 *ЦДА, Фонд 1932, оп.1, а.е.9, л.2-5.*

248 *Исто, Фонд 1948, оп.1, а.е.6, цитирано писмо од 8 март 1925 година.*

бугарската државна политика од ВМРО и обратно, и следствено, не може да има сосема самостојна бугарска државна политика и сосема самостојна ВМРО"[249] (подвлекол - З.Т.).

За разлика од изјавите за неопходната поврзаност и потребата од натамошна меѓусебна соработка на ВМРО со бугарската влада, претставниците на ВМРО пред надворешниот свет настојувале да ги прикриваат блиските односи со бугарските државни и политички фактори, истакнувајќи ја, притоа, самостојноста на организацијата во сите сегменти на нејзиното дејствување. Во ваква политичка конотација била и изјавата на двајцата членови на ЗП, К. Прличев и Н. Томалевски, дадена на Антон Корошец[250] дека "македонското прашање е одделно од бугарската држава" и дека Бугарија "не располага" со него[251].

Резервниот член на ЦК на ВМРО, П. Шанданов, веќе како водач на протогеровистичката струја на ВМРО по убиството на А. Протогеров во јули 1928 година, ја сметал бугарската политика за една од факторите за "трагедијата во редовите на ВМРО". Според него, "бугарската државна политика спрема македонското прашање секогаш се условувала од политичкото гледиште на шефовите на владеачките партии, но никогаш од интересите на самото население во Македонија, ниту пак од интересите од една широка национална политика". Политикантското однесување на бугарските државници, П. Шанданов го толкувал со објаснувањето дека кога тие се наоѓале меѓу водачите на ВМРО, "подложни на компромис", влегувале во пријателски односи со

---

[249] *Исто, Фонд 1932, оп.3, а.е.91, л.4, цитиран извештај на К. Прличев од 4.В.1925 година.*

[250] *Д-р Антон Корошец бил истакнат словенски политичар, лидер на Словенската народна партија, а од 1928 година министер за внатрешни работи на Кралството СХС. Тој благонаклоно гледал кон македонското прашање и кон зближувањето на Кралството на СХС со Бугарија и одржувал контакти со бугарските државници и политичари (Чехословашки извори... цит., том II, 72-105, 128-137).*

[251] *ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.92, л.80, "Срещата на Задграничното Представ. съ Корошецъ ". Според извештајот, доставен до ЦК и ЗП на ВМРО, средбата на членовите на ЗП со А. Корошец била остварена во Виена на 18 јуни 1927 година.*

нив, и во таков случај, "неуспесите од таквата политика паѓаат на сметка на македонскиот народ", а кога се судрувале со македонските водачи, "неподложни на компромис и противници на идеологијата на македонското ослободително движење", тогаш, бугарските државници "влегувале во јавен конфликт со сите македонски општественици додека не ги уништат или разединат"[252].

На слично мислење со П. Шанданов бил и дописникот на белградскиот весник "Време", кој, исто така, констатирал дека "бугарската влада ги поднесува само оние Македонци кои работат по нејзина директива како обично орудие во корист на нејзината државна политика, а сите останати кои покажуваат малку лична иницијатива и не ги извршуваат нејзините наредби, таа веднаш ги убива"[253].

Согледувајќи ја штетната политика на бугарската влада спрема македонското ослободително движење, прогонетиот член на ЦК на ВМРО, Петар Чаулев, престојувајќи подолго време во европските земји и контактирајќи со тамошните демократски организации, партии и национално революционерни сили, дал мошне критична оценка за односите на ВМРО со бугарските политички партии. Во едно писмо до А. Протогеров, тој, меѓу другото, му препорачувал: "Ние треба да се ослободиме од сите бугарски партии, да работиме само за Македонија и со Македонци, инаку сите ќе не осудуваат и само ќе налеваме вода во нејзините партиски воденици, а Македонија ќе плаче"[254] (подвлекол - З.Т.).

Односите меѓу ВМРО и бугарските влада биле будно следени и од бугарската комунистичка партија (БКП). Во своите прогласи таа постојано укажувала на опасноста од нивната соработка, не само за државната сигурност на Бугарија, туку и за бугарскиот и македонскиот народ во целина. Извршното биро на ЦК на БКП во еден извештај од август 1926 година за состојбата и дејноста на "македонската

---

252 *В. "Свобода или смъртъ", бр. 79, 5.X.1928, "Главнитъ причини за македонскитъ междуособици", 1.*

253*АМ, Фонд ЦП, кут.8, весник "Време" од 30.XII.1931.*

254*ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.319. л.87. Писмото е без датум.*

организација во Бугарија", соработката на бугарската влада со вооружените сили на ВМРО ја резимирал на следниот начин: "Бугарската влада сака да се служи со нивната политика сообразно со моменталните интереси, грижејќи се да го стави во полна потчинетост и да го присвои правото само таа да мисли за Македонија, а тие да се потчинуваат и да извршуваат"[255].

Прашањата во врска со поведението на организацијата во однос на бугарската влада биле нагласено присутни и на *ВИИ*-от Конгрес на ВМРО, одржан во јули 1928 година. Во Извештајот за односите со бугарските власти, раководството на ВМРО застанало зад "онаа тактика" што ја сметало за "најправилна од македонско гледиште". Основното и главно "раководно начело" на ЦК на ВМРО поаѓало од потребата за зачувување на својата база во пиринскиот дел на Македонија, во која што организацијата ќе може слободно да ги подготвува своите вооружени акции. Во изградувањето на односите со бугарската влада, ЦК на ВМРО се залагал за одржување добри и коректни односи, а особено со воените власти и избегнување на "бесмислени расправии" со бугарските државни власти[256].

Лидерот на ВМРО И. Михајлов во своето излагање на *ВИИ*-от Конгрес за "односите со Бугарија" подвлекол дека главните цели од кои ВМРО не отстапувала во последните три години биле: зачувување на сигурноста на "базата" во пиринскиот дел на Македонија, придобивање на владата, општествената јавност и партиско - политичките кругови во подршката на надворешните активности на ВМРО, немешање во бугарските државни работи и изградување поповолно поведение со одговорните бугарски фактори "за каузата на поробена Македонија". Притоа, во извештајот И. Михајлов истакнал дека во идните преговори "од Бугарија треба да се бара цврстина во проследувањето на македонската автономија". Ваквото укажување, И. Михајлов го објаснил со констатацијата: "Бугарија досега кога била силна го пренебрегнувала барањето (се мисли за автономија на Македонија - З.Т.), гледајќи да откине нешто од Македонија, а кога

---

[255] *Исто,Фонд 3, оп.4, а.е.115, цитиран "Доклад", 91.*

[256] *Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.92.*

била слаба, зборува за автономија па дури и ветува отстапување на Петричкиот округ"[257]. Ваквата изјава на И. Михајлов треба да се толкува на веќе засилената позиција што ја стекнал во раководството на ВМРО и на се поголемото влијание што ВМРО го имала во внатрешната и надворешната политика на бугарската влада. Тоа му дало охрабрување поенергично и поавторитативно да настапува во односите со бугарските владеачки кругови и да бара поголема самостојност и автономија во дејствувањето на организацијата.

Политиката на односите со ВМРО од страна на бугарските државни фактори, главно, била креирана од владеачката коалициона партија "Демократски сговор". Во водењето на надворешната политика оваа најсилна партија во Бугарија се поделила на две групи, предводени од Александар Цанков и Андреј Љапчев[258]. Групата на претседателот на владата, А. Цанков, во која биле и министерот за внатрешни работи, генералот Иван Русев, и министерот за надворешни работи, Христо Калфов, биле профранцуски ориентирани и се залагале за зближување со Кралството на СХС[259]. Со ваквата надворешна политичка ориентација за одржување добрососедски односи со Кралството на СХС, групата на А. Цанков се објавила против ВМРО, настојувајќи да ја контролира нејзината дејност и да ги ангажира нејзините сили што повеќе во Бугарија за уништување на своите партиски и идеолошки противници[260].

Втората група ја предводел искусниот политичар, А. Љапчев, кој уживал поголем авторитет кај бугарските политички кругови, а особено кај царот. Со доаѓањето на чело на бугарската влада, на 4 јануари 1926 година, А. Љапчев во својата надворешна политика се

---

257 *Исто, л.23 и 137.*

258 *За ривалството на овие две бугарски политички групи види повеќе кај Георги Наумов, Политически... цит., 24-51; и кај Ярослав Иоцов, Управлението... цит, 451-488.*

259 *АМ Фонд МВР, кут.10, "Извештај за политичката состојба во Бугарија".*

260 *Архив на Југославија, Београд, Фонд Министарсто унутрашних послова (натаму: АЈ, Фонд МУП), Одељење јавне безбедности, Збирка 14-34-103, "Преглед на развој догађаја у Бугарској половином 1925 године".*

ориентирал кон одржување поблиски односи со Италија, што предизвикало оладување на односите со Кралството на СХС. Најблиски соработници во водењето на својата надворешна политика, тој нашол кај министерот на војската, генералот И. В'лков, кој важел за познат "италијанофил" и "покровител" на ВМРО[261].

Противречностите во водењето на надворешната политика на Бугарија и ривалската борба меѓу водачите на "Демократскиот сговор", се одразиле и кај раководството на ВМРО. А. Протогеров, кого го врзувала заедничката соработка со А. Цанков и И. Русев во минатото, останал приврзаник на нивната политика[262], а И. Михајлов, кој и пред тоа одржувал блиски контакти со генералот И. В'лков, се приклучил кон владината политика на А. Љапчев. Поврзувајќи се со претседателот на бугарската влада А. Љапчев, кој истовремено ја вршел и функцијата министер за внатрешни работи, како и со министерот на војската, генералот И. В'лков, И. Михајлов настојувал да го обезбеди продолжувањето на основниот курс на политичката програма и вооружената тактика на ВМРО.

Раководството на ВМРО особена подршка наоѓало кај претседателот на бугарската влада А. Љапчев, кого го сметало за "покровител" на организацијата. И покрај отворените интервенции на Англија и дипломатските ноти од страна на Кралството на СХС за преземање ефикасни мерки против ВМРО, тој продолжувал да ја заштитува организацијата и да ги толерира нејзините терористички акции. На надворешните заканувања за спречување на вооружената дејност на ВМРО, тој единственото што преземал било да го советува раководството на ВМРО "привремено" да се воздржи од своите акции[263]. А. Љапчев, по потекло од Ресен и поранешен деец на

---

[261] *Ярослав Иоцов, Управлението... цит, 473-474.*

[262] *Исто; АЈ, Фонд МУП, Збирка 14-34-103, цитиран "Извештај"; Георги Наумов, Политически... цит., 31; Дино Г. Къосев, Борбите... цит., 127.*

[263] *НА БАН, сб.IV, а.е.128, Стойчо Мошанов, "Из спомените ми", част III (ракопис), 195; Димитър И. Митев, Англия... цит., 17; Васил Ат. Василев, Великобритания... цит., 27-29; Чехословашки извори... цит., том II, 44-45; Илчо Димитров, Фашистка... цит., 254. Во водењето на државната политика, А. Љапчев бил познат по девизата: "Полека, со добро" (Георги*

организацијата и еден од основачите на Врховниот македонски комитет, добро ја познавал внатрешната сила на ВМРО и бил близок со нејзините раководители и идеолози. Тоа мошне успешно го користело раководството на ВМРО, посебно И. Михајлов, верувајќи дека А. Љапчев, како поранешен деец на организацијата, ќе има разбирање кон активностите на ВМРО.

На исто становиште бил и личниот секретар на А. Љапчев,. Методи Јанчулев, по потекло од Прилеп. Во своите спомени, тој, меѓу другото, запишал дека А. Љапчев "Никогаш не мислел да ја ликвидира" ВМРО од "морални причини" (подвлекол - З.Т.), бидејќи бил роден во Македонија и со години се борел за "слободата на Бугарите во Македонија"[264]. Според М. Јанчулев, А. Љапчев во дејноста на ВМРО и на македонските легални организации во Бугарија по балканските и Првата светска војна, гледал како на еден вид "фаза од бугарската национална револуција", сметајќи го "македонското прашање како бугарско прашање"[265]. Затоа, А. Љапчев ги оправдувал акциите на ВМРО и ги подржувал нејзините барања за давање на малцински права на македонското население во вардарскиот дел на Македонија, сметајќи го како дел од бугарската нација. Настапувајќи како застапник на ВМРО, тој во разговорите со амбасадорите на Кралството на СХС и на Чехословачка во Софија ги уверувал дека ВМРО ќе ги прекине своите терористички акции ако владата на Белград се согласи на прифатливи отстапки, односно преку реформи да се заложи за подобрување животот на населението во вардарскиот дел на Македонија[266].

Со ваквите свои нескриени симпатии кон ВМРО, А. Љапчев давал доволно докази на странските дипломатски претставници за

---

*Марков, Парола "Сабя". Заговорите и превратите на Военния съюз 1919-1936, София, 1992, 60). Со истата девиза А. Љапчев се раководел и во односите со ВМРО.*

264 *НА БАН, сб.IV, а.е.194, Методи Иор. Янчулев, Спомени (ракопис), част II, 666-667.*

265 *Исто, 651.*

266 *Исто, 653; Чехословашки извори... цит., том II, 112.*

дејствувањето на ВМРО во спрега со бугарската влада. Попустливоста на бугарската влада кон ВМРО, според југословенските политичари , се должела на големото влијание што организацијата го имала врз неа и во такви околности ВМРО дејствувала како "втора влада" во Бугарија, напоредно со официјалната влада на А. Љапчев[267].

Ваквата позиција на ВМРО во Бугарија не можел да ја сокрие ниту бугарскиот министер за надворешни работи, Атанас Буров, во разговорите со странските посматрачи во Софија. Признавајќи пред нив дека бугарската влада не била во состојба да се справи со комитските акции на ВМРО, односно како што изјавил, "со жестоките методи на Македонците", обесхрабрен тој ги замолил: "Посоветувајте ги, ако ги сретнете тука во Софија да се откажат од тие методи недостојни за цивилизираните народи, што на Бугарија и создаваат големи дипломатски тешкотии[268].

Не прикривајќи ја наклоноста кон И. Михајлов, претседателот на бугарската влада, А. Љапчев, според документите на ВМРО и спомените на директните учесници во настаните, често одржувал тајни контакти со него. Во зависност од политичките околности, тој ги насочувал активностите на организацијата, сугерирал за надминување на одредени појави и укажувал на опасноста од "неконтролирани" акции на организацијата, а притоа, за нив лично го информирал и царот Борис[269]. За врските меѓу А. Љапчев и И. Михајлов, М. Јанчулев, секретарот на А. Љапчев, во своите спомени вели дека тие оделе преку него, и тоа само во два случаи во текот на 1927 година. Во првата средба А. Љапчев, спред М. Јанчулев, барал од И. Михајлов да ги укине даноците врз населението во пиринскиот дел на Македонија, а во втората средба барал востановување правото на несметано

---

267 *Чехословашки извори... цит., том II, 102.*

268 *Исто, 41.*

269 *ЦДА, Фонд 252 - Ляпчев Андрей Тасев, оп.2, а.е.10; Исто, Фонд 890- Георги Кулишев, оп.1, а.е.11, Спомени (ракопис), 31-64.*

дејствување на бугарските политички партии во округот[270].

Одржувањето на контактите со А. Љапчев ги потврдува и самиот И. Михајлов во една белешка за средбата во неговиот дом. Нагласувајќи во белешката дека откако А. Љапчев "љубезно" го дочекал и го запознал со притисоците што ги вршеле Франција и Англија врз "Србија да се договори со Бугарија", го предупредил со зборовите: "Значи внимавајте добро". Тоа всушност значело сигнал ВМРО со своите пропагандни активности во Европа и со вооружените акции во вардарскиот дел на Македонија да се ангажира за спречување на пријателското приближување и договарање меѓу Бугарија и Кралството на СХС на штета на ВМРО, како и заради надворешните притисоци упатувани до бугарската влада, привремено да се воздржи од терористичките акции во вардарскиот дел на Македонија. На крајот од разговорот, А. Љапчев пријателски го замолил И. Михајлов да не му причинува "главоболки со четите" и го советувал да не влегува "во конфликт со бугарското општествено мислење"[271].

Покрај одржувањето на контактите со претседателот на бугарската влада, А. Љапчев раководството на ВМРО одржувало блиска соработка и со поголем број бугарски министри, државници и буржоаски партиски лидери. Преку министерот на војската, генералот И. В′лков, И. Михајлов одржувал контакти и со резервните офицери од "Воената лига", како и со поголем број активни воени офицери и полициски началници, кои служеле за врска меѓу министерствата на војската и на полицијата и ВМРО[272]. Исто така, ВМРО голема помош и

---

[270]*НА БАН, сб.IV, а.е.194, цитирани спомени на М. Јанчулев, II, 440, 658.*

[271]*ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.407, л.2, "При Арнаутина" (псевдоним на А. Љапчев - З.Т.), белешка потпишана од "Ратко" (псевдоним на И. Михајлов - З.Т.) од 19.IV.1927 година. По се изгледа белешката е наменета на А. Протогеров за негово информирање. За односите меѓу И. Михајлов и А. Љапчев, Владимир Куртев, членот на ЦК на ВМРО од последниот состав, вели дека И. Михајлов бил мошне "интимен" со А. Љапчев и имал таква слобода што во секое време можел да разговара со него по телефон, ословувајќи го, притоа, со "бај Андреј" (Владимир Спиридонов Куртев, цитиран материјал, 8).*

[272] *Васил Трпков Шалдев, Материјал од неговото сослушување во Софија од 4.VII.1946 година, 7 (отстапен на користење од Панче*

содејство имала и од своите членови- симпатизери, по потекло Македонци, вработени во воените, полициските и административните органи на државната власт[273].

Соработката меѓу ВМРО и бугарската влада се одвивала во повеќе сфери и со единствена цел за поефикасно и непречено дејствување на организацијата. Преку блиските контакти со бугарските владини органи, државници и политичари, раководството на ВМРО интервенирало за назначување на свои симпатизери во бугарските дипломатски претставништва во странство[274] и против испорачувањето на членовите на организацијата, бегалци од вардарскиот дел на Македонија, оквалификувани како "политички престапници", на југословенските власти[275]. Исто така, во соработка со бугарските карински органи, ВМРО непречено внесувала оружје во Бугарија за потребите на организацијата[276]. Соработката на ВМРО со бугарските полициски органи била обострана и корисна за двете страни. Според документите на организацијата, меѓусебната соработка се одвивала и на планот на разменување информации за заедничките идејни непријатели, нивно затварање, сослушување, па дури и отстапување од страна на полицијата на егзекуторските органи на ВМРО за нивно ликвидирање[277]. Како резултат на заедничката соработка,

---

*Михајлов); Владимир Спиридонов Куртев, цитиран материјал, 23-24. Во својата изјава при сослушувањето, В. Куртев наведува список од 24 бугарски офицери, од генерали до капетани, кои биле во врска со ВМРО.*

[273] *АМ, Фонд МВР, кут.9; АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVIII/18, бр.300.*

[274] *Види фуснота бр.171.*

[275] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.3, л.145, "Доверливо" протестно писмо до "Министерот за внатрешни работи и народно здравје", потпишано од А. Протогеров и И. Михајлов од 4. VII.1926 година.*

[276] *Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е.172, л.20; а.е.173, л.40; а.е.269, л.51а; а.е.272, л.5. Во коресподенцијата меѓу И. Михајлов и А. Протогеров во периодот 1926-1927 година се спомнува сума од два милиони лева за набавка на една пратка оружје. А една пратка од набавеното оружје што требала да се "уреди" со бугарските власти за да се "шверцува" преку границата, тежела 1.300 кг (револвери, куршуми и резервни делови).*

[277] *Исто, оп.2, а.е.172, л.24; Исто, Фонд 1945, а.е.10, л.1-3. "Драги*

полициските власти скоро редовно ги ослободувале уапсените атентатори на организацијата, па дури и оние што биле осудени за извршените убиства[278].

Врз основа на документација на ВМРО и сведоштвата на поголемиот број актери во политичките прилики во Бугарија и во самата организација, може да се заклучи дека односите на бугарските влади со ВМРО поаѓале од нејзината надворешна и внатрешна генерална политичка стратегија. На надворешен план, пред се, да ги користи пропагандните активности на организацијата за свои реваншистички стремежи во однос на Македонија, односно за ревизија на границите со Кралството на СХС. Притоа, преку барањата на ВМРО пред европските меѓународни организации и мировни конференции за признавање на малцинските права на "бугарското" население во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија, Бугарија сакала да ги прошири своите етнички граници и на овие делови на Македонија, а со тоа да добие историско право над македонскиот народ во сите делови на Македонија. На внатрешен план, бугарската влада преку соработката со ВМРО настојувала да ги оневозможи сите демократски и левоориентирани струења, а притоа и физички да ги отстрани сите свои идејни противници и непријатели на бугарската буржоаска и монархистичка државна политика.

Од друга страна, ВМРО во соработката со бугарските влади ја гледала својата шанса за засилување на своите позиции во внатрешната политика на Бугарија и добивање поголема самостојност во автономното управување на пиринскиот дел на Македонија. Притоа, преку одржувањето на блиските контакти со претседателот на

---

*Ванчо", писмо до Иван Михајлов од 15.В.1925 година. На писмото му недостасува крајот и потписот на испраќачот, а се однесува на затварањето и сослушувањето на Иван Серафимов - Аговски, истакнат комунист и редактор на весникот "Советска Македонија", посочен на бугарската "државна безбедност" од страна на авторот на писмото, близок соработник на И. Михајлов.*

[278]*АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVIII/18, бр.383 и 384. Се однесува на ослободувањето од затвор на атентаторите на ВМРО, Владимир Георгиев - Черноземски, Мирчо Кикиритков и Стефан Каркалашев, повеќекратни убијци над истакнати македонски левоориентирани дејци.*

бугарската влада, А. Љапчев, и користејќи ја неговата наклоност, И. Михајлов ги зацврстил своите позиции и угледот во раководството на ВМРО за да стане прв човек на организацијата.

### б) Наметнување на ВМРО во политичкиот и стопанскиот живот во пиринскиот дел на Македонија

Со зачувувањето на пиринскиот дел на Македонија за основна база на организацијата, раководството на ВМРО, со толерантниот и премолчивиот однос на бугарската државна власт, го претворило овој дел на Македонија во специфична област, позната како "држава во држава". Врз основа на донесените резолуции од VI-от Конгрес на ВМРО и посебните инструкции за управување на "Петричкиот округ", раководството на ВМРО за мошне кратко време го опфатило целото население, "без никаков исклучок", во редовите на организацијата[279]. На тој начин, како што вели И. Михајлов во своите спомени, организацијата се претворила во "народна и масовна" и до 1934 година се наоѓала во "воена состојба"[280] (подвлекол - З.Т.). И покрај тоа што ВМРО како револуционерна организација дејствувала нелегално во Бугарија, во пиринскиот дел на Македонија таа се изградувала и дејствувала како полулегална организација, бидејќи не наидувала на особени пречки од страна на државните официјални органи.

Придавајќи му големо значење на целокупното раководење со пиринскиот дел на Македонија во духот на новата внатрешна организациона поставеност, ЦК на ВМРО во почетокот на 1926 година формирал посебен "Окружен комитет за Македонија под бугарска власт", а за полномошник го назначил својот резервен член Јордан Ѓурков. На првиот окружен конгрес, одржан на 12 јануари 1926 година, "специјално по наредба" на ЦК на ВМРО, биле избрани четири члена

---

279 *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.83.*

280 *Иванъ Михайловъ, Спомени IV... цит, 380, 386.*

на "Окружниот комитет". По извршениот избор, Комитетот, во својство на "окружно управно тело", започнал да функционира и да го организира целокупниот општествено- политички и стопански живот во пиринскиот дел на Македонија[281].

Според "Извештајот за положбата на ВМРО во Македонија под бугарска власт" од 2 декември 1927 година, дејноста на "Окружниот комитет" се состоела во контролирање на извршувањето наредбите на ЦК и ЗП на ВМРО. При остварувањето на оваа задача, Комитетот, како што било подвлечено во "Извештајот", се пројавил "повеќе како полициско-извршна власт отколку како законодавна"[282] (подвлекол - З.Т.). Ваквата оценка на ЦК на ВМРО, напишана лично од И. Михајлов, доволно говори за вистинската улога на "Окружниот комитет" и на самата ВМРО во целокупното управување со пиринскиот дел на Македонија до 1934 година. Во иста насока, како "управен и извршен институт", се одвивала и дејноста на "околиските тела". Во својата работа, според "Извештајот" на И. Михајлов, тие нашле "вистински помошници" кај воените инструктори и началниците на вооружените групи на ВМРО[283].

Со создавањето на Окружниот комитет, околиските управни тела и општинските раководни тела[284], ЦК на ВМРО воспоставил ефикасна организациона управа, која имала целосна контрола и надзор врз воените сили на организацијата и нејзината вооружена подготвеност. Преку нејзините два главни метода на дејствување - "обезбедување и егзекутива" и "судско - казнената дејност", раководството на ВМРО го одржувала редот и дисциплината во пиринскиот дел на Македонија и раководело со целокупниот живот на населението [285].

---

281 *ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.208, "Отчетъ за положението на ВМРО въ Македония подъ българска властъ", 2.XII.1927, 2.*

282 *Исто, 3.*

283 *Исто, 3-4.*

284 *Исто, 17.*

285 *Исто, 8.*

Ваквиот начин на насилно одржување на "организациониот морал, духот и поведението" на населението[286], И. Михајлов во своите спомени го оправдувал со ставот дека организацијата "идеално ја гарантирала" сигурноста, редот и моралот, особено на селаните во пиринскиот дел на Македонија[287]. На каков начин бил уреден организациониот живот во овој дел на Македонија, мошне илустративно говори "заклучното резиме" на спомнатиот "Извештај" на И. Михајлов: "На секаде во округот имаме цврста прифатена организираност, секојдневниот организационен живот се одвива во рамките на правилникот и наредбите на вишите организациони власти. Официјалните лица и сите организациони работници покажуваат несомнено повисок морал, отколку порано, и се однесуваат со повеќе разум и подлабоко чувство спрема делот на поробената татковина. Надворешните организациони фактори и институти се потчинети или респектирани од нашата власт, а непријателските се скршени. Сегашното поведение на народот е исклучително во наша корист. Борбените сили се во состојба и степен да ги задоволат сите претпоставени борбени потреби на ВМРО. При сегашната положба округот може и ќе исполни секаква материјална и борбена задача, наредена од ЦК."[288]

Управувајќи со целокупниот стопански живот во пиринскиот дел на Македонија, ВМРО со знаење на бугарската влада имала одврзани раце во двојното оданочување на населението. Покрај даноците пропишани со законите на бугарската држава, населението од овој дел на Македонија редовно плаќало и т.н. "автономистички" данок за наводното "ослободување" на Македонија[289]. Во својот "Извештај" за финансиската состојба на организацијата поднесен на *VII*-от Конгрес на ВМРО, И. Михајлов и самиот признал дека "главните приходи" на ВМРО биле од пиринскиот дел на Македонија, додека друг приход "од страна"

---

286 *Исто, 14.*

287 *Иванъ Михайлов, Спомени IV... цит., 380.*

288 *ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.208, цитиран "Отчетъ", 18.*

289 *Димитар Митрев, Пиринска..., цит., 177-179.*

немало многу[290].

ВМРО преку своите извршни институти во пиринскиот дел на Македонија развила мошне ефикасна даночна служба. Специјалните наредби за собирање данок на тутун доаѓале секоја година од ЦК на ВМРО. За 1925 и 1926 година данокот на тутун бил одреден по четири лева на килограм тутун[291]. Во наредбите и инструкциите до околиските управни тела и пунктовите началници, ЦК на ВМРО бил мошне ригорозен во прибирањето на даноците од тутунот, не дозволувајќи им на тутунските фирми да го откупуваат тутунот без да го платат "организациониот данок" на реколтите од претходните години[292]. Со оглед на тоа што тутунските фирми драстично ја намалиле откупната цена на тутунот, од 130 лева во 1922 година на 70 лева во 1924 година[293], а во 1926 година од 80 на 10 лева по килограм, во зависност од неговата категорија[294], ЦК на ВМРО од 1927 година препорачувал данокот на тутун да изнесува 6% од неговата откупна цена по килограм[295]. За ваквиот начин на плаќање, посебно настојувал И. Михајлов, залагајќи се да се определи различен данок според категориите на тутунот и на таков начин да се плаќа данокот, а тутунските фирми и трговци да го плаќаат данокот на организацијата според сметката на купената категорија тутун[296]. Со оглед на тоа што производството на тутун било најзастапена стопанска гранка во пиринскиот дел на Македонија, од данокот на овој вид земјоделска култура, кој, според југословенските дипломатски извори годишно изнесувал и до 22 - 24 милиони лева[297], најмногу се полнела касата на

---

290 *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.272.*

291 *Исто, а.е.3, л.113, 142; а.е.14, л.1.*

292 *Исто, а.е.17, л.181, 193.*

293 *Исто, л.258.*

294 *Исто, л.200.*

295 *Исто, л.48, 50; Исто, Фонд 1932, оп.3, а.е.207, л.1.*

296 *Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.17, л.200.*

297 *АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVIII/18, бр.360. Според пишувањето на*

ВМРО.

Големи финансиски средства ВМРО добивала и од даноците за: дрвен материјал, од 12 до 25 лева по м3, за добиток, по 100 лева од глава на крупен и по 20 лева од глава на ситен добиток; 100 лева од коза и по 1 лев на кожа од секое заклано јагне или јаре[298]. Исто така, населението било оданочувано и врз основа на други доходовни култури, пред се, на грозјето и алкохолните пијалоци и афионот, чиј данок изнесувал по 100 лева на килограм[299]. Според документите на ВМРО, секој жител во пиринскиот дел на Македонија просечно во годината плаќал "не помалку" од 500 лева[300].

Од 1926 година раководството на ВМРО наредило собирање на т.н. "Македонски родољубив данок". Овој патриотски данок бил предвиден со "финансиската наредба" на ЦК на ВМРО, како "обичен данок" и се собирал од категоријата на поимотните граѓани и селани[301]. Според финансиските извештаи на ВМРО, во 1926 година со овој патриотски данок биле задолжени 657 лица во износ од 5.000 до 300.000 лева[302]. Само лицата од градовите Св. Врач и Мелник со

---

*весникот "Македонска правда" (бр.17, 31.XII.1933 година, "Положението въ Петричкия окръгъ"), ВМРО од населението во пиринскиот дел на Македонија годишно собирала 150 милиони лева. Сметаме дека овој износ е произволен и даден со пропагандни цели, бидејќи во голем степен ги надминуваат реалните износи на средства добиени со оданочувањето на населението. Види и кај Крсте Битоски, За положбата на македонската емиграција во Бугарија меѓу двете светски војни (до 1934 година), Гласник на ИНИ, бр.1-2, Скопје, 1962, 97-194.*

298 *АМВР, ОБ-67-79, л.135-136, цитиран "Извештај" на БКП од 1934 година; ЦДА, Фонд 181 - Политзатворенички материали, оп.1, а.е.123, "Македонския въпрос - материали изучувани в Скопския затвор", ракопис, 130; Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.3, л.142 и а.е.17, л.222.*

299 *ЦДА, Фонд 181, оп.2, а.е.123, цитиран ракопис, 130.*

300 *Исто, Фонд 1932, оп.3, а.е.64, л.55, цитиран "Реферат" од 20 август 1926 година.*

301 *Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.3, л.114.*

302 *Исто, а.е.17, л.156-176. Види и кај Петър Галчин, Политическите... цит., 64.*

околните села биле задолжени со 1.885.000 лева[303]. Вкупните средства предвидени од "Македонскиот родољубив данок" што требало да се собере од пет околии во пиринскиот дел на Македонија за 1926 година изнесувале 7.748.900 лева, од кои 7.094.050 биле собрани[304]. За неплаќање на овој вид данок, четите на ВМРО имале широки овластувања со примената на "егзекуторски задачи", што се состоеле од 25 до 50 удари со "тојаги", па до извршување на смртни пресуди[305].

Со воспоставувањето на своите органзиациони, воени, судски и административни институти, ВМРО не дозволувала било какво движење насочено против организацијата или бугарската државна власт. Секоја демократска или левоориентирана пројава, а особено на комунистите, федералистите и на привврзаниците на ВМРО (Обединета), подлежела на физички, политички и морален терор од страна на воените сили на ВМРО. За "безбедносната сигурност" во овој дел на Македонија особено настојувал И. Михајлов. Во своите упатства, инструкции и писма до околиските управни тела, тој постојано укажувал на потребата од "засилено набљудување" на сомнителните лица, контрола на движењето на анархистите, комунистите и федералистите и нивно протерување од пиринскиот дел на Македонија[306].

Со цел да ги ликвидира и последните федералистички јадра на Тодор Паница во Неврокопско и воопшто на левицата на македонското ослободително движење, И. Михајлов во април 1925 година презел голема акција. Од страна на месните чети на организацијата, предводени од Јордан Ѓурков и Георги Настев, во селото Дабница биле одвлечени над 300 души, и три месеци, од април до јуни,

---

303 *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.17, л.178.*

304 *Исто, Фонд 1932, оп.3, а.е.208, цитиран "Отчетъ", 11.*

305 *В. "Македонска правда", бр.49, 12. VIII .1934, "Петричко подъ държавна властъ", 1-4; Петър Галчин. Политическите... цит., 58.*

306 *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.17, л.234. Писмо на И. Михајлов до "Околиските управни тела во Македонија под бугарска власт" од 30. VII 1925 година; Исто, л.1-4. "Доверливо", писмо потпишано од "Р. Деянов" (псевдоним на И. Михајлов) од 10. VII 1027 година.*

биле подложени на крвави репресалии пред очите на месните државни, административни и воени власти[307]. Бројот на жртвите од оваа крвава акција, изнесувал од 50 "смртни пресуди", според признанието на самиот И. Михајлов[308], до 165 души, според пишувањето на Б. Видов, а врз основа на лично спроведена анкета во Неврокопско[309]. Исто така, како последица на "жестоката инквизиција", починале 200 души[310], а поголем број биле интернирани надвор од границите на пиринскиот дел на Македонија[311].

Ваквиот вандалски чин на ВМРО широко одекнал во бугарската јавност, а наишол и на отворена реакција и кај македонските емигрантски маси во Бугарија. Исто така, овој чин бил осуден и од самиот А. Протогеров. Протестирајќи против самоволието на И. Михајлов во "егзекутирањето" на населението од Неврокопско без негово знаење, тој барал смртните пресуди да ги потврдува ЦК и ЗП на ВМРО, а не И. Михајлов[312].

По настаните во Неврокопско, раководството на ВМРО своето внимание го насочило кон ликвидирање на партиските организации во Горноџумајско. Најпрвин, во јули 1925 година во селото Градево биле уапсени повеќе од 30 души[313], од кои 12 биле осудени на смрт и

---

[307]*АИНИ, сл.IV,106, Процес срещу ВМРО, София, 1946 (ракопис), 9; История на Благоевградската окръжна организация на БКП, София, 1979, 166-168.*

[308] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.102, "Борба противъ странскитъ врагове", Извештај на И.Михајлов поднесен на VII-от Конгрес на ВМРО.*

[309]*НА БАН, сб.IV, а.е.153, цитиран ракопис на Б. Видов, 36-52. Според Петар Галчин, во Неврокопските крвави настани биле убиени над 100 души (Петър Галчин, Политическите... цит., 42-46), а д-р Иван Катарџиев наведува бројка од 80 убиени "селани, работници и еснафи" (д-р Иван Катарџиев, Време... цит., I, 279).*

[310]*НА БАН, сб.IV, а.е153, цитиран ракопис на Б. Видов, 38.*

[311]*ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.102, цитиран Извештај на И. Михајлов.*

[312]*Исто, Фонд 1909, оп2, а.е.102, л.18.*

[313] *Петър Галчин, Политическите... цит., 46-47*

ликвидирани[314]. Потоа, во август истата година, во селото Крупник биле осудени на смрт 12 души, обвинети за "анархо-комунисти". Од нив 9 души биле ликвидирани, а тројца, меѓу кои и Туше Чопов, внук на Гоце Делчев, биле помилувани[315].

Зацврстувајќи ја својата власт во пиринскиот дел на Македонија, раководството на ВМРО не дозволувало било каква легална политичка дејност на населението. Било забрането секакво агитирање и создавање на бугарски политички партии и истакнување на нивни кандидати на општинските или парламентарните избори. Со тоа, на населението му биле одземени основните слободи и права во изборот на свои претставници во највисоките органи и тела на државата.

За заштитување интересите на населението и на македонските бегалски маси во пиринскиот дел на Македонија, во бугарскиот парламент била создадена посебна Македонска парламентарна група, избрана и строго контролирана и насочувана од И. Михајлов и НК[316]. Улогата што оваа Група ја играла во политичкиот живот во Бугарија не била случајна. Спроведувајќи ја политиката на ЦК и ЗП на ВМРО и на НК, таа секогаш во бугарскиот парламент се јавувала како коалициона партија во сојуз со владеачките буржоаски партии во надгласувањето за добивање доверба на онаа влада што благонаклоно гледала кон ВМРО. Според изјавата на Сребрен Поп Петров, еден од членовите на македонската парламентарна група, до претседателот на истата Група од 25 декември 1925 година,

---

[314]*ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.102, цитиран Извештај на И. Михајлов.*

[315]*Исто; НА БАН, сб.IV, а.е.153, цитиран ракопис на Б. Видов, 67-68.*

[316]*Македонската парламентарна група се формирала по јунскиот превrat во 1923 година во Бугарија, избрана на листата на "Демократскиот сговор" во пиринскиот дел на Македонија. Под влијание на Мајскиот манифест од 1924 година, Групата излегла со Декларација објавувајќи се против владата на А. Цанков. Со откажувањето на Т. Александров и А. Протогеров од потписите на манифестот, Групата повторно се ставила во услуга на бугарската влада, спроведувајќи ја нејзината државна политика во негирањето на македонската национална индивидуалност (види повеќе кај Крсте Битоски, Македонските... цит., 119-121; Димитар Митрев, Пиринска... цит., 180-181).*

Македонската парламентарна група решила "да го подржи Демократскиот сговор", односно новата влада на А. Љапчев, додавајќи, притоа, дека Групата требала да биде во "добри односи - општо земено, со сите партии и со секоја влада"[317]. Со ваквото поведение на Македонската парламентарна група, таа во јануари 1926 година и откажала доверба на владата на А. Цанков, што придонело за нејзино паѓање и формирање на нова влада на чело со А. Љапчев. Ваквото поведение Групата го повторила и во 1931 година, кога не ја подржала владата на А. Љапчев да остане на власт. Во водењето на својата политика, владата на А. Љапчев со помош на гласовите на Групата имала голема подршка во изгласувањето на своите законски проекти во бугарскиот парламент. Со својата политика во услуга на владеачкиот режим, Македонската парламентарна група не ги застапувала интересите на населението од пиринскиот дел на Македонија и не можела да претендира за довербата кај народот. На тој начин, како што констатирал весникот "Македонска правда", оваа група за време на своето постоење "играла речиси фатална улога" (подвлекол - З.Т.) за македонското ослободително дело[318].

Во мај 1927 година при изборите за народни пратеници, И. Михајлов во улога на раководител на пиринскиот дел на Македонија, со цел да ги придобие дејците од македонските емигрантски организации и НК го изменил скоро целиот состав на Македонската парламентарна група, со исклучок на Иван Каранџулов и д-р Владимир Руменов. За претседател на Групата бил избран И. Каранџулов, а за секретар резервниот член на ЗП на ВМРО, Ангел Узунов[319].

---

317 *ЦДА, Фонд 1932, оп.1, а.е.320, л.3.*

318 *В. "Македонска правда", бр.17, 31.XII.1933, "Македонска парламентарна група", 3.*

319 *НА БАН, сб.IV, а.е.153, цитиран ракопис на Б. Видов, 90; АМ, Фонд МВР, кут.10, цитиран "Извештај" за политичката состојба во Бугарија; Александър Гребенаров, Иван Михайлов... цит., 168-169. Македонската парламентарна група броела 11 члена: Иван Каранџулов, д-р Владимир Руменов, Ангел Узунов, д-р Константин Станишев, Јордан Мирчев, Георги Кулишев, Димитар Поп-Андонов, генерал Д. Жостов, Иван Ингилизов, Добри Данев и П. Цуцуманов.*

ЦК на ВМРО изработил и посебно упатство за "Важноста, значењето и задачите на Македонската парламентарна група". Во набележаните задачи, Групата, меѓу другото, имала право да ја претставува "не само волјата и желбите на населението од петричко, туку и мислењето и стремежите на Македонците од поробена и потчинета Македонија" и јасно и категорички да го заштитува принципот за "НЕЗАВИСНОСТА НА МАКЕДОНИЈА" (со големи букви во упатството - З.Т.). Понатаму, Групата била задолжена да се интересира за институтите, организациите и друштвата кои ја претставувале ВМРО во пиринскиот дел на Македонија, како и да укажува на недостатоците при вршењето на работите и да пружа помош на раководните тела на ВМРО. Исто така, Групата била должна да го известува ЦК на ВМРО за "непослушноста на пратениците" и на секои два месеца да го информира за поважните извршени работи[320]. И во својот "Извештај" за работата на ВМРО во пиринскиот дел на Македонија во периодот од 1925 до 1928 година, поднесен на *VII*-от Конгрес на ВМРО, И. Михајлов во името на ЦК признал дека зад пратениците на Македонската парламентарна група стоела ВМРО "со целото свое морално значење"[321] (подвлекол -З. Т.).

Со определувањето на делокругот на работата на Македонската парламентарна група и со целокупното нејзино ангажирање во пиринскиот дел на Македонија, таа, од една страна, била продолжена рака на раководството на ВМРО во спроведувањето на неговата политика во пиринскиот дел на Македонија, а од друга страна, истовремено вршела и силен притисок врз бугарските владеачки кругови во добивањето поголема слобода на организацијата во нејзиното дејствување во границите на Бугарија. Исто така, Групата, во својство на легитимен претставник на македонските емигрантски и бегалски маси од пиринскиот дел на Македонија, ги застапувала и заштитувала нивните интереси во бугарскиот парламент во подобрувањето на животните услови во овој дел на Македонија. Како што вели А. Узунов, еден од членовите на Македонската парламентарна група, главната грижа на Групата требала да биде "културниот и

---

320*ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.35, л.372.*

321*Исто, а.е.5, л.89, цитиран "Отчетъ" на ВМРО.*

економскиот просперитет на Петричкиот округ"[322].

Со цел да влијае и врз финансиската и кредитната политика на македонската емиграција во Бугарија, на иницијатива на ВМРО во јуни 1925 година се формирала и Македонска кооперативна банка. Банката била широко популаризирана во јавноста дека со нејзините средства ќе се кредитираат македонските бегалци во обезбедувањето на живеалишта и за инвестирање во стопанството и земјоделието во пиринскиот дел на Македонија. Заради тоа, деловноста на банката брзо нараснала и кон крајот на 1926 година таа броела повеќе од 2.000 членови со преку 7.000.000 лева[323]. Всушност, како што запишал Ефтим Спространов во своите автобиографски спомени, основањето на банката било "дело на ВМРО, со цел приходите на банката да одат главно за ослободителното дело"[324] (подвлекол - З. Т.).

Раководството на ВМРО посебно внимание посветувало и на културно - просветната дејност во пиринскиот дел на Македонија. Преку културните содржини и воспитно - образовниот систем, ВМРО настојувала уште повеќе да ги привлече македонските емигрантски и бегалски маси и да ја негува и развива љубовта кон Македонија, а особено да ја воспитува младината во "македонско сознание и борбен дух"[325]. Во таа смисла, на преден план во инструкциите и упатствата на ЦК на ВМРО се препорачувало интензивирање на културно - просветната дејност и иницирање на разновидни форми и активности со опфаќање на македонското население од сите возрасти. Како резултат на ангажирањето на ЦК на ВМРО, во неговите извештаи во периодот 1925 - 1928 година се забележани следните поважни реализирани содржини: одржување на јавни беседи и литературни вечери, изградба

---

322 *БИА НБКМ, Фонд 583 - Семеен фонд Димитър, Христо и Ангел Узунови, оп.2, а.е.30, л.84.*

323*Александър Геогриев Гребенаров, Македонските... цитирана дисертација, 340.*

324*БИА НБКМ, Фонд 324, а.е.1, цитирани спомени на Ефтим Спространов, 3754.*

325 *ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.208, цитиран "Отчетъ", 17.*

на нови училишта, организирање на вечерни курсеви за описменување на населението, курсеви за домаќинство и хигиена на жените, бесплатни кујни за сиромашни деца - ученици, а во местото Разлог била создадена "месна катедра" за културно - просветна пропаганда, наречена "Народен универзитет"[326].

Посебна грижа во воспитно - образовниот систем раководството на ВМРО водело врз контролата на учителскиот кадар во пиринскиот дел на Македонија. Во водењето на воспитно - образовната политика, ЦК на ВМРО имал широки автономни права. Учителскиот персонал во околиите се назначувал на предлог на околиските раководни тела, водејќи, притоа, строга сметка учителите да бидат "родени во Македонија"[327]. На окружните училишни инспектори, И. Михајлов им дал посебно овластување во отпуштањето на неподобните учители, како и во поставувањето на нови[328]. Било забрането секакво назначување, преместување или отпуштање на учителите без знаење на ЦК или ЗП на ВМРО и на "Окружниот комитет"[329]. Во упатството до "Окружниот комитет" и до околиските управни тела во пиринскиот дел на Македонија, И. Михајлов посебно

---

326 *Исто, 10; Исто, Фонд 396, оп2, а.е.5, л.88-89, цитиран "Отчетъ" на ВМРО.*

327 *Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.23, л.2.*

328 *Исто, а.е.17, л.186. Писмо на И. Михајлов до "Окружниот комитет на Македонија под бугарска власт" од 24.VII.1926 година. Една од формите со кои се служела ВМРО за отстранување на неподобните учители, било доставувањето и на заканувачки писма. Така, на г-ѓицата Иванка Георгиева, учителка во с. Покровник, Горноџумајско, во јули 1927 година и било упатено писмо со следната содржина: "Бидејќи располагаме со податоци дека Вие, како учителка во нашата околија, сте осомничени во штетни задкулисни појави од гледиште за нашата национална кауза, Ви предлагаме веднаш да си дадете оставка од должноста, откако ќе ги исполнете потребните формалности за тоа". На крајот од писмото и била упатена закана дека доколку не се придржела кон наредбата "насилно" ќе била сменета од службата и дека против неа ќе биле применети "сите расположиви средства и мерки". Писмото е потпишано со "Македонец" (Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е.425, л.42).*

329 *Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.17, л.107, Писмо на И. Михајлов до Окружниот комитет и околиските управни тела од 12 јуни 1927 година.*

им укажувал на потребата да влезат во контакт со македонските организации ширум Бугарија за изнаоѓање "учители - Македонци" и да ги поканат да учителствуваат во пиринскиот дел на Македонија[330]. Исто така, скоро во секое упатство или инструкција, И. Михајлов барал да се води и да му се доставува список на неподобни учители, односно, список на такви учители кои имале "противмакедонски разбирања" и кои биле "крајно штетни" за округот[331].

Преземањето на ваквите драстични мерки против учителскиот кадар, според раководството на ВМРО, биле неопходни за успехот на организацијата во овој дел на Македонија. Теророт против учителите, И. Михајлов во својот "Извештај за воспитно - образовниот процес и учителтвото во периодот 1926-1927 година", го оправдувал со оценката дека само мал дел од учителскиот кадар го прифатил идеалот на ВМРО и тргнал "по патот во служба на народот и татковината", додека сите останати учители, од разни причини и побуди, биле неподобни, како што вели И. Михајлов во Извештајот, "за нашата работа и за нашата област"[332].

Преземајќи ја целокупната власт во политичкиот и стопанскиот живот во пиринскиот дел на Македонија, ВМРО презела и бројни мерки за одобрување на економскиот, социјалниот и воспитно - образовниот живот на населението. Раководството на ВМРО водело строга сметка на раководните места во највисоките административни органи и тела да бидат назначени лица - Македонци, а на околиските управни тела им препорачувала да не дозволуваат отпуштање на "службеници - Македонци"[333].

Околиските управни тела во пиринскиот дел на Македонија воделе широка агитација за воспоставување на селско - задружно стопанство и примена на нови земјоделски култури[334]. Исто така, овие

---

[330] *Исто, а.е 213, л.1.*

[331] *Исто, а.е.17, л.107.*

[332] *Исто, Фонд 1932, оп.3, а.е.208, цитиран "Отчетъ", 11.*

[333] *Исто, Фонд 396, оп.2, а.е,23, л.1.*

[334] *Исто, а.е.5, л.90-92, цитиран "Отчетъ".*

тела вршеле и распределба на обработлива земја, водејќи, при тоа, посебно сметка да им се додели земја на безимотното и малкуимотното население, а особено на македонските бегалци кои нашле прибежиште во пиринскиот дел на Македонија[335]. Распределбата на земјиштето била проследувана и со разни злоупотреби од страна на раководните лица во околиите и од членовите на комисиите, за што до државните органи и јавните гласила биле упатувани бројни поплаки.[336]

За подобрување на економската положба на населението во пиринскиот дел на Македонија, раководството на ВМРО преземало бројни активности, а ангажирало финансиски средства и од својата каса. Така, во септември 1927 година, како помош на настраданото население од "Огражденските села", раководството на ВМРО му испратило помош од 300.000 лева[337], со кои биле купени 60.000 кг зрнеста храна[338]. Со материјална помош на ВМРО биле изградени училишта во Банско и с. Бачево и повеќе локални патишта, а за изградба на болницата во Св. Врач организацијата дала над 1.000.000 лева[339].

Против ваквиот вид политички и економски сепаратизам на раководството на ВМРО, реагирал и самиот претседател на бугарската влада, А. Љапчев. Неможејќи да се помири со целосното препуштање на пиринскиот дел на Македонија на ВМРО, тој во средбите со И. Михајлов остро му замерувал за неговите самоволија во овој дел на Македонија. Според спомените на неговиот личен секретар, М. Јанчулев, А.

---

[335] *Исто, а.е.17, л.25. Писмо на И. Михајлов (под псевдоним "Р. Деянов) до "Окружниот комитет и околиските управни тела во Македонија под бугарска власт" од 4. VIII.1927 година.*

[336]*Васил Трпков Шалдев, цитиран материјал, 9; В. "Илинденъ", бр.46, 20.XI.1925, "Какъ се настаняватъ бъжанцитъ въ гр. Петричъ", 1.*

[337]*ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.17, л.51-54. Писмо на И. Михајлов до окружниот комитет од 17 и 27. IX.1927 година; Исто, Фонд 1932, оп.3, а.е.207, л.1-3.*

[338]*Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.92, цитиран "Отчетъ". Исто, Фонд 1932, оп.3, а.е.208, цитиран "Отчетъ", 15.*

[339]*Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.88-92, цитиран "Отчетъ".*

Љапчев во разговорите со И. Михајлов му се доверил дека од тактички причини била направена "груба грешка" пиринскиот дел на Македонија да се испушти од контролата на бугарската државна власт, со тоа што претставувала одделна и различна територија од останатиот дел на Бугарија, укажувајќи му, притоа, дека населението во "Петричкиот округ не е ослободено" и како да се наоѓа во "друга завојувачка територија"[340] (подвлекол -З.Т.). А според спомените на Христо Коцев, А. Љапчев отворено реагирал на "неподносливиот режим" во пиринскиот дел на Македонија што владата ја трпела таквата положба "на држава во држава", а посебно бил револтиран од собирањето "двоен данок" од страна на ВМРО[341].

Со воспоставувањето на организационата структура и наметнување врз сите сегменти на општествено - политичкиот, економскиот, воспитно - образовниот и културниот живот на населението, ВМРО се поставила како еден вид паралелна власт во пиринскиот дел на Македонија. За само неколку години, ЦК на ВМРО, преку И. Михајлов како раководител на овој дел на Македонија, целосно го "монополизирал"[342] животот на населението и, како што се вели во еден проглас на III-от Обл астен Комитет при ВМРО (Обединета) од јули 1929 година, го претворил пиринскиот дел на Македонија во "колонија на Бугарија"[343] (подвлекол - З. Т.).

---

[340] *НА БАН, сб.IV, .а.е.194, част II, цитирани спомени на М. Јанчулев, 441.*

[341] *БИА НБКМ, Фонд 589, а.е.1, цитирани спомени на Христо Коцев, 497. За собирањето на "двоен данок" од страна на ВМРО, Х. Коцев во своите спомени ја забележал следната исповед на А. Љапчев: "Та колку и какви суми може да собере ВМРО? -Три-четири милиони. Јас ќе ги дадам само да не се говори дека ВМРО посредува во Петричко и ја истиснала државната власт. За престижот на Бугарија како држава и за нејзината безбедност ветувам да ви давам колку собирате оттаму".*

[342] *ЦДА, Фонд 181, оп.2, а.е.123, цитиран ракопис, 129.*

[343] *Централен партиен архив - София (натаму: ЦПА), Фонд 204 - ВМРО (Обединена), оп.1, .а.е16, л.1-10, "До Централния комитетъ на Вътрешната Македонска Революционна Организация (Обединена) въ Македония - 6 мъсеченъ докладъ на III революционна област", юли 1929 г.*

Од друга страна, со институционализирањето во пиринскиот дел на Македонија, ВМРО постепено ги губела врските со македонскиот народ во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија. На тој начин, ВМРО од "внатрешна", наместо да дејствува заедно со македонските народни маси во трите дела на Македонија, се претворила во "надворешна" организација, концентрирајќи го своето организационо и вооружено дејствување само во пиринскиот дел на Македонија. Со ваквото свое ограничено дејствување, ВМРО добила епитет на терористичка и емигрантска организација, претворувајќи се истовремено во полуофицијална власт на македонските емигрантски и бегалски маси во пиринскиот дел на Македонија.

## 3. ПОЛИТИЧКО - ПРОПАГАНДНИ И ВООРУЖЕНИ АКТИВНОСТИ НА ВМРО ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

### а) Политичко - пропагандни и информативно - разузнувачки активности

Изменетите општествено-политички прилики во вардарскиот дел на Македонија ја наложиле потребата за примена на нова стратегија и тактика на раководството на ВМРО во однос на политичко - пропагандните и вооружените активности во овој дел на Македонија. Новиот ЦК на ВМРО во своите први декларации и изјави, како приоритетни услови за прекинување на вооружените акции, барал признавање на малцинските права на населението во Македонија, односно давање "најелементарна културна и политичка слобода"[344] на "бугарското" малцинство во вардарскиот дел на Македонија, како што го именувал македонскиот народ во своите прогласи.

Ваквото нагло свртување на раководството на ВМРО за прекинување на вооружените акции било во согласност со надворешната политичка ориентација на бугарската државна политика. Напуштајќи ги своите ревизионистички и милитаристички стремежи во однос на Македонија, Бугарија сметала дека само со мирни средства и по пат на договарање со Кралството на СХС, како и со помош на големите сили и меѓународните фактори, може да издејствува признавање на "бугарско малцинство" во вардарскиот дел на Македонија. Со признавањето на бугарска националност на македонскиот народ во овој дел на Македонија, Бугарија се надевала да добие легитимно право на негов застапник и заштитник и по легален пат да претендира не само на вардарскиот дел на Македонија, туку и на егејскиот дел на Македонија, како матична држава на македонското население во сите делови на Македонија.

Ваквата политичка стратегија на Бугарија во односите со Кралството на СХС му била сугерирана на бугарскиот министер за

---

344 *ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.439, л.1-2, цитирано интервју на А. Протогеров.*

надворешни работи, Атанас Буров. Под мотивација дека "Македонската револуционерна организација изгубила секаков престиж" во вардарскиот дел на Македонија, се препорачувало дека само со "будење на културната политика" и со учество во парламентарните избори и влегување на "македонските Бугари во идното собрание" на Кралството на СХС, ќе се постигне "подобрување (животот - З.Т.) на македонското население"[345].

Тргнувајќи од новата стратегија за пошироко опфаќање на интелегенцијата во градовите во вардарскиот дел на Македонија, ЦК на ВМРО веднаш по ВИ-от Конгрес пристапил кон формирање на младински и струдентски организации, т.н. "Македонска младинска тајна револуционерна организација" (ММТРО). Вакви организации биле формирани во поголемите градови, а нивна главна улога била организирање на пропагандната и информативно - разузнувачка служба за потребите на ВМРО. Преку овие служби, ЦК на ВМРО настојувал да обезбеди постојана информација за положбата на македонското население во вардарскиот дел на Македонија и за асимилаторските и денационализаторските мерки што ги спроведувал режимот на Кралството на СХС. Покрај тоа, една од задачите на ММТРО била да дејствува кај македонската младина во одбрана на асимилаторските стремежи на великосрпскиот државен режим.

Според ЦК и ЗП на ВМРО, ММТРО била создадена како "специјален институт" за превоспитување и подготвување за работа на "младата македонска интелегенција"[346]. Исто така, таа била формирана и со цел да претставува "школа за подготовка на интелегентни водачи за ослободителното движење", која подоцна би се претворила во младинска организација, одделна од ВМРО[347]. Со

---

[345] *Исто, Фонд 176 - Министерство за външни работи, оп.2, а.е.2000, л.57. Писмо до министерот за надворешни работи и религија, А. Буров, од д-р Б.Вазов. Писмото е без датум, а според содржината е напишано по убиството на А. Протогеров во втората половина на 1928 година.*

[346] *АМ, Фонд МНК, кут.5, "Протоколъ" бр.6/15, од 15.III.1926 година, потпишан од членовите на ЦК и ЗП на ВМРО.*

[347] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.3, л.104-106, "Окръжно -повърително до*

развивањето на нејзината дејност, ЦК на ВМРО се надевал за кратко време да подготви интелегентни кадри за да ја направат организацијата како што била за време на најголемиот нејзин расцут, односно, како што подвлекол ЦК на ВМРО во упатството до "Петорките на ММТРО": "пред обезглавувањето на нашиот народ со прогонувањето на неговата интелегенција"[348].

Во март 1926 година ЦК на ВМРО донел нов Устав за целите, средствата, составот и организационата поставеност на ММТРО[349]. Според член 1 од Уставот, ММТРО имала за цел: "а) да ја помага ВМРО во борбата за ослободување на Македонија од грчко и српско ропство и за обединување на нејзините три дела во автономна политичка единица; б) да и служи како школа за подготовка на нови интелегентни борбени сили". А според член 3 од Уставот, "член на ММТРО можел да биде секој студент или ученик од

---

*петорките на ММТРО", бр.124 од 10.I.1926 година, потпишано од членовите на ЦК на ВМРО. За основните цели и задачи на ММТРО М. Јанчулев, секретарот на претседателот на бугарската влада А. Љапчев, во своите спомени забележал: "ММТРО беше нова, материјално потпомогната од легалните и нелегалните македонски организации, но наполно независна од нив. Во неа можеле да членуваат само младинци со проверено и цврсто бугарско сознание, кои поседувале храброст и лични квалитети за општествена дејност. По инструкција на своето раководство, тие требало да се запишат и да завршат универзитет во разни европски земји и да создадат врска со младинските организации, општественици и публицисти во земјите во кои студираат. По завршувањето на образованието да се вратат во Македонија и да извршуваат дејност за заштита и зацврстување на бугарскиот дух и да го разобличуваат терористичкиот режим над Бугарите во Македонија" (НА БАН, сб.IV, а.е.194, част III, цитирани спомени на М. Јанчулев, 655).*

348*ЦДА, Фонд 1932, оп.2, а.е.5, л.1-3.*

349*АМ, Фонд МНК, кут.5, цитиран "Протоколъ" на ЦК и ЗП на ВМРО, бр.6/15, од 15.III.1926 година; ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.293, л.4-7, Уставъ на Македонската младежка тайна революционна организация. Новиот Устав на ММТРО бил "пополнет и преработен" од ЦК и ЗП на ВМРО и "утврден" со потпис на И. Михајлов. Всушност, Уставот претставува дополнување на првиот Устав на "Македонската тајна револуционерна младинска организација" (МТРМО), одобрен и потпишан од Т. Александров на 15 март 1921 година (ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.293, л.1-3).*

горните гимназиски класови, Македонец по потекло, кој искрено ќе изјави желба да се посвети на Делото". Идеалот на секој "македонски младинец", според член 18 од Уставот, требало да биде "од себе да создаде борец за ослободување и обединување на поробената и распарчена Македонија"[350].

Мрежата на ММТРО во вардарскиот дел на Македонија ЦК на ВМРО ја организирал на четири централни петорки во Скопје, Битола, Охрид и Штип[351]. Во овие градови се формирале окружни "петорки", составени од пет члена, на чело со раководител, "петар". Со решенија на ЦК на ВМРО од 3 декември 1926 година, за "петари" биле назначени следните лица: за Скопскиот округ Костадин Црнушанов, за Битолскиот округ Харалампи Фукаров, за Охридскиот округ Кирил Татарчев и за Штипскиот округ Димитар Ѓузелов[352]. За свој полномошник, кој ја одржувал врската меѓу ЦК на ВМРО и ММТРО во вардарскиот дел на Македонија, ЦК на ВМРО го назначил Иван Бојаџиев од Велес, кој студирал во Загреб и каде се наоѓало централното раководство на ММТРО за вардарскиот дел на Македонија[353]. Заради

---

[350]*ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.293, л.4-7, цитиран Устав на ММТРО. Според член 4 од Уставот, заклетвата за зачленување во ММТРО ја имала следната содржина: "Се заколнувам пред Бога, Татковината и својата чест, дека ќе ја чувам тајната, за се што ќе дознаам или во иднина ќе дознаам за дејноста на ВМРО; ветувам дека секогаш во мојот живот ќе ја имам при срцето благосостојбата на Татковината и нејзиното ослободително дело и ќе ги извршувам прописите на Уставот на ММТРО, како и наредбите на раководното тело. Во спротивен случај нека бидам убиен со оружјето кое тука го бакнувам. Да живее вечно Македонија".*

[351]*АМ, Фонд МНК, кут.5, цитиран "Протоколъ" на ЦК и ЗП на ВМРО од 15.III.1926 година.*

[352]*ЦДА, Фонд 396, оп.2, .а.е.3, л.157-164. Членови на скопската петорка на ММТРО биле: К. Црнушанов, "петар", Г. Х. Монев, Б. Андреев, Т. Антов и Н. Павлов; на битолската петорка: Х. Фукаров, "петар", Д. Чкатров, С. Боздов, Х. Попов и Б. Светиев; на охридската петорка: К. Татарчев, "петар", И. Нечев, Г. Донев, Б. Монев и Б. Чорбев; и на штипската петорка: Д. Ѓузелов, "петар", М. Христоманов, Т. Гичев, К. Х. Кимов и Т. Јорданов.*

[353]*Исто, л.156. Главната петорка на ММТРО во Загреб ја сочинувале: Иван Бојаџиев, Кирил Матраков, Петар Х. Панзов, Георги Чанев и Кирил Кузманов. За врските и дејствувањето на ММТРО види*

конспиративниот карактер на овaa младинска организација, само раководителите на петорките, односно "петарите" одржувале врска со раководството на ВМРО, како и право да одржуваат меѓусебна врска.

За реализирање целите на ММТРО, ЦК на ВМРО изработил и посебна "Инструкција за разузнување на ММТРО". Според инструкцијата, секој член на ММТРО требало да биде разузнувач и да ги извршува наредбите што му се давале за разузнување од неговиот "петар". Во "Инструкцијата" се предвидувало во секоја околија да има по еден "информатор - разузнувач", кој што се избирал од "петарот" на главната петорка во околијата, а во договор со окружниот "петар". Во поголемите градови се предвидувало да има "градски" и по еден "окружен" информатор[354]. Една од главните задачи на информаторите била да собираат податоци за бројната состојба на воените и полициските власти на Кралството на СХС и да ги доставуваат не само до ЦК и ЗП на ВМРО, туку и до бугарското воено-разузнувачка служба[355]. Според списоците, за кои бил задолжен членот на ЦК на ВМРО, А. Протогеров, информатори - разузнувачи имало во градовите: Радовиш, Гевгелија, Прилеп, Тиквеш (се мисли на Кавадарци - З. Т.), Битола, Охрид, Кратово, Ресен, Струмица, Малешевија (се мисли на Берово - З. Т.), Гостивар и Скопје[356].

---

*повеќе кај Димитър Г. Гоцев, Младежките... цит., 15-70; Истиот, Тайна младежка революционна организация във Вардарска Македония (1922-1927 г.), Исторически преглед, кн.2, София, 1983, 49-63; Александър Гребенаров, Мястото... цит., 99-101.*

354 *ЦДА, Фонд 396, оп23, а.е.13, л.58-60.*

355 *Михаил Банов Кушев, "Фамилия Кушеви" (ракопис). Спомени на М. Кушев за својата активност како член на ММТРО во Виена и за работата на македонските студентски друштва во странство, 18 (личен архив). Според изјавата на М. Кушев (дадена во јануари 1991 година во Софија), идеата на ММТРО била "за самостојна и независна Македонија, да не биде ниту под Бугарија, ниту под Србија". Во судирите меѓу михајловистичката и протогеровистичката струја, ММТРО, според М. Кушев била "за помирување на двете струи, за запирање на меѓусебните убиства и за дејствување на една македонска организација".*

356 *Исто, л.44. Секој информатор имал свој број - шифра и псевдоним, под кои нивните извештаи биле заведени во списокот што го водел ЦК на ВМРО. Според списокот на информаторите на ММТРО од вардарскиот дел на Македонија, информатор за Скопје бил Тодор Черваров, за*

Освен четирите главни "петорки" во Скопје, Битола, Охрид и Штип, организации на ММТРО биле создадени и во Куманово, Тетово, Кавадарци, Струмица, Прилеп, Велес, Галичник, Радовиш, Неготино и скоро во сите градови во Македонија, освен во Кичево, Дебар и Струга[357]. Според Извештајот на полномошникот на ЦК на ВМРО и главниот раководител на ММТРО за вардарскиот дел на Македонија, Иван Бојаџиев, до ЦК и ЗП на ВМРО, во вардарскиот дел на Македонија биле создадени 40 петорки со околу 190 организациони члена и тоа во сите градови освен во Дебар и Гостивар. И покрај ваквата широко разгранета мрежа со релативно бројно членство на ММТРО, во Извештајот за самата организациона работа била содржана оценката дека ММТРО сеуште не била "зацврстена" и дека "многубројните пречки сеуште не и давале можност да се пројави и да заработи како треба"[358]. Според Димитар Ѓузелов, еден од главните раководители на ММТРО во вардарскиот дел на Македонија, вкупниот број на членовите на ММТРО изнесувал околу 600 души[359].

Ваквите предимензионирани бројки за широко разгранетата мрежа на ММТРО не ја одразувала реалната состојба на оваа организација во вардарскиот дел на Македонија. Имено, во опширниот "Реферат" односно извештај на Коста Црнушанов за состојбата на ММТРО од 18 јуни 1927 година, меѓу другото биле

---

*Охрид Христо Чорбев, а за Битола Александар Ефтимов, кој единствено бил платен информатор и чии информации биле "најдрагоцени" (Исто, л.12, 24; Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е.172, л.34). Дел од извештаите на информаторите - разузнувачи од вардарскиот дел на Македонија се објавени во Македония. Сборник... цит., 704-714, 713-722.*

357*Исто, Фонд 1932, оп.3, а.е.103, л.37-45 и а.е.294, л.1-9. "Рефератъ" за последните настани во Скопје во врска со ММТРО и нејзината состојба од 18 јуни 1927 година. Рефератот е потпишан од "П. Църн. - въ" (псевдоним на К. Црнушанов - З.Т.), "петар" на скопската окружна организација на ММТРО.*

358*Исто, оп.1, а.е.354, л.8-18. Извештајот е потпишан со "Роберт" (псевдоним на И. Бојаџиев-З.Т.), а испратен од Виена во ноември 1926 година.*

359*Димитъръ Гюзеловъ, Жертвитъ на Скопския студентски процесъ, Скопйе, 1942, 8.*

содржана следната констатација: "Денес ние имаме една анемична ММТРО без никаков строг ред и дисциплина, без полет и сигурна иницијатива. Воопшто една заспана раноумора се чувствува, особено во оние места чии водачи се далеку од универзитетите и не доаѓаат по цели месеци. Особено тој контакт на недостаток меѓу првите петари е причината за една растуреност и неориентираност во редовите (на организацијата - З. Т.)... Воопшто конституирањето никаде не е извршено". Во "Рефератот", К. Црнушанов се жалел на "неорганизирањето, некомуницирањето и неинформирањето за состојбите и активностите помеѓу градовите" и отсуство на "дисциплина", истакнувајќи, притоа, дека "ММТРО ја имала несреќата да нема добри водачи уште од почетокот", како и "немање на авторитетен човек". А за своите неискуства и слабости, искрено си признал: "Немавме печен човек, сите бевме самоуки и додека се принаучивме правевме грешки на самоуки". Натаму, во својот "Реферат" К. Црнушанов се жалел на недостаток на средства, погодни личности и материјали за агитација, мислејќи на весниците на македонската емиграција во Бугарија, пред се, на весникот "Македонија" и "Слобода или смрт". Укажувајќи посебно на немањето специјален весник за "Македонија - внатре", за да се парализира "мнението на српскиот печат", К. Црнушанов го завршил "Рефератот" со следната заклучна констатација: "А колку би значело да се издаде нешто на македонски дијалект"[360] (подвлекол - З. Т.)

За ваквата констатација за неорганизираноста на ММТРО во вардарскиот дел на Македонија, се говори и во едно писмо на А. Протогеров до И. Михајлов. Во него, А. Протогеров му сугерирал на својот колега во ЦК, И. Михајлов, дека "час поскоро" требало да се уреди "информативната и разузнувачката служба на ММТРО" и да се назначи "информатор" за Скопскиот округ[361]. Исто така, наводите за слабостите во организирањето и дејствувањето на ММТРО во

---

360*ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.294, л.1-9, цитиран "Рефератъ".*

361 *Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е.172, л.20. "Драги Ванчо", писмо до И. Михајлов од А. Протогеров (под псевдоним "А. Лятов") од 23.I.1927 година.*

вардарскиот дел на Македонија ги потврдува и членот на ЗП, К. Прличев, во еден извештај од септември 1927 година. Во извештајот, К. Прличев ја пренел констатацијата на И. Бојаџиев полномошникот на ЦК на ВМРО и главниот раководител на ММТРО во Загреб со седиште во Виена, за работата на К. Црнушанов и Д. Ѓузелов во организирањето на ММТРО во вардарскиот дел на Македонија: "Немаа личен престиж и тактичност(...) Какви величини се тие во ММТРО кога во својот окружен центар немаат и до денес своја петорка(...) Ниту едниот, ниту другиот, не оставија свои заменици"[362].

Покрај организирањето на ММТРО во вардарскиот дел на Македонија, мрежата на ММТРО се проширила и во градовите на Западна Европа, Берлин, Лајпциг, Париз и Рим, со центар во Виена, а сите тие биле во врска со ЦК на ВМРО[363]. За одржување врски со ММТРО во европските центри, раководството на ВМРО организирало неколку нелегални канали во Загреб, Љубљана, Трст и Грац, преку кои се испраќале весници и друг пропаганден материјал[364]. Исто така, за реализирањето на една од целите на ММТРО, ЦК на ВМРО изработил и посебна "Инструкција" за разузнување на ММТРО во странство, во која биле разработени задачите и поведението на секој член на организацијата[365]. Централните пунктови на ММТРО во вардарскиот дел на Македонија биле финансирани директно од касата на ЦК на ВМРО. Парите се испраќале преку пунктот на ММТРО во Виена и Загреб до Димитар Ѓузелов, кој бил главната врска и највлијателната личност на ММТРО во овој дел на Македонија[366].

---

362*Исто, Фонд 1932, оп.3, а.е.91, л.29.*

363*Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.3, л.104-105.*

364 *АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVIII/18, бр.341; Михаил Банов Кушев, цитиран ракопис, 14-15.*

365*ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.120, л.48.*

366 *Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е.172, л.20 и а.е.160, л.53; АМ, Фонд ЦП, кут.8, в. "Време" од 26.XII.1931; АМ, Фонд РСВР, Пописник 2, Материјал бр.21, Записник од сослушувањето на Тома Николов Фиданчев, на 27.XII.1948 година. Во документите на наведените фондови се спомнува сума од 30 до 200.000 динари што ЦК на ВМРО ги*

Во почетокот на јуни 1927 година со апсењето на раководителите на ММТРО било прекинато дејствувањето на овие младински организации во вардарскиот дел на Македонија. Имено, со апсењето на Д. Ѓузелов на 29 мај 1927 година, кај кого биле пронајдени Уставот на ММТРО, весници на органите на македонските емигрантски организации во Бугарија и друг пропаганден материјал, била откриена целата мрежа на ММТРО скоро во сите градови[367]. Најпрвин биле уапсени околу 20 студенти, членови на ММТРО, за апсењето да продолжи и на македонските студенти во Белград, Загреб и Љубљана. Вкупно биле уапсени околу 40-50 студенти и донесени во Скопје, од кои 20 биле затворени од полицијата и подложени на жестоки тепања[368]. По седуммесечна истрага биле осудени 9 студенти на казна од 5 до 20 години затвор[369]. Меѓу бранителите на осудените студенти бил и Анте Павелиќ, адвокат од Загреб, подоцнежен водач на "Усташко - хрватската револуционерна организција". Со своите застапувања пред Скопскиот суд во одбраната на македонските студенти, членови на ММТРО, тој се стекнал со големи симпатии кај ЦК и ЗП на ВМРО и НК, а особено кај македонската емиграција во Бугарија.

Скопскиот студентски процес во гласилата на македонските

---

*доставувал на ММТРО и на Д. Ѓузелов.*

[367] *АМ, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.71/1; АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVIII/18, бр.319; ЦДА, Фонд 1932, оп.2, а.е.30, л.8 и оп.3, а.е.89, л.8; Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е.268, л.5 и а.е.224, л.24-28.*

[368] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.13, л.22-24; Исто, Фонд 1932, оп.2, а.е.30, л.8; Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е.113, л.84 и а.е.224, л.24-28; АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVIII/18, бр.319. Меѓу уапсените бил и Димитар Шалев, еден од кметовите на Скопје, обвинет за соучесник на студентите и членовите на ММТРО (ЦДА, Фонд 176, оп.2, а.е.863, л.28; Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е.188, л.12 и а.е.224, л.24-28; Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.13, л.22-24; АМ, Фонд МНК, кут.14).*

[369] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.78; АМ, Фонд МНК, кут.14; Исто, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.71/1. На скопскиот студентски процес биле осудени следните лица: Димитар Ѓузелов од Дојран и Иван Шопов од Гевгелија, на 20 години, Димитар Нацев од Струмица на 15 години, Димитар Чкатров од Прилеп на 10 години, Харалампи Фукаров од Прилеп, Тодор Гичев од Штип, Борис Андреев од Велес, Стерјо Боздов од Крушево и Борис Светиев од Битола, на 5 години затвор, а 11 души биле ослободени.*

емигрантски организации во Бугарија и во објавените меморандуми, апели и протести на македонските студентски друштва во Бугарија и странство, бил искористен за засилена агитација против режимот на Кралството на СХС во вардарскиот дел на Македонија[370]. Според спомените на Ефтим Спространов, НК на своето вонредно собрание главна расправа водел како да го искористи студентскиот процес во Скопје за македонското "ослободително дело"[371]. Покрај организира-њето на поголем број митинзи и собранија, НК редовно испраќал петиции и протести до Друштвото на народите (ДН) во Женева и директно до генералниот секретар Ерик Драмонт[372].

Во една подоцнежна анализа за Скопскиот студентски процес изработена од "Битолската обласна полициска управа" од мај 1941 година, било истакнато дека "голема грешка" се направила од "софискиот печат", кој Скопскиот процес го опишувал како "манифестација на бугарскиот дух", бидејќи на процесот "ниту збор не се спомнало од обвинетите за Бугарија". Според оваа полициска анализа, Скопскиот процес бил оправдано третиран како "манифестација на слободоумие и на заемно предавство на шака младинци", кои сите, без исклучок, потпишале декларација дека "не се Бугари, дека биле измамени од бугарските агенти и бараат прошка и амнестија за своите гревови"[373] (подвлекол - З. Т.).

Во мај 1927 година била уапсена и друга група од 15 души од Ресенско и Битолско и судени за соработка со ВМРО[374]. Членовите

---

[370]*АМ, Фонд МНК, кут.7; Исто, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.71/1.*

[371]*БИА НБКМ, Фонд 324, а.е.1, цитирани спомени на Е. Спространов, 3830.*

[372]*Исто, Фонд МНК, кут.7, за обраќањето на НК пред ДН во Женева види повеќе кај Војо Д. Кушевски, Скопскиот студентски процес пред Друштвото на народите. Зборник на трудови посветени на академикот Михаило Апостолски по повод 75 -годишнината од животот, МАНУ, Скопје, 1986, 159-172.*

[373]*АМВР, БО-5006 А, л.9-12, "Лъчъ свътлина върху положението въ Македония (Битолска област), Битолско Областно Полицискo Управление, Н-къ служба државна сигурность", май 1941 г.*

[374]*ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.13, л.65. Писмо до "Ратко" (псевдоним на И. Михајлов) од "Форов" (псевдоним на Г. П. Христов - З.Т.); Иванъ*

на оваа група биле обвинети дека одржувале врска со војводата Пецо Трајков, чија архива паднала во рацете на полициските власти на Кралството на СХС. На судењето одржано во Битола од 23 до 25 април 1928 година, групата била обвинета за "ширење на бугаризмот", создавање незадоволство кај народот против режимот на Кралството на СХС, повикување на народот "со намера во даден момент и преку нелегален пат евентуално да се изврши промена" со цел да се одвои вардарскиот дел на Македонија и да се присоедини кон "бугарската држава". Судот го осудил само првообвинетиот Асен Татарчев, лекар од Ресен, на шест години затвор, додека другите 14 души ги ослободил заради недостиг на докази[375]. И овој судски процес НК на македонските емигрантски друштва во Бугарија го искористил преку доставување на протести и мемоари до ДН во Женева и до нејзиниот генерален секретар Ерик Драмонт, да реагира против загрозувањето на малцинските права на "Бугарите во Југославија" и ослободување на осудените лица[376].

И покрај големата надеж што раководството на ВМРО ја имало во дејствувањето на ММТРО и испраќањето на редовна

---

*Михайловъ, Спомени III.. цит., 294-300.*

[375]*АМ, Фонд Робеви, кут.52, "Судски процес против Д-р Асен Татарчев, лекар од Ресен, и др. за дејноста на ВМРО во Битола". Другите 14 обвинети лица, според заведениот судски "Протокол на претресот", биле: Риста Ангелковиќ од Ресен, Наум Нечевиќ од с. Златари, Вангел Грбовиќ од с. Ѓавато, Софроније Андрејевиќ, свештеник од с. Перово, Никола Андрејевиќ, свештеник од с. Перово, Васил Парентијевиќ од Ресен, Риста Граматиковиќ од с. Смилево, Илија Лаковиќ од с. Избиште, Христа Ризовиќ од Битола, Тома Цветковиќ од с.Сопотско, Риста Лазаревиќ од с. Кривени, Димитрија Ташковиќ од с. Златари, Крста Ангелковиќ од с. Златари и Јован Гаџовиќ од Ресен (имињата на осудените лица се наведени според судската пресуда на великосрпската администрација со задолжителното "иќ" на нивните презимиња - З.Т.).*

[376]*АМ, Фонд МНК, кут.7, "Comité National des Org. des emigrés macwd., №2516, Sofia, 2 mai, 1928; Исто, кут.10, "Memoire sur la situation de la minorite Bulgare en Yougoslavie", 28.I.1933; Иванъ Михайловъ, Спомени IV... цит., 656-658.*

финансиска поткрепа[377], овие младински организации не успеале да се наложат и да извршат поширока мобилизација на македонската студентска младина во вардарскиот дел на Македонија. Нивното неколкумесечно дејствување било брзо откриено, а со Скопскиот студентски процес во 1927 година и целосно ликвидирано.

Ваквата судбина на ММТРО ја констатирал и А. Протогеров, одговорен во ЦК на ВМРО за информативно-разузнувачката служба. Во едно писмо до членот на ЗП, Наум Томалевски, тој подвлекол: "Ние имавме малку надеж на ММТРО, но и тие ништо не дадоа, туку само водеа полемика за големството додека не ги разоткрија"[378] (подвлекол - З.Т.). И во една друга елаборација за неуспехот на ММТРО, А. Протогеров причините за нејзиното брзо откривање и растурање ги гледал во нејзините идејни водачи, И. Михајлов, Ј. Чкатров и К. Дрангов. Според него, ниту еден од нив не дал "пример на борец да влезе внатре" во Македонија, а водачите на ММТРО гледајќи лош пример и празни зборови од своите водачи во ЦК на ВМРО се оддале на кариеризам, а не на саможртвување. Уапсените водачи на ММТРО на Скопскиот процес, како што констатирал А. Протогеров, "не само што не сакале да ја признаат ММТРО во Бугарија и да и се потчинат, туку не ја признавале дури и ЦК на ВМРО, зашто и во нејзиното лице не гледале внатрешни борци, туку емиграција"[379] (подвлекол - З. Т.).

Разочарувајќи се длабоко во организациите на ММТРО и ЗП на ВМРО во едно писмо до своите претставници во Германија ги повторил констатациите на А. Протогеров со оценката: "Младината, за

---

[377]*Исто, Фонд ЦП, кут.8. Според пишувањето на весникот "Време" од Белград, од 26.XII.1931 година, Кирил Дрангов изјавил дека месечно на "младинската организација во Југославија" им биле испраќани по 30.000 динари, за да подоцна престанало испраќањето на пари, бидејќи, како што констатирал весникот, ВМРО немала "никаква корист од неа".*

[378]*ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.182, л.5. "Драги Нуни" (псевдоним на Н. Томалевски - З. Т.), писмо од "А. Лятов" (псевдоним на А. Протогеров) од 13. VIII .1927 година.*

[379]*Исто, Фонд 1932, оп.2, а.е.213, л.1. Документот претставува дел од писмо, по содржината и стилот пишувано од А. Протогеров.*

која имавме очевидни индиции и материјални докази, не ги оправда надежите и не ги исполни инструкциите што своевремено и беа пратени"[380]. Судбината на ММТРО во вардарскиот дел на Македонија е содржана во заклучните констатации на спомнатиот "Реферат" на Коста Црнушанов, главниот раководител, "петар", на Скопската окружна петорка, во која, меѓу другото, ја пренесува интимната исповед на еден член на ММТРО: "За таква организација не ми се умира"[381] (подвлекол - З. Т.).

Провалата на ММТРО во вардарскиот дел на Македонија им нанела силен удар на раководството на ВМРО. По апсењето на членовите на ММТРО во мај 1927 година, ЦК на ВМРО бил лишен од своите привrзаници во овој дел на Македонија. На раководството на ВМРО не му останало ништо друго, туку да се потпре на своите воени сили и привrзаници во Бугарија, односно во пиринскиот дел на Македонија, и да ги засили своите терористички акции преку префрлување на помали групи во вардарскиот дел на Македонија.

## б) Вооружени и терористички акции

Веднаш по своето консолидирање, новиот ЦК на ВМРО вооружената дејност ја продолжил со истата тактика на автономистичката ВМРО на Т. Александров - преку повремени четнички навлегувања и оружени акции против државните власти и

---

[380] *Исто, а.е.4, л.1. Писмо од ЗП на ВМРО до "Пратеницитъ на ВМРО въ Германия от началото на 1928 г."*

[381] *Исто, оп.3, а.е.294, л.1-9, цитиран "Рефератъ" на К. Црнушанов од 18 јуни 1927 година. Изнесената документација на ВМРО, како и ставовите, оценките и констатациите на А. Протогеров, ЗП на ВМРО и К. Црнушанов, мошне јасно и документарно говорат дека е предимензионирана улогата на ММТРО во вардарскиот дел на Македонија во цитираните трудови на Димитар Гоцев и до големо сомневање ја доведуваат нивната научна веродостојност.*

објекти во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија, но со помал интензитет. Општатата стратегија на ЦК на ВМРО поаѓала од ставот дека "основната задача на революционерната работа за долги години не може да биде дигање на масовно востание"[382].

Главните вооружени акции на четите на ВМРО и натаму биле вперени против државните, воените и полициските власти на Кралството на СХС во вардарскиот дел на Македонија. Во егејскиот дел на Македонија четничките акции на ВМРО биле се поретки и со ограничен карактер, за да не се провоцира иселувањето на македонското население што грчките власти започнале масовно да го спроведуваат. Непријателското расположени на раководството на ВМРО особено било насочено против "српската окупаторска власт" во вардарскиот дел на Македонија. Во интерните решенија на ЦК на ВМРО отворено се повикувала организацијата своите акции да ги насочува "специјално кон убивање на Србите"[383], како и уништуваање на ренегатите и шпионите и посегање врз вишите државни чиновници кои го измачувале македонскиот народ[384]. Исто така, и И. Михајлов во своите интервјуа и изјави отворено давал на знаење дека "против насилството на Србите" организацијата имала само едно "средство - оружјето"[385].

Први на удар на атентаторските групи на ВМРО биле ренегатите на организацијата, кои во услуга на режимските власти на Кралството на СХС дејствувале против членовите на организацијата во вардарскиот дел на Македонија. Така, во декември 1924 година во Штип бил убиен Стојан Мишев, еден од раководителите на "Здружението

---

[382]*Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.36а-39. "Отчетъ" на ЦК на ВМРО поднесен на VII-от Конгрес на ВМРО.*

[383]*Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е.275, л.14. "Драги Лятов", писмо до А. Протогеров од И. Михајлов (под псевдоним "Р. Деянов") од 21.IX.1927 година. Не криејќи го антагонизмот против српскиот режим во вардарскиот дел на Македонија, И. Михајлов во истото писмо до А. Протогеров му укажал: "Ќе праќам чети насекаде да убиваат Срби".*

[384]*Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.39, 369.*

[385] *Исто, Фонд 1945, оп.2, а.е.3, л.1.*

против бугарските бандити"[386], а во јули 1925 година, во Малешевско, Илија Пандурски, од страна на испратените атентатори на ВМРО[387].

Веднаш по изборот, новиот ЦК на ВМРО, покрај старите војводи, назначил и нови околиски војводи за вардарскиот и егејскиот дел на Македонија. Старите околиски војводи назначени од ЦК на ВМРО биле: Иван Брло за штипската, Крсто Лазаров за кумановската, Мите Опилски за кратовската, Георги В'ндев за струмичката, Никола Василев за радовишката, Мишо Шкартов за тиквешката, Георги Хаџи Митров за гевгелиската и Григор Џинџидилов за воденската околија[388]. За нови околиски војводи во вардарскиот дел на Македонија ЦК на ВМРО ги назначил: Ефтим Ташов - Полски за кочанската, Петар Станчев за велешката, а Трајко Чундев за "полномошник на Велешката револуционерна околија"[389].

Во почетокот на 1925 година раководството на ВМРО покренало широка акција за обновување на каналите за преминување на четите во вардарскиот дел на Македонија. За извршување на оваа задача било одлучено да се испратат повеќе групи од по тројца луѓе во секоја околија за да го организираат народот и да се формираат мали групи, не повеќе од по тројца доверливи луѓе во секое населено место. Заради успешно реализирање на поставената задачата, според А. Протогеров, не се предвидувало извршување на атентати за да не се попречи на организационата дејност[390].

За следење на положбата на населението, а особено за

---

386 *В. "Илинденъ" бр.1, 3.И.1925, "Стоянъ Мишевъ убит"; Иванъ Михайловъ, Спомени 3... цит., 147-155.*

387 *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.369, 377. На атентаторот на И. Пандурски, Христо Вангелов, ЦК на ВМРО му исплатила 50.000 лева (Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е.173, л.42), а И. Михајлов наредил имотот на И. Пандурски да се ликвидира (Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.17, л.253. Писмо на И. Михајлов до "околиското раководно тело" во "Горничево" /конспиративно име за Горна Џумаја - З.Т/ од 17.IV.1925 година).*

388 *Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.3, л.19, 26, 27 и 33.*

389 *Исто, л.74, 81 и 138.*

390 *Исто, а.е.5, л.368, цитиран "Отчетъ" на А. Протогеров.*

добивање постојани информации и податоци за бројната состојба и мерките што ги преземале државните власти на Кралството на СХС во вардарскиот дел на Македонија, ЦК на ВМРО изработил посебна "Инструкција за разузнавачка дејност на ВМРО за Македонија". Во инструкцијата се предвидувало организирање на широка разузнувачка мрежа со опфаќање на целото население. Во неа биле разработени посебни "задачи за разузнување" за војската, за пограничните стражи, за жандармеријата, за контрачетите и за селската милиција[391].

Во летото 1925 година ЦК на ВМРО организирал голема акција за навлегување на поголем број чети во вардарскиот дел на Македонија. Четите биле составени од помали групи и биле распоредени да дејствуваат во дојранската, струмичката, гевгелиската, тиквешката и битолската околија. На 11 август 1925 година, заедно со тиквешката чета предводена од Мишо Шкартов, во улога на член на Солунскиот окружен комитет и Васил Дијамандиев Ихчиев, секретар на истиот комитет, во вардарскиот дел на Македонија преминал и А. Протогеров, веќе во одминати години и со нарушено здравје[392].

Планот на нивната акција предвидувал да се пробијат до Кожуф планина со цел да формираат штаб, а оттаму да се префрлат во западниот дел на Вардарска Македонија и да дејствуваат во "самата Македонија". Со ваквиот начин на дејствување на четите на организацијата сред македонскиот народ во вардарскиот дел на Македонија, ВМРО сакала да го привлече и да го подигне неговиот револуционерен дух, односно како што му изјавил А. Протогеров на М. Шкартов: "Да им објасниме на Македонците дека борбата во иднина ќе ја водиме за автономна Македонија во рамките на Балканска федерација"[393]. Меѓутоа, поминувајќи низ радовишко, А. Протогеров се разболел и на 22 август се вратил назад во Бугарија без да изврши нито

391 *Исто, Фонд 1932, оп.3, а.е.120, л.49-50, 68.*

392 *Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.390: Музеј - галерија, Кавадарци, Фонд Мемоарски материјал, инв.бр.90, Блажо Видов, Спомени за револуционерните дејци од Тиквешијата (ракопис), 39.*

393 *НА БАН, сб.IV, а.е.153, цитиран ракопис на Б. Видов, 55-58.*

една акција[394]. И другите чети на ВМРО, кои успеале да ја преминат границата, дошле само до левиот брег на реката Вардар, откриени од државните воени и полициски сили на Кралството на СХС биле приморени да се вратат назад во Бугарија. Во текот на 1926 година само струмичката и малешевската четничка група успеале на неколку наврати да ја минат границата и кратко време да престојуваат во своите околии[395].

Сите овие навлегувања на четничките групи на ВМРО во текот на 1925 и 1926 година во вардарскиот дел на Македонија завршиле со неуспех и покрај тоа што биле темелно подготвувани, солидно воено опремени и потрошени огромни финансиски средства[396]. Особено голема пропагандна гласност и се дало на бројната експедиција на А. Протогеров, за што му приговорил и И. Михајлов[397].

Според податоците изнесени на *ВИИ*-от Конгрес на ВМРО, за вооружените четнички акции во Скопскиот револуционерен округ во текот на 1925 и 1926 година, биле потрошени околу 5-6.000 лева. За организирање на четничките акции во источните области на вардарскиот дел на Македонија, преку пунктот на ВМРО во Ќустендил месечно се

---

[394] *ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.91, л.50-71. Телеграми за престојот на А. Протогеров во радовишко; БИА НБКМ, Фонд 324, а.е.1, цитирани спомени на Е. Спространов, 3442.*

[395] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.370-371, цитиран "Отчетъ" на А. Протогеров.*

[396] *Во "Извештајот" на А. Протогеров презентиран на VII-от Конгрес на ВМРО, без негово присуство, за да ги оправда акциите на четите во вардарскиот дел на Македонија, тој ги прикажал со следната оценка: "За време на трите години (се мисли на 1925, 1926 и 1927 година - б.м.), можното е направено, врските со населението се одржани, духот кај населението е одржан, вербата на населението во ВМРО е зачувана. Борците од сите околии го исполнија својот долг." (ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.372)*

[397] *ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.173, л.3, 53. Приговорот што И. Михајлов го упатил за пропагандниот карактер на експедицијата се потврдува и од бројните фотографии за престојот на А. Протогеров во источните области на вардарскиот дел на Македонија што биле распространети во Бугарија (В. "Протогеровъ листъ", бр.2, 7. VII. 1934, 1-12).*

трошело околу 95-100.000 лева. Исто така, за акциите што ВМРО ги организирала преку Албанија во западните области на вардарскиот дел на Македонија, во периодот 1925 - 1927 година биле потрошени 4.500.000 лева[398]. Од касата на организацијата се финансирало и дејствувањето на четите на Струмичкиот и Солунскиот окружен комитет. Според една сметка на И. Михајлов од март 1928 година испратена до А. Протогеров за запознавање, на овие два комитета вкупно од касата на ВМРО им биле исплатени 75.000 динари, 26.000 драхми, 70.000 лева и 200 долари[399].

За престојот и активностите на четите на ВМРО во источните области на вардарскиот дел на Македонија говорат и бројните извештаи на Министерството за внатрешни работи на Кралството на СХС упатувани до Кралското посланство во Лондон. Во нив, се потврдува навлегувањето на пет комитски чети, кои "вдолж целиот граничен фронт ја загрозувале безбедноста на населението и воделе борби со месните жители (се мисли на државните контра-чети - З. Т.) и жандармеријата". Понатаму, во извештаите се тврдело дека четите биле во врска со ЦК на ВМРО, кој им препорачувал да ги убиваат државните чиновници, да го организираат народот и "да го подготвуваат за отцепување од Кралството на СХС"[400].

Покрај овие навлегувања на организирани четнички групи во вардарскиот дел на Македонија, во текот на 1925 и 1926 година повремено престојувале кочанската чета на војводата Ефтим Полски, царевоселската (делчевската - б.м.) на војводата Дончо Христов, кратовската на војводата Мите Опилски, паланечката на Стојан Врбенов, кумановската на Крсто Лазаров и скопската на Величко Вељанов. Овие чети, преку пунктовиот началник на Ќустендил Владимир Куртев, биле во постојана врска со И. Михајлов и дејствувале по негови инструкции[401].

---

[398]*ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.70-171.*

[399]*Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е.274, л.3.*

[400]*АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVIII18, бр.284 и 285.*

[401] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.18, л.201-207.*

Раководството на ВМРО настојувало да ја реорганизира и засили организацијата и во Битолскиот револуционерен округ, која за разлика од другите револуционерни окрузи била мошне замрена. Интензивирањето на активностите во битолскиот реон било од големо стратегиско значење за организацијата заради близината со Албанија, преку чија територија ВМРО се снабдувала со материјална помош од Италија. Потенцирајќи ја неопходноста од засилување дејноста на овој револуционерен округ од значење за македонското револуционерно движење, Крсто Станчев, бугарски општественик и журналист, во едно писмо до А. Протогеров, остро му забележал: "Не е Штип, туку Битола револуционерен центар на ослободителното движење"[402].

Во пролетта 1926 година, членот на ЦК на ВМРО, Г. П. Христов, како раководител на Битолскиот револуционерен округ, извршил обиколка за организирање на округот. Во извештајот "Што е направено во Битолскиот револуционерен округ", доставен "за информирање" до А. Протогеров и И. Михајлов, тој ги изложил следните инструкции по кои се раководел при обиколката на теренот: ангажирање за "зачувување на мајчиниот јазик" и за подигање на "револуционерниот борбен дух" на народот, формирање на раководни тела, создавање на групи, "тројки и петорки", терористички групи и курирска служба за одржување врска со градовите и селата, извршување на помали акции од местен карактер, обновување на старите скривници и правење на нови и обучување на членовите на организацијата со оружје. При обиколката на теренот Г. П. Христов формирал околиски револуционерни тела во Битола, Прилеп, Крушево, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Лерин, Костурско, а во секој град определил по едно лице за врска со ЦК на ВМРО[403].

Во текот на 1927 година ЦК на ВМРО организирал извршување на бројни акции и атентати во повеќе градови во

---

402 *Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е.308, л.66.*

403 *Исто, Фонд 1932, оп.3, а.е.74, "Какво е направено въ Битолския Революц. окрътъ - За свъдъние на другаритъ Ангелъ и Радтко". Извештајот е потпишан со "Форов" (псевдоним на Г. П. Христов).*

вардарскиот дел на Македонија. Како последица од извршените терористички акции во Гевгелија, Струмица и Кочани, биле убиени и ранети повеќе лица[404]. Меѓу другото, целта на овие акции било извршување на поединечни атентати на видни личности на државните воени, политички и административни органи на Кралството на СХС.

На 3 јули 1926 година во Битола бил убиен Спасое Хаџи Поповиќ, редактор на весникот "Јужна Србија", кој во својот весник ги пропагирал асимилаторските стремежи на великосрпската идеа[405]. Целта на испратените атентатори од страна на ЦК на ВМРО била да го убијат војводата Крсто Љондев, кој се откажал од револуционерната дејност и се повлекол да живее во Битола, или да го компромитираат кај државните власти дека е замешан во подготвувањето на убиството на С. Х. Поповиќ. Не успевајќи да ги фатат атентаторите на ВМРО, кои меѓувремено избегале во Албанија, полициските власти во Битола го уапсиле К. Љондев и веднаш го осудиле на смрт[406].

Една од покрупните акции на ВМРО била убиството на генералот на Брегалничката девизија во Штип, Михајло Ковачевиќ. Убиството било извршено на 5 октомври 1927 година од страна на тројца млади штипски членови на организацијата, Ипокрит Развигоров, Илија Лилинков и Благој Кралев. Акцијата била планирана од И. Михајлов, а спроведена преку пунктовиот началник на Ќустендил, В. Куртев, кој ги префрлил атентаторите преку границата и ги снабдил со оружје[407]. Двајцата атентатори, И. Развигоров и И. Лилинков, за да

---

[404]*Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.371, цитиран "Отчетъ" на А. Протогеров; АИНИ, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.1; Исто, Фонд КПЛ, к.XXXVIII/18, бр.311.*

[405]*ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.51, л.5-11, "Докладъ" на Лазо Милев, еден од атентаторите на С. Х. Поповиќ; Исто, а.е.5, л.72-73, "Отчетъ" за револуционерната дејност на битолскиот револуционерен округ во периодот 1925-1928 година, поднесен на VII-от Конгрес на ВМРО.*

[406] *Исто, а.е.18, л.245; АМ, Фонд МВР, кут.9, фасц.35. Со убиството на С. Х. Поповиќ и осудувањето на смрт на војводата К. Љондев, ЦК на ВМРО постигнал двоен успех, односно, како што забележал Б. Видов, "со еден куршум убил два зајака" (НА БАН, сб.IV, а.е.153, цитиран ракопис на Б. Видов, 68-69).*

[407]*ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.58-59, "Отчетъ" за*

не паднат во рацете на полициските власти се самоубиле, а третиот атентатор, Б. Кралев, бил фатен и на судењето ја открил поврзаноста на ВМРО и на И. Михајлов со атентатот над генералот М. Ковачевиќ[408]. Убиството на генералот М. Ковачевиќ предизвикало голема вознемиреност и жестока реакција кај државните власти во Штип. Биле уапсени голем број штипски граѓани, осомничени за убиството. Притоа, без сослушување и судење биле убиени таткото на И. Михајлов, Михаил Гаврилов, и еден од неговите браќа, Христо Михајлов[409].

Трет поголем атентат врз високи државни чиновници на Кралството на СХС бил извршен над Велимир Прелиќ, полициски службеник - правен советник во Скопје, кој бил еден од најжестоките полициски иследници во Скопскиот студентски процес. Атентатот над него бил извршен од Мара Бунева, родена во Тетово, сестра на главниот воен инструктор на ВМРО во пиринскиот дел на Македонија, Борис Бунев. Инструирана и испратена од раководството на ВМРО, таа на 13 јануари 1928 година го застрелала со револвер В. Прелиќ во близина на камениот мост во Скопје[410]. Со намера да се самоубие, таа се фрлила во реката Вардар, а по неколку дена починала во скопската болница[411].

---

*револуционерната дејност во штипската околија во периодот 1925 -1928 година, поднесен на VII-от Конгрес на ВМРО; АМ, Фонд МНК, кут.16, а.е.17; АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVIII/18, бр.312.*

[408]*АМ, Фонд МВР, кут.9, "Кривични испит Благоја Јордановића - Краљева", Штип, 11.XI.1927 година; АИНИ; Фонд КПЛ, к.XXXVIII/18, бр.311.*

[409]*АМ, Фонд МНК, кут.13 и 14; ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.59, цитиран "Отчетъ"; Исто, Фонд 1932, оп.2, а.е.19, л.12. Соопштение на ЦК на ВМРО; Иванъ Михайловъ, Спомени III.. цит., 341-362.*

[410]*АМ, Фонд МНК, кут.14; ЦДА, Фонд 1932, оп.2, а.е.21, л.1.*

[411]*Според пишувањето на гласилата на македонската емиграција во Бугарија, односно на ВМРО, Мара Бунева пред да умре ги изговорила следните зборови: "Ја сакам својата татковина" (В. "Македония", бр.380, 16.I.1928, 1; В. "Свобода или смърть", бр.86, 18.I.1929, 2-6). За "подвигот" на Мара Бунева види повеќе кај Никола Коларов, Мара Бунева, В. "Отецъ Паисий", София, год.ЦВ, кн.1, януарий 1942, 25-32; Людмил Петров, Подвиг и саможртва, Военноисторически сборник, кн.4, София, 1991, 126-137; Иванъ Михайловъ, Спомени III.. цит., 363-*

Една од акциите со која се сакало да се демонстрира силата на ВМРО во највисокиот државен врв на Кралството на СХС бил неуспешниот атентат над Живоин Лазиќ, началник на Државната безбедност, и тоа во неговиот кабинет во Белград, на 13 јули 1928 година. Атентаторот, Иван Момчилов, откако го ранил Ж. Лазиќ во главата, самиот се самоубил[412].

Сите овие атентати, "подвизи" и саможртвувања на членовите на организацијата биле искористени за организирање на величанствени манифестации од страна на раководството на ВМРО и НК и со пропагандно објавување во весниците на македонската емиграција во Бугарија, ги славеле и величеле атентаторите како големи патриоти и национални јунаци[413]. Притоа, со самиот чин на саможртвување се сакало не само да се сврти вниманието на меѓународната јавност, туку да се постигнат и соодветни патриотски ефекти кај младите генерации - членови на ВМРО. Исто така, овие атентати во голема мера придонеле за подигање престижот на ВМРО во очите на македонската емиграција и нејзините организации и друштва во Бугарија, а посебно угледот на И. Михајлов во самата организација.

Според податоците на југословенските воени и полициски власти во периодот 1925 - 1928 година, во вардарскиот дел на Македонија биле извршени 149 вооружени комитски акции и поединечни терористички атентати. Во овие акции биле убиени 43, а ранети 76 службени лица на државната власт, како и 90 убиени и ранети цивилни лица, 25 убиени и 23 ранети војници, жандарми и четници на државните потерни чети. Исто така, во наведениот период, биле убиени само 9 комити - членови на ВМРО, а 15 ранети[414]. Една од приоритетните мерки и методи на терористичкото дејствување на

---

*376.*

[412] *АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVIII/18, бр.355.*

[413] *Исто; НА БАН, сб.IV, а.е.153, цитиран ракопис на Б. Видов, 91-92.*

[414] *АМ, Фонд Милан Стојадиновиќ, МФ-2042, "Report on the results of MACEDONIANS KOMITHDJI ACTION", December 1st 1934, 3-4.*

организацијата, за што посебно се залагал ЦК на ВМРО и И. Михајлов, било ликвидирањето на шпионите на организацијата, а особено на предавниците и поткажувачите на атентаторите по нивните извршени акции[415].

Сериите на терористичките атентати, не само во вардарскиот дел на Македонија, туку и во европските земји[416], во голема мера го компромитирало македонското ослободително движење и престижот на ВМРО во странство. На ваквата појава мошне загрижено предупредувал специјалниот претставник на ВМРО во странство, Т. Карајовов, кој на своето раководство му сугерирал за извесно време да се воздржат од атентатите по европските метрополи над видни дејци на ВМРО, бидејќи според него, "европското општествено мислење не ги одобрува"[417].

На исто мислење бил и членот на ЦК на ВМРО, А. Протогеров, кој во едно писмо до своите "другари" во раководството на ВМРО, исто така предупредувал дека со атентатите имало голема опасност организацијата да изгуби "секаква симпатија кај општественото мислење во Европа", а на неа да се гледа како на "анархистичка" организација. Во писмото, А. Протогеров укажал и на опасноста странските државници и политичари "во иднина да не ги примаат никаде претставниците на организацијата"[418]. Исто така, и одделни бугарски државници, политичари и општественици реагирале против атентатите на ВМРО, сметајќи дека преку нив не можело да се добие

---

[415]*Меѓу ликвидираните поткажувачи биле и оние што ги предале на полициските органи на Кралството на СХС, Кирил Глигоров, атентаторот на Стојан Мишев, И. Развигоров, И. Лилинков и Б. Кралев, атентаторите на генералот М. Ковачевиќ (ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.148, "Отчетъ" за дејноста на кочанската револуционерна околија во периодот 1925 -1928 година, поднесен на VII-от Конгрес на ВМРО; Исто, а.е.18, л.91. Писмо на И. Михајлов до А. Протогеров од 17.X.1927 година).*

[416]*Како што биле атентатите извршени над П. Чаулев во Милано и Т. Паница во Виена.*

[417]*Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е.94, л.1-3, "Драги другари", писмото е без потпис и датум.*

[418] *Исто.*

"било какво подобрување за македонското население" и дека секој атентат предизвикувал репресалии од страна на тамошните државни власти, кои ја уништувале "и така малубројната интелегенција во Македонија"[419].

Преку методите и тактиката на терористичките акции и поединечните атентати, кои силно одекнувале во европската јавност и печат, се остварувала и една од целите на вооруженото дејствување на ЦК на ВМРО и на И. Михајлов - постојано да го држат "отворено македонското прашање". Исто така, како што забележале југословенските политички и дипломатски аналитичари, целта на терористичките атентати на ВМРО била да се оневозможи било какво зближување на владите на Бугарија и Кралството на СХС, како и ЦК на ВМРО да го "држи македонското население во постојано верување дека комитетот живее, не стивнува и работи"[420].

Од друга страна, преку ваквата провокаторска терористичка тактика, ВМРО се отуѓувала од македонските демократски кругови, изгубувајќи секаква организациона и идејна база сред македонскиот народ во вардарскиот дел на Македонија. Ваквата состојба на постепено дистанцирање на македонските маси од активностите на ВМРО, индиректно ја потврдува и И. Михајлов во "Рефератот" поднесен на *VII*-от Конгрес на ВМРО. Во него, тој, меѓу другото, реферирал дека во вардарскиот дел на Македонија "материјали за вооружување и облекло не се префрлувале како

---

419 *Исто, Фонд 176, оп.2, а.е.2000, л.57, цитирано писмо до министерот за надворешни работи на Бугарија, А. Буров.*

420 *АИНИ, Фонд Трета армиска област (натаму:ТАО), Генералштаб, к.XXXVII/6, бр.602; Исто, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.76; Исто, Фонд КПЛ, к.XXXVIII/18, бр.309. Колку македонскиот народ секојдневно бил обземен со честите вооружени акции на ВМРО, говори и едно писмо од Куманово од 4 јули 1927 година, испратено до ЦК на ВМРО. Во него, авторот на писмото, меѓу другото, известува дека каде и да се сретнале "двајца Македонци", првото прашање кое си го поставувале еден на друг било "за борбата и околу неа во нивниот крај" (ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.18, л.135).*

некогаш, а пари и доброволни прилози не пристигале како порано"[421] (подвлекол - З. Т.). Според информациите што ги добивало раководството на ВМРО и НК од "специјалниот кореспондент од Балканот", во вардарскиот дел на Македонија не можело да се најдат "никакви приврзаници за присоединувањето на Македонија кон Бугарија" (подвлечено во извештајот - З.Т.). Паролата на народот во Македонија гласела: "Ние не сме ниту Срби, ниту Бугари, туку Македонци - тоа значи ние сме нешто различно во етнографска и национална смисла" (подвлекол - З.Т.). Политичкиот идеал на македонскиот народ, се вели понатаму во извештајот на "специјалниот кореспондент", бил "автономија на Македонија, не во границите на Југославија (подвлечено во извештајот - З.Т.) и со "претпоставка за обединување на цела Македонија во целосна единица - на српскиот, на грчкиот со Солун и на бугарскиот дел" и давање можност Македонците да го "развијат сопствениот културен и национален живот", односно, како што заклучил на крајот од извештајот: "Македонија треба да се управува од Македонци, а не од туѓи на земјата чиновници кои што го ограбуваат населението"[422] (подвлекол - З. Т.).

За мислењето на македонскиот народ во врска со вооружената дејност на ВМРО во вардарскиот дел на Македонија, говори едно писмо на информаторот на ВМРО за разговорот со еден граѓанин, апотекар од Кочани. Во писмото доставено до ЦК на ВМРО, е содржано мислењето на граѓанинот од Кочани, кој пожалувајќи му се на неговиот информатор, му изјавил ВМРО да не ги залажува луѓето дека со четите на организацијата, односно со 500 или 1.000 вооружени луѓе "можат да се победат Србите", туку само селата се изложуваат на опасности, за на крај да заклучи: "За сега, па и за едно неопределено време, ние не гледаме никаква корист од четништвото, туку само штета," бидејќи преку нив се оправдувало засилувањето на државните

[421] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.339-341, "Изложение" на И. Михајлов за дејноста на ВМРО во периодот 1925-1928 година.*

[422] *ЦПА, Фонд 10 - Балканска комунистичка федерация, оп.1, а.е.36, л.1, "Проектъ - директива за работата на комунистите в Македонското национал - революционното движение".*

потерни чети". На прашањето, како мисли да се работи за Македонија, граѓанинот од Кочани одговорил: "Агитирајте, подгответе ги луѓето за судбоносниот час, дури ако можете тајно вооружувајте ги луѓето (...) Се надеваме да влеземе во парламентот (се мисли на Собранието на Кралството на СХС во Белград - б.м.). Со нетрпение ги чекаме изборите во 1928 г. Помогнете ни и вие за избирање на способни луѓе во Собранието"[423].

### в) Политички и воени мерки на Кралството на СХС за спречување акциите на ВМРО

Вооруженото дејствување на ВМРО во вардарскиот дел на Македонија преку преминување на помали четнички групи од Бугарија и извршување на поединечни терористички акции и атентати, целосно го свртело вниманието на политичките, воените и полициските органи на Кралството на СХС. Наоѓајќи се под постојан притисок на комитските чети и терористичките "тројки" и "петорки", вардарскиот дел на Македонија, а особено нејзините источни области, долго време се сметале за "специјална област" во рамките на Кралството на СХС, а од 1929 година во Кралството на Југославија.

Воочувајќи ја новата вооружена тактика на раководството на ВМРО, воените и полициските органи на Кралството на СХС во своите извештаи и самите потврдувале дека нивните акции се состоеле во преминување на чети со помал број четници, од причини што големите чети тешко се движеле по теренот и брзо се откривале од нивните државни власти. Во своите воени и политички анализи за интензитетот на четничките акции, тие и самите дошле до заклучок дека акциите на ВМРО "не можат и нема да престанат" бидејќи тоа значело да се остави "народот во Македонија без секаква морална подршка", а во тој случај самата ВМРО ќе го изгубела својот "raison d'étre"[424].

---

[423] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.18, л.243-245, "Разговор со Христо Саздов Нишанджиев" од 6.IV.1927 година.*

[424] *АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVIII/18, бр.255.*

Режимот на Кралството на СХС се борел со сите расположиви воени, полициски и административни мерки да го спречи префрлувањето на комитските чети и на атентаторските групи преку границата откај Бугарија и со судски и насилни мерки да го одврати народот, а посебно интелегенцијата и студентската младина, од влијанието на ВМРО. Според изјавата на Светозар Прибичевиќ, министер за внатрешни работи и образование на Кралството на СХС, од вкупно 15.000 жандарми колку што имало во државата, 10.000 биле само во вардарскиот дел на Македонија[425]. Граничниот појас откај Бугарија претставувал вистински одбрамбен систем од жандармериски станици, гранични пунктови и бодликави појаси. Според известувањето на Иван Караџов, пунктов началник на Горна Џумаја, до И. Михајлов, стражарските караули на Кралството на СХС биле 3-4 пати поголеми во однос на една бугарска караула, а во војнички размер, "еден бугарски војник на 4-5 српски"[426].

За спречување и уништување на четите на ВМРО, Командата на жандармеријата на Белград за потребите на Министерството за внатрешни работи во февруари 1925 година изработила и посебен елаборат - упатство за старешините на Јавната безбедност и полициските органи во вардарскиот дел на Македонија[427]. Во декември 1927 година највисоките воени и полициски органи на Кралството на СХС изработиле и посебни "безбедносни" и "општи" мерки за спречување на акциите на ВМРО во вардарскиот дел на Македонија и ги доставиле до претседателот на владата и до министерот за внатрешни работи на државата[428]. Во "безбедносните мерки" се предлагало преземање на

---

[425] *В. "Македонско дело" бр.58, 25.И.1928, "Протеста на измъчена Македония", 1; В. "Свобода или смъртъ", бр.69, 22.IV.1928, "Възможно ли е легална борба", 5.*

[426] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.18, л.105-106. "Др. Деянов", писмо до И. Михајлов од "Веригин" (псевдоним на И. Караџов - З.Т.), "Горничево" (конспиративно име за Горна Џумаја), 10.X.1927.*

[427] *АИНИ, Фонд ТАО, к.XXXVII/8, бр.806.*

[428] *АМ, Фонд Милан Стојадиновиќ, Министерство унутрашњих дела, бр.2935, 31 маја 1926 г.; Исто, Фонд ЦП, кут.1, бр.916. Мерките за спречување на комитските акции во "Јужна Србија" ги изработиле: В.*

бројни активности на државните власти за спречување на комитските акции, кои според мислењето на изготвувачите, "во последно време знатно се засилиле".

Во набележаните "безбедносни мерки" се предвидувало државните власти да ги преземат следните позначајни акции и активности: зголемување на бројната состојба на граничните единици, и тоа спрема бугарската граница за најмалку 50%, спрема албанската и дел од грчката граница, од Св. Наум до планината Пелистер, за 40%, а останатиот дел спрема грчката граница за 30%; зголемување на бројната состојба на жандармеријата од 17.000 жандарми, колку што изнесувале во моментот (во 1927 година - б.м.), на 20.000 жандарми, колку што броеле во 1926 година и "целата територија да биде покриена со почести жандармериски потерни одделенија и патроли"; во сите околии да се назначат најдобри "поглавари" за да останат подолго време и да стекнат доверба кај народот и да им се даде зголемување од 600 до 1.000 динари месечно за подобро да ја организираат разузнувачката служба; Министерството за сообраќај да го дуплира бројот на чуварите на железничките линии од Ристовец до Гевгелија и од Велес до Кочани, бидејќи со засилувањето на чуварите би се намалило незадоволството кај населението што било приморано бесплатно и под тешки услови да ги чува пругите, а чиј број на дневно ангажирани луѓе од околните општини изнесувал 3.000 души; да се иницира формирање на нови "Здруженија против бугарските бандити" во оние места каде немало, бидејќи тие "дале многу добри резултати против комитските банди"; "до крајни граници" да се развие разузнувачката служба во сите околии; во буџетот за наредната (1928 година - б.м.) да се предвидат нови полициски агенти, и тоа: за Скопје 10, за Битола 6, за Штип и Велес по 5, за Охрид, Прилеп, Кочани, Куманово, Кратово, Гевгелија, Кавадарци,

---

*Томиќ, командант на жандармеријата, В. Катиниќ, командант на пограничните единици, Ж. Лазиќ, началник на Одделението за Јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи, А. Вилдовиќ, Велики жупан на Скопската област, Д. Матковиќ, Велики жупан на Битолската област, И. Витас, Велики жупан на Врањската област и М. Михајловиќ, Велики жупан на Брегалничката област.*

Радовиш и Крива Паланка по 3[429].

Во "општите мерки" за спречување на комитските акции, се предлагало државните власти да се ангажираат за извршување на следните задачи: населувањето со нови колонисти да се врши "порационално и поинтензивно", а со мешањето на "национално - свесните елементи" (се мисли на српските колонисти - б.м.) се засилувала безбедноста и "крајно се врши асимилацијата"; факултетот во Скопје да се укине, учителското училиште во Прилеп да се премести "на Север" (се мисли во Србија - б.м.), полните гимназии да се остават само во Скопје и Битола, а во другите места само нижи гимназии и да се комплетираат со "национално одбран наставнички кадар"; бившите егзархиски учители кои се "сомнителни и несигурни" и службениците од месното население кои се под бугарска пропаганда да се преместат "на Север" (во Србија - б.м.) и да се заменат со "национални сили", како и да се заменат бившите егзархиски свештеници со "национално свесни и културни свештеници"; да се изнајдат 1.000.000 динари за изградба и довршување на "соколаните", кои со своите идеи биле мошне корисни за "национално освестување на младината"; да се помага формирањето на пеачки и други национални просветно - културни друштва и организации, како и граѓански библиотеки и читалишта со "одбрани книги"; да се овозможи враќање на македонски емигранти од Бугарија, бидејќи тие "го сочинувале кадарот" кој ВМРО го мобилизирал во своите чети; да се отежнуваат контактите на населението со Бугарија, а пасоши за Бугарија да се издаваат само во исклучителни случаи; да се влијае на печатот да не пишува за комитските настани; да се востанови лична карта на граѓаните за да се контролира нивното движење во внатрешниот сообраќај; да се преземат интензивни дипломатски акции за спречување на пропагандата на ВМРО во странство.

Во опширниот елаборат, изготвувачите, меѓу другото, навеле дека заради акциите на четите на ВМРО држеле "три четвртини вооружена сила повеќе" отколку што требало да се има според бројот на месното население (подвлекол - З.Т.). На крајот од елаборатот тие ги уверувале претседателот на владата и министерот

---

[429] *Исто.*

за внатрешни работи на Кралството на СХС дека доколку предложените мерки бидат извршени и "трајно спроведени", комитските акции не само што ќе бидат "скршени и спречени", туку за мошне кратко време ќе се изврши "потполно изедначување и асимилирање на населението". На тој начин, како што констатирале изготвувачите на елаборатот, "Бугарите ќе изгубат волја и понатаму да се интересираат за Македонија и тогаш секој многу поискрено и многу повеќе ќе пристапи кон идеата за зближување, па и во можна заедница на двете соседни држави"[430].

Покрај изготвување на специјални елаборати и проекти за спречување на четничките акции на ВМРО во вардарскиот дел на Македонија, по наредба на началникот на Државната безбедност при Министерството за знатрешни работи на Кралствоо на СХС, Живоин Лазиќ, општинските власти во Струмица во 1927 година организирале широко разузнувачка мрежа. Во службата биле ангажирани луѓе од градот и околијата, а биле вклучени и месните овчари, кои известувале за сите појави на комитските движења во околијата[431].

Една од мерките на разузнувачката служба на Кралството на СХС, според Ж. Лазиќ, била и давање соодветни задолженија на службениците на Министерството за надворешни работи во европските земји, посебно во Софија, Виена и Рим. Покрај разузнувачките задачи, тие добивале и посебни упатства да ги подржуваат оние политички партии во странство кои биле противници на ВМРО и да ги придобиваат во судирот со неа и во конфликтот против бугарските државни органи. Исто така, една од мерките што ги применувале државните власти на Кралството на СХС била и нудењето заштита и прифаќање на идејните противници во самата ВМРО, како што биле "ренегатите" од типот на Стојан Мишев и Глигор Циклев и финансирање на претставниците на

---

430 *Исто.*

431 *Исто, Фонд РСВР, Пописник 2, Материјал бр.21, Цитиран Записник од сослушувањето на Тома Николов Фиданчев. Според Т. Фиданчев, во секое маало во Струмица имало од еден до тројца платени луѓе вклучени во општинската разузнувачка служба, а годишниот буџет на службата изнесувал 20.000 динари.*

федералистичкото крило на ВМРО (Обединета)[432]. Со подржување на "ренегатите", како и со финансирањето на претставниците на федералистичкото крило на ВМРО (Обединета), Славе Иванов, Коста Терзиев и Коста Хаџи Риндов, од фондовите на државната каса, владата на Кралството на СХС, според Владимир Поп Томов, имала за цел да ги искористи меѓусебните противречности во организацијата за своите завојувачки планови спрема останатите делови на Македонија под Грција и Бугарија, и да го "компромитира и разедини македонското движење"[433] (подвлекол - З.Т.).

Во борбата против четничките акции на ВМРО државните власти на Кралството на СХС не можеле успешно и ефикасно да им се спротивстават, бидејќи нивните воени и жандармериски единици тешко се движеле по теренот. Согледувајќи ја ваквата состојба, началникот на Службата за државна безбедност, Ж. Лазиќ, единствен "излез и успех во борбата со комитските чети" гледал во ангажирањето на самото население[434], односно во засилувањето на "Здружението против државните бандити" и регрутирање на нови луѓе во државните чети. Ова "Здружение" за борба против комитските чети на ВМРО, во 1924 година броело околу 20.000 вооружени луѓе[435].

Водачот на оваа организација, Михајло Каламатиевиќ (односно Мијалче Каламатиев, трговец од Штип - З.Т.), со благослов на Ж. Лазиќ и на великиот жупан на Брегалничката област Д. Матковиќ,

---

432 *Исто, Жика Лазиќ, "Организациона структура и деловање бивше југословенске об. службе после Првог светског рата нарочито на територии Македоније", 6; Родоотстъпници... цит., брошура.*

433 *ЦДА, Фонд 3, оп.4, а.е.115, л.1-4, "Доклад" на В. П. Томов (ВМРО Об.) до ЗП (ЦК на БКП) - "Македонското движение и перспективите на ВМРО (Об.)" Виена, 4.I.1926.*

434 *АМ, Фонд РСВР, Пописник 2, Материјал бр.21, цитиран материјал на Ж. Лазиќ, 6.*

435 *АИНИ, Фонд ЦК КПЈ, к.XXXVIII/12, бр.12, "Извештај партије" (1924). Државна комитска организација у Македонији", 25. "Здружението против бугарските бандити" било формирано во септември 1923 година во Штип на чело со Михајло Каламатиев(иќ) (Споменица прославе двадесетогодишњице брегалничке битке и десетогодишњице осњивање народне самоодбране, Штип, 1933, 33).*

покрај извршувањето на потерни акции против комитските чети, добил неограничена власт и во тероризирањето на населението[436]. Особено реваншистички жестокости спрема организираните членови и јатаци на организацијата пројавиле бившите војводи на ВМРО, Стојан Мишев и Глигор Циклев, а притоа на државните власти им ја откриле организационата мрежа на ВМРО во источните области на вардарскиот дел на Македонија[437]. Овие ренегати на организацијата сосема ги напуштиле програмските определби на федералистичкото крило на ВМРО и претворувајќи се во "слепо оружје на осветата", како што подвлекол Стојан Новаковиќ[438], станале платени слуги на великосрпската реакција и им нанеле страшни зла и нови колежи на македонскиот народ.

Една од мерките на државните власти на Кралството на СХС за засилување отпорот против навлегувањето на четите на ВМРО во вардарскиот дел на Македонија било и ангажирањето на д-р Коста Терзиев, еден од претставниците на федералистичкото крило на ВМРО (Обединета). Тие му се ставиле на располагање за создавање на федералистички чети од Македонци - емигранти како "привремени жандарми" во државните контра - чети, кои, меѓу другото, требало да извршуваат и разузнувачка дејност не само вдолж границата со Бугарија, туку и во нејзината територија[439]. Според разузнувачкиот извештај за Македонската федералистичка организација на И. Михајлов, К. Терзиев бил избран за водач на оваа организација, а во Берово била испратена "воена федералистичка група" за борба против четите на

---

436 *Стенографске белешке Народне скупштине Краљевине СХС, Редован сазив за 1923-1924 год, II књига, Београд, 1924, 271. Дискусија на Михајло Кујунџиќ, народен пратеник од Македонија.*

437 *АИНИ, Фонд Разни сеќавања, изјави, стенографски белешки, анкетен материјал и др. од работничкото движење меѓу двете светски војни и за организацијата СКОЈ, к.XXXVIII/24, бр.228. Сеќавања на Васил Гранков, 14-16; ЦДА, Фонд 1932, оп.1, а.е.55. Писмо до Стојан Мишев од Петар Сарафов од 15.В.1924.*

438 *Коста Новаковиќ, Македонија на Македонците! Земјата на земјоделците!, Скопје, 1959, 29.*

439 *ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.61, л.14.*

ВМРО[440]. Меѓутоа, и покрај ангажирањето на државните власти на Кралството на СХС, односно на началникот на државната безбедност Ж. Лазиќ, да ја инволвираат Македонската федералистичка организација во директен судир со четите на ВМРО, нивните планови завршиле со неуспех.

Една од првите и најголемите потерни чети организирани во кратовската околија била четата на Мино Станков, која броела околу 50-60 четници. Покрај преземањето мерки против навлегувањето на комитските чети на ВМРО, тој имал развиено и мошне ефикасна разузнувачка служба[441]. Со своите зулуми М. Станков се истакнал како најголем злосторник и непријател на македонскиот народ во овој дел на Македонија[442]. Уживајќи ја подршката на државните власти, а посебно на Ж. Лазиќ, тој имал неприкосновена власт во Кратовско и бил нарекуван "кратовски крал", а за своите заслуги, од полуписмен човек бил произведен во резервен офицер на југословенската кралска армија, а подоцна добил и капетански чин[443].

Вооружените дејствија на четите на ВМРО, а особено извршувањето на индивидуалните терористички акции, уште повеќе ја влошиле безбедносната сигурност на македонскиот народ во вардарскиот дел на Македонија. Секој терористички атентат извршен над висок државен службеник бил пропратен со масовни апсења,

---

440*ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.273, "Македонска Федеративна Организация (въ Югославия)", София, 12.II.1927 год. Извештајот е потпишан со "Рад. Деянов" (псевдоним на И. Михајлов).*

441 *АМ, Фонд РСВР, Пописник 2, Материјал бр.21, цитиран материјал на Ж. Лазиќ, 6.*

442*За теророт на Мино Станков види повеќе кај Александар Апостолов, Злетовска област... цит., 557, 603.*

443*АМ, Фонд РСВР, Пописник 2, Материјал бр.21, цитиран материјал на Ж. Лазиќ, 6; Архив на МАНУ, Скопје, Фонд Стеван Симиќ, Аутобиографске успомене, АЕ, I/1 - 211, 159-160. Според С. Симиќ, М. Станков јавно се фалел дека убил преку 200, а претепал над 1.000 луѓе, а притоа се заканувал со зборовите: "Јас во оваа околија имам одврзани раце, па можам одеднаш да убијам по десет луѓе и никому да не одговарам за тоа... Било кој да ми засмета, ќе го изеде мракот. Додека е жив Жика Лазиќ, мене никој ништо не ми може."*

тероризирања и судења од страна на режимските власти. Така, по убиството на С. Х. Поповиќ, биле уапсени и судени 11 граѓани на Битола[444]. Исто така, по атентатот на генералот М. Ковачевиќ во Штип, биле затворени 4.000 луѓе и претепани околу 200 лица. Покрај тоа, биле обвинети 21 лице, од нив на смрт осудени четворица, а другите на повеќегодишна казна затвор, додека вкупно биле осудени 39 лица[445]. По убиството на В. Прелиќ во Скопје, полициските власти го уапсиле и го подложиле на жестоко мачење целото семејство на атентаторката Мара Бунева, убивајќи ги, притоа, нејзиниот брат Лазар Бунев, кој служел воена обврска во Битола, и нејзиниот братучед, адвокатот Борис Андрејчин од Тетово[446].

Покрај масовните апсења, малтретирања и судења, великосрпскиот режим во вардарскиот дел на Македонија особено бил ригорозен кон секое национално пројавување и револуционерно организирање и раздвижување на македонскиот народ. Притоа, државните полициски власти преземале посебни мерки спрема припадниците на ВМРО, без разлика дали биле под влијание на михајловистичката или на протогеровистичката струја на ВМРО, или членови на ВМРО (Обединета). Како што било истакнато на пленумот на ЦК на КПЈ од 9-10 јуни 1935 година во Сплит, пресудата на државните власти за "комунизам" изнесувала 10 години робија, додека за "ВМРО (Обединета) паѓала глава"[447]. Посебно на удар биле членовите на ММТРО, а секое национално пројавување на студентската младина, интелегенцијата и на видните луѓе кои уживале голем авторитет во својата средина било придружувано со поединечни убиства или

---

[444] *VERITAS... цит, 216-221; Иванъ Михайловъ, Спомени III... цит., 290-293.*

[445] *Александар Апостолов, Злетовска област... цит, 553. За апсењето и судењето на штипските граѓани види и кај Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски, КПЈ и ВМРО (Обединета)... цит., 186-192.*

[446] *АМ, Фонд МНК, кут.14, "Аферата по подвигот на Мара Бунева; Людмил Петров, Подвиг... цит., 129; Иванъ Михайловъ, Спомени III... цит, 363-376.*

[447] *АИНИ, Фонд Коминтерна, к.XXXVII/12, бр.40.*

мистериозни исчезнувања. Само за една година, од октомври 1927 до октомври 1928 година, биле убиени 67 граѓани, меѓу кои: апотекарот Милан Генов од Скопје, студентите Благој Монев од Штип, Кирил Ципушев од Радовиш, Тодор Поп Јорданов од Кочани, Тома Кујумџиев од Струмица и др.[448].

Според статистичките податоци на НК, во вардарскиот дел на Македонија од 1919 до 1929 година имало околу 1.400 политички убиства, а биле уапсени и престојувале во затворите повеќе од 25.000 македонски граѓани и селани[449]. Само во текот на 1927 и 1928 година во затворот "Лепоглава" (кај Вараждин - б.м.) биле испратени две групи од Македонија осудени за "политички криминал". Првата група броела 251 лице, а втората 35 лица[450]. Според рефератот на Димитар Влахов, поднесен на Светскиот конгрес против империјалистичкта војна, на 27-29 ноември 1933 година во Амстердам, од 1923 до 1933 година во "Српска Македонија" биле убиени 1.500 Македонци[451].

Покрај преземањето на воени, полициски и судски мерки, па и прибегнување на поединечни физички убиства, државните органи на Кралството на СХС преземале и бројни дипломатски акции за спречување дејствијата на ВМРО во вардарскиот дел на Македонија. Покрај упатувањето на поединечни ноти и директни обраќања и протести до бугарската влада, Министерството за надворешни работи на Кралството на СХС покренувало и заеднички ноти со Грција и Романија

---

[448] *VERITAS... цит, 263-277, CXIV-CXVI; Александар Апостолов, Злетовска област... цит., 555; Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски, КПЈ и ВМРО (Обединета)... цит, 196-204. За жестокостите на српскиот режим во вардарскиот дел на Македонија види и кај Анри Пози, Войната се врща, София, 1992. Оваа книга, во која се опишани "страдањата и маките" на народот во Македонија, како што вели во предговорот нејзиниот автор, познат француски журналист и публицист, наишла на "страшни негодувања" и предизвикала "голема вознемиреност" кај француската јавност.*

[449] *VERITAS... цит., CXVI, XCVIII..*

[450] *АМ, Фонд МНК, кут.10, цитиран "Мемоире", од 28.I1933 година.*

[451] *АИНИ, Фонд ГГ, к.XXXVII1, бр.737.*

против навлегувањето на четите на ВМРО[452], при што обезбедувале и голема дипломатска подршка од другите европски држави, а посебно од Франција и Англија. Меѓутоа, сите протести и вербални ноти на Кралството на СХС, а подоцна и на Кралството Југославија, да издејствува забрана на ВМРО во границите на Бугарија, завршиле со неуспех и скоро редовно биле отфрлани од бугарската влада како неосновани.

— Зошто нема ги за [illegible] ?

452 *АМ, Фонд МНК, кут.10, цитиран "Memoire", od 28.I.1933 godina.*

# 4. ЗАОСТРУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНИТЕ КОНФЛИКТИ И РАСЦЕП НА ВМРО

## а) Заострување на конфликтите во раководството на ВМРО

Противречностите меѓу И. Михајлов и А. Протогеров во раководството на ВМРО се повеќе се заострувале и при крајот на 1927 и почетокот на 1928 година избиле на површината како јавен и непомирлив конфликт на двајцата највлијателни членови на ЦК на ВМРО. Нивната нетрпеливост особено била присутна во меѓусебната кореспонденција. Во бројните повратни писма и белешки, А. Протогеров скоро редовно го обвинувал И. Михајлов за непочитување, нетолерантност, тенденциозност и арогантност, за пишување неосновани клевети против него, поставување ултиматуми и издавање наредби од името на ЦК без негово знење и сл[453].

Нeединството во нивното заедничко работење, договарање и раководење во ЦК на ВМРО особено било нарушено со самоволното заминување на И. Михајлов во Европа. Тој без знаење на А. Протогеров и без претходно запознавање и одобрување од членовите на ЗП, отишол на неколкумесечна турнеа низ европските земји, при што, заедно со неговата сопруга Менча Карничева, потрошил голема сума пари од касата на организацијата[454]. Заедничките состаноци меѓу членовите на ЦК на ВМРО станувале се поретки, по вина, пред се, на И. Михајлов. Во настојувањето сам да раководи со организацијата и самоволно да донесува одлуки од името на ЦК, тој ги избегнувал средбите со членовите на ЦК и ЗП и се повеќе се изолирал со своите помлади приврзаници од раководството на ВМРО. Нeединството и недовербата меѓу И. Михајлов и А. Протогеров особено се манифестирале при одржувањето на ретките заеднички средби, кои,

---

[453]*ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.172, л.58-86. Писма на А. Протогеров до И. Михајлов од 22.IX. и 23. VII. 1927 година.*

[454]*Истината... цит., 11-15. Средствата што И. Михајлов ги потрошил при обиколката на европските земји изнесувале околу 380.000 лева (Исто, 35; БИА НБКМ, Фонд 589, а.е.1, цитирани спомени на Христо Коцев, 482.)*

заради решавањето на важни прашања од интерес за организацијата, не можеле да ги избегнат. Имено, при одржувањето на средбите во Македонскиот научен институт или во илегалните станови на организацијата, и двајцата членови на ЦК биле придружувани со многубројно обезбедување, што само по себе говори за присутната недоверба и стравот од евентуално меѓусебно ликвидирање[455].

Меѓусебните недоразбирања меѓу двајцата водачи на ВМРО, генерално се однесувале на различниот приод во примената на вооружената стратегија и тактика на ВМРО и барањето нови реформи во самата организација. Истакнувњето на принципот на "внатрешноста" на организацијата, било едно од клучните прашања на нивното несогласување за иднината на организацијата. Со напуштањето на овој уставен и во дотогашната практика традиционален принцип на ВМРО, зависела во голем степен натамошната самостојност на организацијата и нејзината независност од надворешните фактори. Враќањето на "внатрешниот" принцип на организацијата подразбирало борбата против поробувачите на Македонија да се води внатре, во самата Македонија, сред македонскиот народ и создавање пошироко и помасовно револуционерно движење[456].

На 14 март 1928 година А. Протогеров доставил декларација до членовите на ЦК и ЗП на ВМРО, во која ги изложил принципите за реорганизација и зачувување "внатрешноста" на организацијата. Навраќајќи се уште еднаш на својот проект од декември 1926 година "За враќање на принципот на внатрешноста", тој во декларацијата подвлекол дека "по секоја цена" треба да се сочува организацијата да биде "внатрешна и да се управува од внатрешни

---

[455] *ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.274, л.8. "Драги Лятов", писмо до А. Протогеров од И. Михајлов од 7.III.1928 година. Во писмото И. Михајлов му предлагал на А. Протогеров на средбите да не водат "повеќе од еден човек" бидејќи со многубројното обезбедување , како што вели И. Михајлов, "стануваме смешни пред луѓето и даваме повод за крајно непожелни толкувања на сите кои гледаат околу нас".*

[456] *В. "Свобода или смърть", бр.75, 19.VII.1928, Н. Томалевски, "Нашите спорови и убиството на А. Протогеровъ", 2-4; бр.88, 20.XI.1928, "Принципа на вътрешностьта", 1.*

борци", а не од емиграцијата која ја прави да биде "надворешна" (подвлекол - З.Т.). Во декларацијата, А. Протогеров повторно го актуелизирал повлекувањето од организацијата пред одржувањето на претстојниот конгрес[457].

Истите согледувања, А. Протогеров му ги изложил на Ефтим Спростаранов, член на НК, негов сограѓанин и близок пријател, во април 1928 година. Во една депресивна состојба, разочаран од состојбите во организацијата, А. Протогеров ја започнал својата исповед со констатацијата: "Гледам дека делото пропаѓа". Пред Е. Спространов, А. Протогеров упатил остри забелешки и критики на сметка на И. Михајлов, пред се, за немањето доверба и единство меѓу членовите на ЦК, дека личноста се ставала "повисоко од идеата", дека се "оди кон диктатура и парадирање" што неминовно водело кон "пропаѓање и крах" на организацијата и дека требало да се создаваат услови за дејствување "внатре" во Македонија. Притоа, А. Протогеров подвлекол: "Ако таа (ВМРО-б.м) не наоѓа основа внатре во Македонија, нашата работа е изгубена " (подвлекол - З.Т.). На крајот од својата исповед, обвинувајќи го И. Михајлов дека тој и неговите приврзаници станале орудие на министерот на војската, генералот И. В'лков, А. Протогеров потврдил дека ќе се повлече од организацијата[458].

Во конфликтот меѓу И. Михајлов и А. Протогеров започнало прегрупирање и во самото раководство на ВМРО. Околу И. Михајлов, покрај неговите истомисленици, резервниот член на ЦК на ВМРО, Јордан Ѓурков и пунктовите началници Иван Караџов, Владимир Куртев, Стојан Филипов, Страхил Развигоров и Кирил Дрангов, му се придружиле и надворешните претставници на ВМРО во странство, пристигнатиот од Америка Јордан Чкатров и вратените од европските земји, Тома Карајовов и Симеон Ефтимов[459]. Исто така, во конфликтот против А. Протогеров, на И. Михајлов му се приклучиле и претседателот на

---

[457]*Истината... цит., 57-60.*

[458]*БИА НБКМ, Фонд 324, а.е.1, цитирани автобиографски спомени на Е. Спространов, 3871-3905.*

[459]*Александър Георгиев Гребенаров, Македонските... цитирана дисертација, 302-303.*

Македонската парламентарна група, Иван Каранџулов, претседателот на НК, д-р Константин Станишев и секретарот на НК, Васил Василев, кој му станал и личен советник.

На страната на А. Протогеров застанале: членот на ЦК на ВМРО Георги Поп Христов и резервниот член Петар Шанданов и членовите на ЗП, Георги Баждаров, Кирил Прличев и Наум Томалевски. Поведението на оваа група, како луѓе на компромис, со развојот на настаните ќе претрпи извесна еволуција во нивната конечна определба. Имено, во почетокот на конфликтот, членовите на ЗП му давале подршка на И. Михајлов[460]. Но, кога во неговото настојување за реорганизација на ЦК и ЗП ги препознале лидерските амбиции и желбата за автократно управување со организацијата, тие набргу му се придружиле на А. Протогеров, подржувајќи го во споровите со И. Михајлов по главните прашања од интерес за организацијата.

Конфликтот меѓу двете спротивставени групи во раководството на организацијата кулминирал во пролетта 1928 година, кога било поставено прашањето околу одржувањето на претстојниот конгрес, изборот на новиот ЦК и натамошмиот статус и компетенциите на ЗП. Чувствувајќи се доволно надмоќен, И. Михајлов предвидувал преку наложувањето на претстојниот конгрес не само официјално да биде прифатена неговата нова вооружена тактика, туку и во духот на неговите идеи да се изврши промена на Уставот и Правилникот на ВМРО. Исто така, тој се надевал на Конгресот по законски пат да го отстрани А. Протогеров од членството на ЦК и да ја намали улогата на ЗП во организацијата.

Несогласувањето меѓу двете групи во раководството на ВМРО најпрвин го предизвикало прашањето за изнаоѓање законска основа согласно Уставот и Правилникот на организацијата за свикување на претстојниот *VII* Конгрес на ВМРО и начинот на избор на делегатите. Имено, се појавило спорно прашањето дали Конгресот да

---

460 *Цветана Иванова Мичева, Вътрешната македонска революционна организация след разцеплението (1928-1931), БАН, Институт по история (дисертация - ракопис) София 1983, 27. Изразувам благодарност на авторката што ми ја отстапи дисертацијата на користење; НА БАН, сб.IV, а.е.153, цитиран ракопис на Б. Видов, 97.*

се свика според член 15 од Правилникот, со кој било предвидено присуство на полн состав на делегатите, 43 души, или според член 170, кој што допуштал при отежнати околности да се изврши избор на помал број делегати[461]. Инсистирајќи на вториот основ, И. Михајлов во преговорите и средбите меѓу претставниците на двете групи, на 8 март 1928 година изнудил потпишување на протокол, со кој се постигнало решение Конгресот да се свика согласно член 170 од Правилникот на ВМРО. Во протоколот било предвидено Битолскиот револуционерен округ наместо 11, да го претставуваат 6 делегати, Серскиот наместо 6, 1 делегат, и Солунскиот наместо 7, 2 делегати. За разлика на драстичното намалување на делегатите на овие револуционерни окрузи кои биле раководени од А. Протогеров, Г. П. Христов, П. Шанданов и М. Шкартов, во протоколот се предлагало Скопскиот револуционерен округ, кој го раководел И. Михајлов, наместо 9, да го претставуваат 8 делегати и Струмичкиот, кој исто така бил под контрола на И. Михајлов, наместо 7, да го претставуваат 4 делегати[462]. Со примената на предложените промени околу изборот на делегатите, И. Михајлов всушност си го осигурил мнозинството на Конгресот. Насетувајќи ја ваквата намера на својот колега од ЦК, А. Протогеров одбил да го верифицира протоколот, а Г. П. Христов се откажал од потписот, обвинувајќи го И. Михајлов за "диктаторство"[463].

Друг проблем кој предизвикал, исто така, спротивставени мислења кај двете групи, бил изборот на новиот ЦК на ВМРО. И покрај тоа што А. Протогеров на неколку наврати најавувал дека ќе се повлече

---

[461] *За споровите пред одржувањето на Конгресот и за причините за убиството на А. Протогеров, види поподробно кај Цветана Мичева, Убийството... цит., 54-69. Исто така, види и кај цитираните брошури издадени од михајловистичките и од протогеровистичките кругови, кои, секој на свој начин, ги третираат споровите и кризата во ВМРО: Защо бъ убитъ Александъръ Протогеровъ; и Истината върху кризата въ ВМРО.*

[462] *Цветана Мичева, Убийството... цит., 60.*

[463] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.353-355, цитиран Извештај на И. Михајлов на VII-от Конгрес на ВМРО, Исто, Фонд 1909, оп.2, а.е.296, л.83-84. "Драги Ангел", писмо до А. Протогеров од Г. П. Христов (под псевдоним "Форов") од 17 и 19.III.1928 година.*

од ЦК, И. Михајлов во преговорите со членовите на ЗП настојувал да истакне свои кандидати, предлагајќи ги своите блиски соработници: Страхил Развигоров, Кирил Дрангов и Владимир Куртев. Предложените кандидати од страна на ЗП, резервните членови на ЦК, Петар Шанданов и Јордан Ѓурков, тој енергично ги одбил[464].

Најголеми и најостри недоразбирања и судири се јавиле во моментот кога И. Михајлов посакал да го укине ЗП, односно според предлогот што го истакнал, ЗП да се назначува од ЦК, а не да се избира на општ конгрес на ВМРО како што било дотогаш. Со ваквата замисла И. Михајлов сакал да се ослободи, како што вели тој, од "монополот на советништвото и компетентноста" на ЗП по сите прашања за организацијата[465], односно, да го централизира управувањето со организацијата од еден раководен орган. А со своето самоволно работење во ЦК на ВМРО, тој веќе го нарушил принципот на колективното работење и ги најавил своите амбиции за единствен водач на ВМРО. Ваквите предлози на И. Михајлов биле категорички отфрлени од членовите на ЗП, Г. Баждаров, К. Прличев и Н. Томалевски. Наоѓајќи се и самите загрозени, дека со укинувањето или со потчинувањето на ЗП на ЦК ќе ги изгубат своите позиции во раководството на организацијата, членовите на ЗП дефинитивно му се придружиле на А. Протогеров, подржувајќи го во конфликтот со И. Михајлов.

За надминување на пројавените несогласувања и отворени судири во раководството на ВМРО биле формирани неколку помирителни комисии од истакнати и заслужни дејци на организацијата. За посредување меѓу И. Михајлов и групата на А. Протогеров, доброволно се јавиле бившите членови на ЦК на ВМОРО, Христо Коцев и Димитар Мирчев. Нивната мисија во мај 1928 година претрпела неуспех и покрај тоа што И. Михајлов ветил дека ќе направи

---

[464]*Истината... цит., 12-14. Одбивањето на П. Шанданов да влезе во идниот состав на ЦК на ВМРО е разбирливо од причини што тој бил активен војвода и истомисленик на А. Протогеров, додека Ј. Ѓурков бил одбиен од И. Михајлов заради неговата "болна амбиција", па така, две амбиции во раководството на организацијата тешко биле остварливи покрај онаа на И. Михајлов.*

[465]*. ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.347-352. За мотивите на И. Михајлов во укинувањето на ЗП види повеќе кај Истината... цит., 20-34*

извесни отстапки[466].

Втората "помирителна комисија", составена од Иван Караџов, Стојан Филипов и Иван Вапцаров, во преговорите меѓу двете спротивставени страни предложиле членовите на ЗП да се избираат од Конгресот, но да бидат потчинети на ЦК. И покрај тоа што овој предлог бил прифатен од двете страни, не бил постигнат договор, а ангажирањето на комисијата завршило повторно со неуспех. Одбивањето на предлозите од страна на комисијата, И. Михајлов го оправдувал со ставот дека членовите на ЗП поставиле услов претходно да се изготви листа на идниот состав на ЦК и ЗП и да им се даде гаранција да бидат избрани во двата највисоки органи на ВМРО[467].

Во јуни 1928 година била формирана трета помирителна комисија во состав: д-р Константин Станишев, Јордан Мирчев и Георги Кулишев. Комисијата при средбите со двете групи се раководела од постигнување согласност по три прашања: за положбата, компетенциите и улогата на ЗП, за бројот и својството на делегатите на претстојниот конгрес и за составот на идното раководство на ЦК и ЗП на ВМРО. И покрај тоа што оваа комисија при разговорите со двете групи укажувала на "страшните и катастрофалните последици" за македонското ослободително движење во случај да се дојде до "целосен расцеп и крвави саморасправии" во организацијата, И. Михајлов воопшто не сакал да попушти во своите предлози. Со ваквото негово однесување во преговорите, според "Протоколот" на комисијата, И. Михајлов настојувал по секаков начин да "стане неограничен и апсолутен раководител на конгресот и во организацијата, да ги отстрани од идното раководство сите неугодни нему личности и така да

---

[466] *Истината... цит., 34-40. Во разговорите со Х. Коцев и Д. Мирчев, И. Михајлов на нивната забелешка за "надворешниот" карактер на организацијата и дека никогаш не влегол во Македонија, им одговорил: " Јас можам и од Кина да раководам и управувам со ВМРО". Притоа, упатувајќи остри зборови кон групата на А. Протогеров, тој & се заканил дека ако не се повлече од организацијата ќе биде принуден да употреби и други "аргументи", заплашувајќи ги со изјавата: "Најпосле ќе проговорат и револверите" (БИА НБКМ, Фонд 489, а.е.1, цитирани спомени на Х. Коцев, 399, 485-486).*

[467] *Истината... цит., 43-44; Защо... цит., 142-146.*

востанови своја апсолутна едночлична власт"[468]. За неуспешниот обид на оваа комисија во помирувањето на двете струи, придонело и непотпишувањето на "Протоколот" од нејзиниот трет член, д-р К. Станишев, кој отворено го подржувал И. Михајлов[469].

Групата на А. Протогеров начелно ги прифатила предлозите на последната комисија и додека таа го очекувала одговорот од И. Михајлов, А. Протогеров бил убиен на 7 јули 1928 година[470]. Како што подоцна изјавил Н. Томалевски, групата на А. Протогеров ги прифатила сите барања на И. Михајлов: ЗП да биде потчинето на ЦК, претстојниот конгрес да се одржи со неполн број делегати и во составот на новиот ЦК да не влезе А. Протогеров[471].

Интересни согледувања за конфликтот меѓу И. Михајлов и А. Протогеров, изнел чехословачкиот дипломатски претставник во Софија, д-р Б. Рејхолец во извештајот до своето Министерство за надворешни работи од 18 јули 1928 година. Во својот опширен извештај за "вистинската состојба" на конфликтот, заснован на "сестрано проверени детали", тој ја изложил следната елаборација од гледиште на својата амбасада во Софија: "Принципиелните противречности меѓу Протогеров и Иван Михајлов се состојат во тоа што Протогеров, како бугарски генерал и бугарски патриот, гледал на Македонија како дел од Бугарија и ги ставил општо државните интереси на Бугарија над тесните македонски интереси, бидејќи бил убеден дека државните интереси на Бугарија наложуваат да не се изостават претензиите спрема Македонија; за него Македонецот е пред се Бугарин. Спротивно, Михајлов е пред се Македонец, кој за своја татковина ја смета само Македонија, но

---

[468]*ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.58, л.1-9, "Протокол" на комисијата во состав: Ј. Мирчев, д-р К. Станишев и Г. Кулишев, София, август 1928 г.*

[469]*Исто, Фонд 890, оп.1, а.е.11, цитирани спомени на Г. Кулишев, 28-32. Како што забележал Г. Кулишев во своите спомени, И. Михајлов великодушно и предложил на комисијата А. Протогеров да се занимава со финансиите и испраќањето на оружје, односно, да работи подалеку од раководството на ВМРО.*

[470]*Исто, Фонд 1932, оп.3, ае.58, л.10, цитиран "Протокол".*

[471]*В. "Свобода или смърть", бр.75, 19.VIII.1928, 2-4, цитирана статија на Н. Томалевски.*

сосема не и Бугарија; неговата цел не е да ја прошири Бугарија, со вклучувањето на Македонија кон неа, туку да се создаде независна Македонија, која евентуално да востанови поинтимни односи со Бугарија, зачувувајќи ја, притоа, својата самобитност. Следствено, тој е македонски "автономист" во вистинска смисла на зборот. Според автономистите во идната слободна Македонија требало да бидат вклучени и двата македонски окрузи што сега и припаѓаат на Бугарија. Во тој однос Михајлов е вистински наследник на Тодор Александров, кој што, исто така, кроел планови да бидат прогласени за независна република двата македонски окрузи што се наоѓаат сега во Бугарија и да бидат откинати од Бугарија; Тој сметал дека на тој начин ќе се олесни обединувањето на трите дела на Македонија, кои сега се распарчени меѓу три држави. Следствено, во идеен однос и Тодор Александров и Иван Михајлов стојат на една иста страна, а двајцата заедно - против ген. Протогеров..."[472].

Посредничките комисии во ништо не допринеле за надминување на недоразбирањата меѓу приврзениците на А. Протогеров и И. Михајлов. И покрај различните ставови, спротивставени мислења и отворени конфликти меѓу двете највлијателни раководни групи во ВМРО по многу важни и стратешки прашања од интерес за организацијата, сепак тие немале никакви меѓусебни идејни разлики, како и во односите со бугарските политички фактори. Судирот, пред се, бил плод на амбицијата на И. Михајлов да стане единствен водач на ВМРО и на неговата властољубивост да се постави над една народна револуционерна организација, чија цел, според неговите декларативни изјави, била дека се бори за ослободување на Македонија.

### б) Убиството на Александар Протогеров

По неуспешните посредувања на трите помирителни комисии, кризата во раководството на ВМРО постепено кулминирала. Станало

---

472 *Чехословашки извори... цит., II, 151-157.*

јасно дека И. Михајлов, одбивајќи ги сите предлози на комисиите, не сакал да се постигне компромис и да дојде до измирување со групата на А. Протогеров. Како што понатаму се одвивале настаните, тој веќе имал изготвено свој план за разрешување на конфликтите со А. Протогеров.

Нов спор меѓу двете спротивставен групи предизвикало прашањето за свикување на претстојниот конгрес на ВМРО. И. Михајлов бил исправен пред искушението да го прифати или да го одбие заклучокот на последната, трета помирителна комисија, составена од д-р К. Станишев, Ј. Мирчев и Г. Кулишев, кој гласел: "членовите на ЦК и ЗП, заедно со резервните членови да одржат заеднички состанок за да се договорат за определување датумот и местото на Конгресот и да изберат комисија која ќе изготви општа кандидатска листа на идни членови на ЦК и ЗП"[473]. Во случај ако го одбиел предлогот, тогаш другите двајца членови на ЦК, А. Протогеров и Г. П. Христов имале законско право да го свикаат Конгресот без негова согласност.

Заплашен да не биде испреварен, И. Михајлов започнал да презема мерки за физичко отстранување на А. Протогеров. Тој не бил задоволен со неговото најавување дека ќе се повлече од организацијата, а уште помалку сигурен во целосното неутрализирање на неговото влијание во ВМРО. Исто така, И. Михајлов се плашел дека А. Протогеров ќе се јави на Конгресот и пред делегатите ќе ги изложи причините за несогласувањата во раководството на организацијата[474]. Ваквото навестување на А. Протогеров било содржано во писмото до ЦК и ЗП на ВМРО од 23 март 1926 година, во кое, меѓу другото, тој подвлекол дека нема да се откаже

---

[473]*ЦДА, Фонд 890, оп.1, а.е.37, л.1-6, "Протокол" на комисијата од август 1928 година.*

[474]*БИА НБКМ, Фонд 324, а.е.1, цитирани автобиографски спомени на Е. Спространов, 3095. Според изјавата на секретарот на А. Протогеров, Коце Поп Атанасов, кој по негова препорака бил испратен на работа во бугарското дипломатско претставништво во Вашингтон, А. Протогеров се подготвувал да замине во САД кај него. На ваквата намера на А. Протогеров, укажува и наводно пронајдениот визиран пасош при неговото убиство (НА БАН, сб.IV, а.е.153, цитиран ракопис на Б. Видов, 102-106.*

од "присуството на Општиот конгрес"[475]. Со отстранувањето на А. Протогеров, И. Михајлов сметал дека многу полесно ќе се справи со другиот член на ЦК, Г.П. Христов, кој не само што бил попустлив и немал големи интелектуални способности, туку и како што го окарактеризирал А. Протогеров, немал "цврст карактер" и не можел да го "одржи своето мислење"[476].

Една од првите мерки за поофанзивно настапување на И. Михајлов била приграбувањето на организационата каса. Извршувајќи вистински препад, тој успеал да ја прибере касата со оклу 20 милиони лева[477]. Понатаму, за да го компромитира А. Протогеров како еден од виновниците во заговорот против Т. Александров и да го оправда планираното убиство, по негова наредба била умножена и распространета фотографија на која А. Протогеров бил заедно со Александар Василев и Георги Атанасов, ликвидирани од ВМРО како главни виновници во убиството на Т. Александров[478].

Во крајно заострени односи и непочитувајќи ги уставните и статутарните одредби, И. Михајлов го заповедал убиството на својот колега во ЦК, А. Протогеров, и тоа токму во моментот кога одел на заедничката средба со него, вечерта на 7 јули 1928 година во Софија[479]. Имајќи ги предвид состојбите во самата организација, и покрај отворените судири и конфронтирања, како и констелациите на односите

---

[475]*ЦДА, Фонд 1932, оп.2, а.е.72, л.9.*

[476]*БИА НБКМ, Фонд 324, а.е.1, цитирани автобиографски спомени на Е. Спространов, 3095.*

[477]*Исто, Фонд 589, а.е.1, цитирани спомени на Христо Коцев, 488; АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVIII18, бр.360; Истината... цит., 54.*

[478]*НА БАН, сб.IV, а.е.153, цитиран ракопис на Б. Видов, 99; В. Пундевъ, Следъ..., цит., 37.*

[479] *БИА НБКМ, Фонд 589, а.е.1, цитирани спомени на Х. Коцев, 489; НА БАН, сб.IV, а.е.153, цитиран ракопис на Б. Видов, 105-106. Според спомените на Мирчо Кикиртиков, еден од телохранителите на И. Михајлов, во моментот на убиството на А. Протогеров тој бил во Горна Џумаја, каде веста за убиството ја коментирал со зборовите: "Големо дело е извршено" (ЦДА, Фонд 1932, оп.4, а.е.33, Мирчо Кикиридков, Спомени, 35).*

во државните и политичките кругови во Бугарија, убиството на А. Протогеров не можело да биде извршено доколку И. Михајлов не добил дозвола од претседателот на бугарската влада А. Љапчев, министерот на војската И. В'лков и "благослов" од царот[480].

Веднаш по убиството на А. Протогеров, И. Михајлов издал комонике во кое извршувањето на чинот го оправдувал со донесеното решение на ВИ-от Конгрес на ВМРО за казнување на останатите виновници замешани во убиството на Т. Александров[481]. За да не му даде гласност на убиството и плашејќи се од реакцијата на македонската емиграција и нејзините организации и друштва во Бугарија, И. Михајлов, преку Ј. Ѓурков, му соопштил на претседателот на НК, д-р К. Станишев, македонските братства да се "воздржат од секакви манифестации" при погребувањето на А. Протогеров и да го зачуваат "спокојството и неутралноста"[482].

Исто така, И. Михајлов преку резервниот член на ЗП, А. Узунов, му порачал на директорот на весникот "Македонија", Г. Кулишев, да не пишува за стореното убиство. Непридржувајќи се на ваквите препораки, во весникот биле објавени повеќе прилози во кои се протестирало против убиството на А. Протогеров. Тоа било и причината Ј. Ѓурков, во името на И. Михајлов, уште еднаш да интервенира и да го заплашува Г. Кулишев да не му дава гласност на убиството во најтиражниот весник на македонската емигарција во Бугарија[483].

Убиството на А. Протогеров довело до остри спорови во НК по прашањето за становиштето што требало да го заземе ова највисоко тело на македонските братства во Бугарија. И покрај спротивставените

---

[480]*Цветана Иванова Мичева, Вътрешната... цитирана дисертација, 58-63. Основаноста за учеството на А. Љапчев, И. В'лков и бугарскиот цар во убиствто на А. Протогеров, Ц. Мичева ги темели врз основа на повеќе укажувања, изјави и спомени на поголем број македонски дејци и бугарски воени и политички функционери: Е. Спространов, д-р В. Руменов, П. Шанданов, П. Трајков, Н. Велев, генерал Мидилов и Константин Лјуцканов.*

[481]*Защо... цит, 167; Истината...; 101.*

[482]*БИА НБКМ, Фонд 589, а.е.1, цитирани спомени на Х. Коцев, 489.*

[483]*ЦДА, Фонд 890, оп.1, а.е.11, цитирани спомени на Г. Кулишев, 33-34.*

мислења, по сугестија на претседателот д-р К. Станишев, НК зазел "неутрален" став, а тоа всушност значело приклонување кон групата на И. Михајлов[484]. Ваквото поведение за наводната "неутралност" на членовите на НК и немање храброст да го осудат убиството на најстариот раководител во ВМРО и член на ЦК, било мотивирано, не само да се зачува единствтото на македонските братства во Бугарија, туку и раководејќи се од своите амбиции да ги сочуваат позициите во НК и во бугарските државни органи.

Посебна полемика на седниците на НК се водела околу уредувачката политика на неговиот орган "Македонија". Притоа, НК на директорот на весникот, Г. Кулишев, му наредил да не пишува за убиството на А. Протогеров и да не се објавува испратеното коминике на Г. П. Христов и П. Шанданов[485]. Споровите по ова прашање завршиле со сменување на Г. Кулишев од местото директор на весникот "Македонија" заедно со другите двајца редактори, Васил Пундев и Никола Церов, додека третиот редактор, Крсто Велјанов, застанал на позициите на НК, односно на И. Михајлов[486].

Против убиството на А. Протогеров остро реагирале членовите на ЗП, членот на ЦК на ВМРО, Г. П. Христов и резервниот член на ЦК, П. Шанданов. Во посебни коминикеа, тие го осудиле убиството на А. Протогеров заповедано од И. Михајлов, против статутите на ВМРО[487]. Убиството на А. Протогеров предизвикало голема реакција не само сред македонската емиграција и бугарската јавност, туку и кај македонските студентски друштва во европските земји[488]. Исто така, убиството на А. Протогеров предизвикало жестока осуда со апелирање за прекинување на меѓусебните противречности и

---

[484] *АМ, Фонд МНК, кут.7, "Протоколи" од седниците бр.28, 36 и 37 на НК.*

[485] *Исто, "Протоколи" од седниците бр. 36, 37, 50 и 51 на НК; ЦДА, Фонд 890, оп.1, а.е.11, цитирани спомени на Г. Кулишев, 34.*

[486] *Исто.*

[487] *В. "Свобода или смъртъ", бр.75, 19. VII.1928, 4-5; Види и кај Истината... цит., 101-102; и В. Пундевъ, Следъ... цит., 11-12.*

[488] *В. Пундевъ, Следъ... цит., 14-22.*

востановување единство во организацијата од страна на повеќе видни европски професори, општественици и публицисти, заштитници на "македонската кауза", како што биле: проф. Густав Вајгант, Еторе Лоди, Чезаре Спеланзон, Л. Неманов и др.[489].

Од македонските дејци единствено Х. Коцев и Е. Спространов имале храброст јавно да го осудат убиството на А. Протогеров[490]. Во своето писмо упатено до "Великата ложа на Бугарија" од 21 септември 1928 година, Е. Спространов барал масонската ложа да преземе мерки против "браќата" Ј. Ѓурков, Ј. Чкатров, В. Василев, Т. Карајовов и С. Ефтимов за извршениот престап надвор од сите правила на масонската ложа против "својот брат" А. Протогеров[491]. Ваквото барање на Е. Спространов до "Великата ложа", било упатено заради тоа што А. Протогеров бил еден од првите членови што имал висока титула "мајстор" на Великата масонска ложа во Бугарија[492].

Убиството на А. Протогеров придонело за голема вознемиреност и поделба на македонската емиграција во Бугарија. И покрај директивите на НК упатувани до македонските братства за зачувување на спокојството и неутралноста, сепак македонските емигрантски и бегалски маси во Бугарија не можеле да бидат рамнодушни со примената на насилни методи и да се помират со расцепот на раководните структури во организацијата. Покрај евидентната поделба на братствата, во македонските емигрантски средини биле присутни појави на разочараност, малодушност, па и повлекување на членовите од организациониот живот на братствата[493]. Исто така, убиството на А. Протогеров предизвикало

---

489 *ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.13, л.1-2; АМ, Фонд МВР, кут.9, 11; В. "Свобода или смъртъ", бр.76, 1.VIII.1928 и бр.77 22.VIII.1928.*

490 *ЦДА, Фонд 1932, оп.2, а.е.16, л.1-11; В. "Свобода или смъртъ", бр.77, 28.VIII.1928, "Защо Иванко уби Асъна?", 14-16.*

491 *НА БАН, Фонд 36к - Ефтим Спространов, а.е.968.*

492 *ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.4, л.1-10.*

493 *Поведението на македонската емиграција во Бугарија по убиството на А. Протогеров, бившиот член на ЦК на ВМРО, Х. Коцев, во своите спомени го дефинирал на следниот начин: "Денес македонската*

поделба и раздор кај македонските студентски друштва во странство. Секретаријатот на Сојузот на овие друштва, со седиште во Виена, отворено истапил против својот член, Никола Коларов, кој самоиницијативно на 6-8 август 1928 година во Минхен свикал конгрес на македонските студентски друштва и застанувајќи на страната на И. Михајлов се обидел да внесе расцеп меѓу нив[494].

Со убиството на А. Протогеров не се разрешиле противречностите меѓу двете спротивставени групи во раководството на ВМРО. Напротив, тоа довело до дефинитивен расцеп на организацијата на две групи, односно на приврзеници именувани по нивните водачи: михајловистичка и протогеровистичка струја на ВМРО. И двете струи формирале свои раководни органи, ЦК на ВМРО. Нивната меѓусебна борба тие ја претвориле за придобивање на македонската емиграција во Бугарија и за претендирање на правото за здобивање признание и легитимитет на својата струја за единствена и вистинска ВМРО. Наместо заедничкиот орган "Слобода или смрт", почнале да излегуваат два весника со идентично име, како органи на двете струи.

Веднаш по убиството на А. Протогеров, Г. П. Христов и П. Шанданов, од името на ЦК на ВМРО, излегле со Декларација пред македонската емиграција и општествената јавност во Бугарија. Во неа тие изјавиле дека наоѓајќи се во позиција на "законска самоодбрана" во иднина нема да ги "пречекуваат со скрстени раце" ударите што им се подготвувале од страна на И. Михајлов и дека ја отфрлуваат "одговорноста од последиците" што ќе настанат од "безумијата на И. Михајлов"[495]. Објавувањето на ваквиот тон на Декларацијата, всушност го навестил не само расцепот во ВМРО, туку и прибегнувањето на нови одмазди и убиства во редовите на организацијата. Меѓусебните убиства

---

*емиграција е разделена: една од интерес или од страв се заштитници на убијците; други - најголемиот дел - се рамнодушни, а трети - малцинството - се во јавна борба со злото" (БИА НБКМ, Фонд 589, а.е.1, Цитирани спомени на Х. Коцев, 489).*

[494]*АМ, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.39; Види повеќе и кај Димитър Г. Гоцев, Младежките... цит.134-136.*

[495] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.14, л.1, "Убийството на Ал. Протогеровъ и най-близкитъ последици".*

на двете струи во ВМРО, познати како "македонски братоубиства", предизвикале почеток на нова криза со несогледиви последици за македонското ослободително движење.

### в) Седми конгрес на ВМРО - расцеп на организацијата

По убиството на А. Протогеров, И. Михајлов побрзал да го свика *VII*-от Конгрес на ВМРО. Осигурувајќи го мнозинството на делегатите, тој планирал дефинитивно да ги отстрани приврзениците на А. Протогеров од редовите на организацијата. Со самата постапка на свикувањето на Конгресот, изборот на делегатите и неговото одвивање, во режија на И. Михајлов, Конгресот добил третман на незаконски, сепаративен Конгрес на приврзаниците на И. Михајлов, претворувајќи се во Конгрес на расцеп на организацијата[496].

Со оглед на тоа што свикувањето на Конгресот не можело да се изврши по законски пат, бидејќи според член 146 од Правилникот на ВМРО требало согласност од другите двајца членови на ЦК, во случајов од Г. П. Христов и резервниот член П. Шанданов, во договор со И. Михајлов, поканата за свикувањето на Конгресот до делегатите на револуционерните окрузи, на 12 јули 1928 година, ја испратиле неговите најблиски луѓе, И. Караџов, С. Развигоров, С. Филипов, Г. Настев и И. Вапцаров, потпишани како делегатите од "Македонија под бугарска власт". Во поканата, "иницијаторите" за свикување на Конгресот ги известиле делегатите дека "истовремено" испратиле покана и до ЦК и ЗП на ВМРО "да се јават на конгресот"[497].

Конгресот се одржал од 21 до 25 јули 1928 година во с. Крупник, Горноџумајско. На Конгресот присуствувале вкупно 18 делегати. Од приврзаниците на протогеровистичката струја Конгресот бил

---

[496] *В. "Свобода или смъртъ" бр.78, 10.IX.1928, "За конгреса на Ив. Михайловъ", 3; бр.115, И.1931, "Въпроси", 4.*

[497] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.9. Од избраните делегати единствено И. Вапцаров (татко на поетот Никола Вапцаров - З.Т.) не присуствувал на Конгресот. Бојкотирајќи го "сепаративниот" конгрес на И. Михајлов, тој ја изгубил наклоноста на И. Михајлов.*

оспорен за немање законски кворум, бидејќи не присуствувале потребниот број делегати, а посебно делегатите од Битолскиот и Солунскиот револуционерен округ[498]. Исто така, плашејќи се да не бидат изложени на репресија, па и физички да бидат ликвидирани, на Конгресот не присуствувале поканетиот член на ЦК, Г. П. Христов, и членовите на ЗП, Г. Баждаров, К. Прличев и Н. Томалевски[499]. Протестирајќи против незаконско свиканиот Конгрес од страна на И. Михајлов, членовите на ЗП упатиле писмо до "активните дејци на ВМРО" на Конгресот. Во "строго доверливото" писмо, тие апелирале да не се признае "сепаративниот конгрес", да се свика општ, редовен и законски конгрес. Во писмото тие ги известиле делегатите дека нема да се јават на "собирот", зашто тоа би значело "собирот" да се признае за конгрес и да се поттикне "БЕЗЗАКОНИЕТО" (со големи букви во писмото - б.м.) во организацијата[500].

Покрај избраните делегати, на Конгресот присуствувале и 14 гости, меѓу кои најблиските приврзаници на И. Михајлов: С. Ефтимов, Т. Карајовов, Ј. Чкатров, К. Велјанов и неговата сопруга М. Карничева[501]. Главен референт на Конгресот бил И. Михајлов, кој давал тон и

---

[498]*НА БАН, Фонд 36к, а.е.936, л.1-4. Според член 150, 151 и 155 од Правилникот на ВМРО, на Конгресот требало да присуствуваат вкупно 43 делегати заедно со тројцата членови на ЦК, а заседанијата на Конгресот се сметале за законски ако присуствуваат најмалку две третини од избраните делегати, односно 29 делегати. Фактичката состојба на присутноста на 18 делегати, всушност не го обезбедува потребниот услов на две третини од минималните 29 делегати (В. "Свобода или смъртъ", бр.78, 10.IX.1928, 3; Истината... цит., 131-133).*

[499] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.5, 352.*

[500]*Исто, Фонд 1932, оп.2, а.е.6, л.1; Истината...цит., 129-130.*

[501]*Исто, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.10. За работата на Конгресот види подробно кај Цветана Мичева, Конгресът... цит., 45-53.*

директива на петдневните заседанија[502]. На Конгресот бил избран нов ЦК на ВМРО, во кој, покрај И. Михајлов, биле избрани Иван Караџов и Страхил Развигоров, а резервни членови Јордан Ѓурков, Владимир Куртев и Иван Поп Ефтимов.

Како што се очекувало, на Конгресот не биле избрани членови на ЗП. Според дискусијата на И. Михајлов на Конгресот, дотогашната работа на ЗП била оценета со "целосна бездејност", со систематско изолирање на ЦК од сите општествени фактори и лица и мешање во неговите компетенции[503]. Во духот на новата програмска и воена стратегија на И. Михајлов, на Конгресот биле извршени измени на Уставот и Правилникот на ВМРО. Со измените и дополнувањата на највисоките законски акти, ВМРО ги изгубила двете свои основни карактеристики: начелото на "внатрешноста" и начелото на "општонародна" организација. Со ваквите измени, ВМРО наместо "народна" организација, се претвоила во "надворешна" и "групно - терористичка" организација[504]. Конгресот донел резолуции за казнување на А. Протогеров, а тоа всушност значело одобрување на решението на И. Михајлов за негово физичко ликвидирање.

Објавувајќи го официјално расцепот на организацијата, Конгресот, всушност пртетставува крај на првата етапа на борбата меѓу двете струи во ВМРО пред нејзиното распуштање во 1934 година. Во оваа етапа, И. Михајлов се здобил со огромно предимство пред приврзаниците на протогеровистичката струја, што му овозможиле "законските решенија" донесени на највисокиот раководен орган на ВМРО - Конгресот.

---

[502] *Во своите спомени, Мирчо Кикиритков, еден од телохранителите на И. Михајлов и убиец на Владислав Ковачев, VII-от Конгрес на ВМРО го окарактеризирал на следниот начин: "Опозиција никаква. Конгресот беше подготвен по волја на И. Михајлов и неговите пријатели. Се одобри тоа што тој го изложи. Конгресот беше негово ехо, Жален и срамен конгрес..." (ЦДА, Фонд 1932, оп.4, а.е.33, 55).*

[503] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.23.*

[504] *Истината... цит., 148-149.*

# ВТОРА ГЛАВА
# ВМРО 1928-1934

## 1. ДЕЈНОСТА НА МИХАЈЛОВИСТИЧКАТА ВМРО

### а) Програмска и политичка платформа

По убиството на А. Протогеров и одржаниот *VII* Конгрес на ВМРО настапила нова етапа во дејствувањето на организацијата. Расцепот на раководните структури во ВМРО придонел таа да се подели на две спротивставени струи: михајловистичка и протогеровистичка. Двете струи во борбата за претендирање правото на вистинската ВМРО тргнале секоја по свој сопствен пат, разликувајќи се по своите идејни програмски концепции, методи и средства на дејствуваање, како и во насоките на барањето нови внатрешни и надворешни сојузници.

Во изградувањето на својата нова програмска и политичка платформа, михајловистичкта ВМРО ја прифатила наследената политичка и вооружена стратегија на автономистичката ВМРО, прогласувајќи се, притоа, за продолжувач на делото на Т. Александров. Во своите политичко - пропагандни активности, оваа струја поаѓала од уставната цел на ВМРО за извојување "целосна политичка автономија" на Македонија[505], што подоцна ќе ја замени со паролата за "независна Македонија".

На *VII*-от Конгрес на ВМРО новото раководство на ЦК, на чело со И. Михајлов донело посебна "Резолуција" за "остварување принципот на севкупноста и автономијата на Македонија". Согласно точка 1 од "Резолуцијата", Конгресот го задолжил новиот ЦК на ВМРО да ја продолжи со сите средства "борбата за извојување автономија на Македонија како единствен услов за мирен развиток на балканските народи и за нивно поврзување во поширока државна заедница, врз

---

[505] *Член 1 од Уставот на ВМРО од 1925 година и преработениот Устав од 1928 година (ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.31, л.1-34 и а.е.4).*

начелата на слободата и рамноправноста"[506]. Преку принципот на "автономијата", ЦК на михајловистичката ВМРО го гледал обединувањето на трите дела на Македонија во одделна и самостојна држава во рамките на Балканска федерација. Прави впечаток дека принципот на "автономијата" михајловистичката ВМРО го разбира како стратегија за преку "културна и легална политичка борба"[507], како што вели И. Михајлов, да се дојде до создавање на самостојна и независна Македонија, а не како тактика за присоединување на Македонија кон Бугарија.

Во своите изјави и интервјуа И. Михајлов се залагал за автономија на трите дела на Македонија, сметајќи, притоа, и на пиринскиот дел на Македонија, односно за "автономна Македонија", во која би влегол и откинатиот дел од Македонија што Бугарија го присвоила. Во таа смисла, на Бугарија и се одрекувало секакво право врз Македонија, па дури и правото да владее со еден дел од Македонија. Во овој дух биле и изјавите на И. Михајлов, дека Бугарија за Македонија "постои само како соседна држава"[508], односно "за Македонија и Бугарија е една туѓа држава, како и секоја туѓа земја"[509]. Критикувајќи ја политиката на Бугарија во однос на барањето за автономија на Македонија, И. Михајлов на *VII*-от Конгрес на ВМРО подвлекол дека како една од важните задачи што претстоеле пред раководството на организацијата, меѓу другите, биле да се работи сред бугарската јавност за искрено прифаќање на "автономна Македонија како единствен спасоносен пат", не само за Македонија, туку и за Бугарија. Во својата дискусија по ова прашање, И. Михајлов борбата за автономија

---

[506]*Исто, а.е.5, л.30.*

[507] *В. "Свобода или смърть", бр.69, 22.IV.1922, "Една среща съ Иванъ Михайловъ", 3.*

[508]*ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.270, л.74-87, "Уважени Г-нъ Въйгандъ", писмо од И. Михајлов (под псевдоним "Скромния" - З.Т.), без датум. Густав Вајганд бил ректор на Лајпцишкиот универзитет. Писмото, по се изгледа, е пишувано во 1924 година, бидејќи И. Михајлов го употребува псевдонимот "Скромния" до убиството на Т. Александров.*

[509]*В. "Свобода или смърть", бр.82, 20.XI.1928, 2-3.*

на Македонија ја гледал во продолжувањето активностите на организацијата на практичен и идеолошки план, а Македонија, како што подвлекол тој, "да си остане самостојна, да не се подаде на бугарската политика"[510].

И покрај тоа што терминот "автономија" И. Михајлов не го елаборирал најпрецизно, на прв поглед, според неговите не до крај образложени изјави, под овој термин тој говорел и мислел за обединета Македонија во нејзините географски граници. Со оглед на тоа што по Првата светска војна Македонија била поделена и нејзините делови се нашле во границите на трите соседни држави, Кралството на СХС, Грција и Бугарија, автономијата се подразбира како обединување на трите дела во самостојна македонска држава, а не присоединување кон било која од трите балкански држави.

Во првите изјави на раководството на ВМРО и И. Михајлов од 1925 година, се спомнуваат неколку можни варијанти за "автономија на Македонија" во границите на федерална Југославија или во рамките на Балканската федерација. Меѓутоа, во изградувањето на својата програмска и политичка платформа, овие пропагандни пароли михајловистичкта ВМРО целосно ги отфрлила. Не само заради тоа што тие биле основни пароли на ВМРО (Обединета) и на протогеровистичката ВМРО, туку затоа што михајловистичката ВМРО во својата политичка платформа ја исклучувала секоја идеа за вклучување на обединета и автономна Македонија во југословенска, јужнословенска или балканска федерација. Својот став против било какво сојузување со југословенската федерација, односно, зближување на Бугарија со Кралството на СХС, михајловистичката ВМРО го најавила на *VII*-от Конгрес со изјавата дека "ВМРО има негативен однос спрема српско - бугарското зближување"[511].

Набргу терминот "автономија", И. Михајлов го заменил со новата парола на неговата ВМРО - "независна Македонија". Веднаш по Конгресот, михајловистичкиот орган "Слобода или смрт" пропагирајќи го терминот "независна Македонија" отворено најавувал "создавање на

---

510 *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.136.*

511 *Исто, л.127.*

една самостојна македонска државна целина"[512]. Ваквото свртување кон терминот "независна Македонија", уште појасно било изразено со изјавите на И. Михајлов на странските дописници од Балканот дека "Македонија ќе ја добие својата сакана независност" и тоа "независна од бугарската држава"[513]. Прифаќањето и пропагирањето на новата парола на михајловистичката ВМРО за "независна Македоніја", а особено пред странските дописници, била под влијание и на хрватската национална и сепаратистичка организација на Анте Павелиќ, со кого во 1929 година И. Михајлов потпишал декларација за заедничка соработка. Истакнувањето на паролата за "независна Македонија", уште повеќе ја исклучувала можноста за присоединување на Македонија кон Бугарија, додека идеата за "автономна Македонија" оставала сомневање за тактичката стратегија наследена од автономистичката ВМРО на Т. Александров за можната опција присакувана од бугарските државни фактори.

И покрај тоа што во пропагирањето на паролата за "автономна Македонија" и "независна Македонија" михајловистичкта ВМРО гледала обединување на трите дела на Македонија во одделна, самостојна и независна македонска држава на Балканот и независна од Бугарија, во нејзините документи таа никогаш не допуштала сомневање за бугарскиот карактер на Македонија и за заедничкото национално потекло на народот во Македонија со народот во Бугарија. Создавањето на автономна, односно независна Македонија, И. Михајлов го гледал од политички и државни цели, а не од национални потреби на македонскиот народ. Настојувањето за зачувување на "бугарскиот елемент " во Македонија, всушност претставува негова главна стратешка цел за создавање на одделна, втора бугарска држава на Балканот, на која тој би бил суверен владетел.

Од друга страна, преку јасно искажаното барање за "полна самостојност на целосна Македонија"[514], михајловистичката ВМРО

---

512 *В. "Свобода или смъртъ", бр.77, 22. VIII 1928.*

513 *Исто, бр.81, 5.XI 1928.*

514 *Исто, бр.135, VII 1932 и бр.140, II 1933.*

подразбирала создавање на "независна Македонија" во нејзините географски и етнички граници, односно на деловите на Македонија што се наоѓале под власта на Кралството на СХС, Грција и Бугарија. Тоа всушност значи дека трите балкански држави "доброволно" би се откажале од окупираните делови на Македонија и би се согласиле за создавање на нова македонска држава на Балканот. Застанувајќи зад ваквата ревизионистичка теза против мировните договори и неповредливоста на балканските граници[515], а особено со пројавените сепаратистички тенденции во однос на Бугарија, михајловистичката ВМРО мошне наивно и утопистички гледала на решавањето на македонското прашање. Тоа само говори дека резолуциите, декларациите и многубројните изјави на раководството на оваа струја не давале гаранција за искреноста и сериозноста на неговите заложби, туку се сметале повеќе за демагошки изјави со цел да ги придобијат македонските емигрантски и бегалски маси во Бугарија и да стекнат уверување кај нив дека михајловистичката ВМРО е единствената организација што се бори за реализирање на македонските вековни стремежи.

Во април 1932 година михајловистичката ВМРО го одржала *VIII*-от и последен Конгрес[516]. За членови на новиот ЦК биле избрани

---

515 *Константин Пандев и Костадин Палешутски, Българското национално освободително движение след Берлинският конгрес (1878-1941), Исторически преглед, кн.3-4, София, 1981, 110.*

516 *За разлика од претходните конгреси на ВМРО, за овој последен конгрес има мошне малку податоци, а уште повеќе за местото и датумот на неговото одржување. Според В. Куртев, Конгресот се одржал на планината Осогово, на врвот Руен (Владимир Спиридонов Куртев, цитиран материјал, 22), а според Б. Видов во с. Тросково, Горноџумајско (Музеј - галерија, Кавадарци, Фонд Мемоарски материјал, Благой Видов, Някои... цитиран ракопис, VI, 59). Според м-р Ванче Стојчев, Конгресот се одржал на 14 и 15 април 1932 година во близина на с. Жиленци, Ќустендилско, на кој присуствувале вкупно 40 души од кои 25 делегати (M-r Stojcev Vance, Istorijska ishodista VMRO, feljton, "Narodna armija", 20.VI.1991, 39).*

И. Михајлов, В. Куртев и Г. Настев[517]. На Конгресот биле донесени резолуции, меѓу кои, за амнестија на сите членови на организацијата ако декларирале дека нема да работат против неа. Исто така, било донесено решение да се продолжи со терористичките акции, не само во Македонија, туку и по целата територија на Кралството на Југославија[518].

Во јануари 1934 година новиот ЦК на михајловистичката ВМРО излегол со "Декларација" пред македонската емиграција во Бугарија и европската општествена дејност, во која остро реагирал против "бесчувствителноста" на Друштвото на народите кон страдањата на македонското население. Во Декларацијата било подвлечно дека организацијата била принудена "да се служи со револуционерни средства во борбата за ослободување на Македонија" заради жестокиот асимилаторски режим од страна на југословенската и грчката влада. Меѓутоа, и покрај ваквата милитаристичка изјава, михајловистичкиот ЦК на ВМРО во Декларацијата изразил и спремност на помирлива отстапка, подвлекувајќи дека секоја промена од страна на југословенските и грчките власти, "што би донела реални гаранции за слободен, национален, културен и политички развиток на македонското население", организацијата ќе го поздравела со симпатија како "почеток на мирно и справедливо разрешување на балканските проблеми"[519]. Ваквото поведение на михајловистичката ВМРО пред нејзината забрана, било не само еден вид реакција на нејзините безуспешни пропагандно - политички и вооружено - терористички активности, туку и под влијание на новата општествено - политичка клима во Бугарија и појавата на нови политички сили во државата.

Програмската и политичката платформа на михајловистичката ВМРО за создавање обединета и независна Македонија, всушност, претставува "максимална" програма на македонското национално

---

517 *АЈ, Фонд МУП, Одељење за државну заштиту, "Постанак, развитак и организација Унутрашње мак. рев. орг. - ВМРО"; Владимир Спиридонов Куртев, цитиран материјал, 22.*

518*Исто.*

519*ЦДА, Фонд 176, оп.6, а.е.2621, л.117.*

ослободително движење. Меѓутоа, истакнувањето на оптималните заложби на македонскиот народ без да се води сметка за политичките околности на Балканот и на веќе стабилизираната меѓународна констелација на европски план, макар и да биле во договор или диктирани од одредени бугарски политички фактори[520], само ја потврдуваат нејзината недоволна политичка зрелост во изборот на реалната стратегија за решавање на македонското прашање. И покрај тоа, истакнувањето на барањето за создавање на обединета и независна Македонија, со откинување на деловите од Македонија заграбени од трите соседни балкански држави, како одделна втора бугарска држава на Балканот, во никој случај не може да се поистоветува со подоцнежната идеа на И. Михајлов за "Швајцарија на Балканот", бидејќи таа, како втора бугарска држава и со иста бугарска националност, ја прикривала вистинската цел во блиска перспектива да се присоедини кон Бугарија, односно да дојде до обединување на двата "идентични" народи.

Решавањето на ваквиот начин на македонското прашање, најдобро им одговарало и на бугарските државни интереси. Во услови кога Бугарија не можела да претендира на трите делови на Македонија, таа во случајот дури и доброволно би се откажала од пиринскиот дел на Македонија за да се создаде т.н. втора бугарска држава. Со воспоставувањето на бугарскиот карактер на новата македонска држава, Бугарија сметала дека ќе се реализираат нејзините политички и државни стремежи, односно како што прижелкувале бугарските државници и политичари, да се слуша "бугарскиот збор" од Црно море до Охридското езеро и од Дунав до Егејското море[521]. Оттука доаѓаат и епитетите со кои се именувала михајловистичката ВМРО за време на нејзиното дејствување, како "националистичка"[522]

---

520*АИНИ, сл.IV.106, "Процес срещу ВМРО", (1946), 55.*

521*Цветана Иванова Мичева, Вътрешната... цитирана дисертација, 182-183.*

522*ЦПА, Фонд 10 - Балканска комунистическа федерация, оп.1, а.е.85, л.1.*

и "шовинистичка"[523] ВМРО, а самиот И. Михајлов за "националист" и "великобугарски шовинист".

б) Улогата во политичкиот живот на Бугарија

По *VII*-от Конгрес ЦК на михајловистичката ВМРО, добивајќи статус на највисок законски избран орган на организацијата, го засилила притисокот врз приврзаниците на протогеровистичката ВМРО. Во борбата со оваа соперничка струја, И. Михајлов се здобил со огромно предимство и надмоќ, имајќи ја подршката на највисоките бугарски државни и воени фактори, пред се, на претседателот на бугарската влада и министер за внатрешни работи, Андреј Љапчев, и министерот на војската Иван В'лков. Исто така, тој ја имал контролата над пиринскиот дел на Македонија и касата на организацијата, а преку подршката на НК и на поголемиот број на македонските организации и друштва во Бугарија.

Михајловистичкта ВМРО го презела целокупното управување со пиринскиот дел на Македонија, кој и понатаму продолжил да се третира како "држава во држава" во границите на Бугарија. Државната власт во оваа област фактички не постоела. Суверенитетот на бугарската држава во голема мера бил нарушен заради узурпирањето на целокупниот општествено - економски и политички живот на населението од страна на михајловистичката ВМРО[524].

---

[523] *ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.351, л.1, "Из доклада на покойния Димитър П. Евтимов до ЦК на БКП от 1935 год.".*

[524] *Во еден извештај на полномошникот на ЦК за Св. Врач од 31.III.1934 година, за положбата во околијата во првото тромесечие на 1934 година, меѓу другото, се вели: "Државните и општинските службеници се коректни и со респект се однесуваат кон органите на ВМРО. Држењето на воените власти и на администрацијата е задоволително. По однос на ВМРО тие се држат резервирано.*

За засилување на организацијата во пиринскиот дел на Македонија новиот ЦК на михајловистичката ВМРО презел бројни мерки и упатства за зацврстување на својот авторитет[525]. Во едно писмо до "Окружниот комитет и околиските полномошници на ВМРО" и до "културните совети" од мај 1932 година, михајловистичкиот ЦК отворено им дал на знаење на своите органи и тела дека "организацијата има амбиција да раководи и да го контролира целокупниот општествено - културен и стопански живот во округот"[526]. Покрај одржувањето на воената готовност на месните чети и нивно постојано обучување и создавање нови терористички групи[527], михајловистичката ВМРО особено внимание посветувала на привлекувањето на македонските легални организации и создавање на културно - стопански совети, односно комитети, со цел да го опфати и работничкиот слој на населението во овој дел на Македонија. Исто така, посебен интерес таа пројавувала во организирањето на младинските организации и нивно воспитување во македонски патриотски дух[528], гледајќи во нив нова сила за пополнување на своите редови.

Организирајќи го, а истовремено и контролирајќи го целокупниот жвот на населението и на државните служби, михајловистичката ВМРО го претворила пиринскиот дел на Македонија не само база за подготвување на своите вооружани акции во вардарскиот дел на Македонија, туку и како еден вид "експериментална држава", со воспоставување на своја локална политичка и економска автономија, потчинета на нејзините органи и институти. Во остварувањето на идеата за "независна Македонија", раководството на михајловистичката ВМРО пиринскиот дел на Македонија го гледала како основно јадро за обединување со другите делови на

---

*Благодарение на тој однос ние се толерираме и не е забележан никаков конфликт" (ЦДА, Фонд 396, оп.2, .ае.39, л.344).*

525 *Исто, оп.3, а.е.26, л.2.*

526 *Исто, оп.2, а.е.39, л.270.*

527 *Исто, а.е.35, л.125 и а.е.38, л.118; Исто, оп.3, а.е.14, л.3-4.*

528 *Исто, оп.2, а.е.35, л.125; а.е.38, л.118 и а.е.39, л.124.*

Македонија. Не случајно, во нејзините документи, особено од 1933 година, пиринскиот дел на Македонија се именувал како "Пиемонт"[529] на идната обединета Македонија. Ваквата улога на "Пиемонт" за "идното учество" на овој дел на Македонија во обединувањето на цела Македонија, според нејзиното раководство, за македонското дело било од "големо морално и политичко значење"[530]. Во своите спомени И. Михајлов, исто така, подвлекол дека ВМРО имала амбиција од "Пиринска Македонија да создаде образец на идната обединета Македонија"[531].

Настапувајќи како легална полуофицијална власт и манипулирајќи со своите ослободителни пароли кај патриотско настроените македонски емигрантски и бегалски маси, михајловистичката ВМРО сметала дека населението во пиринскиот дел на Македонија е должно не само да ја подржува организацијата, туку и да ги осигурува нејзините финансиски потреби. Применувајќи го ваквото свое уверување, таа уште позасилено продолжила со оданочувањето на населението, употребувајќи, притоа, како што признава и самиот И. Михајлов, "парични казни" на оние што одбивале да плаќаат[532].
Според повеќе извори, се смета дека од даноците, паричните казни и од не секогаш доброволно собраниот "Македонски родољубив данок", вкупните средства што михајловистичкта ВМРО ги собирала во пиринскиот дел на Македонија изнесувале од 35 до 70 милиони лева годишно[533]. Одделни извори, со пропагандни цели, пред се, од страна на протогеровистичката ВМРО, ВМРО (Обединета) и од југословенски дипломатски извори, укажуваат на износи од 100 до 150 милиони лева годишно[534], од кои само 22-24 милиони лева се собирале од данокот за

---

529 *Исто, а.е.35, л.125.*

530 *Исто, л.372.*

531 *Иванъ Михайлов, Спомени IV... цит, 400.*

532 *Исто, 407.*

533 *Цветана Иванова Мичева, Вътрешната... цитирана дисертација, 198.*

534 *ЦПА, Фонд 204, оп.1, а.е.16, л.1-10, "6 мъсечен докладъ" на III Областен комитет на ВМРО (Об.), јули 1929 г; В. "Македонска правда",*

тутун[535].

Монополизирајќи го целокупниот стопански и даночен систем во пиринскиот дел на Македонија, одделни раководители, високи службеници и војводи на организацијата ги злоупотребувале своите функции и по пат на заплашување и ограбување на населението, натрупувале огромни лични богатства. Со зајакнувањето на нивната економска сила и моќ и користејќи неограничени права, поголем број од нив се претвориле во вистински трговци, претприемачи и сопственици на големи фирми. На тој начин, во овој дел на Македонија се појавил еден нов капиталистички фактор во лицето на младата македонска буржоазија[536]. Во експлоатирањето на македонските емигрантски и бегалски маси, тие во ништо не се разликувале од бугарските капиталисти и трговци и во голема мера придонеле пиринскиот дел од Македонија да се претвори во "колонија на Бугарија"[537]. Според информациите на бугарското министерство за внатрешни работи, "добиени од теренот", населението од с. Белица, Разлошко, отворено се спротивставило против злоупотребите на новите македонски капиталисти, нарекувајќи ги "грабливци и волци", а организацијата "страшилиште и силеџии за бедниот македонски народ"[538].

Одржувањето на "безбедносната сигурност" на пиринскиот дел на Македонија било пропратено не само со тероризирање и прогонување на оние лица што не се владееле по законите на организацијата, туку и со физичко ликвидирање, мистериозни убиства и исчезнувања на голем број луѓе. Бројните извори и документи укажуваат на масовни убиства извршени од страна на привржаниците на михајловистичкта ВМРО на повеќе места во овој дел на Македонија.

---

*бр.17, 31.XII.1933, "Положението въ Петричкия окрѫгъ", 6-7.*

535*АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVIII/18, бр.360.*

536*ЦДА, Фонд 181, оп.1, а.е.123, цитиран ракопис, 130-133.*

537*ЦПА, Фонд 204, оп.1, а.е.16, л.1-10, цитиран извештај.*

538*АМВР, ОБ-14935, л.99, "Сведения от разни лица", 1933.*

Според ним, во периодот од 1928 до 1934 година во Петричко биле убиени од 15 - 20, во Разлошко 64, во Мелничко 86 и во Неврокопско околу 90 души[539].

Како барометар за зголемениот притисок врз населението во пиринскиот дел на Македонија од страна на раководството на ВМРО мошне илустративно говорат неговите бројни протести и жалби упатувани до бугарските државни органи и до редакциите на бугарските весници и гласилата на македонската емиграција во Бугарија[540]. Против "теророт на Иван Михајлов" повеќе од 100 граѓани од Петричкиот округ избегани во Софија на 27 септември 1928 година упатиле "молба - информација" до претседателот на бугарската влада и министер за внатрешни работи и народно здравје[541]. Група граѓани од Горна Џумаја, крајно револтирани од "неподносливиот терор" и индиферентниот однос на властите, во мај 1933 година упатиле протесно писмо до Министерството за внатрешни работи, заканувајќи се дека народот сам ќе се пресмета со "крвавата банда на Иван Михајлов"[542]. Исто така, имало и појави на поединечно и групно напуштање на домовите и доселување во Софија, па и бегање, односно враќање назад во Кралството на Југославија[543].

Во преземањето мерки за обезбедување на сигурноста и спречување на зачестените напади и грабежи над населението во пиринскиот дел на Македонија, михајловистичкта ВМРО била

---

539 *ЦДА, Фонд 890, оп.1, а.е.39, л.1-4, "Паметна записка", 4.X.1929 г; Исто, Фонд 1932, оп.2, а.е.20, л.1-3; АМВР, ОБ.67-79, л.133-134, цитиран извештај на БКП.*

540 *АМ, Фонд МВР, кут.9, цитиран "Извештај" за состојбата во Петричкиот крај; Исто, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.29. За протестите на македонското население од пиринскиот дел на Македонија и за реакцијата против теророт на михајловистичката ВМРО, види повеќе кај ВМРО (Обединета). Документи... цит, кн.I и II; и во Документи за борбата... цит, Том втори, 36-54.*

541 *ЦДА, Фонд 1932, оп.2, а.е.161, л.1.*

542 *АИНИ, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13 бр.9.*

543 *ЦДА, Фонд 890, оп.1, а.е.39, л.1-4, цитирана "Паметна записка".*

ригорозна и спрема своите членови и платени службеници, казнувајќи ги за сторените престапи или грабежи[544]. Исто така, поставувајќи се како вистинска официјална власт, заради здобивање симпатии кај широките слоеви на населението, а особено кај бедните селански и работнички маси, организацијата преземала голем број хуманитарни акции за помагање на гладните семејства и подобрување на економската положба на населението. Според документите на михајловистичкта ВМРО, во нејзина организација и со финансиска помош, таа се ангажирала во преземањето на бројни мерки и акции за формирање на "доброволни комитети" и фондови за помагање на бедните и изнемоштени семејства, создавање на бесплатни училишни кујни и изградба на пансиони за ученици, подобрување на состојбата со снабдување на вода, изградба на чешми и др.[545].

Со својата парола за создавање на "независна Македонија" и пропагирањето за бугарскиот карактер на Македонија и на македонскиот народ, михајловистичката ВМРО не можела целосно да смета на бројните македонски емигрантски маси. Оваа македонска емиграција, под влијание на ВМРО (Обединета) и БКП и на нивните прогласи и залагања за национално осознавање на македонскиот народ, се повеќе се оддалечувала од националистичката идеологија и демагогија на михајловистичката ВМРО. Имајќи го предвид овој фактор, и покрај силно пројавените сепаратистички тенденции во однос на Бугарија, михајловистичката ВМРО започнала да ги менува своите ставови и да ги приспособува кон "националното самоосознавање" на македонскиот народ[546]. Нејзините залагања за "независна македонска држава" со бугарско население, односно со "македонски Бугари", изгледале неприфатливи и неубедливи кај македонското население во пиринскиот дел на Македонија. Затоа, раководството на оваа струја настапило со нова пропагандна парола,

---

[544]*Казните обично изнесувале до 25 стапа за грабежи, 15 за блудничење и 10 за кражби, како и парична казна од 100 до 500 лева (ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.39, л.334, 346).*

[545] *Исто, а.е.39, л.270-272, 283-284 и 344.*

[546]*Исто, Фонд 181, оп.1, а.е.123, цитиран ракопис, 134.*

силно афирмирајќи го "македонскиот патриотизам"[547] со истакнување посебноста на Македонците и со објаснување дека Македонците не се Бугари, туку посебна националност.

Во спроведувањето на ваквата нова национално - патриотска компонента, михајловистичката ВМРО особено се ангажирала во образовно - воспитаната политика. Во училиштата во пиринскиот дел на Македонија бил воведен посебен предмет "македонска историја", а учениците биле воспитувани дека "македонскиот народ е нешто сосема одделно од бугарскиот", додека учителите по бугарски јазик и литература ги толерирале и ги поттикнувале учениците да "учат, пишуваат и говорат на македонски дијалект". Исто така, и свештениците во црквените молитви се служеле со терминот "македонски народ" а не бугарски[548].

Во борбата за придобивање на македонската емиграција во Бугарија михајловистичката ВМРО не само што се здобила со огромно предимство пред протогеровистичката струја, туку успеала да се наложи врз поголемиот број македонски организации и друштва во Бугарија. Настапувајќи како "вистинска" ВМРО, оваа струја во своите односи со македонските емигрантски и бегалски маси се раководела од принципот дека единствено таа имала право да ги претставува и да ги застапува нивните барања. Исто така, присвојувајќи го решавањето на македонското прашање за нејзин монопол, михајловистичката ВМРО се декларирала како единствена воена сила што се борела против поробувачите на Македонија. Со своето антијугословенско настроение и ревизионистички барања, таа ги погодувала најосетливите чувства кај македонските емигрантски и бегалски маси и ја потстрекнувала нивната мечта за ослободување на татковината и враќање во неа[549].

---

547 *Блаже Ристовски, Портрети и процеси, III, Скопје, 1990, 349.*

548 *В. "Македонска правда", бр.17, 31.XII.1933, 6-7. Како прилог на се повеќе изразениот македонски патриотизам го наведуваме и примерот со училишниот инспектор, кој во пролетта 1934 година, учениците во едно селско училиште во петричкиот крај ги охрабрувал со зборовите: "Трајте, уште оваа година ќе учите на бугарски, догодина - на нашински" (ЦДА, Фонд 181, оп.1, а.е.123, цитиран ракопис, 135).*

549 *Цветана Иванова Мичева, Вътрешноста... цитирана дисертација, 90,*

Во своите методи за привлекување на македонската емиграција, михајловистичката ВМРО не се лишела да се служи и со притисок, заплашување, па дури и физичко посегнување на лицата кои се спротивставувале на нејзината политика и оние кои имале големо влијание и авторитет сред македонските маси. За мошне кратко време, преку НК, таа успеала да го потчини најголемиот број од македонските организации и братства и да го контролира и насочува целокупниот организационен и политички живот на македонската емиграција во Бугарија. Почетната "неутралност" на НК во судирот меѓу михајловистичката и протогеровистичката струја била само привремена маска за мошне брзо да се стави на страната на михајловитичката ВМРО. Не криејќи ја својата наклонетост кон михајловистичката струја, НК уште на Осмиот конгрес на македонските братства, одржан на 24 ноември 1929 година, преку својот претседател д-р К. Станишев, отворено изјавил дека ја признава само онаа организација "што ја претставува Иван Михајлов"[550]. А веќе на Деветиот конгрес, одржан на 25 јануари 1931 година, И. Михајлов бил прогласен за "најголем деец на ВМРО"[551]. Скоро сите македонски организации: НК, Илинденската организација, Македонскиот студентски сојуз, Македонскиот младински сојуз и Македонскиот женски сојуз, биле финансиски помагани и зависни од михајловистичката ВМРО. Раководејќи со нивниот организационен живот, оваа струја решавала за поставување и сменување на членовите на нивните раководни тела и издавала полномоштва на членовите на друштвата за делегати на годишните конгреси на македонските братства.

НК на македонските братства во Бугарија бил најдоследен подржувач на идеата на михајловистичката ВМРО за независна Македонија со бугарски етнички елемент. Во личноста на претседателот на највисокото тело на македонската емиграција во Бугарија, д-р К. Станишев, и на претседателот на Македонската

---

*233.*

550 *АМ, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.81; В. "Македония", бр.939, 29.XI 1929.*

551 *АМ, Фонд МНК, кут.9.*

парламентарна група, И. Каранџулов, михајловистичката ВМРО ги нашла најблиските свои соработници и истомисленици. Како највисоки претставници на македонската емиграција, тие во своите многубројни изјави и настапи на меѓународен план постојано ја застапувале тезата на михајловистичката ВМРО дека Македонците се Бугари и се чувствуваат како Бугари. Меѓутоа, во барањето за добивање малцински права и слободи на "бугарското малцинство", односно за признавање на бугарска националност во вардарскиот дел на Македонија, тие се задоволувале и со добивање право "населението да говори на свој јазик"[552], што од друга страна противречат на нивните изјави дека населението во Македонија е бугарско и говори бугарски јазик.

Со цел да ги зајакне своите разнишани позиции сред македонската емиграција во Бугарија и да го подигне нејзиниот "доста поколебан морал", како и да и покаже на бугарската јавност дека македонската емиграција е единствена[553], раководството на михајловистичката ВМРО и НК организирале "голем македонски собир". Наместо во Софија, каде што конгресите на македонските братства традиционално се одржувале, овој прв "сенароден македонски собир во слободниот дел на Македонија"[554], како што го нарекол раководството на михајловистичката ВМРО, се одржал во Горна Џумаја од 12-14 февруари 1933 година. Организирањето на собирот во "гнездото" на михајловистичката ВМРО било се цел да се застраши и елиминира опозицијата во македонските емигрантски сили, која се повеќе се манифестирала на последните конгреси на братствата. На тој начин, со нејзиното недоаѓање на собирот во Горна Џумаја, И. Михајлов и членовите на НК сметале дека многу полесно ќе можат да ги оневозможат своите идејни противници[555].

---

552 *Исто, кут.16, а.е.28.*

553 *АИНИ, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.20.*

554 *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.51, л.3.*

555 *Со цел собирот да добие голем манифестационен карактер со присуство на што повеќе гости, Министерството за сообраќај одобрило 75% попуст за патување на учесниците до Горна Џумаја, а сите други*

На собирот била донесена "Декларација", во која, на преден план, било истакнато барањето за "оспособување на Македонија во одделна самостојна политичка единица во своите природни и географски граници"[556]. На собирот и михајловистичката ЦК на ВМРО усвоила своја декларација, во која се повикувала организацијата и "сите Македонци" да создадат "ослободителен фронт" за одбрана од Кралството на Југославија и од официјална Бугарија, кои, според раководството на оваа струја на ВМРО, создавале "пречки за успехот на македонското дело"[557]. Во истакнувањето на идеата за "самостојноста на Македонија", на собирот отворено се говорело за "слободно постоење на Петричкиот округ во границите на Бугарија", а заради опасноста од евентуално реагирање на бугарската државна власт, ваквите искажувања биле појаснувани со ставот дека тоа не значело "сепаратизам на македонските Бугари"[558].

По расцепот на ВМРО, зад михајловистичката струја застанала официјалната бугарска влада, подржувајќи ги нивните акции. Во тој однос, особено биле експонирани министерот на војската, генералот И. В́лков и претседателот на владата, А. Љапчев. Во владините кругови и во редовите на организацијата, заради блиските односи и честите контакти со И. Михајлов, И. В́лков го сметале за главен заштитник на ВМРО. Тој отворено ја подржувал и ја помагал организацијата, како и политиката што ја водел И. Михајлов.

Од друга страна. А. Љапчев и покрај наклоноста кон михајловистичката ВМРО, заради надворешните политичко-дипломатски притисоци за спречување на оружените акции на ВМРО во вардарскиот дел на Македонија, имал мошне внимателен однос кон

---

*министерства на своите службеници кои изразиле желба да присуствуваат на собирот им дале седумдневно отсуство ( АИНИ, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.20).*

556 *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.51, л.3; АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVIII/I /19, бр.406.*

557 *АМ, Фонд МНК, кут.16, а.е.1.*

558 *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.51, л.3; АИНИ, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.20.*

оваа струја на И. Михајлов, толерирајќи ги нејзините оружени дејствија и не преземајќи мерки за спречување на зачестените акции. Со своето прокламирано, навидум "неутрално" и "непристрасно" однесување во споровите со протогеровистичката струја, тој всушност ја прикривал поддршката што и ја укажувал на михајловистичката ВМРО. И покрај неговите реагирања за несогласувањето и неодобрувањето на даночната политика што ја водела михајловистичката ВМРО во пиринскиот дел на Македонија, А. Љапчев воопшто не преземал никакви мерки за воспоставување на државниот суверенитет над овој дел на Македонија[559]. Поддршката што овие двајца највлијателни владини функционери му ја укажувале на И. Миахјлов, немала да биде изразена до толкав степен ако зад неа не стоел и самиот бугарски цар, кој имал голема доверба во А. Љапчев[560].

Во меѓусебните физички пресметки со протогеровистичката струја, михајловистичката ВМРО во голема мера ја користела наклоноста и помошта што и ги укажувале бугарските полициски, воени и судски органи. Во голем број случаи, михајловистичките терористи биле пуштани од затворите, не биле кривично гонети и над нив не се преземале никакви казнени мерки и покрај извршените и докажани убиства[561]. Бројните извори укажуваат на перманентни контакти и

---

[559] *Ваквото поведение на А. Љапчев, министерот за надворешни работи, А. Буров, го окарактеризирал за "еквилибристика" што очигледно, како што изјавил тој, имало "корени во царскиот двор" (ЦДА, Фонд 890. оп.1, а.е.11, цитирани спомени на Г. Кулишев, 49).*

[560] *Како прилог на тезата за влијанието на А. Љапчев врз царот Борис III во однос на ВМРО, според Г. Кулишев, говори и советот што царот му го упатил на министерот за надворешни работи А. Буров. Кога овој министер му се пожалил на царот дека ако не се спречат самоволијата на И. Михајлов може да ја доведе земјата "до внатрешна и меѓународна катастрофа", тој му одговорил: "А бре господине Буров, зашто не се сретнете Вие со Иван Михајлов, да му ги кажете тие нешта кои што вие така убедливо ги изнесувате? И тој е добар бугарски патриот. Тој ќе Ве разбере." (Исто, 42).*

[561] *АМ, Фонд ЦП, кут.8. На интерпелацијата на Г. Кулишев доставена до Народното собрание за мерките и резултатите што владата ги презела против убијците - членови на михајловистичката ВМРО, претседателот на владата А. Љапчев го убедувал да не настојува за одговор на доставената интерпелација, зашто, како што дискретно му се поверил: "Колку повеќе ги бркаме (се мисли на*

врски на раководството на михајловистичката ВМРО со бугарските државни, воени и полициски високи функционери. Покрај И. Михајлов, организацијата имала определено и специјални лица задолжени за контактите со бугарските високи функционери, како што биле: Т. Карајовов, Ј. Ѓурков, К. Дрангов, М. Монев и др.[562].

Покрај контактите со државните високи функционери, една од внатрешната стратегија на михајловистичката ВМРО била да се поврзе со сите политички партии и сили и народни пратеници во Бугарија, со цел да ги придобие за остварување на своите цели и да може да смета на нивната подршка во Народното собрание[563]. Од друга страна, михајловистичката ВМРО имала непријателски однос спрема сите оние бугарски политичари и државници кои не ја одобрувале нејзината политика и јавно ги осудувале нејзините терористички методи. Особено непријателски став оваа струја имала кон претседателот на Народното собрание, Александар Цанков, чие пријателство со А. Протогеров продолжило со ставање на страната на протогеровистичката струја. Тој, не само што ја критикувал михајловистичката ВМРО за создавање "држава во држава" во пиринскиот дел на Македонија, туку и бил еден од ретките бугарски политичари што "не ги признавал Македонците"[564]. Обраќајќи му се на раководството на михајловистичката ВМРО дека во својата борба треба да води сметка за безбедноста на државата, А. Цанков мошне остро му се заканил дека во Бугарија "има само Бугари" и дека македонското прашање е бугарско "државно прашање"[565]. Заради подршката што продолжил да им ја дава на протогеровистичката струја, искажаните јавни критики против

---

*михајловистичките терористи - З. Т.), толку повеќе смрди" (ЦДА, Фонд 890, оп.1, а.е.11, цитирани спомени на Г. Кулишев, 37).*

[562]*АИНИ, сл.IV.566, Арсениевски Миле и Крцковски Миле, "Активноста на Ванчо Михајлов од 1918 до 1944" (ракопис), 20-22; Владимир Спиридонов Куртев, цитиран материјал, 4,9,13.*

[563]*Цветана Иванова Мичева, Вътрешната... цитирана дисертација, 257.*

[564] *АЈ, Фонд Централно пресбиро (натаму: ЦП), бр.38, фас.372, а.е.522.*

[565] *АМ, Фонд ЦП, кут.1; Исто, Фонд МВР, кут.9, цитиран Извештај, 14/3.*

михајловистичката ВМРО, како и самиот факт што А. Цанков бил еден од главните политички соперници на нејзиниот заштитник А. Љапчев, раководството на михајловистичката струја, заедно со Дамјан Велчев, бивш началник на Воената академија, ги осудил на смрт, упатувајќи им заканувачки писма[566].

И покрај намалувањето на вооружените акции и започнатиот процес на внатрешното осипување на членството, михајловистичката ВМРО до нејзината забрана во 1934 година била и останала најсилна и највлијателна сила во македонското ослободително движење во Бугарија. Истовремено, таа останала најверно орудие на бугарските државни фактори во спроведувањето на нивните надворешни интереси и неоспорна сила во услуга на нивната внатрешна политика во примената на репресалиите врз заедничките идејни противници.

566 *Исто; Фонд ЦПА, кут.1, рег.бр.48 и 76.*

в) Терористичка активност во вардарскиот дел на Македонија

Основната вооружена дејност на михајловистичката ВМРО и натаму била насочена кон вардарскиот дел на Македонија, но со намален интензитет. По убиството на А. Протогеров сите усилби на И. Михајлов биле насочени кон зацврстување на неговите позиции во пиринскиот дел на Македонија, за придобивање на македонската емиграција и нејзините организации и друштва во Бугарија и во борбата против привrзаниците на протогеровистичката ВМРО. Заради ваквото ангажирање на И. Михајлов во границите на Бугарија, не се помислувало на преземање поголеми и посериозни вооружени акции во вардарскиот дел на Македонија. Намалената вооружена активност на четите на ВМРО била воочена и од специјалниот, мошне информиран дописник на лондонскиот в. "Тајмс". Во еден напис од декември 1929 година, новата состојба во редовите на михајловистичката ВМРО тој ја објаснува со констатацијата дека нејзиниот идеал не бил повеќе "божемно ослободување на Македонија", туку задржување на нејзините позиции што ги приграбила по убиството на А. Протогеров[567].

По *VII*-от Конгрес на ВМРО, четничките акции на михајловистичката ВМРО станувале се помалубројни и наскоро сосема исчезнале од вооружената тактика на организацијата. Тие целосно биле заменети со дејствување на организирани терористички групи. Новата вооружена тактика на михајловистичката ВМРО официјално била прифатена со посебна "Резолуција" на нејзиниот *VII* Конгрес. Поаѓајќи од мотивите на И. Михајлов за напуштање на вооружените акции со големи чети, Конгресот ја одобрил тактиката на дејствување со мали групи и "системот на атентати", преку кои, според И. Михајлов, се постигнувале "многу задоволителни резултати"[568].

Со примената на новата вооружена тактика, приоритет бил даден на извршување на поединечни атентати, додека дејноста на четите била сведена повеќе на разузнувачка служба. Како еден од

567*Исто, рег.бр.66/4.*

568 *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.5, л.29.*

мотивите за примената на новата тактика, бил стремежот да се зачуваат борците на организацијата од изложувањето на поголем ризик, а со атентатите се обезбедувало гласност и се постигнувал саканиот пропаганден ефект дека организацијата постои и дејствува. Од друга страна, и покрај намалувањето на вооружените чети, со новата тактика на терористички акции се постигнувало поголема ефикасност, конспиративност и економичност во дејствувањето на организацијата. Посебно се настојувало организирање на акции со саможртвување на извршителите, со цел да се постигнат пропагандни ефекти кај младите македонски генерации и во меѓународната јавност. Индивидуалните убиства и терористичките атентати станале основни вооружени акции на михајловистичката ВМРО, кои И. Михајлов ги оправдувал со изјавата дека преку нив се зачувувала "елементарната слобода"[569] на македонското население.

Вооружената тактика на михајловистичката ВМРО во вардарскиот дел на Македонија се до нејзиното распуштање во мај 1934 година останала единствено средство за борба, како што се вели во нејзините прогласи, "против поробувачите на Македонија". Во една од последните декларации од јануари 1934 година, михајловистичкиот ЦК изјавил дека е принуден да се служи со "революционерни средства во борба за ослободување на Македонија само заради жестокиот асимилаторски режим на белградската и атинската влада"[570]. Ваквите изјави за продолжување со единствениот можен начин на дејствување на организацијата, биле прифатени и подржувани од одделни кругови кај македонската емиграција во Бугарија, а особено од НК и неговите членови. Одобрувајќи ја тактиката на михајловистичката ВМРО и ставајќи се на страната на И. Михајлов, македонските идеолози во НК ја оправдувале со констатацијата дека "револуционерниот метод на дејство не познава избор на други средства" и дека "насилството од горе (се мисли на југословенските власти - б.м.) раѓа спротивно -

---

569 *Иванъ Михайловъ, Спомени III.. цит, 533.*

570 *ЦДА, Фонд 176, а.е.2621, л.17, "Декларация на ВМРО", януарий, 1934 г.*

насилство - од долу"[571].

Вооружените дејствија и терористички акции во вардарскиот дел на Македонија И. Михајлов и натаму продолжил да ги оправдува пред европската јавност дека други легални и мирни средства не постоеле за остварување целите на ВМРО - "автономија на Македонија"[572]. Притоа, искажувајќи можност дека до колку биде овозможена културна и легална политичка борба во реализацијата на целите на организацијата, И. Михајлов изјавил дека во тој случај ВМРО би ги изменила своите методи и тактика на дејствување, "но не и целта"[573].

За обновување на терористичките акции во вардарскиот дел на Македонија михајловистичката ВМРО не можела повеќе да смета на старите канали и доверливи луѓе, заради подолгата апстиненција на организацијата на вооружен план. Од овие причини, таа почнала да создава нови канали, кои подоцна и послужиле за уфрлување на терористичките групи[574]. Овие конспиративни групи, т.н. "тројки и "петорки", биле составени од четници - професионалци за извршување на атентати, диверзии и убиства. Со обновувањето на терористичките акции и поединечните атентати во вардарскиот дел на Македонија михајловистичката ВМРО и самиот И. Михајлов настојувале и натаму да се прикажат како единствени претставници на поробениот македонски народ и преку извршените акции да го издигаат својот авторитет пред бугарската и европската јавност. Исто така, брзото обновување на терористичките акции од страна на михајловистичката ВМРО било предизвикано и од пропагирањето на протогеровистичката

---

571 *Д-ръ П. Джидровъ, Проблемътъ за Македония. Речь, държана на 27 април 1930 год. по покана на Македонското студентческо дружество "Вардаръ" въ София, 1930. Рец. отъ Л. Милетичъ, Македонски преглед, год. VI, кн.2, София, 1930, 140.*

572 *В. "Свобода или смърть", бр.69, 22.IV.1928, "Една среща съ Иванъ Михайловъ", 3; В. "Македония", 3.IX.1930, Иванъ Михайловъ, "Революционниятъ методъ въ македонското освободително движение".*

573 *В. "Свобода или смърть", бр.69, 22.IV.1928, 3.*

574 *АМ, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.35.*

струја во гласилата на македонската емиграција за успешно извршените акции на десниот брег на реката Вардар, со цел на тој начин да ги ослабне позициите на И. Михајлов сред македонските емиграциони и бегалски маси во Бугарија[575].

Извршувањето на атентатите, особено врз железничките објекти, михајловистичктата ВМРО ги проширила не само на територијата на вардарскиот дел на Македонија, туку и на подрачјето меѓу Врање, Лесковац и Пирот. Главната причина за проширување на терористичките акции длабоко во територијата на Србија, била заради тоа што железничките линии се наоѓале близу границата спрема Бугарија, додека во вардарскиот дел на Македонија тие биле прилично оддалечени од границата. Притоа, на атентаторите им требало повеќе денови да дојдат до објектите, со што се изложувале на поголема опасност да бидат откриени од месното население и од полициските власти[576].

Во периодот од крајот на 1928 до мај 1934 година, михајловистичката ВМРО извршила повеќе терористички акции и поединечни атентати во вардарскиот дел на Македонија. Поголеми атентати биле извршени во 1930 година во Кочани, Крива Паланка, Струмица и Пирот (во Србија), во кои биле убиени и ранети околу 40 души[577]. Во истиот период, југословенските воени и полициски органи успеале да ги уништат последните комитски чети и четнички групи на организацијата[578], во кои бил убиен и познатиот кочански околиски војвода Ефтим Полски. Според податоците на Министерството за внатрешни работи на Кралството на Југославија, во периодот од 1929 до 1934 година во вардарскиот дел на Македонија биле извршени

---

575 *Исто, рег.бр.17..*

576 *Исто, кут.8..*

577 *АИНИ, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.1, "Список на акции на комитските терористи за извршените акции во Македонија"; БИА НБКМ, Фонд 589, а.е.1, цитирани спомени на Х. Коцев, 434; Димитър И. Митев, Англия... цит., 15-16.*

578 *АИНИ, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.14, "Список на уништени бугарски бандити".*

вкупно 101 вооружени акции и терористички атентати. Во овие акции биле убиени 19, а ранети 42 службени лица на државната власт, како и 45 убиени и ранети цивилни лица[579]. Според истите извори, само во периодот од 1 јануари до јули 1929 година, биле убиени 20 четници при обидот да ја преминат бугарско - југословенската граница[580]. Исто така, според истите извори, од 5 април до 29 ноември 1933 година, имало 29 обиди за преминување на границата, при што најмногу инциденти биле регистрирани во Малешевскиот и Царевоселскиот (денешно делчевско - З.Т.) округ[581].

Вооружените акции и терористички атентати на михајловистичката ВМРО претставувале отворена закана за мирот и добрососедските односи меѓу Бугарија и Кралството на Југославија. Постојано вознемирувани и заплашувани југословенските државни власти отворено негодувале и протестирале до бугарската влада, како и до големите европски сили, па дури и се заканувале дека ќе преземат соодветни реваншистички мерки против Бугарија. Ваквите заплашувања на југословенските власти предизвикале и меѓусебни конфронтирања во самите бугарски политички кругови, што довеле до реконструкции и кризни ситуации на бугарската влада, а во 1931 година, покрај другите слабости, и до нејзино сменување. Исто така, и јавното мислење во Бугарија жестоко реагирало против самоволијата на михајловистичката ВМРО, осудувајќи ја дека не водела сметка за меѓународната положба на Бугарија и дека ја компромитирала како правна држава[582].

Терористичките акции на михајловистичката ВМРО што ги применувала во периодот од 1928 до 1934 година, не само што предизвикувале страв, заплашување и несигурност кај југословенските власти во вардарскиот дел на Македонија, туку и служеле како основен метод за ликвидирање на нејзините противници и

---

579 *АМ, Фонд Милан Стојадиновиќ, МФ 2042, цитиран "Report", 3-4.*

580 *АИНИ, Фонд КПЈ, к.XXXVIII/18, бр.365.*

581 *Исто, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.15.*

582 *БИА НБКМ, Фонд 589, а.е.1, цитирани спомени на Х. Коцев, 434.*

воопшто за отстранување на било какво организирано спротивставување против ВМРО во Бугарија. Психолошките ефекти предизвикани од терористичките акции, на што посебно полагал И. Михајлов, во голем степен ги надминувале физичките димензии на организацијата и ги димензионирале нејзините вооружени дејствија.

### г) Надворешна политичка активност

Надворешната политичка и пропагандна активност на михајловистичката ВМРО од јули 1928 година продолжила со несмален интензитет. По убиството на А. Протогеров и привлекувањето на поголемиот дел на македонските емигрантски организации и друштва во Бугарија, една од приоритетните задачи на И. Михајлов била да ги стави на своја страна македонските студентски друштва во Европа и македонските емигрантски друштва во Америка. Покрај присутната "неутралност", во нивните редови имало и појави на поделеност и несогласување по основните програмски цели на ВМРО.

Особена активност на овој план пројавил НК и неговиот претседател д-р К. Станишев. Покрај печатењето на весници, книги, брошури и организирање јавни предавања во странство, членовите на НК воспоставиле блиски контакти со видни и влијателни личности во европските земји. Во почетокот на 1929 година, д-р. К. Станишев ги посетил европските метрополи, Берлин, Париз, Женева, Рим и Виена, каде се сретнал со видни политички, културни и научни личности[583]. Според југословенските дипломатски извори, неговите контакти и организираните предавања и конференции, биле остварени со материјална, морална и дипломатска поддршка на Бугарија и Италија[584]. Според истите извори, за ширење на својата пропаганда во странство, михајловистичката ВМРО му исплатила на НК два милиони лева, со кои раководеле Васил Василев, секретарот на НК,

---

[583]*АМ, Фонд МНК, кут.8, "Протокол НМ 9", од 23 март 1929 година.*

[584]*АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVIII/18, бр.343.*

и Ј. Чкатров, претставникот на организацијата во Америка[585].

Борбата меѓу михајловистичката и протогеровистичката ВМРО за придобивање на македонската емиграција и студентските друштва се пренела и во европските центри. Покрај редовното финансирање на македонските студентски друштва во европските земји[586], раководството на михајловистичкта ВМРО преку својот претставник Никола Коларов, успеало да се наметне врз Сојузот на македонските студентски друштва во странство. Со преместувањето на седиштето на Сојузот од Виена во Париз и со исклучувањето на членовите на Секретаријатот, Петар Манев, Крум Николов и Никола Велев, како приврзаници на протогеровистичката струја, михајловистичката ВМРО и покрај отпорите и негодувањата на повеќе друштва го презела раководството на Сојузот во свои раце[587].

Со цел да ја неутрализира пропагандната обиколка на Г. Баждаров на македонските студентски друштва во странство, И. Михајлов во јануари 1929 година ги испратил С. Ефтимов и Ј. Ѓурков во европските центри да ги придобијат раководствата на македонските

---

585 *Исто, к.XXXVIII /19, бр.386. На каков начин била организирана пропагандната дејност на михајловистичката ВМРО и на НК, мошне илустративно говорат испратените резолуции од VIII -от Конгрес на македонските емигрантски друштва во Бугарија, одржан во ноември 1929 година во Софија. Според "Извештајот" на НК, резолуциите од Конгресот биле преведени на француски, германски, англиски и италијански јазик, печатени и доставени до сите 18 министри на бугарската влада, до ДН во Женева, до редакциите на дневните весници во Бугарија, како и до македонските студентски друштва во странство: во 23 градови во Франција, 25 градови во Германија, 15 градови во Италија, 11 градови во Англија, 17 градови во Австрија, 7 градови во Белгија, 8 градови во Швајцарија и Чехословачка, 18 градови во Америка и тн. Вкупно биле испратени 1.210 примероци, а без пропратни писма 878 примероци од резолуциите на странски јазик, и тоа: 290 примероци на француски јазик, 187 на германски јазик, 149 на англиски јазик и 252 на италијански јазик (АМ, Фонд МНК, кут.8).*

586 *АМ, Фонд МНК, кут.7. НК на своето 55-то заседание донело одлука на македонското студентско друштво во Париз да му се испрати 1.500 француски франци, а на македонското студентско друштво во Лиеж, 2.000 белгиски франци.*

587 *АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVIII/18, бр.374; Михаил Банов Кушев, цитиран ракопис, 18.*

студентски друштва на своја страна и да не дозволат да останат "неутрални" во споровите со протогеровистичката струја[588]. Исто така, во почетокот на 1929 година во Америка повторно бил испратен Ј. Чкатров, бидејќи заземањето "неутрален" став на Сојузот на МПО на настаните што се случувале во Бугарија по убиството на А. Протогеров предизвикале раздори и поделба сред македонските друштва во Америка[589]. За кратко време, тој успеал да го промени настроението на раководството на поголемите македонски друштва и да влијае на напуштањето на нивната дотогашна позиција на "неутралност и немешање" во меѓусебните судири во организацијата[590].

Едно од пропагандните средства на михајловистичката ВМРО за запознавање на нерешениот статус на Македонија и положбата на македонското население во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија, било доставување на меморандуми и петиции до Друштвото на народите (ДН) во Женева. Зад нејзината петиционерска активност се криело остварувањето на минималната програма на организацијата, односно признавање на "бугарското национално малцинство" во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија. Ваквото залагање на михајловистичката ВМРО, всушност значи програмските цели на македонското ослободително движење на меѓународен план да се сведат на решавање на бугарското малцинско прашање во соседните балкански држави.

Од друга страна, бугарските ревизионистички кругови,

---

[588]*БИА НБКМ, Фонд 324, а.е.254, л.36/37. За да го придобие претставникот на ВМРО во Париз, Димитар Спространов, син на Ефтим Спространов, приврзаник на протогеровистичката струја, И. Михајлов му испратил 5.000 франци. Во каква "душевна" состојба, како последица од меѓусебните убиства во организацијата биле михајловистичките емисари С. Ефтимов, Ј. Ѓурков, д-р К. Станишев и Љ. Милетиќ при посетата на македонските студентски друштва по европските центри, говори и писмото на Д. Спространов од 13 март 1929 година испратено од Париз до неговиот татко: "Сите тие што доаѓаа тука се душевно болни. Не можат спокојно да говорат за последните настани, ниту трпат противставување" (Исто, л.38).*

[589]*Александър Гребенаров, Иван Михайлов... цит, 183-184..*

[590]*ЦДА, Фонд 890, оп.2, а.е.1, "Дневник на Г. Кулишев от 10 юни 1930 до 6 ян. 1931 г.", 12.*

синхронизирајќи ја петиционерската активност на михајловистичката ВМРО, го користела активирањето на македонското прашање за свои надворешни политички цели во однос на Македонија, бидејќи според Повелбата на ДН Бугарија немала право директно да се обраќа до Советот на ДН, како и до неговата Асамблеа по прашања за заштита на малцинските права во друга држава[591]. Всушност, ваквата генерална надворешна политичка стратегија на бугарските државни фактори била една од главните причини за нивниот толерантен однос во дејствувањето на ВМРО во границите на Бугарија. На тој начин, следејќи ја политиката за малцинските прашања на бугарските влади, михајловистичката ВМРО ги спроведувала нејзините тези за "бугарската припадност" на Македонците во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија и воопшто на нејзините ревизионистички стремежи кон Македонија.

Со цел да предизвика интервенција на ДН во разгледувањето и исполнување на условите во поднесените меморандуми и петиции, често ваквите документи на михајловистичката ВМРО биле придружувани со засилени вооружани акции во вардарскиот дел на Македонија, и тоа токму пред состаноците на Друштвото во Женева[592]. Имало и случаи кога организацијата, по сугестија на бугарските владини кругови[593], се воздржувала од преземање на терористички акции додека не се

---

591 *Војо Д. Кушевски, Скопскиот - цит, 160; Истиот, За дејноста и улогата на ВМРО на Тодор Александров и Иван Михајлов во врска со поставувањето на македонското прашање во Друштвото на народите (1920-1934) (ракопис, 15-18). Рефератот е поднесен на Научниот собир "100 години ВМРО и 90 години од Илинденското востание", одржан на 23, 24 и 25 октомври 1993 година во Скопје и Битола. Ја користиме можноста да му се заблагодариме на професорот Кушевски за отстапениот реферат.*

592 *АИНИ, Фонд ТАО, к.XXXV/6, бр.602.*

593 *Цветана Иванова Мичева, Вътрешната... цитирана дисертација, 245-246. Авторката посочува документирани примери на интервенции до раководството на ВМРО од страна на претседателот на бугарската влада, А. Љапчев и неговиот секретар, М. Јанчулев, за прекинување, односно пролонгирање на акциите на организацијата во вардарскиот дел на Македонија.*

виделе резултатите од поднесените петиции[594]. Како по правило, сите петиции на михајловистичката ВМРО и на НК биле редовно одбивани заради терористичкиот карактер на организацијата и инволвираноста на бугарскиот државен фактор во акциите на ВМРО, како и самиот факт што ДН не ја третирал ВМРО за легитимен претставник на македонското население во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија.

Токму од овие причини, михајловистичката ВМРО се ангажирала за придобивање на одделни личности од средината на македонскиот народ во вардарскиот дел на Македонија и нивните петиции до ДН да ги припишува како реакција на незадоволството на самото население во овој дел на Македонија[595]. Такви личности биле најдени од средината на интелектуалците и видни граѓани: Димитар Шалев, еден од кметовите на Скопје, Димитар Илиев, судија и адвокат во Велес и Глигор Анастасов, народен пратеник од Кавадарци. Овие лица, а особено Д. Шалев и Г. Анастасов, според архивата на А. Протогеров, уште од средината на 1927 година биле во врска со раководството на ВМРО[596], како и со претседателот на бугарската влада А. Љапчев[597], а нивниот престој во Женева бил финансиран од касата на организацијата. Исто како и петициите на михајловистичката ВМРО и НК и нивните петиции од јануари и мај 1930 година, со интервенција на југословенските дипломатски претставници, биле одбиени од Советот на ДН.

Во барањето сојузници против режимот на југословенските власти во вардарскиот дел на Македонија михајловистичката ВМРО воспоставила отворена соработка со националистичките и

---

[594] *АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVIII/18, бр.376.*

[595] *Исто, бр.372.*

[596] *ЦДА, Фонд 1909, оп.2, а.е.172, л.38-39. "Драги Ванчо", писмо до И. Михајлов од А. Протогеров од 24 мај 1927 година; Исто, а.е.322, л.3-8. "Ув. Господине Протогеровъ", писмо до А. Протогеров од Кера Шалева (сестра на Д. Шалев - З.Т.) од 19 ноември 1927 година.*

[597] *Исто, Фонд 252, оп.1, а.е.360, л.5. Писмо од Г. Анастасов, Д. Шалев и Д. Илиев од Женева до претседателот на бугарската влада А. Љапчев од 22. V.1930 година.*

сепаратистичките сили во Хрватска. Овие сили предводени од Анте Павелиќ, незадоволни од српската хегемонистичка политика, се застапувале за добивање поголеми автономни права и слободи на хрватскиот народ. Врз основа на заедничките програмски цели: "Слобода и независност на Хрватска и Македонија"[598], меѓу раководствата на двете организации, биле остварени блиски контакти и соработка. На 20 април 1929 година, при посетата на Софија, Анте Павелиќ и Густав Перчец, водачи на "Хрватската правашка партија", со НК потпишале "Декларација" за пријателство и општа борба против српскиот хегемонизам и за "извојување човечки и национални права, политичка слобода и полна државна независност на Хрватска и Македонија"[599].

Меѓусебните врски на михајловистичката ВМРО со хрватските претставници уште повеќе се продлабочиле со посетите и заедничките средби на претседателот на НК д-р К. Станишев и членовите Георги Кондов и Иван Хаџов во Виена и Рим во јуни и октомври 1929 година[600]. На 20 - 21 јули 1929 година во Болоња, Италија, претставниците на НК, Г. Кондов и И. Хаџов, со А. Павелиќ и Г. Перчец, во духот на реализацијата на "Софиската декларација" воделе преговори за усогласување на своите терористички акции на поширок план[601]. Соработката на овој план резултирала со испраќањето на познатиот професионален терорист Владимир Георгиев

---

598 *АМ, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.82.*

599 *Исто, Фонд МВР, кут.9. "Постанак, развитак и организације Унутрашње македонске революционарне организација ВМРО", 21; В. "Свобода или смърть", бр.92, 30.IV.1929, "Македонскитъ прокуденици за хрватско - македонски съюзъ", 6-7; VERITAS... цит., CXCVI; Za nezavisnu drzavu Hrvatsku. Povodom trogodisnjice "Sofijske deklaracije" za zajednicku borbu Hrvata i Makedonaca, Wien, 1932, 5-19.*

600 *АМ, Фонд МНК, кут.8, "Протокол НМ 21" од 19 јуни 1929 г. и Н М 41 од 19 октомври 1929 г.*

601 *АИНИ, сл.IV.566, Арсениевски Миле и Крцковски Миле, цитиран ракопис, 30-32.*

- Черноземски и пунктовиот началник на Софија, Кирил Дрангов во Унгарија, каде раководеле со обучувањето на хрватските емигранти - терористи[602].

Истакнувајќи ја паролата за независна Македонија и барање ревизија на Париските мировни договори со насилни средства, михајловистичката ВМРО ги придобила симпатиите на оние европски држави кои биле заинтересирани за промена на границите, во прв ред, на Италија, Германија и Унгарија. Со започнатиот процес на воспоставување и зацврстување на националистичките - фашистички партии во Италија и Германија, михајловистичката ВМРО ја гледала својата шанса за добивање нови сојузници во поддршката за проширување на своите вооружени акции и за остварување на идеата за независна Македонија. На овој план, таа воспоставила мошне блиски односи со Унгарија. Контактите со унгарските воени кругови ги одржувал Ј. Ѓурков, а со унгарскиот амбасадор во Софија, К. Дрангов. Преку соработката со унгарските истомисленици, михајловистичката ВМРО се снабдувала со соодветно оружје за извршување на терористички акции, бомби и слични експлозивни направи[603]. Соработката со унгарските политички кругови уште повеќе се интензивирала со честите посети на К. Дрангов на Унгарија и Австрија[604].

Најголем сојузник на ВМРО и натаму останала Италија, која продолжила да ја користи организацијата како инструмент во водењето на нејзината антијугословенска политика. Имајќи ги предвид воспоставените блиски односи на А. Протогеров со италијансите

---

602 *АМ, Фонд МВР, кут.10. Според досието за Владимир Георгиев - Черноземски на бугарската Дирекција на полицијата, Оделение за политичка полиција, раководството на ВМРО во јули 1932 година, по лично барање на Анте Павелиќ го испратило својот проверен професионален терорист за да му служи како "инструктор - терорист", за набргу да стане негово "доверливо лице" и "помошник - началник" на еден од хрватските логори во Унгарија. (ЦДА, Фонд 176, оп.6, а.е.2604, л.3).*

603 *Владимир Спиридонов Куртев, цитиран материјал, 14; Јосиф Кузов Марков, материјал од неговото сослушување (ракопис), 1 (материјал отстапен на користење од Панче Михајлов).*

604 *ЦДА, Фонд 176, оп.6, а.е.2604, л.3.*

политички и воени кругови и присуството на Н. Томалевски како официјален претставник на ВМРО во Италија, подршката што Италија и ја укажувала на ВМРО се одвивала преку привrзаниците на протогеровистичката струја. По расцепот на ВМРО, под влијание на италијанскиот амбасадор во Софија, Пијачентини, кој се ставил на страната на протогеровистичката струја, контактите со оваа струја на ВМРО и натаму продолжиле со посетите на Н. Томалевски на Рим и средбите што ги имал со италијанските владини претставници. Исчекувајќи го развојот на настаните во редовите на спротивставените струи на ВМРО, Италија продолжила да ја подржува протогеровистичката струја и со финансиски средства[605].

Од своја страна, и михајловистичката ВМРО настојувала да ги сврти симпатиите на италијанските владини и политички кругови и да обезбеди нивна подршка. Со помош на бугарската влада, а особено преку министерот на војската, генералот И. В'лков, кој одржувал мошне блиски односи со италијанските воени кругови, михајловистичката ВМРО постепено ги истиснувала симпатиите на Италија кон протогеровистичката струја. Во јануари 1929 година, со посетата на Т. Карајовов[606] и на И. Михајлов во јули истата година на Рим, биле воспоставени официјлни контакти со италијанските владини кругови. Исто така, на михајловистичката ВМРО и била ветена материјална помош и дипломатска подршка на претстојните заседанија на ДН во Женева[607]. Со назначувањето на генералот И. В'лков за амбасадор на Бугарија во Италија, кој вршел функција и на "таен претставник на ВМРО"[608], позициите на михајловистичката ВМРО кај италијанските политички кругови знатно се зголемиле во однос на

---

605 *Илчо Димитров, Фашистка... цит, 256-257.*

606 *Исто, 258; Истиот, Българо... цит., 130. Користејќи италијански извори, авторот како "претставник на михајловистите" кој дошол од Берлин во Рим, го наведува "Т. Карацов", мислејќи на Иван Карацов, член на михајловистичката ВМРО. Наше мислење е дека всушност се работи за Тома Карајовов, специјалниот претставник на ВМРО во странство, со седиште во Берлин.*

607 *АМ, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.10 и 13.*

608 *Георги Марков, Парола... цит., 70.*

протогеровистичката ВМРО.

Ориентирајќи ја својата надворешна политика првенствено кон Италија, михајловистичката ВМРО ја изгубила дипломатската подршка на другите големи европски сили, пред се, на Англија и Франција. Овие држави биле и најголемите поборници за зближување на Бугарија и Кралството на Југославија, а особено за прекинување на вооружените акции на ВМРО во вардарскиот дел на Македонија, како и за забрана на дејствувањето на организацијата во границите на Бугарија.

## 2. АКТИВНОСТА НА ПРОТОГЕРОВИСТИЧКАТА ВМРО

### а) Програмски цели, идеи и тенденции

По расцепот на ВМРО приврзаниците на А. Протогеров се групирале во посебно крило на организацијата и прогласувајќи се за продолжувачи на неговото дело, ја нарекле својата струја протогеровистичка ВМРО. Покрај веќе декларираните лица, членот на ЦК на ВМРО, Г. П. Христов, резевниот член на ЦК, П. Шанданов и членовите на ЗП, Г. Баждаров, К. Прличев и Н. Томалевски, на оваа струја и пристапиле и резервниот член на ЗП А. Узунов, директорот на весникот "Македонија" Г. Кулишев, новинарот и публицист Васил Пундев, публицистот и литературниот критичар Јордан Бадев, бившите членови на ЦК на ВМОРО, Х. Коцев и Д. Мирчев, членот на НК Е. Спространов, секретарот на Сојузот на македонските студентски друштва во странство Н. Велев и др. Од активните членови на организацијата на воен план, кон оваа струја се приклучиле: М. Шкартов, член на Солунскиот револуционерен округ, Лев Главинчев, одговорен за врските со бугарската Служба за државна безбедност и војводите Пецо Трајков, Крстан Поп Тодоров, Мицо Чегански, Борис Изворски, Георги Гевгелиски, Пандо Струмички и др.

Оваа струја во прво време ја раководеле двата наследени института на организацијата: ЦК, во кој биле двајцата членови Г. П. Христов и П. Шанданов и ЗП во стариот состав, Г. Баждаров, К. Прличев и Н. Томалевски. Уште на почетокот од своето дејствување, во оваа струја биле присутни две гледишта за начинот на продолжување борбата со михајловистичката ВМРО. Еден дел од членовите на потесното раководство се застапувал за постигнување договор и надминување на меѓусебните противречности со михајловистичката ВМРО. Во оваа поумерена група., покрај членовите на ЗП, биле приврзаниците на интелектуалниот дел од членството, како што биле Г. Кулишев, Ј. Бадев и В. Пундев. Другата група била поенергична во своите истапувања и го прифатила предизвикот на приврзаниците на михајловистичката ВМРО за меѓусебна физичка пресметка. Како најекспониран приврзаник на ваквото гледиште и

истовремено лице што projавило најголеми амбиции да биде на чело на оваа струја, бил П. Шанданов. Тој, заедно со П. Трајков и К. П. Тодоров, во улога на ЦК "во сенка", ги раководеле вооружените акции на оваа струја.

Раководството на протогеровистичката ВМРО своите програмско - политички цели за ослободување на Македонија и разрешување на македонското прашање, ги градела на спротивни идејни позиции од михајловистичката ВМРО, мотивирани пред се, од борбата за превласт во организацијата и идејно компромитирање на противничката струја. И покрај идејното еволуирање со прифаќање на демократски принципи и свртување кон левите сили во организацијата, протогеровистичката ВМРО немала изградено постојани и цврсти програмски ставови и стабилна политичка концепција. Честите промени на нејзините програмски цели и скитања во изградувањето на политичката платформа, биле резултат, пред се, на контактите и врските што ги остварувала со ВМРО (Обединета) и со одделни политички кругови на Кралството на Југославија и Бугарија, додворувајќи се кон нивните политички програми.

Во оформувањето на својата програмска физиономија, протогеровистичката ВМРО настојувала да се претстави како продолжувач на целите и заложбите на основачите на организацијата, останувајќи истовремено и приврзаник на уставната определба на ВМРО од 1925 година за извојување "автономна Македонија". И покрај спротивставените гледишта со михајловистичката ВМРО кон идеата за "независна Македонија", помеѓу овие две струи немало никакви разлики во однос на третирањето на македонскиот народ и бугарскиот карактер на Македонија и барањето за зачувување на бугарската народност во Македонија[609].

Наскоро, под влијание на контактите со ВМРО (Обединета), паролата за автономна Македонија прераснала во барањето решение во рамките на Балканска федерација. Ваквото свртување на протогеровистичката ВМРО, за прв пат, се навестува во декларацијата на нејзиниот ЦК од јануари 1930 година. Изнесувајќи го своето политичко

---

609*Константин Пандев и Костадин Палешутски, Българското... цит., 110.*

убедување дека се бори за обединување на поделена Македонија во една целина и создавање на самоуправна и автономна политичка единица, во декларацијата оваа струја ја прифатила "идеата за слободен сојуз со другите балкански држави, при што Македонија и другите држави од тој сојуз да се самоуправуваат"[610]. Истите вакви становишта, блиски со основните програмски цели на ВМРО (Обединета), но поразработени и пообразложени, раководството на протогеровистичката ВМРО ги изложило во "политичката резолуција" од својот вонреден Седми конгрес, одржан во 1931 година во Софија. Истакнувајќи ја својата "политичка цел - обединување на распарчена Македонија во една цела самоуправна политичка единица", оваа струја "потполно ја прифатила идеата за сојузување на Македонија под една или друга форма на управување, со другите слободно определени балкански народи во самостојни политички единици"[611]. За разлика од михајловистичката ВМРО, протогеровистичката струја не очекувала никакви надежи од меѓународните институции и организации за преземање активности за ослободување на Македонија, како и од ДН за признавање на малцинските права на "Бугарите во Македонија"[612].

Со доаѓањето на новата бугарска влада на чело со Никола Мушанов во јуни 1931 година, на местото на А. Љапчев, односите меѓу Бугарија и Кралството на Југославија постепено се подобрувале и во наредните години политиката на зближување меѓу овие две држави зела голем замав. Сообразувајќи се со новата политичка ситуација во Бугарија, протогеровистичката ВМРО реално ги проценила неминовните процеси на зближување на двете дотогаш непријателски настроени соседни држави, и за разлика од михајловистичката ВМРО таа не била против мирот и добрososедските односи на Бугарија со Кралството

---

610 *В. "Свобода или смъртъ", бр.104, 20.И.1930; Види и кај м-р Даринка Пачемска - Петреска, Федеративната идеја... цитирана дисертација, 295-296.*

611 *В. "Революционенъ листъ", бр.1, VIII .1931, "Изъ конгреснитѣ резолюции", 3.*

612 *Исто; Цветана Иванова Мичева, Вътрешната... цитирана дисертација, 279.*

на Југославија. Под влијание на зближувањето меѓу овие две соседни држави, оваа струја ја изменила и својата политичко - програмска платформа, истакнувајќи ја идеата за јужнословенска федерација со Македонија како нејзина федерална единица.

Појаснувајќи ја новата политичка стратегија, раководството на протогеровистичката ВМРО во својот нов орган "Революционерен лист", од декември 1932 година, подвлекло: "Ние сметаме дека македонското прашање дефинитивно се разрешува ако од Југославија се создаде една држава на федеративни начела, во која што целосна Македонија ќе влезе како одделна држава со свое државно самоуправување". Со создавањето на југословенската федерација, раководството на оваа струја сметало дека би се "забрзало реализирањето на идеата за балканска федерација"[613]. Со федеративното уредување на југословенската држава протогеровистичката ВМРО го гледала решавањето на државниот статус на Македонија, не само на вардарскиот дел, туку и на цела обединета Македонија, за на крај, како што сметала таа, да се дојде во рамките на Балканска федерација. Ваквиот начин на "етапно" решавање на македонското прашање, според водачот на оваа струја П. Шанданов, било со цел "најпрвин да се постигне федерација на јужните словени"[614].

Тргнувајќи од правото за гарантирање на "целосни национални, граѓански, политички и културни права и слободи", протогеровистичката ВМРО во декларацијата од март 1933 година, повторно ја истакнала идеата за "создавање од Југославија федеративна држава, во чии граници Македонија да влезе како одделна федеративна единица". Со цел за привлекување на македонските емигрантски и бегалски маси во Бугарија, во декларацијата таа ги повикала сите поробен народи на Балканот и сите "Македонци по светот за братска сплотеност и едногласнот околу издигнатите пароли на ВМРО", истакнувајќи, притоа, дека само тие биле

---

613 *В. "Революционенъ листъ", бр.8, XII.1932, ""Революционнитъ борби въ Югославия и ВМРО", 2-4.*

614 *Исто, бр.12, VII.1933, "Изявления",5.*

единствениот пат за отстранување на ропството во Македонија[615].

Ваквите нереални гледишта и утопистичка стратегија на протогеровистичката ВМРО за интегрирање на целосна и обединета Македонија како федерална единица во рамките на Кралството на Југославија, пропагирани, пред се, за придобивање симпатиите на македонските демократски сили во Бугарија, а притоа не водејќи сметка за политичките конселации на Балканот, македонскиот деец и претставник на левоориентираната македонска емиграција во Бугарија, Димитар Поп Ефтимов, ја нарекол "идеологија и фразеологија" на протогеровистите[616].

Идеата за вклучување на Македонија во југословенската федерација како автономна политичка единица уште повеќе се продлабочила со поврзувањето на протогеровистичката ВМРО со одделни претставници на македонските федералисти, на БЗНС и со бугарската политичка група околу крилото "Звено". Овие кругови изразиле подршка на декларацијата на југословенскиот буржоаски политичар Светозар Прибичевиќ[617], од септември 1933 година, за федеративниот начин на уредување на Југославија. Во неговата декларација се предвидувало вклучување на Бугарија "како рамноправен член на федерацијата" и Македонија "како одделна

---

615 *Исто, бр.10, III, 1933, "Декларация на ВМРО", 1-2.*

616 *АИНИ, Сл.IV, 709, Димитър Попефтимов, Идеология и фразеология. Протогеровизъм или федерализъм на борбите на прогресивната македонска емиграция (писма и документи), 1933, подредени и преписани 1959, Варна (ракопис), 4.*

617 *Svetozar Pribicevic, Diktatura kralja Aleksandra, Beograd, 1952, 161-163. Истакнувајќи го ставот дека Македонија била "јаболко на раздорот" меѓу Србите и Бугарите, С. Прибичевиќ во оваа книга подвлекол дека "денешните Македонци не се ниту Срби, ниту Бугари, туку Македонци. Нивната девиза е Македонија на Македонците". Тој сметал дека треба "самите Македонци, а не другите, да се изјаснат за својата народност" без било каков притисок и да се развиваат како што тие самите сакаат, но главно Македонија да биде во "потполна слобода". Според неговото мислење, "Македонија треба да биде автономна, најпрвин во рамките на денешната, а после во идната Југославија".*

единица"[618].

Политичката програма на С. Прибичевиќ била прифатлива и за раководството на протогеровистичката ВМРО, бидејќи таа во основа прокламирала соборување на тогашната "централистичка, хегемонистичка и диктаторска власт" на великосрпскиот режим и создавање на "народна федеративна југословенска република" со потполни рамноправни единици во федерацијата: Хрватска, Србија, Словенија, Војводина, Босна, Македонија, Црна Гора и Херцеговина, и на кои би им бил осигурен "слободен и самостоен политички живот и развиток"[619]. Со федерацијата меѓу Југославија и Бугарија, во која би се вклучила "обединета Македонија", како автономна политичка единица[620], раководството на протогеровистичката ВМРО го гледало и решавањето на македонското прашање, бидејќи само на таков начин, според него, двете држави, Југославија и Бугарија, би се откажале од претензиите кон Македонија.

Идеите и принципите за создавање на југословенска федерација биле целосно прифатени и од весникот на македонската демократска левоориентирана емиграција во Бугарија "Македонска правда", при што симпатиите кон протогеровистичката ВМРО од страна на македонските емигрантски маси уште повеќе се засилиле. Весникот "Македонска правда" излегол како орган на протогеровистичката ВМРО. Според неговиот прв редактор, Д. П. Ефтимов, весникот бил орган и на македонската "прогресивна" емиграција во Бугарија, бидејќи имал "народна, прогресивна, револуционерна и антифашистичка" програма. Главните точки на нејзината програма биле: "Борба за слободна и независна Македонија, во рамките на Југословенска федерација (...), како етапа кон Балканска федерација; Во идната федеративна Југославија република Македонија да биде потполно слободен и рамноправен член заедно со сите области

---

618*АМ, Фонд МВР, кут.10; АИНИ, Сл.IV. 273, Димитър П. Ефтимов, Борбите на прогресивната македонска емиграция в България (спомени и изповеди), Варна, 1935, книга първа (ракопис), 57.*

619 *АИНИ, Сл.IV, 273, Димитър П. Ефтимов, цитиран ракопис, 57.*

620 *АМ, Фонд МВР, кут 10.*

во државата, во нејзините природни, географски и етнографски граници, цела и неделива; Македонското прашање не е бугарско прашање, ниту српско или грчко, туку чисто македонско прашање, а македонскиот народ никому не ги делегира своите права да го претставува; Идеологијата на македонското национално ослободително движење и во иднина си останува строго централистичко, прогресивно (антифашистичко), радикално, революционерно и антиврховистичко, зашто и на југословенска почва има врховизам"[621].

За разлика од протогеровистичката актуелна политичка и програмска стратегија, весникот "Македонска правда", особено додека нејзин редактор бил Д. П. Ефтимов, мошне искрено ја прифатил и во своите прилози широко ја афирмирал идеата за југословенската федерација. Решавањето на "македонскиот проблем", весникот го гледал преку братска соработка и зближување меѓу Србија и Бугарија[622]. Притоа, на колоните на овој весник се афирмирал ставот дека "Македонија им припаѓа само на Македонците" и дека борбата за нејзина слобода нема да престане "додека обединета Македонија не ја добие својата слобода - под било каква форма - само Македонија да биде цела, неделива, самоуправна, во која сета власт да му припаѓа само на македонскиот народ"[623]. Бранејќи го "најревносно" чисто македонскиот карактер" и тргнувајќи од позициите на "една потполна слобода на Македонија", весникот "Македонска правда" новите насоки на македонското ослободително движење ги гледал во "извојување на една слободна самостојана, автономна Македонија, како рамноправен член на една слободна, народна, федеративна југословенска република и иден рамноправен член на една слободна народна федеративна балканска република"[624]. Останувајќи доследен на идеата за

---

621 *ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.351, "Из доклада на покойния Димитър П. Евтимов до ЦК на БКП от 1953", 11-12.*

622 *В. "Македонска правда", бр.2, 10.IX.1933, "За сръбско-българското споразумение", 1.*

623 *Исто, бр.3, 17.IX.1933, "Внимавайте, консули!", 1.*

624 *АИНИ, Сл.IV.273, Димитър П. Ефтимов, цитиран ракопис, 88.*

југословенска федерација, согласно политичката програма на С. Прибичевиќ, редакторот на весникот "Македонска правда", Д. П. Ефтимов и самиот подвлекол дека во идната југословенска федеративна република "Македонија нема да биде провинција на бугарската држава, туку самостојна политичка единица, како рамноправен член на федерацијата". Според него, "Санстефанска Бугарија" била идеал на "болни умови", а со влегувањето на Бугарија во новата преустроена Југославија, Македонија ќе имала гаранција за "подолготраен мир на Балканот, услов за обединување на разединетиот македонски народ"[625].

Изградувајќи ја својата "општо-македонска и прогресивно - народна" платформа, весникот "Македонска правда" отворено истапувал дека "македонското прашање не е бугарско прашање" и не може да служи како монета за поткусурување на бугарските влади и на нивните државни интереси и дека "Македонија им припаѓа само на Македонците"[626]. Со ваквата политичка платформа и уредувачка политика, весникот "Македонска правда" настојувал, не само да ги задоволи и да добие симпатии кај македонската емиграција и кај сите лево и десно ориентирани македонски емигрантски струи и сили во Бугарија, туку и да ги обедини и сплоти во заедничка борба против бугарската и македонската реакција и против сите врховистички пројави во македонското ослободително движење. Покрај критиките упатувани до михајловистичката ВМРО, како "наемници на политичките сили во Бугарија", весникот отворено укажувал и на опасноста од "југословенскиот врховизам" на протогеровистичката ВМРО[627], бидејќи со нејзиното програмско свртување кон југословенскиот федерализам се негирал традиционалниот пат на борба на македонското ослободително движење. Заради ваквата промакедонска уредувача политика на весникот, дошло до разидување со приврзаниците на протогеровистичката ВМРО и со

---

625 *Исто, Сл. IV. 709, Димитър Попефтимов, цитиран ракопис, 6.*

626 *Исто, Сл. IV. 273, Димитър П. Ефтимов, цитиран ракопис, 88-89.*

627 *Исто, 89.*

политичката група "Звено", која била еден од финансиерите на весникот[628].

Посегајќи против "будната македонска мисла" бугарската полиција го конфискувала бројот 11 на весникот[629], а нејзиниот главен редактор Д. П. Ефтимов поднел оставка[630]. Натамошното уредување на весникот го презеле приврзаниците на протогеровистичката ВМРО, продолжувајќи со компромитирање на михајловистичката ВМРО и спроведувајќи ги политичките ставови на "Звенарите" и тоа токму во периодот пред извршувањето превратот од нивна страна.

Со преземањето на весникот "Македонска правда" и со натамошните свои активности, протогеровистичката ВМРО повторно се вратила на своите стари гледишта во однос на решавањето на македонското прашање. Обвинувајќи го Д. П. Ефтимов за развивање "теоријата за некаков македонски народ", еден од раководителите на протогеровистичката ВМРО, П. Трајков, му дал на знаење дека неговата организација, односно протогеровистичката ВМРО, работела како "Бугари и за идеалот на бугарското племе"[631]. Во истиот дух била и декларацијата на ЦК на протогеровистичката ВМРО од 10 јули 1933 година. Отфрлувајќи ги енергично обвинувањата за било каква врска со политичкиот круг "Звено", со комунистите и со владеачките и други политички партии и фактори во Бугарија, во декларацијата раководството на оваа струја се залагало за "воспоставување на суверенитетот на бугарската државна власт" и за "зачувување на бугарското национално огниште и изградување на посветла идила на бугарското племе"[632].

---

628 *ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.351, цитиран извештај на Д. П. Ефтимов, 10.*

629 *В. "Македонска правда", бр.12, 26.XI.1933, "Македонска правда конфискуванъ", 1.*

630 *АИНИ, Сл.IV.709, Димитър Попефтимов, цитиран ракопис, 13-18.*

631 *Исто, Сл. IV. 273, Д. Поп Ефтимов, Из моя дневник от 1928 до 1934, преписан 1959, Варна (ракопис), 130.*

632 *В. "Революционенъ листъ", бр.12, юлий 1933, "Декларация на ВМРО", 1-2.*

Ваквите маневрирања на протогеровистичката ВМРО и враќање на нејзините стари позиции, Д. П. Ефтимов, како непосреден сведок на нејзиното преобразување, ги нарекол "лажно федералисти" на бившите врховисти, ученици на Т. Александров и другари на И. Михајлов, и дека нивната парола за југословенска федерација била само "една маска" зад која се криел "стариот врховизам"[633]. Тоа всушност покажува дека недоследните и неискрените програмски цели и политички стратегии на протогеровистичката ВМРО и послужиле само како средство за придобивање сојузници за борба против михајловистичката ВМРО и преземање приматот во македонското ослободително движење.

б) Воена тактика и вооружена активност

По расцепот на ВМРО михајловистичката струја во борбата за привлекување на македонската емиграција во Бугарија имала многу поголема надмоќ и успех во однос на протогеровистичката ВМРО. Приврзаниците на протогеровистичката струја успеале да ги зачуваат своите позиции само кај Охридското братство. Како своевиден протест против убиството на својот сограѓанин А. Протогеров, а само неколку месеци подоцна по убиството извршено врз неговиот претседател Наум Белев, на 21 ноември 1928 година[634], братството ги прекинало врските и се отцепило од Сојузот на македонските братства.

Покрај Охридското братство, протогеровистичката ВМРО имала влијание и кај Битолското, Крушевското и Струмичкото братство, додека во градовите, само во Варна македонската емиграција била целосно на нејзина страна[635]. Несогласувајќи се со политиката на НК во подржувањето на михајловистичката ВМРО, ова

---

633 *АИНИ, Сл. IV. 709, Димитър Попефтимов, цитиран ракопис, 60.*

634 *В. Пундевъ, Следъ... цит., 74.*

635 *ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.351, цитиран извештај на Д. П. Ефтимов, 5.*

највисоко тело на македонската емиграција во Бугарија, според југословенските дипломатски извори од Софија, го напуштиле неговиот потпретседател, Лазар Киселинчев и членовите: Ефтим Спространов, Борис Антонов, Наум Јакимов и Јордан Мирчев[636].

Од надворешните сојузници, единствено Италија и Албанија, во првите месеци од расцепот, ја подржале протогеровистичката ВМРО, благодарејќи на воспоставените врски од порано, преку Н. Томалевски, Г. П. Христов и П. Шанданов. Исчекувајќи го развојот на настаните по расцепот на ВМРО, Италија продолжила да ја финансира протогеровистичката струја[637]. Но наскоро, таа се преориентирала кон михајловистичката ВМРО, со што раководството на протогеровистичката струја ја изгубило Италија како свој најголем сојузник и финансиер.

По *VII*-от Конгрес на протогеровистичката ВМРО, односно прв и единствен конгрес на оваа струја, покрај идеолошкото свртување во политичката програма, голема промена претрпела и нејзината вооружена активност, особено во интензитетот и јачината во спротивставувањето на меѓусебните пресметнувања со приврзаниците на михајловистичката ВМРО. По убиствтото на Г. Баждаров и Н. Томалевски и повлекувањето на Г. П. Христов и К. Прличев од организационите работи, единствен член во раководството на протогеровистичката струја останал П. Шанданов. Добивајќи одврзани раце во раководењето со организацијата, а со цел да ги постави основите на својата политичка платформа и вооружена тактика, П. Шанданов побрзал со свикувањето на конгрес на организацијата. Конгресот, во голема тајност, бил одржан кон крајот на јули 1931 година во Софија. На Конгресот бил избран нов ЦК од пет членови и тројца резервни членови што живееле во Македонија. Заради конспиративниот карактер на нивното дејствување во Македонија, Конгресот решил да не им ги објавува имињата[638].

---

636 *АМ, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.42.*

637 *Илчо Димитров, Фашистка... цит., 257.*

638 *В. "Революционенъ листъ", бр.1, VIII.1931, "Из конгреснитѣ резолюции", 2-3. Според Б. Видов, во ЦК биле избрани П. Шанданов, П.*

Во однос на методите и тактиката на вооружената борба, протогеровистичката ВМРО продолжила да го подржува традиционалниот начин на дејствување на организацијата преку четнички групи, не прифаќајќи ја новата тактика на терористички акции и атентати, промовирана од И. Михајлов. Во врска со прашањето за методите и средствата на борба, раководството на протогеровистичката ВМРО во декларацијата од јануари 1930 година, на преден план ја истакнала "револуцијата" како крајно средство за борба, тргнувајќи, пред се, од политичкото, националното и економското ропство на завојувачите во Македонија[639].

Основната определба на вооружената тактика и стратегија на протогеровистичката ВМРО е содржана во политичката резолуција од нејзиниот *VII* Конгрес. Во резолуцијата било подвлечено дека издвојувањето на слободата на Македонија единствено било остварливо преку "масовна народна револуционерна борба" на македонското население, без разлика на вера, народност и политичко убедување[640]. Застанувајќи зад револуционерниот метод на средство, оваа струја ги осудила индивидуалните терористички акции, освен во случаите на неизбежна самоодбрана или кога се гарантирало "сигурен успех на Делото"[641], и тоа не за "надворешни ефекти", туку само како средство за "поттикнување борбата" во Македонија[642].

Развивајќи ја својата "револуционерна стратегија" за ослободување на Македонија, протогеровистичката ВМРО за прв пат побарала соработка со другите поробени народи на Балканот "за создавање општ национално - револуционерен фронт", како и морална и

---

*Трајков и К. П. Тодоров, а заменици Лев Главинчев и Григор Петков (Музеј - галерија, Кавадарци, Фонд Мемоарски материјал, Благој Видов, Някои... цитиран ракопис, VI, 12-13).*

639 *В. "Свобода или смъртъ", бр.104, 20.I.1930.*

640 *В. "Революционенъ листъ", бр.1, VIII.1931, 3.*

641 *Исто, бр.10, III.1933, "Декларация на ВМРО", 1-2.*

642 *Исто, бр.8, XII.1932, "Изъ кой пътъ?", 1-2.*

материјална подршка од страна на "сите пријатели и симпатизери на македонското ослободително дело"[643]. Прифаќањето на идеата за создавање на единствен фронт со национално - револуционерните организации на Балканот, не сметајќи, притоа, на работничкото, комунистичкото и другите класни движења, на извесен начин ја предодредила и новата тактика на организацијата како национално - ослободителна и социјална револуција за ослободување на Македонија. За жал, ваквата еволуција на воено - тактичкото скршнување на лево, на практичен план не донела никакви конкретни резултати, освен обидите за соработка со ВМРО (Обединета) за постигнување договор за борба против михајловистичката ВМРО, што била и основната цел на оваа организација.

Критикувајќи го врховистичкото поведение на раководството на михајловистичката ВМРО, како орудие на бугарскиот империјализам на Балканот, раководството на протогеровистичката ВМРО се залагало за зачувување на основните принципи на организацијата: општонародниот карактер и внатрешноста и независноста на организацијата[644]. Истакнувајќи го принципот на "внатрешноста" на организацијата како "гаранција за независноста на Делото" и подвлекувајќи дека сите "несреќи на македонското ослободително дело доаѓале секогаш однадвор", П. Шанданов на *VII*-от Конгрес изјавил дека "од судбоносно значење за македонското ослободително дело" е раководството на ВМРО "да се наоѓа во самата Македонија, а не по периферијата или подалеку од неа"[645]. И покрај тоа што протогеровистичката ВМРО прокламирала изградување на внатрешниот карактер на организацијата и задолжителен престој на членовите на ЦК во Македонија, настојувајќи, притоа, да се прикаже како вистински претставник на македонскиот народ, сепак таа со своето ограничено дејствување на самиот терен во Македонија, како и михајловистичката ВМРО, го задржала карактерот на емигрантска

643 *Исто, бр.1, VIII.1931, 3.*

644 *Исто, бр.2, X.1931, "Догмитъ въ ВМРО", 1.*

645 *Исто.*

организација. Што се однесува до општонародниот карактер и принципот на независноста, кои посебно биле третирани во резолуциите на *VII*-от Конгрес, протогеровистичката ВМРО ништо не сторила за масовно организирање на македонскиот народ. Уште повеќе, таа не се придржувала на независниот карактер на организацијата, поврзувајќи се, притоа, со оние политички кругови во Бугарија кои не гледале со симпатии кон михајловистичката ВМРО, како што била политичката група "Звено".

Немајќи подршка кај поголемиот дел од македонската емиграција во Бугарија, а особено кај владеачките кругови на Бугарија, протогеровистичката ВМРО немала сили и средства да востанови организациона структура не само во вардарскиот дел на Македонија, туку и во Бугарија, односно, во пиринскиот дел на Македонија. Додека раководството на михајловистичката ВМРО располагало со своја територија и база во пиринскиот дел на Македонија, многу поголеми и редовни финансиски средства и регрутирала огромна воена сила, распоредена хиерархиски по комитети, чети, милиција и терористички групи, протогеровистичката струја била принудена да се ограничи само на своите привржаници околу раководството во Софија, каде била нејзината основна база. Со цел да им парираат, односно да се "самоодбранат" од терористичките атентати на привржаниците на михајловистичката ВМРО, раководството на протогеровистичката струја се ангажирало во секој град во Бугарија, а посебно во Софија, да формира ударни групи, т.н. "ударни команди", од самите македонски емигрантски средини. При создавањето на ударните групи, протогеровистичкиот ЦК им ги ставил на располагање своите "стари и проверени терористи" за да ги раководат во "парализирањето дејноста" на михајловистичките терористи[646].

Според изворите на раководството на протогеровистичката ВМРО, во 1933 година таа располагала со над 40 групи, кои броеле околу 150 души - терористи во Софија, додека во Пловдив и во Варна имала 7-8 групи. Исто така, оваа струја имала групи со "голема ударна сила" и во

---

646 *Исто, бр.8, XII.1932, "Едно предупреждение", 15.*

Русе, Бургас, Хасково, Стара Загора, Враца и Плевен[647]. Според истите извори, на нејзиниот ЦК му биле потребни 3 милиони лева за да може да "подготви и преземе офанзива" против терористите на михајловистичката ВМРО[648]. А според податоците на михајловистичката разузнувачката служба, протогеровистичката струја имала околу 60 - 70 души -терористи во Софија, како и терористички групи во другите градови во Бугарија[649].

Со цел за успешно да им се спротивстави на бројните приврзаници на михајловистичката ВМРО, раководството на протогеровистичката струја уште на почетокот на своето организационо дејствување донело решение да го преземе нивното главно упориште, пиринскиот дел на Македонија, и да ја претвори оваа област во своја организациона база. За остварување на оваа цел, П. Шанданов и М. Шкартов во втората половина на јули 1928 година организирале пет вооружени групи, со вкупно 33 души и ги испратиле кон Разлог и Неврокоп. Групите биле предводени од војводите: Пандо Струмички, Борис Изворски, Лазар Христов, Георги Гевгелиски и Димитар Димашев. Во месноста Јундол, групите биле пресретнати од четниците и милицијата на михајловистичката ВМРО и разбиени, при што биле убиени 13 души, меѓу кои и војводата П. Струмички. Неуспехот на првата експедиција не го поколебало раководството на протогеровистичката ВМРО. Во август истата година, тоа повторно организирало една експедиција од 16 вооружени души и ја испратила во Неврокопско. Групата била брзо откриена и разбиена, а 12 души од нив биле фатени и по жестоко сослушување ликвидирани[650].

---

647*АМ, Фонд МВР, кут.10, шифрован извештај за состојбата во Бугарија од 4.IV.1933 година.*

648 *Исто. "Драги Ставре", шифровано писмо од 15.I.1931 година.*

649 *Цветана Иванова Мичева, Вътрешната... цитирана дисертација,. 291.*

650*Исто, 135-136; В. "Свобода или смъртъ", бр.79, 5.X.1928, "За експедициитъ", 4-5 и бр.80, 1.XI.1928, "По стъпкитъ на Стоянъ Мишевъ и Тодоръ Паница", 5-7. За експедициите на протогеровистичките групи види и кај Ангел Динев, Политичките... цит., 188-189; и Защо... цит., 177-188.*

Вооружените експедиции и нанеле сериозен удар на протогеровистичката ВМРО, компромитирајќи ја организацијата кај македонската емиграција во Бугарија за главен виновник на братоубиствата во пиринскиот дел на Македонија. Не успевајќи да го прикрие неуспехот на испратените вооружени групи пред своите симпатизери од македонската емиграција, раководството на оваа струја го оправдувал со објаснувањето дека втората експедиција била испратена со задача да отиде кај македонскиот народ во вардарскиот, пиринскиот и егејскиот дел на Македонија за да му ги објаснат причините за убиството на А. Протогеров[651].

Со цел да го поврати борбениот морал кај своите приврзаници, раководството на протогеровистичката ВМРО во 1929 година презело голема акција во западните области на вардарскиот дел на Македонија, каде од порано имала воспоставено свои канали и бази во Албанија. Преку Г. П. Христов и Н. Томалевски била осигурена и материјална подршка од Италија за организирање на нејзините акции во овој дел на Македонија преку Албанија[652].

Во јули 1929 година неколку групи предводени од Г. П. Христов, П. Шанданов, П. Трајков, К. П. Тодоров, М. Чегански, Наум Јосифов и други приврзаници на протогеровистите, преку Албанија се префрлиле на територијата на Дебарско и Битолско. Престојувајќи неколку недели во овие области, тие настојувале да го организираат народот и да ги обноват организационите комитети и центри. За да и дадат гласност на акцијата, тие инсценирале организирање на

---

651 *В. "Свобода или смъртъ", бр.79, 5.X1928, 4-5*

652 *АМ, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.66/4; АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVII/18, бр.360. Според овие југословенски извори, Италија на Г.П. Христов и Г. Баждаров во почетокот на март 1929 година им дала два милиони лева за продолжување акциите преку Албанија. А според италијанските дипломатски извори, протогеровистичката ВМРО преку Н. Томалевски во август 1928 година барала од Италија два милиони лири за вооружени дејствија на организацијата, од кои еден дел и бил исплатен. Притоа, на италијанските финансиери им била испратена "програмата на протогеровистите за акциите во Македонија" (Илчо Димитров, Фашистка... цит, 256-258).*

конгрес и избирање раководство на организацијата[653]. Откриени кај с. Златари, Ресенско, и после еден мал вооружен судир со југословенските полициски власти кај с. Смилево, протогеровистичките групи се повлекле во Албанија и преку Италија се вратиле во Бугарија[654].

И покрај краткиот престој и главно мобилизаторските активности кај македонскиот народ во овој дел на Македонија, каде за разлика од михајловистичката ВМРО уживале поголеми симпатии, на акцијата на протогеровистичките групи им било посветено големо внимание и простор во нејзиниот весник "Слобода или смрт", како и во новото гласило на оваа струја "Вардар"[655]. Ваквиот пропаганден ефект на оваа единствена поголема акција на протогеровистичката ВМРО во вардарскиот дел на Македонија имал за цел да се подигне угледот на оваа струја меѓу нејзините приврзеници во Бугарија. Исто така, како што оцениле југословенските дипломатски претставници во Софија, со "фалењето на протогеровистите за успешен почеток на револуционерните акции на десниот брег на р. Вардар", се сакало да се засенат терористичките атентати на михајловистичката ВМРО на левиот брег на р. Вардар. А уште повеќе, според истите извори, да се придобие Италија, како и нејзините покровители во бугарските политички кругови, за натамошна материјална подршка на нејзините акции во вардарскиот дел на Македонија[656].

Во понатамошното дејствување на протогеровистичката ВМРО до 1934 година, според документите и изворите на оваа струја, не биле забележани други навлегувања и вооружени акции во западните области на вардарскиот дел на Македонија. Единствено имало поединечни

---

653 *Цветана Иванова Мичева, Вътрешната... цитирана дисертација, 299-301; Иван Катарџиев, Време... цит., 286-287.*

654 *Цветана Иванова Мичева, Вътрешната... цитирана дисертација, 301-303.*

655 *В. "Свобода или смъртъ", бр.96, 1.VIII.1929 и бр.97, 15.VIII.1929; В. "Вардаръ", бр.1, 18.VIII.1929, бр.3, 1.IX.1929 и бр.4, 8.IX.1929.*

656 *АМ, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.17.*

префрлувања на нејзини приврзаници преку југословенско - албанската граница, со задача за одржување контакти со нивните сојузници во Албанија и Италија.

в) Воспоставување контакти со ВМРО (Обединета)

Во меѓусебниот судир со михајловистичктата ВМРО, протоегеровистичката струја, бројно хендикепирана и наоѓајќи се во тешка материјална положба и политичка дефанзива, трпела низа удари и неуспеси. Плашејќи се од опасноста да биде наполно елиминирана како фактор во македонското ослободително движење, а за поуспешно да му се спротивстави на И. Михајлов, таа, и покрај изјавите и декларациите за самостојната ориентација на своето политичко ангажирање, била принудена да бара подршка и сојузници и кај други внатрешни и надворешни сили и организации.

Со промената на нејзината политичка стратегија и истакнувањето на паролата за автономна Македонија во рамките на Балканска федерација, неминовно дошло и до воспоставување контакти и водење преговори за постигнување заемна соработка со ВМРО (Обединета). Според досегашните објавени извори и податоци од самите актери во преговорите, иницијативата за водењето на првите разговори и двете страни ја негираат, препуштајќи ја истовремено на другата страна. Додека Димитар Влахов и Алексо Мартулков во своите објавени спомени подвлекуваат дека П. Шанданов прв побарал средба со ВМРО(Обединета)[657], П. Шанданов, Јордан Анастасов и М. Шкартов, во своите необјавени спомени и изјави пишуваат дека ВМРО (Обединета), како заинтересирана страна, го поканила П. Шанданов

---

[657] *Димитар Влахов, Мемоари... цит., 289; Алексо Мартулков, Моето учество... цит., 372.*

на разговор со нејзините претставници[658].

Расцепот во ВМРО бил будно следен и од ВМРО (Обединета), која сите промени и нови моменти во дејноста на двете спротивставени струи ги регистрирала во својот орган "Македонско дело". Брзата промена на политичкото дејствување на раководството на протогеровистичката ВМРО најпрвин била забележана од членовите на национално федералистичката струја на ВМРО (Обединета). Воочувајќи ја "идеолошката еволуција" кај одделни лица од ВМРО, Георги Занков, еден од претставниците на национално федералистичката струја на ВМРО (Обединета), во писмото од 10 јануари 1929 година до ЦК на ВМРО (Обединета) и до претставниците на СССР, БКП и БКФ, им сугерирал дека конфликтот во ВМРО "треба да се искористи на еден внимателен начин за нивно идејно издигање на бескорисни и чесни дејци до сознанието дека нивното место и нивниот пат е во нашата средина". Во писмото, Г. Занков се залагал за нивно привлекување кон ВМРО, и тоа само во случај, како што истакнал, "ако нашите гледишта потполно се совпаѓаат со нивните". Понатаму, во писмото Г. Занков подвлекол дека "е голема политичка грешка" што весникот "Македонско дело" подеднакво ги третирал "сите групи" во ВМРО, за на крај да заклучи дека неприфаќањето на соработката и несоодветното третирање на приврзаниците на протогеровистичката ВМРО, "не само што нема да ни донесе никаква полза, туку и ќе не постави во една глупава осаменост"[659].

Првиот контакт, според Павел Шатев и Благој Видов, меѓу членовите на национално федералистичката струја на ВМРО (Обединета): Георги Занков, д-р Филип Атанасов, Славе Иванов и Петар Карчев, со претставниците на протогеровистичката ВМРО: Мишо Шкартов, Георги Гевгелиски, Јосиф Кондов и Христо Ампов, како член на ВМРО (Обединета) во Бугарија, бил остварен во февруари 1928 година во

---

658 *АИНИ, Сл.IV.106, Процес срещу ВМРО, София, 1946 (ракопис), 69; Музеј - галерија, Кавадарци, Фонд Мемоарски материјал, Благой Видов, Някои... цитиран ракопис, В, 90; Цветана Иванова Мичева, Вътрешната... цитирана дисертација, 327.*

659 *ЦПА, Фонд 204, оп.1, а.е.6, л.1-7. Писмото е потпишано со "Огняновъ" (псевдоним на Г. Занков - З.Т.).*

Ѓурѓево, на романско - бугарската граница. Според Б. Видов, М. Шкартов добил "директива за идната работа и пари"[660].

Според Ј. Анастасов, средбата меѓу П. Шанданов и некои претставници на ВМРО (Обединета), била остварена со знаење на Георги Димитров, како раководител на Балканскиот револуционерен центар во Виена. По негов налог во Софија бил испратен федералистот Васил Антонов да воспостави поцврсти врски со П. Шанданов и да го покани на преговори во Париз[661]. На разговорите водени со П. Шанданов во февруари 1929 година во Париз, ВМРО(Обединета) ја претставувале Д. Влахов и Ј. Анастасов. Како што подвлекол во своите спомени Д. Влахов, средбата во Париз имала "запознавачки карактер" и не била заклучена "никаква спогодба"[662]. П.Шанданов ги запознал двајцата претставници на ВМРО (Обединета) за состојбата и поведението на михајловистичката ВМРО, претставувајќи ја својата организација дека се борела против бугарскиот двор и владата и дека сакала да ја зачува својата самостојност. Единствен услов за зближување меѓу двете организации, тој побарал ВМРО (Обединета) и нејзините гласила да не ја третираат протогеровистичката струја подеднакво со михајловистичката ВМРО.

Според Ј. Анастасов, средбата во Париз завршила со постигнување договор двете организации, секоја во своите средини, да работат на меѓусебното зближување и истото да се пропагира во нивните печатни органи, а обединувањето, како крајна цел, требало да

---

660 *АМ, Фонд РСВР, Пописник 1, материјал бр.19, Извод од изјавата на Шатев Поцев Павел, 23, 38; Музеј - Галерија, Кавадарци, Фонд Мемоарски материјал, Благој Видов, Някои... цитиран ракопис, V, 100. Благој Видов по потекло е од Кавадарци, работел како новинар во в. "Македонија" и во други гласила на македонската емиграција во Бугарија меѓу двете светски војни, бил член и активист на ВМРО (Обединета) и симпатизер на протогеровистичката ВМРО, соработувајќи мошне блиску со својот сограѓанин Мишо Шкартов.*

661 *Цветана Иванова Мичева, Вътрешната... цитирана дисертација, 327; Дечо Добринов, Георги Димитров и Вътрешната македонска революционна организация (обединена) (1925-1936г.), Исторически преглед, кн.2, София, 1982, 95.*

662 *Димитар Влахов, Мемоари... цит., 289-290.*

се изврши врз платформата на ВМРО (Обединета)[663]. Од средбата П. Шанданов излегол со "цврсто убедување дека за кратко време ќе биде возможно да се реализира обединувањето на распрснатите македонски револуционерни сили"[664].

Ако се верува на насилно истргнатата изјава на Симеон Кавракиров, дадена на михајловистичките иследници на 14 јули 1932, претставниците на ВМРО (Обединета) во преговорите со П. Шанданов поаѓале од ставот да го "претпочитаат постоењето на Шандановци како одделна ВМРО од михајловистите и тие да водат взаемна борба, отколку да станат јавни приврзаници на ВМРО (Об.) и како такви да водат борба со михајловистите"[665]. На ваквото однапред резервирано и недоверливо однесување на раководството на ВМРО (Обединета) се надоврзува и објаснувањето на Д. Влахов за мотивите што ја воделе организацијата да ги прифати приговорите со П. Шанданов: "За нас беше важно да се продлабочи пропаста што постоеше - од една страна - меѓу организацијата на протогеровистите (...) и меѓу терористичката организација на Иван Михајлов, од друга"[666].

Преговорите и договорените ветувања од меѓусебните средби на двете организации не донеле никакви конкретни резултати. Раководството на ВМРО (Обдинета), на чие чело стоеле претставници на комунистичката струја, Д. Влахов и Владимир Поп Томов, кои спроведувајќи ја линијата на Коминтерната и БКП, не правеле разлика помеѓу михајловистичката и протогеровистичката струја на ВМРО. Ваквата позиција на ВМРО (Обединета) во своите спомени Д. Влахов ја објаснува со констатацијата дека ВМРО (Обединета) продолжила да ја води "принципиелно" својата борба против двете организации на ВМРО во Бугарија[667]. Истовремено, и

---

[663]*Цветана Иванова Мичева, Вътрешната... цитирана дисертација, 328.*

[664]*Цитирано според Костадин Палешутски, Македонският... цит., 211.*

[665]*В. "Свобода или смърть", бр.138, XII.1932, "Изъ показанията на Симеонъ Кавракировъ", 1-9.*

[666]*Димитар Влахов, Мемоари... цит., 289.*

[667]*Исто, 290.*

органот на ВМРО (Обединета) "Македонско дело" продолжил подеднакво да ги третира двете организации и да ја разобличува нивната дејност. Изјавите на раководството на протогеровистичката ВМРО весникот ги толкувал за "демагогија" и "привремени настроенија", подвлекувајќи дека нивната организација во ништо не се разликувала од михајловистичката ВМРО[668].

И покрај резервираниот однос на раководството на ВМРО (Обединета), контактите со претставниците на протогеровистичката ВМРО продолжиле. Според Б. Видов, главен посредник меѓу овие две организации бил М. Шкартов[669], кој бил привлечен од Х. Ампов[670] и од С. Каврakиров да работи за ВМРО (Обединета)[671]. Според преписката на Михаил Герџиков, помеѓу претставниците на национално федералистичката струја во ВМРО (Обединета) и привrзаниците на федералистичката и национално-револуционерната струја на протогеровистичката ВМРО дошло до поблиски контакти со посредство на М. Шкартов од пролетта 1929 година[672]. Контактите помеѓу претставниците на овие две македонски национално федералистички и револуционерни струи се интензивирале по внатрешните идејни судири во раководството на ВМРО (Обединета). По одржувањето на Првата конференција на ВМРО (Обединета) во Берлин, во јуни 1929 година,

---

[668]*В. "Македонско дело", бр.78, 25.XI.1928; бр.79, 10.XII.1928; бр.86, 25.III.1929; бр.87, 10.IV.1929; бр.92, 25.VI.1020; и бр.105, 10.I.1930.*

[669]*Музеј -галерија, Кавадарци, Фонд Мемоарски материјал, Благой Видов, Някои... цитиран ракопис, V, 100; Цветана Иванова Мичева, Вътрешната... цитирана дисертација, 330.*

[670] *Музеј - галерија, Кавадарци, Фонд Мемоарски материјал, Благой Видов, Някои... цитиран ракопис, V, 100.*

[671]*Цветана Иванова Мичева, Вътрешната... цитирана дисертација, 327; Костадин Палешутски, Македонският... цит., 211; Истиот, Югославската... цит., 216. Овие извори, како и сеќавањето на Б. Видов, укажуваат дека не е точно тврдењето на А. Мартулков дека тој бил "одреден" за врската меѓу ВМРО (Обединета) и протогеровистичката струја во Бугарија (Алексо Мартулков, Моето учество... цит., 372-373).*

[672] *Михаил Герджиков, Спомени... цит., 288-393. Види и кај ВМРО (Обединета). Документи и материјали... цит., 186-350.*

одделни претставници на национално федералистичката струја, на чело со Павел Шатев, се отцепила од организацијата и се префриле во Цариград[673]. Дејствувајќи во Цариград, а со цел да го зголемат своето членство за успешно да и парираат на комунистичката струја на ВМРО (Обединета), на чело со Д. Влахов и В. П. Томов, претставниците на оваа струја уште поблиску се поврзале со приврзаниците на протогеровистичката ВМРО во Бугарија.

Приврзаниците на овие две струи на македонското ослободително движење, распрснати во Европа и Бугарија, се групирале во едно ново македонско национално јадро со исти федералистички идејни позиции. Во оваа група биле привлечени поумерените и недоволно експонираните членови на македонското ослободително движење, како што биле: Павел Шатев, Јордан Анастасов, Георги Занков, д-р Филип Атанасов, Лазар Поповски, Мишо Шкартов, Михаил Герџиков, Христо Ампов, Георги Гевгелиски, Јосиф Кондов и др.[674].

Отцепената национално федралистичка струја на ВМРО (Обединета), во ноември 1929 година во Цариград одржала конференција, на која покрај П. Шатев, Ф. Атанасов и Г. Занков, присуствувале и М. Шкартов и Х. Ампов од Бугарија, како и Петар Карчев, Стојан Терзијанов и три-четири санданисти од "пиринскиот дел" на Македонија[675]. На конференцијата било избрано Привремено раководство, во кое влегол и М. Герджиков, кој делувал во Цариград[676]. На конференцијата, меѓу другото, се водело дискусија за

---

673*За Берлинската конференција на ВМРО (Обединета) види повеќе кај д-р Иван Катарџиев, Време... цит., II, 67-81; Димитар Влахов, Мемоари... цит., 280-284.*

674*Исто; Михаил Герджиков, Спомени... цит., 288-393.*

675 *АМ, Фонд РСВР, Пописник 1, Материјал бр.19, цитирана изјава на П. Шатев, 39; Музеј - галерија, Кавадарци, Фонд Мемоарски материјал, Благој Видов, Някои... цит., V, 100.*

676 *За Цариградската конференција види повеќе кај д-р Иван Катарџиев, Време... цит., II, 81-89; М-р Даринка Пачемска - Петреска, Федеративната идеја... цитирана дисертација, 263-264.*

негаторскиот однос на комунистичката струја на ВМРО (Обединета) кон протогеровистичката ВМРО, за желбата да се измени таквиот однос и да се востановат поцврсти контакти меѓу двете организации[677]. Според учесникот на конференцијата П. Шатев, по дискусијата била изработена резолуција, во која се подвлекло дека групата била на "иста револуционерна линија за општ балкански и македонски револуционерен фронт" и за "масовна револуционерна борба", а против "четничките и терористичките акции". Исто така, во резолуцијата било сугерирано да продолжи соработката со комунистичките организации и да се побара дипломатска и друга подршка од Советскиот сојуз за остварување идеата за балканска федерација[678].

На 19 април 1930 година бил потпишан Протокол меѓу ЦК на ВМРО (Обединета) и претставниците на цариградскиот центар, според кој национално федералистичката струја на ВМРО (Обединета) ги прифатила програмата, тактиката и статутите на ВМРО (Обединета). Во Протоколот било предвидено во ЦК на ВМРО (Обединета) да бидат коптирани и тројца нови членови од другите струи на македонското ослободително движење: М.Шкартов и М. Герџиков и претставник од вардарскиот дел на Македонија[679]. Според писмото на Г. Димитров упатено до ЦК на БКП од 5 мај 1930 година, ваквиот чекор на ВМРО (Обединета) имал "за цел да се олесни преминувањето во нејзините редови на оние македонски емигранти во Бугарија, кои разочарани од михајловистичко протогеровистичката фашистичка клика се наоѓаат на пат кон ВМРО (Об.), да ги разобличат оние кои со името и авторитетот на ВМРО (Об.) шпекулираат сред македонските маси за туѓи цели и да ја рашири базата на ВМРО (Об.) во Петричко и сред македонската емиграција во Бугарија". Според Г. Димитров, со потпишувањето на Протоколот комунистичката струја на ВМРО (Обединета) сакала да го испревари поврзувањето на федералистичките национално-револуционерни претставници на македонското ослободително движење

---

[677]*Цветана Иванова Мичева, Вътрешната... цитирана дисертација, 331.*

[678]*АМ, Фонд РСВР, Пописник 1, Материјал бр.19, цитирана изјава на П. Шатев, 39.*

[679] *Костадин Палешутски, Югославската... цит., 217.*

со бугарските политички кругови околу бившиот претседател на владата Александар Цанков, кои, "под формата на создавање нова псевдо-револуционерна македонска организација", сакале да се здобијат со уште еден сојузник во политиката за постигнување договор со Кралството на Југославија[680].

Како продолжение на Цариградската конференција, на 14 септември 1930 година, повторно во Цариград, бил потишан нов Протокол за обединување помеѓу двата раководни центри на ВМРО (Обединета). Во новиот ЦК на ВМРО (Обединета) влегле М. Герџиков и М. Шкартов. Протоколот бил склучен врз основа на претходно договорениот став за признавање на платформата, статутите и резолуциите на ВМРО (Обединета). Во 16-те точки на Протоколот било договорено, и покрај определбата да "не се допуштаат никакви спогодби и соработка со македонските фашисти од двата лагера - михајловисти и протогеровисти...", ЦК на ВМРО (Обединета) да ги вложи сите усилби за "привлекување и групирање под знамето на ВМРО (Об.) сите македонски дејци без разлика на политичките сфаќања" и за нивно усогласување и меѓусебно слевање во ВМРО (Обединета)[681].

Процесот на обединувањето со македонските дејци им било доверено да го организираат и раководат М. Шкартов и Привременото раководство на ВМРО (Обединета) во Бугарија, а ЦК на ВМРО (Обединета) ја презел грижата за обезбедување издршка на двајцата членови на ЦК, М. Герџиков и М. Шкартов, како и материјално помагање на "другарите" на М. Шкартов, кои според Протоколот, "ќе бидат натоварени со специјална организаторска работа", а немале потребни средства за издршка[682]. Со потпишувањето на Протоколот и официјално во раководството на ВМРО (Обединета) бил вклучен главниот посредник во контактите со протогеровистичката ВМРО, М. Шкартов, при што му биле обезбедени материјални средства за издршка, а исто така и на неговите "другари".

---

680 *ЦДА, Фонд 146 - Георги Димитров, оп.6, а.е.271, л.1. Писмото е потпишано со "Виктор" (псевдоним на Г. Димитров - З.Т.).*

681 *Михаил Герджиков, Спомени... цит., 392-393.*

682 *Исто.*

Како резулат на почестите контакти и разговори со претставниците на ВМРО (Обединета), во органот на протогеровистичката ВМРО "Слобода или смрт", се понагласено место и се давало на новата политичка ориентација на организацијата, блиска на ВМРО (Обединета). Така, во Декларацијата на протогеровистичкиот ЦК на ВМРО од февруари 1930 година, потпишана од П. Шанданов и Г.П. Христов, категорички било подвлечено дека организацијата ќе бара "наклоност и подршка кај прогресивните општествени сили", мислејќи, секако и на ВМРО (Обединета), како и единство на сите револуционерни сили во заеднички македонски револуционерен фронт. Во Декларацијата бил истакнат принципот на независноста на протогеровистичката ВМРО и разликата меѓу неа и терористичката михајловистичка ВМРО[683].

Меѓутоа, Декларацијата, како и пишувањата на протогеровистичката ВМРО во духот на подадената рака кон ВМРО (Обединета), од органот на ВМРО (Обединета) "Македонско дело" биле дочекани со недоверба. Декларацијата на протогеровистичката ВМРО била наречена "половична", "противречна", "нејасна" и "полуврховистичка", а изјавите на нејзиното раководство како "стари неизживеани врховистички предрасуди", бидејќи нејзините автори, како што било подвлечено во весникот, "до вчера" биле ортаци на И. Михајлов. Еволуцијата на протогеровистичката ВМРО, весникот "Македонско дело" ја гледал како одраз на кризата и раздорите во ВМРО и на реалната проценка дека протогеровистите биле послабата струја во ВМРО[684].

Контактите за зближување на протогеровистичката ВМРО со ВМРО (Обединета) продолжиле со посетата на П. Шанданов на Берлин, во почетокот на 1931 година. Во Берлин тој се сретнал и со Г. Димитров, кој му укажал на потребата привrзаниците на неговата организација да не ја напуштат национал - револуционерната платформа, за да не ги наречат "комунисти", а за да можат да работат меѓу старите кадри на

683 *В. "Свобода или смъртъ", бр.104, 20.I1930.*

684 *В. "Македонско дело", бр.109, 10.III.1930, "Една декларация на протогеровистите", 3-4.*

ВМРО[685]. На оваа последна средба со претставниците на ВМРО (Обединета), според П. Шанданов, единствено било договорено протогеровистичката ВМРО "идеолошки да не биде ортодоксна спрема идеата на Балканска федерација, а како етапа да ја има југословенската федерација и да работат заеднички против Иван Михајлов"[686]. Според Д. Влахов, П. Шанданов на Г. Димитров "му направил впечаток на човек искрен и борец"[687]. И покрај настојувањето на Г. Димитров да се постигне некаков договор, разговорите на П. Шанданов во Берлин не донеле некаков конкретен резултат. Не помогнал ниту авторитетот на Г. Димитров да влијае врз претставниците на комунистичката струја на ВМРО (Обединета) и да ги убеди во прифаќањето соработката со протогеровистичката ВМРО.

Сепак, средбите на П. Шанданов со Г. Димитров во Берлин ставиле печат на натамошната преориентација на протогеровистичката ВМРО и ја истакнала потребата од свикување на конгрес за официјално да се верифицира нејзината нова политичка програма. Во конгресните резолуции на *VII*-от Конгрес на организацијата, уште повеќе биле нагласени настојувањата на раководството на протогеровистичката ВМРО за доближување со ВМРО (Обединета). Во нив, меѓу другото, раководството на организацијата за прв пат јавно ги обелоденила контактите со "тие организации" (мислејќи, пред се, на ВМРО /Обединета/ - б.м.) со цел за "обединување на вистинските македонски революционерни сили...". Во резолуциите била извршена преоценка на револуционерното минато на оваа организација, осудувајќи го самата своето учество во изминатиот период од "животот на бугарската држава", и била подвлечена потребата за "масовна революционерна борба", а против терористичките дејствија и за независноста на организацијата од било кои државни и политички фактори[688]. Сите овие тези и отстапки содржани во конгресните

[685] *Цветана Иванова Мичева, Вътрешната... цитирана дисертација, 336.*

[686] *АИНИ, Сл.IV.106, Процес срещу ВМРО, цитиран ракопис, 70.*

[687] *Димитар Влахов, Мемоари... цит., 291.*

[688] *В. "Революционенъ листъ", бр.1, VIII.1931, 3-5.*

резолуции биле искрено прифатени од новиот ЦК на протогеровистичката ВМРО со цел да се дојде до поблиско зближување и обединување со ВМРО (Обединета).

Од друга страна, раководството на ВМРО (Обединета) во ниту еден момент јавно не ги признала контактите и обидите за соработка со протогеровистичката ВМРО. Во Декларацијата на ВМРО (Обединета) од јануари 1933 година, и покрај тоа што било подвлечено дека не треба да се изедначуваат протогеровистите со михајловистичката ВМРО и дека во протогеровистичките редови се вршело свртување на лево и кон нејзината организација, раководството на ВМРО (Обединета) енергично го отфрлило новиот курс на протогеровистичката ВМРО. Притоа, раководството на оваа организација ги осудило водачите на протогеровистичката струја дека продолжиле да "пливаат во врховистички води", како и дека продолжиле да одржуваат врски со бугарските фашистички кругови. Соработката со протогеровистичката ВМРО, според Декларацијата на ВМРО (Обединета), била невозможна бидејќи протогеровистите станале спроводници на политиката на оној дел на бугарската буржоазија кој бил за "зближување со Југославија и за југословенска империјалистичка федерација"[689].

Обвинувањето за наводното зближување на раководството на протогеровистичката ВМРО со југословенските политички кругови, произлегло од михајловистичките извори, односно од насилната истргната изјава на С. Кавракиров, од јуни 1932 година. Во неа, се обвинувал П. Шанданов за соработка и добивање издршка од "српската полиција во Белград"[690].

Свртувањето на политичката програма на протогеровистичката ВМРО кон левоориентираните македонски сили и пројавената подготвеност за воспоствување поблиски односи со ВМРО (Обединета), наишло на големи симпатии кај македонската емиграција во Бугарија. Но, од друга страна, ваквата нова стратегија

---

689 *В. "Македонско дело", бр.174-75, 31.I.1933, "Една декларация на ВМРО (обединена)", 1-2.*

690 *В. "Свобода или смърть", бр.138, XII.1932, 1-9.*

на раководството на протогеровистичката ВМРО оставила големи последици за членовите на ВМРО (Обединета) во Бугарија. Имено, михајловистичката ВМРО, заплашена од нивниот евентуален сојуз, ги засилила прогоните и убиствата над раководството и членовите на ВМРО (Обединета). Притоа, михајловистичките терористи го одвлекле С. Кавракиров, а по двегодишна изолација го убиле, а исто така ги убиле и Христо Трајков, Божидар Митрев и Димитар Сурлев, додека А. Мартулков го раниле[691].

И покрај пројавениот интерес од страна на ВМРО (Обединета) и бројните иницијативи на протогеровистичката ВМРО за воспоставување поблиска соработка, контактите помеѓу овие две организации на македонското ослободително движење не донеле конкретни резултати. Причините треба да се бараат, пред се, заради резервираното, колебливо и неискрено однесување и пројавената недоверба од страна на комунистичката струја во ВМРО (Обединета). А остварените контакти биле резултат на иницијативата и спремноста на национално федералистичката струја во организацијата, предводена од П. Шатев.

Обидите за постигнување меѓусебна соработка покажале дека раководството на ВМРО (Обединета) политички не било дораснато на своите функции, а претставниците на Коминтерната и БКП. со исклучок на Г. Димитров, недоволно ги познавале состојбите и специфичностите во македонското ослободително движење. Политичко - програмската еволуција на протогеровистичката ВМРО била очигледна во стремежот да се доближи до политичката платформа на ВМРО (Обединета). Со неприфаќањето на подадената рака, не и било овозможено да ја потврди искреноста на нејзините идејни мотиви и принципи.

### г) Поврзување со бугарските и југословенските политички кругови

[691] *Ангел Динев, Политичките... цит., 215, 219.*

Во барањето сојузници против михајловистичката ВМРО, протогеровистичката струја воспоставила блиска соработка и со одделни југословенски и бугарски политички партии, групи и високи државни функционери. Не наоѓајќи разбирање за соработка кај ВМРО (Обединета), раководството на протогеровистичката ВМРО се ориентирало кон воспоставување контакти за заедничка соработка со одделни југословенски, односно српски политички кругови. По 1930 година, политиката на зближување меѓу Кралството на Југославија и Бугарија повторно се актуелизирала. Преку зближувањето со Бугарија, југословенските владини кругови се надевале на ослабнување дејноста, па и ликвидирање на ВМРО, а од друга страна, Бугарија ја гледала својата шанса преку Кралството на Југославија да излезе од својата внатрешна политичка изолација на Балканот.

Великосрпските владеачки кругови, следејќи ги будно меѓусебните недоразбирања и судири во македонското револуционерно движење во Бугарија, настојувале да ги придобијат оние сили во ВМРО кои биле против великобугарската политика, а посебно против терористичката дејност на михајловистичката ВМРО. Во фокусот на нивното внимание се нашле и приврзаниците на протогеровистичката ВМРО, сметајќи ја нивната струја како единствена внатрешна сила во Бугарија што може успешно да му се спротивстави на И. Михајлов.

Контактите со раководството на протогеровистичката ВМРО биле воспоставени со посредство на национално федералистичката струја на ВМРО (Обединета), која од почетокот на 1929 година одржувала врски со претставниците на оваа струја на ВМРО во Бугарија. Според мислењето на Славе Иванов, еден од главните протагонисти за зближување на Кралството на Југославија со Бугарија, со вклучувањето на протогеровистичката ВМРО во соработката со југословенските власти "требало по секоја цена да се засили" организацијата, која со "нејзината сила и моќ давала кураж на пријателите за зближувањето меѓу Југославија и Бугарија"[692]. Од друга страна, југословенските владини кругови настојувале преку

---

692 *АМ, Фонд МВР, кут.10, фасц.1933. Извештај, без датум, на С. Иванов за престојот на Л. Поповски во Белград.*

поврзувањето со протогеровистичката ВМРО, исто како и национално федеративната струја на ВМРО (Обединета) да ја придобие за поддршка на платформата за југословенска или јужнословенска федерација[693].

Југословенските власти и нејзините воено - разузнувачки органи, плашејќи се од интензивирањето на пропагандната активност на ВМРО (Обединета) во европските земји, настојувале да го разбијат нејзиното раководство. Искористувајќи ги идејните несогласувања меѓу комунистичката и национално федералистичката струја на оваа организација, тие успеале уште во 1926 година да воспостават врски и да го придобијат Георги Занков, еден од членовите на национално федералистичката струја, кој пројавил отворени несогласувања со политиката што јаводела ВМРО (Обединета). Нему му се придружиле и д-р Филип Атанасов, Христо Цветков, Лазар Поповски и Славе Иванов, кој уште во 1923 година напуштајќи ја автономистичката ВМРО на Т. Александров одржувал контакти со југословенсите дипломатски и воени власти[694]. Оваа македонска национално федералистичка група во своите настојувања за изнаоѓање најприфатливо решение за ослободување на Македонија и решавање на македонското прашање, биле распнати помеѓу силно заинтересираните страни: Бугарија, Кралството на Југославија, Италија и Советскиот Сојуз. Не можејќи да им одолеат на нивните притисоци, уцени и примамливи материјални средства, толку неопходни за преживување на нивниот суров емигрантски живот, претставниците на оваа група станале двојни, па и тројни агенти на нивните разузнавачки служби.

Како резулатат на воспоставените контакти со југословенските власти, претставниците на оваа група, д-р Ф. Атанасов и Г. Занков во јуни 1929 година упатиле и Декларација до

---

693 *М-р Даринка Пачемска - Петреска, Федеративната идеја... цитирана дисертација, 258.*

694 *Архив Војно-историјског института, Београд (натаму: А VII), MS/F-24, "Projekat za produzenje borbe protiv tajne organizacije uperene protiv Jugoslavije", Beograd, septembar 1937 g., 3-4. Извештајот е потпишан со иницијали "S.I.", по се изгледа од С. Иванов. Документот е отстапен за користење од проф д-р Воислав Кушевски, за што му изразуваме посебна благодарност.*

југословенската влада. Во неа тие побарале да ја легализираат својата дејност во вардарскиот дел на Македонија, односно во границите на Кралството на Југославија, да свикаат конгрес за да формираат "Македонска национална револуционерна организација" со свој Централен Комитет, кој ќе раководел со политичката и револуционерната работа за ослободување и обединување на македонскиот народ во рамките на Југославија. Во Декларацијата тие барале македонскиот народ да се третира како посебен субјект во решавањето на неговата судбина. Настапувајќи пред југословенската влада како Македонци, тие барале решавање на македонското прашање во рамките на една "моќна Југославија, во која би биле опфатени Србите, Хрватите, Бугарите, Македонците и Словенците"[695]. Заради врските со југословенските државни органи и прифаќањето на концепцијата за решавање на македонското прашање во рамките на југословенска или јужнословенска федерација, Г. Занков во август 1929 година бил отстранет од ВМРО (Обединета)[696].

Според достапната архивска документација, и покрај тоа што раководството на протогеровистичката ВМРО своите контакти со југословенските владини претставници ги одржувала мошне дискретно, првите обиди за воспоставување меѓусебна соработка се регистрирани по зачестените убиства на нивните раководни луѓе од страна на михајловистичките атентатори. Така, во еден доверлив извештај од 29 септември 1929 година, се говори за средбата на Н. Томалевски со еден југословенски повереник во Софија, и тоа веднаш по убиството на Г. Баждаров. Во дискретната средба, Н. Томалевски на југословенскиот претставник му ја изложил новата тактика што организацијата почнала да ја применува од "пасивна одбрана на

---

695*К(лимент) Џамбазовски, Два документа за проучување на националниот развиток на македонскиот народ меѓу двете светски војни, Историја, IX/2, Скопје, 1973, 288-292.*

696 *В. "Македонско дело", бр.95, 10. VIII.1929, 4.*

политичка освета" против приврзаниците на И. Михајлов[697].

Според истргнатите изјави на одвлечениот С. Кавракиров од страна на михајловистичките приврзаници, претставниците на ВМРО (Обединета) од страна на "Српската комунистичка партија" биле предупредени да бидат повнимателни во контактите со протогеровистичката ВМРО, заради тоа што раководството на оваа струја било во врска со српската полиција во Белград. Во исказот се посочувала и средбата на П. Шанданов со еден "познат српски шпион" во Париз и врските што К. П. Тодоров и д-р Михаил Пундев ги имале со југословенското воено аташе во Софија. Ваквите укажувања, според С. Кавракиров, придонеле односите на ВМРО (Обединета) кон протогеровистичката ВМРО да бидат порезервирани[698].

До воспоставување на конкретни врски и соработка помеѓу југословенските владини кругови и претставниците на протогеровистичката ВМРО дошло во 1932 година. За остварување контактите со раководството на протогеровистичката струја, југословенската разузнувачка централа во Белград го задолжила С, Иванов да побара средба со П. Шанданов. Според "контраразузнувачкиот извештај" на С. Иванов и неговата подоцнежна изјава, средбата меѓу нив била одржана во август 1932 година во Братислава. На средбата, како што вели С. Иванов, "било договорено онака како што сакал Белград, а Шанданов прифатил". По успешните преговори, тие двајцата отишле во Виена, каде на Шанданов му била исплатена

---

[697]*АМ, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.42. Во извештајот југословенскиот известувач барал "мошне внимателна употреба на материјалот", кој содржел "апсолутна дискреција" на неговата средба со Н. Томалевски.*

[698]*В. "Свобода или смъртъ", бр.138, XII.1932, 1-9.*

"почетна сума" на пари[699].

Средбата на југословенските претставници со П. Шанданов во Виена, непосредно ја потврдува и високиот офицер на југословенската разузнувачка служба, мајорот Танасие Диниќ, преку кого се одвивале контактите скоро со сите претставници на македонските револуционерни сили во Бугарија и европските земји. Според еден негов доверлив извештај, во август 1932 година, Лазар Поповски добил "мисија" од Никола Мушанов, претседател на бугарската влада, "да оди во Белград", како претставник на протогеровистичката ВМРО за да склучи договор за соработка со југословенските владини претставници. Врз основа на склучениот договор, претставникот на југословенските власти, Т. Диниќ, во септември 1932 година се сретнал во Виена со П. Шанданов и М. Шкартов. Како резултат на оваа средба, се засилиле акциите на протогеровистичката ВМРО против приврзаниците на михајловистичката струја во Софија[700]. Според истиот извештај, Т. Диниќ во мај 1933 година во Виена имал средба со К. П. Тодоров, член на потесното раководство на протогеровистичката ВМРО, која била договорена за време на престојот на Л. Поповски во Белград, во април 1933 година[701]. Контактите на П. Шанданов со југословенската воено

---

[699]*АВИИ, МС/Ф-24, цитиран извештај на С. Иванов; АМ, Фонд РСВР, Пописник 1, Материјал бр.20, извод од изјавата на Станчев Иванов Славе, од 15.11.1949, 67-68. Според изјавата на С. Иванов на средбата во Братислава и Виена присуствувал и М. Шкартов, а во Виена Т. Диниќ. А според Б. Видов, П. Шанданов и М. Шкартов во средбите со југословенските претставници во септември 1932 година во Виена, Будимпешта и Прага, се договориле за испраќање оружје во Бугарија (Музеј - галерија, Кавадарци, Фонд Мемоарски материјали, Благой Видов, Някои... цитиран ракопис, VI, 95).*

[700]*АМ, Фонд МВР, кут.10, Фасц.33, "Лазар Поповски и његова улога". За посетата на Л. Поповски на Белград се говори и во еден доверлив извештај на Министерството за внатрешни работи на Кралството на Југославија. На маргините на овој извештај, со друг ракопис, по се изгледа на Т. Динић, допишано е дека при престојот на Л. Поповски во Белград на 6 август 1932 година "е утврден договор за заедничка соработка со протогеровистите" (Исто, кут.10, "Мишлење Мушанова", извештај без наслов и датум).*

[701]*Исто, кут.10, Фасц.33, цитирано досие на Л. Поповски. Според С. Иванов средбата на Т. Динић со К. П. Тодоров била во Париз. (Исто, Фонд РСВР, Пописник1, Материјал бр.20, цитирана изјава на С. Иванов,*

разузнувачка служба продолжиле и во 1934 година, кога положбата на протогеровистите во Бугарија била знатно подобрена со доаѓањето на власт на нивните сојузници и покровители од политичката група "Звено" и "Воениот сојуз"[702].

Преку соработката со претставниците на југословенската воено-разузнувачка служба, раководството на протогеровистичката ВМРО настојувала да обезбеди финансиска помош и оружје, пред се, да добие револвери за вооружување на неговите терористички групи за поуспешно да им се спротивстави на терористичките акции на приврзаниците на михајловистичката ВМРО[703]. Со ваквата своја надворешна политичка ориентација, протогеровистичката ВМРО не само што ја изгубила толку прокламираната самостојност на организацијата, туку уште повеќе ги олеснувала позициите на михајловистичката струја, бидејќи нејзината соработка со југословенските власти раководството на михајловистичката ВМРО ја искористила да ја компромитира сред македонската емиграција во Бугарија, нарекувајќи ја надворешно провокаторска и предавничка организација. Имено, со поврзувањето со југословенските власти, преку одредени великосрпски хегемонистички кругови од Белград, протогеровистичката ВМРО го отворила процесот на еден нов врховизам во редовите на ВМРО, односно на т.н. "југословенски врховизам" (подвлекол - З.Т.).

Воспоставените контакти и соработката со југословенските политички и воени кругови нашле свој одраз и во приспособувањето на политичката платформа на протогеровистичката ВМРО. Така, во Декларацијата од март 1933 година, ЦК на оваа организација изјавил дека ја прифатил "идеата за создавање од Југославија федерална држава, во чии граници Македонија да влезе како одделна федеративна

---

*68).*

[702]*Иван Катарџиев, Време... цит., I, 294-295.*

[703]*АМ, Фонд МВР, кут.10. Според С. Иванов, раководството на протогеровистичката струја преку Л. Поповски се поврзало со југословенските дипломатски претставници во Софија, од кои добивале финансиска помош (Исто, Фонд РСВР, Пописник 1, Материјал бр.20, цитирана изјава на С. Иванов, 65).*

единица"[704]. Ваквата изјава на раководството на протогеровистичката ВМРО била со цел да се задоволат неговите белградски покровители и финансиери, а секако и под влијание на новите сојузници кај бугарските политички партии и групи, "Звено", "Пладне" и БЗНС, кои биле најотворени приврзаници на политиката за зближување со Кралството на Југославија.

И покрај тоа што раководството на протогеровистичката ВМРО во своите обраќања, декларации и изјави мошне внимателно и прикриено го најавувала менувањето на основниот курс на својата програма и своите приближувања кон Кралствто на Југославија, во директните контакти и разговори со претставниците на југословенските власти таа искрено верувала дека преку југословенската федерација е единствениот можен начин за решавање на македонското прашање. Имено, според доверливите извештаи на главните протагонисти во меѓусебните договори, Л. Поповски и Т. Диниќ, национално федералистичката струја на ВМРО (Обединета) преку соработката со југословенските власти се стремела да создаде "една моќна организација со цел да ги обедини сите јужни словени во една општа татковина"[705]. Кон ваквата нивна политичка ориентација се приклучила и протогеровистичката ВМРО. Раководството на оваа струја, прифаќајќи ја идеата за создавање на "целосна Југославија со Бугарија", го истакнало барањето за "обединета Македонија во рамките на Југославија како автономна" единица[706]. Само преку ваквото државно конституирање во заедничка југословенска федерација, во рамките на новонастанатите политики околности на зближување меѓу Кралството на Југославија и Бугарија, протогеровистичката ВМРО го гледала единствениот начин за мирно решавање на македонското прашање.

Во контактите со југословенските власти, раководството на

---

704 *В, "Революционенъ листъ", бр.10, III.1933, 1-2.*

705 *АМ, Фонд МВР, кут.10, "Извештај" без наслов, датум и потпис. Според содржината, по се изгледа од Л. Поповски.*

706 *Исто, цитиран извештај, "Мишлење Мушанова"*

протогеровистичката ВМРО се поврзало и со оние бугарски политички кругови кои работеле на политиката за зближување со Кралството на Југославија и не го одобрувале покровителскиот однос на бугарската влада спрема михајловистичката ВМРО. Уште по расцепот на организацијата и убиството на А. Протогеров, раководството на протогеровистичката ВМРО одржувало блиски односи со бившиот претседател на бугарската влада, Александар Цанков, кој бил најголемиот политички ривал на актуелниот претседател А. Љапчев. Со помош на А. Цанков, раководството на оваа струја се надевало дека само преку сменувањето на владата михајловистичката ВМРО може да биде отстранета од политичката сцена во Бугарија.

По 1930 година, со убиствата на Г. Баждаров и Н. Томалевски и со повлекувањето на Г. П. Христов и К. Прличев од организацијата, П. Шанданов и неговите истомисленици добиле одврзани раце во управувањето со организацијата. Преку заедничките контакти со национално федералистичката струја на ВМРО (Обединета) тие се зближиле и со бугарската политичка организација "Звено" на чело со Кимон Георгиев и Димо Казасов, со Воениот сојуз, предводен од Дамјан Велчев и со БЗНС, преку неговите претставници Коста Тодоров и Александар Обов. Оваа политичка опозиција во Бугарија во остварувањето на својата политичка програма за извлекување на Бугарија од економската и политичката криза, како и против монархистичкото уредување на државата[707], застапувајќи се за зближување на односите со Кралството на Југославија, одржувала блиски контакти со одделни претставници на југословенските, односно српските демократски и радикални политички партии.

Главен посредник за одржување контактите со југословенските претставници бил Л. Поповски. Тој на неколку наврати, во текот на 1932 и 1933 година, од претседателот на бугарската влада Никола Мушанов добивал специјални мисии за водење разговори и

---

707 *Димо Казасов, Искри от бурни години. Избрани произведния, София, 1987, 131; Стефан Груев, Корона от тръни. Царуването на Борис III 1918 -1943, София, 1991, 226.*

склучување договори за заедничка соработка со "белградските пријатели"[708]. Покрај тоа, Л. Поповски добил посебна задача од групата "Звено" да ги испита можностите по прашањето за зближување на југословенските политички кругови со оваа нова бугарска политичка група и на "какви компромиси е расположена Југославија во однос на Македонија"[709]. Според југословенските воено - разузнувачки извори, и П. Шанданов имал средби со Светозар Прибичевиќ и Коста Тодоров во Париз, после кои тој се согласил да работи за зближување односите меѓу бугарските и југословенските политички групи[710]. Под притисок на групата "Звено", протогеровистичката ВМРО го променила дотогашниот левоориентиран курс на својот орган "Македонска правда", при што неговиот редактор Д. П. Ефтимов бил принуден да поднесе оставка[711]. Од 1934 година почнал да излегува весникот "Камбана", орган на групата "Звено", финансиран од југословенски извори, а главен уредник станал Л. Поповски[712].

Зближувањето на протогеровистичката ВМРО со југословенските и бугарските политички кругови со негодување и голема реакција било дочекано од демократската и левоориентирана македонска емиграција во Бугарија, а посебно од ВМРО (Обединета), БКП и ЦК на КПЈ. Самата идеа за обединување на јужните словени тие ја сметале за реакционерна, бидејќи била насочена против другите несловенски народи и народности и дека со неа се сакало присоединување на Македонија кон Бугарија, а не ослободување на

---

708 *АМ, Фонд МВР, кут.10, Фасц.33. Цитирано досие на Л. Поповски; Исто, Фонд РСВР, Пописник 1, Материјал бр.20, цитирана изјава на С. Иванов, 66-69; Исто, Материјал бр.19, цитирана изјава на П. Шатев, 48.*

709 *Исто, Фонд МВР, кут.10, Фасц.1933, цитиран извештај на С. Иванов за престојот на Л. Поповски во Белград*

710 *Исто, кут.10, цитиран извештај "Мишлење Мушанова".*

711 *ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.351, цитиран извештај на Д. П. Ефтимов, 10.*

712 *АМ, Фонд МВР, кут.10. "Драги", писмо до неидентификувано лице од 29.III.1933; Исто, кут.10, податоци за Л. Поповски.*

Македонија во "своја државно-политичка единица"[713]. Идеата за југословенската федерација овие левоориентирани комунистички организации и партии ја сметале за "великобугарска идеологија и фразеологија". Притоа, тие укажувале дека со ваквото свое поведение протогеровистичката ВМРО го започнала процесот на растурањето на македонските организации во Бугарија, подвлекувајќи, притоа, дека групата "Звено" го третирала македонскиот проблем единствено како прашање на бугарските влади[714]. Осудувајќи го ваквото зближување и маневрирање на раководството на протогеровистичката ВМРО, ЦК на КПЈ во писмото до комунистите во Македонија од мај 1934 година подвлекол дека под маската на "југословенството" всушност се криело "зближувањето на великосрпскиот и бугарскиот двор" и дека протогеровистите од "некогашни борци за национално ослободување на македонскиот народ станале орудие на империјалистичките фактори"[715].

Раководството на протогеровистичката ВМРО врските со групата "Звено" ги продолжило и за време на Деветнаесетомајскиот преврат во 1934 година при преземањето на власта од нивна страна[716]. Ставајќи ги своите сили на располагање на оваа политичка група во апсењето на припадниците на михајловистичката ВМРО, П. Шанданов, според бугарските воени извори, им предложил на заговорниците на превратот, во случај на усложнување на условите околу чувањето на дворот, да ги пропуштат неговите "егзекутори" за да го убијат царот и другите лица од неговото семејство и свитата[717].

Во предвечерието на втората светска војна, раководството на протогеровистичката ВМРО им се придружило на левоориентираните

---

[713] *Идеитъ и задачитъ... цит, 18-19*

[714] *АИНИ, Сл.IV.709, Димитър Попефтимов, Идеология... цитиран ракопис, 60.*

[715] *Исто, Фонд Коминтерна, к.XXXVII/12, бр.37.*

[716] *НА БАН, сб.IV, а.е.194, цитирани спомени на М. Јанчулев, 734.*

[717] *Георги Марков, Парола... цит., 100.*

бугарски партии во заедничката антифашистичка борба, а по војната повторно ги ставило своите сили на располагање на новата бугарска комунистичка власт во апсењето и ликвидирањето на приврзаниците на михајловистичката ВМРО во Бугарија[718].

---

[718]*ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.351, цитиран извештај на Д. П. Ефтимов, 13-14.*

## 3. РЕАКЦИЈА ПРОТИВ ВМРО И ЗАБРАНА НА НЕЈЗИНАТА ДЕЈНОСТ ВО БУГАРИЈА

### а) Меѓусебна пресметка на двете струи во ВМРО

По убиството на А. Протогеров меѓу двете струи во ВМРО, михајловистичката и протогеровистичката, започнала вистинска крвава братоубиствена војна. И двете страни во борбата да го докажат својот престиж во ВМРО и да ја елиминираат спротивставената струја, најнемилосрдно ги ликвидирале своите противници.

По расцепот на организацијата, и двете струи, наоѓајќи се во нерамноправна позиција, во својата меѓусебна борба дејствувале на различен начин. Михајловистичката ВМРО, како посилна, помногубројна, финансиски побогата и со однапред обезбедена поддршка од бугарските владеачки кругови и од раководствата на македонските емигрантски организации и друштва, го применила оружјето како единствено средсто за борба против својот противник. Од друга страна, приврзаниците на протогеровистичката ВМРО, како послаба и помалубројна струја, на почетокот од своето дејствување, преку истакнувањето правото на законитоста на својата позиција во организацијата и преку печатот, настојувале морално да ја разобличат и уништат противничката струја. Но, подоцна кога убиствата над нејзините приврзаници зеле голем замав, тие започнале со иста мерка да им возвраќаат на приврзаниците на михајловистичката ВМРО.

Ваквата позиција на протогеровистичката ВМРО, двајцата нејзини највисоки раководители, Г. П. Христов и К. Прличев, во својата декларација за причините за повлекувањето од организацијата ја оправдувале со објаснувањето: "Со убиството на членот на ЦК А. Протогеров, на 7 јули 1928 г. се навлезе во една таква фаза - фазата на крвопролевањето. Во нејзиниот развиток и продолжено траење ние бевме очевидна загуба во лицето на многубројните и драгоцени жртви што ги дадовме. Зашто противникот, создавач на кризата, ги презел сите неопходни мерки за да го осигури триумфот на своето уништувачко и братоубиствено дело. Тој ја очекуваше таа борба, тој ја

поттикнуваше, тој ја посакуваше. А ние бевме изненадени, неподготвени за неа и ја прифативме ракавицата само колку формално, со премолчена согласност. И така, против куршумите ние побаравме силно засолниште и позиција во отворена осуда на братоубиецот, ние прибегнавме до јавна усна и печатна борба..."[719].

Почетната тактика на пасивна одбрана на протогеровистичката ВМРО ја потврдува и Н. Томалевски во еден доверлив разговор со еден претставник на југословенската дипломатска служба во Софија. Предизвикан од убиството на Г. Баждаров, во септември 1929 година, тој му се доверил дека организацијата била приморана да премине во "политичка осве̄та и немилосрдно отстранување на сите што учествуваат во убиствата" на нејзините приврзаници и дека раководството на организацијата не било веќе во состојба да "наредува воздржаност на своите членови". Разговорот Н. Томалевски го заврши со песимистичката порака: "Помеѓу нас сега е борба до истребување без никакви компромиси и можности за смирување"[720].

Имајќи ги предвид последиците од меѓусебните убиства, а особено отворената подршка што бугарските власти и ја давале на михајловистичката ВМРО, Г. Кулишев и В. Пундев изготвиле проект - декларација, сметајќи дека со нејзиното прифаќање од страна на раководството на михајловистичката ВМРО и со нејзиното публикување ќе се стави крај на крвопролевањата. Меѓутоа, раководството на протогеровистичката ВМРО не било единствено по заземањето став за прекинување на убиствата. По едно долго советување меѓу членовите на раководството, преовладало мислењето на К. Прличев, Н. Томалевски, Г. П. Христов, П. Шанданов, К. П. Тодоров и В. Пундев, кој меѓувремено се откажал од првобитното свое мислење, "да се продолжи борбата". На спротивно мислење, покрај

---

[719] *ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.60, "Фактически и критически поглед върху хода и изхода на кризата", март 1931 г. Ракописот е потпишан од Г. П. Христов и К. Прличев.*

[720] *АМ, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.42.*

Г. Кулишев, биле А. Узунов, Ј. Мирчев и Ј. Бадев[721]. Набргу после ова советување на раководството на протогеровистичката ВМРО, биле убиени Г. Баждаров, Н. Томалевски и В. Пундев.

Меѓусебните убиства на приврзаниците на двете струи во ВМРО секојдневно ги полнеле не само гласилата на македонската емиграција во Бугарија, туку и страниците на сите бугарски владини и опозициони весници. Насловните страници на дневните весници редовно и со сензационален тон ги објавувале сторените убиства под следните наслови: "Доста крв! Бугарија не е касапница", "Ново македонско убиство" итн.[722]. А стариот деец на ВМРО и член на НК, Е. Спространов, една своја статија по веста за убиството на протогеровистот Тодор Петров - Тошкарот, ја завршил со зборовите: "Значи, нова братска крв! Кому му треба тоа? Зошто? О, времиња! О, обичаи!... Да ги посипеме главите со пепел и да ги оплакуваме деновите..."[723]. Убиствата над приврзаниците на протогеровистичката ВМРО, И. Михајлов пред македонската емиграција и бугарската јавност ги оправдувал со изјавата дека тие биле "предавници" на македонското дело и сите жртви биле плод на предизвикувањето од страна на протогеровистите[724].

Покрај посегањето по животот, во елиминирањето на своите противници, двете струи, особено приврзаниците на михајловистичката ВМРО, се служеле и со бројни атентати, заплашувања[725], уценувања, подмитувања за преминување на спротивната страна, грабежи,

---

[721] *ЦДА, Фонд 890, оп.1, а.е.11, Спомени на Георги Кулишев, 44.*

[722] *АМ, Фонд МНК, кут.16, а.е.1. Исечоци од весници за македонските убиства.*

[723] *БИА НБКМ, Фонд 324, а.е.360. Од статијата на Е. Спространов "Моитъ отговори на зададенитъ въпроси", София, 28.X1929г.*

[724] *АМ, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.65; В. "Свобода или смъртъ", бр.122, XII.1930.*

[725] *На А. Баждаров му било упатено "заплашително писмо" после кое тој оставил последно "прошталнo" писмо до својот син и сопругата од 21.V. 1928 година (ЦДА, Фонд 1935 - Георги Баждарев, оп.1, а.е.77, л.1; а.е.65, л.1).*

одвлекувања и сл. Во меѓусебните престрелки, неретко страдале и невини граѓани, случајни минувачи и свидетели на терористичките атентати[726].

Како резултат на зачестените и отворени заплашувања од страна на раководството ма михајловистичката ВМРО дека ќе биде убиен, Г. Кулишев со посредство на бугарските владини кругови привремено се засолнил во Женева[727], а М. Шкартов и Г. Гевгелиски со декларација се откажале од активното учество во македонското револуционерно движење[728]. Со цел да ги принудат на повлекување од организацијата, михајловистичките приврзаници го одвлекле Г. П. Христов, заедно со неговата сопруга и сопругата на К. Прличев. По наредба на И. Михајлов, Г. П. Христов бил држен неколку дена во притвор, се додека тој и К. Прличев не потпишале декларација дека ќе се "повлечат од борбата и од секаква револуционерна дејност"[729]. Меѓутоа, на нивното повлекување веднаш реагирал П. Шанданов со своја декларација, во која постапката на Г. П. Христов и К. Прличев ја карактеризирал како "лична акција" и дека "ВМРО (се однесува на протогеровистичката струја - З.Т.) не може да ги прифати и одобри нивните дејствија и постапки"[730].

---

[726]*При неуспешниот атентат на Г. Баждаров, на 26 јуни 1929 година, биле убиени двајца невини граѓани - шивачи од Софија (АМ, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.45; Владимир Спиридонов Куртев, цитиран материјал, 12), а при убиството на С. Ефтимов, на 28 декември 1932 година, биле убиени двајца - еден негов телохранител и еден полицаец - и ранети девет лица - двајца негови телохранители, двајца напаѓачи и пет граѓани (АМ, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.916).*

[727] *ЦДА, Фонд 890, оп.2, а.е.1, цитиран Дневник на Г. Кулишев, 10-11; Исто, оп.1, а.е.11, цитирани Спомени на Г. Кулишев, 44-46; АМ, Фонд МВР, кут.10. "Драги", писмо од неидентификувано лице од 5.ИИ.1931.*

[728]*Цветана Иванова Мичева, Вътрешната... цитирана дисертација, 150.*

[729]*БИА НБКМ, Фонд 540 - Климент Бояджиев, а.е.255, л.30-32; Исто, Фонд 580, а.е.1, цитирани спомени на Х. Коцев, 494; ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.60, цитирана декларација на Г. П. Христов и К. Прличев, од март 1931 г., 7-10; АМВР, ОБ-21312, "Позив къмъ македонския народ", ЦК на ВМРО (Обединена). Позивот е без датум; АМ, Фонд ЦП, кут.8.*

[730] *ЦДА, Фонд 125 - Васил Пундев, оп.1, а.е.272, л.1. Декларацијата носи датум од март 1931 година и е потпишана со "П. Шанданов, член на ЦК на ВМРО" (се мисли на протогеровистичката ЦК, бидејќи П.*

Исто така, михајловистичките приврзаници го одвлекле и Иван Вапцаров, еден од членовите на потесното раководство на ВМРО, но, бидејќи бил интимен пријател со бившиот цар Фердинанд, И. Михајлов не се осудил да го ликвидира и по неколкугодишен притвор бил ослободен по Деветнаесето-мајскиот преврат во 1934 година[731]. Тоа истото не се случило и со киднапираниот секретар на Обласниот комитет на ВМРО (Обединета), Симеон Кавракиров, кој и покрај интервенцијата на претседателот на НК, д-р К. Станишев, кој бил негов шурак, по двегодишно криење бил убиен на 14 јуни 1934 година[732].

Како по правило, убиствата што ги применувале двете спротивставени струи во ВМРО се извршувале на јавни места, по улици, кафеани, трамваи, пред јавни згради, па дури и пред царскиот двор[733]. Сето тоа се правело со цел да се предизвика психолошки ефект кај противничката страна и да му се даде публицитет кај македонската емиграција за нивната сила, надмоќност и легитимност во организацијата. По својата безобѕирност и исклучителна бруталност убиствата ги надминувале рамките на секаква политичка или

---

*Шанданов не е член на ЦК на ВМРО од 1928 година, однсно од VII-от Конгрес на ВМРО).*

[731]*АМ, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.68/1; Владимир Спиридонов Куртев, цитиран материјал, 14; В. "Революционенъ листъ", бр.11, V.1933, "Писмо од Софија - Баща и син безследно изчезнали", 13; и бр.12, VII.1933, 14. Редакцијата на овој весник веќе ги ставила во списокот на "убиените Македонци од бандата на И. Михајлов" И. Вапцаров и неговиот син Никола Вапцаров, познатиот поет.*

[732] *ЦДА, Фонд 193 - Симеон Кавракиров, оп.1, "Историческа справка"; Владимир Спиридонов Куртев, цитиран материјал, 13; Мирчо Юруков, Симеон Кавракиров (биографичен очерк), София, 1956, 37-43.*

[733]*Случајот со убиството на С. Ефтимов, еден од најблиските соработници на И. Михајлов, пред самиот царски дворец во Софија. Според Б. Видов, со ваквиот чин раководството на протогеровистичката ВМРО сакала да го опомене и монархот, кој со својата политика го подржувал И. Михајлов, како и да создаде "ефект" кај македонската емиграција дека организацијата може успешно да му се спротивстави на И. Михајлов (Музеј-галерија, Кавадарци, Фонд Мемоарски материјал, Благој Видов, Някои... цитиран ракопис, VI, 104).*

идеолошка борба и не се бирало начин и средства за нивно слепо извршување. Жртвите биле убивани во нивните домови[734], па дури и во нивните легла[735], и со предизвикување експлозии преку доставување на камуфлирани пеколни направи[736]. Се убивало и во затворите[737] и во болниците, односно во болничките кревети[738]. Особено на удар биле атентаторите од двете страни, кои по извршените убиства биле на приоритетна мета на спротивната страна[739], а "бојните другари" на загинатите членови во објавените некролози по повод

---

[734] *Н. Томалевски бил прострелан во својот дом, преку прозорец на соседната куќа, од страна на професионалниот терорист Владимир Георгиев - Черноземски.*

[735] *Протогеровистот Тодор Петров - Тошкарот бил убиен во својот дом, во сопствениот кревет од испратениот михајловистички атентатор (В. "Свобода или смърть", бр.102, 15.XI 1929г.).*

[736] *Во намерата да го ликвидира раководството на протогеровистичката ВМРО, до кое било невозможно да се дојде, михајловистичкиот штаб испратил пакет - книга, во која била сместена пеколна направа, во домот на К. П. Тодоров. При експлозијата, покрај домаќинот К. П. Тодоров, биле лесно повредени П. Трајков и П.Шанданов (Владимир Спиридонов Куртев, цитиран материјал, 22; Музеј-галерија, Кавадарци, Фонд Мемоарски материјал, Благој Видов, Някои... цитиран ракопис, VI, 14).*

[737] *Според Б. Видов, Тома Дуров, помошник директор на централниот затвор во Софија бил убиен заради тоа што ги снабдувал михајловистичките затвореници со оружје (Музеј - галерија, Кавадарци, Фонд Мемоарски материјал, Благој Видов, Някои... цит., ракопис, VI, 99).*

[738] *Ваков случај, без преседан во македонското ослободително движење, бил извршен над ранетиот протогеровист Христо Трајанов, атентатор на С. Ефтимов, во Александровата болница во Софија од страна на "милосрдната сестра" Екатерина Константинова (В. "Революциоенъ листъ", бр.9, I.1933, 9-10; и бр.10, III 1933, 16; В. "Македонска правда", бр.2, 10.IX 1933, 4).*

[739] *Како освета за убиените свои раководители и членови, протогеровистите ги убиле михајловистичките атентатори Димитар Ѓузданов и Нанчо Витларов, атентатори на А. Протогеров, Пандил Шишков, еден од убијците на Г. Баждаров, Георги Дерменџиев, атентаторот на Стојан Филипов, Христо Трајанов, убиецот на С. Ефтимов и тн.*

убиствата, редовно се заколнувале за нивна освета[740].

Во поголем број случаи, уапсените терористи на михајловистичката ВМРО биле пуштани од затворите со помош на бугарските политички и судски органи и не биле кривично гонети. Бугарските власти, па дури и царот Борис, ништо не преземале и покрај конкретните укажувања на раководството на протогеровистичката струја за посегнување врз животот на нивните приврзаници од страна на михајловистичките атентатори[741].

Огорчен од непреземањето мерки против убијците на михајловистичката ВМРО и покрај конкретните и директни укажувања, а особено погоден од киднапирањето и убивањето на својот телохранител Мирчо Василев, Г. Кулишев, во својство пратеник на Македонската парламентарна група, во Народното собрание поднел "пратеничко прашање" до претседателот на владата А. Љапчев[742]. А по повод подигнатото обвинување за клевета на владата за наводното учество во убиството на В. Пундев, Г. Кулишев на евентуалниот судски процес, покрај другите сведоци, ги повикал и претседателот на владата А. Љапчев, бившиот претседател на владата и народен пратеник Александар Малинов и јавниот обвинител на Софискиот окружен суд, Тодор Петков[743].

За прв пат, по повод убиството на В. Пундев, И. Михајлов бил обвинет за непосреден извршител, а убијците на В. Пундев биле осудени

---

[740]*АМ, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.74/1. Некролог по повод убиството на Тодор Петров - Тошкарот, Софија, 11.XI.1929 година.*

[741]*ЦДА, Фонд 890, оп.1, а.е.41. Писмо на Г. Кулишев до јавниот обвинител при Софискиот суд, 24 март 1930 г; Исто, Фонд 176, оп.6, а.е.2000, л.100. Молба од Наум Главинчев до министерот за внатрешни работи и народно здравје, царот Борис III, министерот за надворешни работи и религија и министерот на војската, Софија, 26.X.1931.*

[742] *Исто, оп.1, а.е.11, цитирани Спомени на Г. Кулишев, 39-40; Исто, а.е.40, л.1-2. Писмо на Г. Кулишев до претседателот на бугарската влада Андреј Љапчев од 17.XI.1929 година.*

[743] *Исто, а.е.43, л.1-4. Одговор на Г. Кулишев до Софискиот окружен суд од 3.I.1931 година; Исто, а.е.11, цитирани Спомени на Г. Кулишев, 45-46.*

на 15 години затвор[744]. Притоа, за бранење на И. Михајлов пред Софискиот суд, бесплатно се јавиле околу 220 адвокати од цела Бугарија[745]. Загубите на своите приврзаници, соработници и членови, михајловистичката ВМРО мошне трагично ги доживувала. За да создаде психолошки ефект на омраза и уверување кај македонската емиграција и бугарската јавност дека протогеровистите се тие што ги предизвикуваат меѓусебните убиства, погребите на своите најблиски соработници, како што биле на Ј. Ѓурков и С. Ефтимов, таа ги претвара во вистински траурни манифестации со долги поворки низ софиските улици и пламени посмртни говори[746].

Во меѓусебните самоистребувања, покрај ликвидирањето на огромен број приврзаници на двете страни, михајловистичката ВМРО и нанела огромен удар на кадровската база на раководството на протогеровистичката струја, убивајќи ги, притоа, нејзините најистакнати претставници: Г. Баждаров, Н. Томалевски, В. Пундев, Н. Белев, претседател на охридското братство и др. Од друга страна, приврзаниците на протогеровистичката ВМРО, покрај ликвидирањето на најопасните терористи, се ограничиле да ги оневозможат иницијаторите, односно интелектуалните убијци: Ј. Ѓурков[747], С. Ефтимов, Димитар Михајлов, претседател на НК и др.

И двете струи во своите гласила ги прикривале убиствата извршени од нивните приврзаници, додека со голема публичност ги

---

744*АМ, Фонд МНК, кут.16, а.е.1.*

745 *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.57, л.2-9. На големиот одглас на адвокатите од цела Бугарија, И. Михајлов со писмо од 8 декември 1930 година срдечно им се заблагодарил за готовноста бесплатно да се јават како негови застапници пред судот (Исто, л.1 и 117).*

746*АМ, Фонд МНК, кут.16, а.е.1; В. "Свобода или смъртъ", бр.125, III.1931, 1-8; и бр.139, I.1933, 1-15.*

747*Според изворите на национално федералистичката струја на ВМРО (Обединета) и на југословенските дипломатски кругови, убиството на Ј. Ѓурков било организирано од самиот И. Михајлов, бидејќи тој се залагал за помирување со протогеровистичката струја и за прекинување на меѓусебните убиства (АМ, Фонд МВР, кут.10. "Драги", писмо до неидентификувано лице од 9.II.1931 година; Исто, Фонд ЦП, кут.8).*

регистрирале сите посегања над нивните членови. Од друга страна, левоориентираните весници на македонската емиграција во Бугарија, како и на ВМРО (Обединета), убиствата, исчезнувањата, протерувањата, тероризмот и малтретирањата на македонското население во пиринскиот дел на Македонија и над сите идеолошки противници на бугарската власт - членови на БКП, БЗНС и ВМРО (Обединета), и ги припишувале на михајловистичката ВМРО. Притоа, димензирајќи го нивниот број, сите нив ги регистрирала како жртви на михајловистичкиот терор во Бугарија[748].

Во периодот на меѓусебните убиства на спротивставените струи на ВМРО од 1928 до 1934 година паднале и постари членови на ВМРО, заслужни дејци, идеолози и интелектуалци. Биле убиени и голем број на активни лица кои ја претставувале борбената сила на организацијата. За вкупниот број на убиените привrзаници од двете струи на ВМРО нема прецизни податоци. Написите во гласилата на македонската емиграција и на бугарските весници, како и на органите на ВМРО (Обединета) и на левоориентираните македонски сили во Бугарија, доволно говорат за бројноста на извршените убиства.

Според Д. Влахов, во периодот од 1923 до 1933 година биле убиени 2200 Македонци во пиринскиот дел на Македонија од михајловистичката ВМРО[749]. А според П. Шатев, "за време на меѓусебноистребувачките борби меѓу македонските револуционери" паднале повеќе од 1500 македонски синови, "како во самата Македонија, така и надвор од неа, особено сред емиграцијата во Бугарија"[750]. Според францускиот публицист Алберт Лондр, бројот на интелектуалците убиени во меѓусебните судири на струите во ВМРО изнесувал 193, а вкупно на ВМРО и се припишувале убиства на 4.200

---

[748] *Случајот со Иван Вапцаров и неговиот син Никола ставени во списокот на убиените. Види фуснота бр.731.*

[749] *АИНИ, Фонд ГГ, к.XXXVII/7, бр.737. Од говорот на Д. Влахов на "Светскиот конгрес против империјалистичката војна" одржан во Амстердам од 27-29 ноември 1933 година.*

[750] *Д-ръ Павелъ П. Шатевъ, Балканската проблема и Македония, София, 1945, 56.*

луѓе[751]. Според истражувањето на бугарскиот весник "Нови дни", само во 1932 година и првите 6 месеци од 1933 година, биле убиени над 600 души - комунисти, членови на ВМРО (Обединета), земјоделци, демократи и беспартијци[752].

Наспроти овие бројки, попрецизни изворни податоци дава југословенската воено-разузнувачка служба. Според нејзините извори, во периодот од 1928 до 1934 година, во меѓусебната борба на струите во ВМРО биле убиени 340 политичари, книжевници и новинари[753]. А според еден друг податок изнесен во белградскиот весник "Време", во меѓусебните братоубиства, односно по убиството на А. Протогеров, биле убиени околу 200 луѓе[754]. Што се однесува само на убиствата извршени од страна на приврзаниците на михајловистичката ВМРО, Д. П. Ефтимов во своите спомени наведува дека тие изнесувале над 150 души - активни дејци на македонската демократска левоориентирана емиграција во Бугарија[755].

Стариот деец и бивш член на ЦК на ВМОРО, Х. Коцев, во своите спомени наведува дека михајловистичките терористи убиле повеќе од 100 души "заслужни синови на Македонија"[756]. Притоа, тој резигнирано подвлекол: "Денес големо херојство и заслуга е да се убие не некој од непријателите на татковината, туку некои најдобри и заслужни синови (...). Тие ги убиваат најдобрите синови на Македонија (...). Го убија и самото дело, вербата и надежта на народот и убавото име на Македонецот, кој пред убиството на Протогеров се гордееше со

---

751 *АМ, Фонд ЦП, кут.8. Од статијата на Алберт Лондр "Балканската рана: Терор на македоноствојуштите", пренесено во в. "Политика" од 18.X 1931.*

752*Петър Галчин, Политическите... цит., 149.*

753*АИНИ, Фонд ГГ, к.XXXVII/7, бр.752.*

754*АМ, Фонд ЦП, кут.8. Според пишувањето на в. "Време" од 30.XII 1931.*

755*АИНИ, Сл.IV.273, Борбите... цитиран ракопис, 83.*

756*БИА НБКМ, Фонд 589, а.е.1, цитирани спомени на Х. Коцев, 433.*

своето име, а денес се срамува да се каже дека е Македонец"[757].

Борбата меѓу михајловистичката и протогеровистичката ВМРО завршила со полна победа на И. Михајлов. Тој успеал да го минимизира значењето и влијанието на протогеровистичката струја во македонското ослободително движење, што било и основната цел на раководството на неговата струја. Во македонските емигрантски и бугарски средини во Бугарија, како и кај европската општествена јавност, тероризмот и убиствата станале главна идентификација на михајловистичката ВМРО и на името на И. Михајлов. Крвавите самоистребувања меѓу македонските сили во голема мера го разнишале авторитетот на ВМРО, не само во средината на македонската емиграција во Бугарија, туку и кај европската општествена јавност. Долгогодишната војна меѓу двете струи ја мобилизирала целата енергија и сила на организацијата и ја оддалечила од македонскиот народ и од борбата што требала да ја води за ослободување на Македонија.

### б) Обиди за помирување на двете струи во ВМРО

Меѓусебните убиства на спротивставените струи во ВМРО најмногу ги погодиле македонските емигрантски и бегалски маси во Бугарија. Со болка во срцето, разочарани и очајни, тие со големо внимание ги следеле самоистребувањата на македонските револуционерни сили, мошне драгоцени и неопходни за македонското ослободително дело. Уште по убиството на А. Протогеров и расцепот на ВМРО на две струи - михајловистичка и протогеровистичка, македонската емиграција и нивните организации, друштва и братства, во своите гласила отворено апелирале за нивно помирување. Како што убиствата земале се поголем размер, тие формирале и бројни комисии за нивно помирување и прекинување на меѓусебните убиства.

Според извештаите на југословенската разузнавачка служба

---

757 *Исто, 404, 433.*

од ноември 1928 година, старите македонски револуционери соочени со кавгите и крвопролевањата помеѓу двете струи во ВМРО и губењето симпатии и поддршка на организацијата кај странската јавност, а во интерес на македонското дело, решиле да ги замолат протогеровистите, "за некое време", да се откажат од секаква акција против приврзаниците на михајловистичката струја, додека "не се види по кој пат ќе тргне И. Михајлов, па тогаш да го кажат својот збор"[758]. Загрижени од зачестените меѓусебни убиства во организацијата, 35 "општественици - Македонци" во Бугарија во август 1929 година упатиле "Апел за запирање на самоистребувањето и братоубиствата меѓу македонските дејци" до двете спротивставени страни. Во името на "светото македонско дело", во Апелот тие порачале: "Ниту капка повеќе македонска крв во меѓусебната борба"[759]. Двајцата потписници на Апелот, Е. Спространов и И. Нелчинов, во јануари 1930 година упатиле и посебно писмо до Г. П. Христов и П. Шанданов, во кое ги замолиле да престанат да се служат со оружје и да не одговараат на "безумието со безумие", а своите сили да ги насочат против "поробувачите во Македонија, а не против самите себе"[760].

За поавторитативно настапување и извршување поголем притисок врз двете струи за нивно помирување, македонската емиграција преку своите највисоки претставнички тела формирале неколку "помирителни" комисии од истакнати претставници на македонското ослободително движење. Веднаш по убиството на А. Протогеров, во август 1928 година во рамките на Македонската парламентарна група дејствувала комисија за помирување на двете струи во состав: Д. Михајлов, С. Матов и инж. Х. Станишев. Оваа комисија ги истакнала следните предлози за помирување: прекинување на писмените полемики, запирање употреба на оружје и

---

[758]*АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVIII/18, бр.354.*

[759] *АМ, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.38; ЦДА, Фонд 1932, оп.2, а.е.27, л.1. Меѓу 35-те македонски општественици, Апелот го потпишале: проф д-р Михаил Арнаудов, Јордан Бадев, Ефтим Спространов, Лазар Томов, д-р Петко Пенчев, Михаил Чаков, Милан Матов, Иван Нелчинов и др.*

[760]*НА БАН, Фонд 36к, а.е.135, л.1.*

свикување на неутрален конгрес. Меѓутоа, сите овие предлози од страна на И. Михајлов биле отфрлени[761].

Веднаш по овој неуспешен обид, иницијатива за помирување на двете струи презела Илинденската организација. После неколку средби и договарања, на кои била донесена и програма за помирување, во октомври 1928 година била формирана седмочлена комисија во состав: И. Х. Николов, Н. Пушкаров, Д. Лазаров, М. Матов, П. Ацев, М. Чаков и К. Христов[762]. И покрај усилбите на комисијата да ги вразуми двете страни од зачувување "престижот на организацијата пред надворешниот свет и спокојството и еднодушноста" на македонската емиграција[763], нејзините помирителни активности не дале никакви конкретни резултати.

По неуспешните помирителни акции, раководните тела на македонската емиграција во Бугарија: Македонската парламентарна група, Националниот комитет на македонските братства, Илинденската организација, Македонскиот младински сојуз и Македонското студентско друштво "Вардар", наместо да формираат комисија за помирување, под влијание на веќе определените членови на своите раководства на страната на И. Михајлов, зазеле став послабата страна, односно протогеровистичката струја, да отстапи и да се повлече од натамошната борба. На 7 ноември 1928 година, раководствата на овие македонски емигрантски организации упатиле писмо до "групата на ВМРО": Г. П. Христов, П. Шанданов, Г. Баждаров, К. Прличев и Н. Томалевски, во кое, "во името на Татковината" ги замолиле да ја прекинат својата дејност и да се "повлечат од ВМРО"[764].

---

[761] *Цветана Иванова Мичева, Вътрешната... цитирана дисертација, 144-145.*

[762] *Исто, 145-148; В. "Свобода или смърть", бр.115, I 1931, 3.*

[763] *АМ, Фонд МНК, кут.7, "Протокол" бр.46 од заседанието на НК на 2.X.1928 година.*

[764] *БИА НБКМ, Фонд 540, а.е.255, л.19. Писмото е потпишано од И. Каранџулов, претседател на Македонската парламентарна група, д-р К. Станишев, претседател на НК; Д. Иванов, претседател на Илинденската организација; П. Ацев, секретар на Македонскиот младински сојуз и Г. Николов, претедател на Македонското*

Со самото приклонување на раководствата на македонските организации кон михајловистичката ВМРО, борбата меѓу двете струи не само што не стивнала, туку му дала одврзани раце на И. Михајлов со уште поголема жештина да се нафрли врз привrзаниците на протогеровистичката ВМРО. На 17 декември 1930 година на иницијатива на НК биле повикани околу 30 "македонски општественици" за да изнајдат начин за прекинување на крвавите убиства[765]. На собранието била избрана "помирителна комисија" во состав: генерал К. Бојаџиев (претседател), П. Дрвингов, Д. Михајлов, Х. Силијанов, Н. Стојанов и В. Руменов (членови)[766]. Во преговорите со оваа комисија, раководството на протогеровистичката ВМРО покажало поголемо разбирање за прифаќање на нејзините предлози и покрај условувањето да се повлече од натамошната борба. Меѓутоа, И. Михајлов за да ја принуди противничката страна безусловно да се повлече организирал киднапирање на Г. П. Христов. Комисијата, под притисок на И. Михајлов и врз основа на негова писмена белешка за гарантирање животот на Г. П. Христов, на 17 февруари 1931 година изготвила декларација и ја препратила за потпишување до Г. Прличев, уценувајќи го со пуштањето на слобода на неговиот истомисленик Г. П. Христов. Притиснат и уценет, К. Прличев ја потпишал декларацијата[767]. Истиот ден, комисијата испратила писмо до ЦК на ВМРО, соопштувајќи му "со радост" дека најпосле нејзините усилби биле крунисани со успех. Испраќајќи му ги потпишаните декларации на К. Прличев за повлекување од организацијата, комисијата го замолила михајловистичкиот ЦК да ги предаде на потпишување до

---

*студентско друштво "Вардар".*

[765]*ЦДА, Фонд 890, оп.2, а.е.1, цитиран Дневник на Г. Кулишев, 21.*

[766]*Исто; АИНИ, Фонд КПЛ, к.XXXVIII/19, бр.389; В. "Свобода или смъртъ", бр.115, I 1931, 3.*

[767]*ЦДА, Фонд 1932, оп.3, а.е.60, цитирана информација на Г. П. Христов и К. Прличев од март 1931 година; БИА НБКМ, Фонд 540, а.е.255, л.30а-31.*

киднапираниот Г. П. Христов и да го пушти на слобода[768]. Со заедничката потпишана декларација од 17 февруари 1931 година, К. Прличев и Г. П. Христов, сметајќи ја "борбата меѓу Македонците штетна за Македонија", се повлекле од "борбата и од секаква револуционерна дејност"[769].

Покрај иницијативите на раководните тела на македонската емиграција, соодветни акции за помирување на двете струи во ВМРО биле преземани и од највисоките воени кругови на Бугарија и од самиот цар Борис ИИИ. Кон крајот на 1929 и почетокот на 1930 година, Великата ложа на Бугарија (ВЛБ), во која членувале масони -михајловисти и масони - протогеровисти[770], направила обид за помирување на двете струи во ВМРО. По барање на царот, резервниот генерал П. Мидилев, велик мајстор на ВЛБ, на неколку наврати преговарал со двете противнички страни. Неговите ангажирања завршиле безуспешно бидејќи раководството на михајловистичката ВМРО останало упорно во барањето за целосна и безусловна капитулација на приврзаниците на протогеровистичката струја. Раководството на ВЛБ заедно со Сојузот на резервните офицери направиле и официјална постапка пред претседателот на владата А. Љапчев за преземање енергични мерки за прекинување на убиствата меѓу двете струи на ВМРО[771].

Во текот на јануари и февруари 1933 година, повторно по барање на царот Борис, со задача за помирување меѓу двете струи на ВМРО се зафатил резевниот генерал Сирманов, претседател на Сојузот на резервните офицери. И покрај тоа што добил инструкции и широки овластувања од царот за преземање санкции против страната што нема да го прифати предлогот за помирување, неговите барања

768 *БИА НБКМ, Фонд 540, а.е.255, л.32.*

769 *Исто, 30.*

770 *Во Великата ложа на Бугарија повидни масони од михајловистичката струја биле: Т. Карајовов, С. Ефтимов, Ј. Ѓурков, Ј. Чкатров и В. Василев, а од протогеровистичката струја: А. Протогеров, Г. Баждаров, Н. Томалевски, К. Прличев и Е. Спространов.*

771 *Величко Георгиев, Великата ложа на България и някои аспекти на националния въпрос (1923-1931), Военноисторически сборник, кн.3, София, 1984, 28-31*

предложени во преговорите што ги водел заедно со резервниот генерал П. Мидилев, биле енергично одбиени од страна на протогеровистичката ВМРО[772].

Имено, во овој период протогеровистичката струја во контактите со политичката група "Звено" и БЗНС, како и со југословенските политички кругови, ги засилила не само своите позиции, туку и својата материјална база и борбени сили. Затоа, таа во преговорите со бугарските високи воени офицери, за разлика од претходните разговори со "помирителните комисии" составени од македонски видни дејци, ни малку не отстапувала од своите позиции, па дури поставувала и свои услови. Според југословенските дипломатски извори од февруари 1933 година, ваквиот став на протогеровистичката ВМРО бил резултат на внатрешното зајакнување и прегрупирање и на мошне интензивното организирање на борбените дејствија против приврзаниците на михајловистичката ВМРО. Според истите извори, само за неколку месецо во нејзините редови и пристапиле околу 500 нови приврзаници, доверливи и обучени терористи[773].

Сите акции на "помирителните комисии" за прекинување на убиствата меѓу михајловистичката и протогеровистичката ВМРО завршиле со неуспех, бидејќи избраните комисии како претставници на македонската емиграција, и покрај тоа што се прогласиле за "неутрални", во преговорите отворено го подржувале И. Михајлов, а на раководството на протогеровистичката струја му вршеле притисок како послаба страна да се повлече од ВМРО и да им се придружи на легалните македонски организации во Бугарија. Според стариот деец на ВМРО Х. Коцев, сите тие комисии наместо објективно да ги водат преговорите, на протогеровистичката струја и сугерирале: "Откажете се од арената! Откажете се од борбата! Оставете ги

---

[772]*АИНИ, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.5; В. "Революционенъ листъ", бр.10, III.1933, 2-7.*

[773]*АИНИ, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.5.*

помладите да работат што знаат! Откажете се!"[774].

И покрај тоа што од редовите на протогеровистичката ВМРО се повлекле Г. П. Христов и К. Прличев, меѓусебните убиства не престанале. По убиството на главните идеолози на оваа струја, Г. Баждаров, Н. Томалевски и М. Пундев, раководството на оваа струја го презел П. Шанданов, продолжувајќи ги со поголема жестина борбите против михајловистичката струја се до растурањето на ВМРО во мај 1934 година.

### в) Реакција против меѓусебните убиства во ВМРО

Разгорувањето на убиствата меѓу приврзаниците на михајловистичката и протогеровистичката струја на ВМРО наишло на остра реакција не само кај бројната македонска емиграција во Бугарија, туку и кај бугарските државни фактори и кај европската општествена јавност. Меѓусебните убиства во ВМРО го компромитирале ослободителното дело и во голема мера го намалиле престижот и угледот на Македонската револуционерна организација. Јавното мислење, кое "секогаш и насекаде", како што подвлекол П. Шатев, ја сметало македонската кауза како "општонационално ослободително дело", наместо општа симпатија и подршка развило една голема "македонофобија", која била на штета на вистинското македонско национално ослободително движење. А актерите кои придонеле за терористичкото изродување на ВМРО, тој ќе ги нарече "заблудени македонски дејци", односно "епигони" во македонското движење, кои погрешно и несовесно усвоиле метод и средство на борба што не одговарале на новосоздадените општествено политички состојби на Балканот[775].

Особено голем револт, незадоволство и отпор против терористичките дејствија на спротивставените струи во ВМРО, како и против толерантниот однос на државните власти, манифестирала

---

[774] *БИА НБКМ, Фонд 589, а.е.1, цитирани спомени на Х. Коцев, 436.*

[775] *Д-ръ Павелъ Шатевъ, Балканската... цит., 55.*

македонската емиграција во Бугарија низ разни политички и пропагандни активности. Написите во гласилата на демократските и левоориентираните сили во македонското ослободително движење, "Македонско дело", "Македонска правда", "Македонско знаме" и на протогеровистичкиот орган "Револуционерен лист", мошне илустративно говорат за загриженоста на македонската емиграција и нивните стремежи за запирање на меѓусебните убиства и воопшто за прекинување на секаква терористичка активност на струите во организацијата[776]. Укажувајќи на последиците од меѓусебните убиства во ВМРО, македонската емиграција во своите апели, меморандуми и протесни писма постојано го истакнувала барањето да се стави крај на убиствата во организацијата. Во општата кампања за помирување на струите во ВМРО и запирање на нивните меѓусебни убиства, учествувале голем број организации, друштва, групи и поединци од сите слоеви и возрасти на бројната македонска емиграција во Бугарија.

Во апелите за прекинување на убиствата, покрај интелектуалните дејци на организацијата[777], македонските студентски друштва[778] и поголем број групи на македонски емигранти и

---

[776]*За протестите и апелите на македонската емиграција во Бугарија и воопшто на европската јавност за запирање на меѓусебните убиства во ВМРО и теророт на михајловистичката струја види повеќе кај ВМРО (Обединета). Документи... цит., I и II книга.*

[777]*ЦДА, Фонд 1932, оп.2, а.е.27, л.1, цитиран "Апел" на 35-те "македонски општественици" од август 1929 година; АМ, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.38. Еден од членовите на помирителните комисии, резервниот полковник Петар Дрвингов, се обратил и со посебен апел: "До кога браќа Македонци ќе се убивате меѓу себе и ќе се докажувате во борбата за великата цел на ослободувањето..." (ЦДА, Фонд 1932, оп.2, а.е.22, л.1). Исто така, тој, како член на последната "помирителна" комисија, во писмото до Г. П. Христов од 11.февруари 1931 година го замолил заедно со К. Прличев да се состанат со комисијата за "да се стави крај на тие взаемни истребувања" (НА БАН, Фонд 73 к -Петър Георгиев Дървингов, оп.1, а.е.170).*

[778]*Документи за борбата... цит., II, 42-44.*

бегалци[779], најгласно реагирала македонската емиграција во Варна. Во Декларацијата од 9 јули 1933 година, варненската емиграција ги повикала сите македонски братства и друштва во Бугарија и странство да излезат со декларации за осудување на братоубиствата на ВМРО. Залагајќи се за "вистинско помирување" на спротивставените струи во ВМРО и издигање на лозунгот: "Не е Македонец кој што убива Македонци", таа го истакнала барањето за изградување на единствен македонски фронт и создавање на еден "МАКЕДОНСКИ ПАКТ ЗА НЕНАПАЃАЊЕ" (со големи букви во статијата - З.Т.)[780].

Покрај реагирањето на разните друштва, братства и групи на македонската емиграција, со засилувањето на акциите и возвраќањето на протогеровистичката струја со иста мерка против убиствата на нејзините приврзаници, започнале да негодуваат и да бараат заштита михајловистичката ВМРО и раководството на НК, кое дотогаш, под формата на "неутралност" ја протежирал оваа струја. Раководството на михајловистичката ВМРО преку своите печатени органи, како и бугарскиот печат, со систематска кампања против министерот за внатрешни работи Гиргинов, барале да преземе мерки против терористичките дејствија на приврзаниците на протогеровистичката струја[781]. Исто така, и претседателот на НК, Г. Кондов, во името на македонските братства, во писмото до претседателот на бугарската влада Н. Мушанов барал да преземе енергични мерки за да ги заштити приврзаниците на михајловистичката струја од протогеровистичките атентатори[782].

Против меѓусебните убиства на Македонците и воопшто

---

[779] *ЦДА, Фонд 396, оп.2, а.е.1, л.1. Апели на "група македонски емигранти" од 16.V.1930; Исто, оп.3, а.е.15, л.1, "Протест" на група македонски бегалци од квартот "Расадник".*

[780] *В. "Македонска правда", бр.2, 10.IX.1932, "Декларация на варненската емиграция по македонските междуособици и братоубийства", 2.*

[781] *АИНИ, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.11.*

[782] *АМ, Фонд МНК, кут.10. Писмо на НК до министерот - претседател на бугарската влада, од 7.VII.1933 .*

против терористичките дејствија на ВМРО во границите на Бугарија реагирала и бугарската јавност. Заплашена за безбедноста и за губењето на меѓународниот углед на својата држава, својот револт таа го искажувала против неефикасноста и неспосбноста на својата влада во зачувувањето на мирот и заштитувањето на правата и слободите на граѓаните. Меѓу првите на овој план реагирала Бугарската лига за заштита на државата и на човекот и граѓанинот. Во својот "Протест" од 25 септември 1929 година, реагирајќи против "бесмисленоста на самоубиствата на борците за една света работа" кои ја претвориле Бугарија во "арена на крвава самораспрaва", Лигата ја повикала бугарската влада да преземе најенергични мерки за откривање и казнување на авторите на македонските убиства и оневозможување на злосторствата во земјата, кои го компромитирале авторитетот на државата, мирот во земјата и неопходниот престиж на Бугарија како правно организирана држава. На крајот од "Протестот", Лигата апелирала до сите "јавни кругови и културно - политички струи" во Бугарија да се заземат борбата за идејни политички недоразбирања да се води единствено со културни средства, "на база на законите, правата на човекот и граѓанинот и да се зачува Уставот и мирот на земјата", подвлекувајќи, притоа, дека Бугарија "не можела да го откаже своето гостопримство на борците за едно национално дело"[783].

Во јуни 1931 година по парламентарните избори во Бугарија, владата на Демократскиот сговор на А. Љапчев била заменета од коалицијата на Народниот блок, составена од повеќе поумерени политички партии: демократи, земјоделци, радикали и либерали. Една од причините за паѓањето на владата на А. Љапчев, меѓу другото, било и големото незадоволство на бугарската јавност што неговата влада не можела да се справи со двете непријателски струи во ВМРО и да ги спречи нивните меѓусебни убиства. А уште повеќе, што таа подеднакво не ги третирала двете страни, подржувајќи ја, притоа, михајловистичката ВМРО. Меѓутоа, и покрај ветувањата на новата влада на Народниот блок, убиствата меѓу двете струи во ВМРО не престанале.

---

[783] *Исто, Фонд ЦП, кут.1, рег.бр.46.*

Врз основа на перманентниот притисок на јавноста, а особено со личното ангажирање на царот, наредувајќи му на претседателот на владата Никола Мушанов да се справи "со македонската организација", на 25 јуни 1933 година полицијата и војската извршиле блокада на Софија. Притоа, биле уапсени извесен број незначителни привржаници на двете противнички страни, и тоа поголемиот број од протогеровистичката струја[784]. Во натамошните преземени мерки, бугарските власти интернирале во Северна Бугарија дел од раководството на протогеровистичката ВМРО: П. Шанданов, М. Шкартов, Ј. Главинчев и М. Чегански[785]. Нивното интернирање од страна на бугарските власти било повеќе од желбата да ги заштитат од куршумите на михајловистичките терористи, отколку да ги неутрализираат во борбата со противничката струја[786].

Ваквата ограничена акција предизвикана од надворешни влијанија, пред се , од Кралството на Југославија, била преземена со цел да се предупредат раководствата на двете струи во ВМРО да ги прекинат меѓусебните убиства, бидејќи владата, како и царот, биле против растурањето на организацијата. И покрај апелот упатен до двете струи и закануваньето да запрат со меѓусебните убиства, царот Борис ништо не презел со својот авторитет и моќ да се наложи за нивно прекинување[787].

---

784 *Георги Марков, Парола... цит., 93.*

785 *В. "Революционенъ листъ", бр.12, VII.1933, 5.*

786 *В. "Македонска правда", бр.8, 22.X.1933, "Въ изолационния лагеръ при видния македонски революционеръ Петъръ Шанданов и другарить му", 2. Според Б. Видов, современик на настаните и близок на раководството на протогеровистичката ВМРО, интернираниот дел од раководството на протогеровистичката струја во градот Сливен биле сместени во куќа со двор, имале обезбедување, добивале по 40 лева дневно и воопшто, како што забележил тој во својот ракопис, "логорот им беше повеќе од одморалиште" (Музеј-галерија, Кавадарци, Фонд Мемоарски материјал, Благој Видов, Някои... цитиран ракопис, VI, 147-149).*

787 *ЦДА, Фонд 890, оп.1, а.е.1, цитиран Дневник на Г. Кулишев, 20; Исто, а.е.11, цитирани Спомени на Г. Кулишев, 38.*

Меѓусебните убиства во редовите на ВМРО во голема мера го компромитирале престижот на организацијата во странство и нејзиното ослободително дело. Особено биле погодени европските општественици и учени луѓе, кои раководството на ВМРО со години наназад ги придобивало за да ја заштитуваат организацијата пред европските фактори. Како добри познавачи на состојбите во организацијата, тие биле најгласни и најкритички расположени во осудувањето на меѓусебните убиства. Притоа, разочарани од безизлезната состојба во ВМРО, нивната иницијатива во бранењето на македонското ослободително дело постепено спласнувала[788]. Францускиот писател Жорж Десбон при посетата на Софија во 1930 година, упатувајќи апел против братоубиствата во организацијата и самиот се запрашал: "Ако сега вие во една туѓа земја се убивате, што ќе биде во една автономна Македонија? Тоа ќе биде анархија"[789].

Исто така, зачестените убиства меѓу приврзаниците на двете струи на ВМРО во границите на Бугарија го дескридитирале и престижот на бугарската држава пред европската јавност, како

---

[788] *Како пример ги наведуваме констатациите на неколку европски и југословенски општественици и политичари, и тоа само во првите месеци по убиствотот на А. Протогеров во јули 1928 година: Анри Барбис, француски писател и општественик, ја критикувал ВМРО како "крвава организација што е во услуга на бугарските фашистички влади"; Леон Ламуш, француски офицер и општественик, му изјавил на претставникот на ВМРО во странство: "Најнесреќно и најфатално е тоа што во вашето револуционерно движење ги убивате првите луѓе откако тие ќе станат познати на надворешниот свет. Не можете да имате претстава каква тешкотија е тоа за нас, пријателите на Македонија"; Стјепан Радиќ, хрватски политичар, во разговорот со рускиот емигрантск новинар Неманов му рекол: "Прекрасно би било ако можеме да направиме општо дело со Македонците, но ете, тие се зафатија со самоистребување. Ништо не може сега да се работи со нив"; Светозар Прибичевиќ, хрватски политичар и југословенски државник, на претставникот на ВМРО му изјавил: "Сега, повеќе од било кога, Македонците не не интересираат. Ако беа единствени во сегашниот момент, можеа да имаат некакво значење за нашата борба против Белград, но тие се самоубиваат и ништо не можат да придонесат кон таа веќе отворена борба" (ЦДА, Фонд 396, оп.3, а.е.9, л.1. Писмо на надворешниот претставник на ВМРО во странство за реакцијата по убиството на А. Протогеров).*

[789] *Исто, Фонд 890, оп.1, а.е.1, цитиран дневник на Г. Кулишев, 9.*

демократска и правна држава. Во своите апели, европската демократска јавност енергично барала од официјалните бугарски фактори да ги сузбијат не само меѓусебните убиства во организацијата, туку и сите терористички акции на михајловистичката ВМРО. А европскиот печат ја прогласил Бугарија за земја на легализиран тероризам и за држава што се наоѓа во хаотична состојба и без правен ред[790]. Притоа, германскиот печат од август 1932 година сериозно укажувал и на опасноста дека "еден куршум" на македонските револуционери може лесно да предизвика дури и меѓународен конфликт[791].

Сите овие внатрешни и надворешни реагирања да се запрат и да се стави крај на меѓусебните убиства на спротивставените струи во ВМРО влијаеле во Бугарија да се создаде општествена клима која отворено го поставила барањето пред бугарската влада за оневозможување на натамошното дејствување на организацијата и нејзино распуштање во границите на државата.

### г) Забрана на дејноста на ВМРО во Бугарија

Во почетокот на 1933 година со доаѓањето на Хитлер на власт во Германија, меѓународните односи во Европа знатно се интензивирале. Нивното раздвижување особено се манифестирало во конфронтацијата помеѓу победниците и поразените држави од последната војна, како Германија и Италија, чии реваншистички апетити повторно дошле до израз. Од друга страна, помалите европски членки на Антантата, заинтересирани за зачувување "статус -кво" на своите државни граници, почнале да склучуваат меѓусебни сојузи.

Бугарија, како победена држава во Првата светска војна, и покрај тоа што пројавувала ревизионистички стремежи, економски осиромашена, финансиски зависна, слабо вооружена и политички изолирана, не била во состојба рамноправно да ги следи

[790] *Историја на македонскиот народ, Книга трета, Скопје, 1969, 220-221.*

[791] *АМ, Фонд МНК, кут.16, а.е.1.*

ревизионистичките држави на меѓународен план. Затоа, приоритетната стратегија на надворешната политика на владата на Народниот блок била да се изнајдат патишта за излегување од меѓународната изолација на државата, како и да се разбие новото опкружување создадено со склучувањето на Балканскиот пакт во февруари 1934 година помеѓу Југославија, Грција, Романија и Турција[792]. Првиот чекор на овој план, неминовно било зближување со Кралството на Југославија и создавање атмосфера на доверба и спогодување. Од втората половина на 1933 година се засилиле дипломатските односи меѓу Бугарија и Кралството на Југославија, а круна на сето тоа претставувале неколкуте средби на двајцата монарси, царот Борис III и кралот Александар Караѓорѓевиќ[793].

Во обновувањето на бугарско - југословенските односи, а особено при средбите на двајцата монарси, неизбежно било присутно прашањето за ликвидирање на ВМРО во границите на Бугарија, кое дотогаш бугарските влади не само што не биле подготвени да го спроведат, туку и го одбегнувале неговото поставување во меѓусебните преговори. Притоа, на бугарските преговарачи, како и на царот Борис, отворено им било предочувано дека постигнувањето на договор е возможно само ако Бугарија се помири со постоењето на "статус кво" на границите и дека еден вистински и траен сојуз е невозможен без отстранување на ВМРО[794]. На ваквиот јасен и категоричен услов за "ликвидирање на ВМРО", најпосле се согласил и царот Борис. Тој пред кралот Александар, искрено му признал дека "не е толерантно" повеќе да ги подржува пакостите на организацијата и дека било срамота за Бугарија, која била единствена држава во Европа, да се случуваат такви

---

792 *Д-р Панайот Панайотов, Външната политика на България 1919-1945, София, 1990, 37-41.*

793*АИНИ, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.76. Извештај (на 17 стр.) за бугарско - југословенските односи од 15.I 1937 година*

794*Людмил Спасов, Бъларият, Великите сили... цит., 5-34.*

противзаконски дејствија[795].

Ваквата нова политичка ориентација на бугарската влада и одела во прилог на новата опозиција групирана околу политичката група "Звено" и Воениот сојуз. Тие во својата програма за надминување на надворешната изолација на Бугарија и нејзино поактивно вклучување во европските политичко - економски односи, меѓу другото, се залагале и за зближување на односите со Кралството на Југославија. Од друга страна, загрижени за интегритетот и територијалната целост на државата, тие биле разочарани од промената на лозунгот на михајловистичката ВМРО, односно отфрлањето на барањето за автономна Македонија со прокламирањето на идеата за целосна и независна Македонија. А уште повеќе, што во остварувањето на ваквите сепаратистички тенденции И. Михајлов првенствено сметал на пиринскиот дел на Македонија.

За отпочнување на нов надворешно-политички курс на државата, неминовно било и сменување на владеачките партии и нејзините највисоки државни органи и тела. Од тие причини, на 19 мај 1934 година бил извршен воен преврат и била формирана нова влада на чело со Кимон Георгиев. Веднаш по превратот, новата влада го распуштила Народното собрание, го забранила демократскиот печат, а својот надворешно-политички курс го ориентирала кон следните насоки: пријателство со сите големи сили, првенствено со Франција, востановување дипломатски односи со Советскиот сојуз и одржување добри односи со соседите, главно со Кралството на Југославија[796]. Новата влада, во согласност со царот, објавила Манифест, во кој, меѓу другото, се предвидувало "востановување авторитет на државната власт врз целата територија на државата", а посебно на пиринскиот дел на Македонија[797]. За да покаже дека е искрен привrзаник на зближувањето со Кралството на Југославија, владата со посебна

---

795 *Исто, 25.*

796 *История на Благоевградската...цит., 200; Д-р Панайот Панайотов, Външната... цит., 46.*

797 *В. "Македонска правда", бр.38, 27. V.1934, 1; Георги Марков, Парола... цит., 109-110.*

"наредба - закон" од 14 јуни 1934 година, ги забранила сите политички партии и организации во државата, меѓу кои и ВМРО[798].

Со цел да го поврати државниот авторитет во земјата, владата наредила да се изврши блокада во сите поголеми места во пиринскиот дел на Македонија, а полициските и воените сили добиле задача да преземат енергични мерки против секакво индивидуално и колективно спротивставување од страна на членовите на ВМРО[799]. Притоа, Министерството на војската издало наредба да се заплени сето оружје и материјалните средства на организацијата и да се уапсат сите членови на ВМРО што биле замешани во убиствата[800].

Според податоците на југословенските власти, во магацините на организацијата бугарската полиција успеала да најде и заплени огромно количество на оружје: 10.938 пушки, 7.767 бомби, 637 револвери, 47 митролези, 15 автоматски пушки, 3 минофрлачи и 701.388 куршуми[801]. Исто така, при апсењето на главниот благајник на ВМРО, Тодор Пиперовски, полицијата запленила 21.339.421 лева останати во касата на организацијата[802]. Врз основа на наредбата за конфискација на имотите на нелегалните организации, бугарските власти успеале да конфискуваат огромен дел од материјалното благо на бившите раководители на михајловистичката ВМРО во полза на

---

798 *История на Благоевградската... цит., 200.*

799 *АИНИ, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.25.*

800 *АМВР, ОБ.67-79, л.137. Извештај на "БКП - секција по 19-май".*

801 *АМ, Фонд Милан Стојадиновиќ, МФ 2042, цитиран "Report", 3-4. Според еден извештај на БКП, само во Горна Џумаја биле запленети 20 тешки и 40 лесни митролези, а во олтарот на црквата во Банско биле најдени 300 пушки и 19.000 куршуми (АМВР, ОБ.67-79, л.137, цитиран Извештај).*

802 *АИНИ, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.66. Според в. "Македонска правда", на Тодор Пиперовски му биле запленети вкупно 25.766.055 лева, од кои: 19.652.000 лева депонирани во Народната банка, 722.554 лева најдени во неговата каса и 5.322.507 лева во акции, како и 390.000 кг грав, куќа во Софија и автомобил (В. "Македонска правда", бр.49, 12.VIII.1934, "Имотитъ на бившата терористичка група конфискувани", 1).*

државата[803].

Во акцијата против забраната на ВМРО, бугарските власти затвориле, осудиле и интернирале голем број членови на организацијата[804], од кои поголемиот дел приврзаници на михајловистичката струја. Според југословенските дипломатски извори, само за неколку дена во градот Сливен и околните места биле интернирани околу 30 македонски дејци[805]. Исто така, Дирекцијата на полицијата презела строги мерки за разоружување на организацијата и за следење и престој на лица во престолнината. На лицата кои незаконски држеле оружје им бил даден рок од три дена да го предадат на најблиските полициски станици, а доколку не се придржувале на објавеното предупредување, законот предвидувал казна до осум година затвор и 300.000 лева[806]. А станодавците и сите оние што, исто така, во рок од три дена не го пријавеле престојот на лица во нивните домови, следувала казна до 2.000 лева[807].

Мерките на новата влада предвидувале и забрана на печатените органи на ВМРО, "Слобода или смрт" и "Македонија"[808], организирање манифестации на македонската емиграција во Бугарија, како и растурање на сите македонски организации и друштва, меѓу кои и на НК. Согласно новиот Закон за државната безбедност, кој имал за цел "да го направи невозможно постоењето на било каква револуционерна илегална организација", софиската полиција го распуштила НК, а поголемиот број од членовите ги уапсила и ги интернирала, меѓу кои и

803 *В. "Македонска правда", бр.49, 12. VIII.1934, 1.*

804 *АИНИ, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.25; История на Благоевгардската... цит., 201; Петър Галчин, Политическите... цит., 164.*

805 *АИНИ, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.26.*

806 *В. "Македонска правда", бр.40, 10. VI.1934, 3.*

807 *Исто.*

808 *АИНИ, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.21 и бр.32.*

претседателот Г. Кондов[809]. При претресот извршен во зградата на НК, како и во домовите на неговите членови, полицијата пронашла компромитирачки материјали со кои се потврдувале блиските врски на НК со михајловистичката ВМРО. Ваквите докази им послужиле на бугарските власти да ги уапсат поголемиот број од членовите на НК и да им наредат избирање на нова управа[810].

Протогеровистичката ВМРО, која пред превратот одржувала блиски контакти со групата "Звено" и Воената лига, како и заради идентичната политика за зближување со Кралството на Југославија, во мерките на владата против забраната и распуштањето на ВМРО немала подеднаков третман со михајловистичката ВМРО. Добивајќи наклоност на новата влада, таа успеала да добие превласт во раководството на поголемиот број македонски братства, а за претседател на новата управа на НК го истакнала својот кандидат Димитар Мирчев[811]. Оваа струја на ВМРО со одобрување ги прифатила новите мерки на бугарската влада, продолжувајќи и понатаму да и служи во пресметнувањето со приврзаниците на михајловистичката ВМРО.

Бугарските владини органи успеале без никаков отпор или било какво спротивставување да го ликвидираат долгогодишното опстојување и дејствување на ВМРО во границите на Бугарија. На ваквата успешна акција, без капка пролеана крв, во голема мера придонело решението на раководството на михајловистичката ВМРО да не се спротивставува на новата влада[812]. Како што подвлекол И. Михајлов во своите спомени, ВМРО им наредила на милицијата и на своите борци да не истрелаат "ниту еден куршум против бугарската војска", и покрај тоа, како што вели тој, "мнозина наши борци плачеле

---

809 *В. "Македонска правда", бр.52, 3.IX.1934, 2.*

810*АИНИ, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.29.*

811 *В. "Македонска правда", бр.52, 3.IX.1934, 1.*

812*Јосиф Кузов Марков, Протокол од неговото сослушување пред Софискиот суд на 14.IX.1946, 2 (отстапен на користење од Панче Михајлов).*

при добивањето на наредбата, но стоечки ја извршија"[813].

Согласно член 14 од новата "Наредба-закон" за државната безбедност од септември 1934 година, Дирекцијата на полицијата објавила потерница против десет души, членови на раководството на михајловистичката ВМРО[814]. Притоа, полициските власти успеале да ги уапсат членовите на ЦК, В. Куртев и Г. Настев, како и К. Дрангов[815]. Водачот на организацијата, И. Михајлов, по неколку месечно криење, на 10 септември 1934 година[816], избегал во Турција со посредства на највисоките бугарски државни власти[817]. Држен под строг надзор на турските власти, И. Михајлов останал 4 години во Истамбул, одржувајќи, притоа, постојани контакти со членовите на ВМРО кои бугарските власти не успеале да ги уапсат[818].

Растурањето на михајловистичката ВМРО од страна на македонското население и македонските емигрантски и бегалски маси во пиринскиот дел на Македонија било дочекано со нескриено задоволство. Воспоставувањето на суверенитетот на бугарската власт во овој дел на Македонија тие го прифатиле со голема радост и надеж како почеток на еден нов живот ослободен од дотогашниот терор на

---

813*Иванъ Михайловъ, Спомени IV... цит., 787.*

814*Георги Марков, Марсилският атентат през 1934 г., Исторически преглед, кн.1, София, 1987, 47-48.*

815 *ЦДА, Фонд 1932, оп.1, а.е.213, л.6, "Из спомените на Трайчо Чолаков - Кой е Владимир Куртев като Македонец", 2; АИНИ, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.35; Владимир Спиридонов Куртев, цитиран материјал, 14.*

816 *История на Благоевградската... цит., 201; Георги Марков, Марсилският... цит., 48.*

817*НА БАН, сб.IV, а.е.194, цитирани спомени на М. Јанчулев, 735. Според М. Јанчулев, на И. Михајлов да избега во Турција му помогнал капетанот Истилијан Тошев.*

818*ЦДА, Фонд 176, оп.6, а.е.2604; АМВР, ОБ.5933, л.72; АИНИ, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.61. За време на престојот во Истамбул, И. Михајлов одржувал врски и добивал материјална помош од бугарското добротворно друштво "Поткрепа" со седиште во овој град (ЦДА, Фонд 176, оп.6, а.е.2621, л.49).*

"неодговорните фактори" на организацијата[819]. Со цел да ја централизира власта, новата бугарска влада го укинала административниот центар на пиринскиот дел на Македонија, Петричкиот округ, го разделила и го припоила кон Софиската и Пловдивската област.

Веднаш по превратот, новата бугарска влада побрзала да ја прокламира својата надворешна политика на зближување и добрососедски односи со Кралството на Југославија. Како основен доказ за водењето на новата надворешна политичка ориентација, претседателот на бугарската влада К. Георгиев, уште во својот прв "програмски говор" го подвлекол успехот во растурањето на Македонската револуционерна организација, која, според него, била основна пречка за бугарско-југословенското зближување. Обелоденувајќи ја бројноста на воената сила и на вооружените средства на ВМРО и истакнувајќи ја опасноста за безбедноста на државата, тој самиот признал дека државниот суверенитет бил "само една фикција"[820]. А неговиот соучесник во превратот од редовите на Воениот сојуз, Дамјан Велчев, растурањето на ВМРО го нарекол "историска заслуга" на Сојузот[821]. Со ваквите изјави на двајцата највисоки бугарски државници, новата бугарска влада за прв пат јавно признала дека ВМРО била еден вид "држава во држава", дека била сила на која морале да сметаат сите бугарски влади и дека таа всушност не би постоела без поддршката на бугарските влади и дворот.

Самиот факт што бугарската влада кога посакала, и тоа со еден удар и за мошне кратко време, ја распуштила ВМРО, доволно говори за длабоките и блиските врски што ги имала со раководството на организацијата. Со забраната на ВМРО, новата бугарска влада, според согледувањата на БКП, сакала: "1. да го зачува заграбениот дел од територијата на Македонија (се мисли на пиринскиот дел на Македонија - б.м.), да го држи во потчинетост македонското население

---

819*В. "Македонска правда", бр.38, 27. V.1934, 3.*

820*АИНИ, Фонд ЦП, к.XXXVIII/13, бр.27.*

821 *Георги Марков, Парола... цит., 113.*

за да може полесно да го ограбува; 2. да го присвои македонското прашање и да го претвори во чисто бугарско прашање; 3. да го подготви психолошки и фактички општественото мислење тука (се мисли во Бугарија - б.м.) и во странство, за евентуално освојување и на останатите делови на Македонија, како бугарски"[822].

Со забраната и растурањето на ВМРО, дотогашната стратегија на бугарската државна надворешна политика претрпела корените промени. Имено, со ликвидирањето на ВМРО во нејзините граници, Бугарија се откажала од своите ревизионистички стремежи кон Кралството на Југославија, односно од територијалните претензии спрема вардарскиот дел на Македонија, што со години ја користела револуционерната сила на организацијата и се прикривала зад ослободителните стремежи на македонските емигрантски и бегалски маси во Бугарија. Меѓутоа, новата влада не се откажала од барањето за признавње на "бугарското малцинство" во вардарскиот дел на Македонија, што, според нејзината нова политичка стратегија требало да се води од бугарските официјални државни органи, а не од легалните и илегалните институти на Македонската револуционерна организација.

Со забраната на ВМРО во границите на Бугарија, нејзинот дејствување формално престанало да постои. Но тоа не значело дека организацијата сосема ја напуштила македонската политичка сцена. Нејзиното влијание и натаму продолжило кај македонските емигрантски друштва и братства и преку нејзините печатни гласила. Плашејќи се од реанимирањето на македонскиот проблем и реорганизирањето на Македонската револуционерна организација, бугарските власти го ограничиле македонското движење само на културно - просветен план. Притоа, бугарските државни органи ги растуриле сите македонски организации и друштва што имале македонски карактер. Посебни мерки за искоренување на македонството се применувале во пиринскиот дел на Македонија. Од

---

822 *ЦДА, Фонд 3, оп.1, а.е.524, л.1-7, "Защо българската фашистка диктатура провежда след 19 май открита против-македонска политика?". Извештај - статија од непознат автор од 1936 година. На маргините на извештајот стои дека е упатен до "тов. Коларовъ" (се однесува на Васил Коларов, еден од раководителите на БКП - З.Т.).*

училиштата и читалиштата биле симнувани портретите на македонските револуционери, биле забранети било какви беседи или читања на реферати по македонски прашања. На населението му било забрането да ги празнува своите македонски народни празници, како "Илинден, Гоцевиот ден, годишнината од Крушевската република и т.н". Покрај членовите на организацијата, била апсена и македонската интелегенција од државните и општествените служби и тн. Ваквата акција против целокупното македонско движење во Бугарија, односно "против се што е македонско", според мислењето блиско на БКП, било со цел главниот удар на бугарската реакција да биде насочен "ДА ГО УБИЕ, ПРЕД СЕ МАКЕДОНСКИОТ КАРАКТЕР НА БОРБАТА" (со големи букви во ракописот - З.Т.). Со ваквиот чин се сакало новите бугарски власти да ја уништат "секоја македонска иницијатива" која настојувала да го "сочува самостојниот карактер на македонската борба"[823].

Изгубувајќи ја својата улога како фактор во внатрешната политика на Бугарија, раководството на михајловистичката ВМРО своето дејствување го насочило на надворешен план, поврзувајќи се поблиску со националистичките и фашистичките кругови на Италија, Германија, Унгарија и Хрватска. Во организација на овие реваншистички сили, ВМРО ќе ја изврши и својата последна терористичката акција - убиството на југословенскиот крал Александар Караѓорѓевиќ на 9 октомври 1934 година во Марсеј, од страна на професионаалниот атентатор Владимир Георгиев - Черноземски.

Со распуштањето на ВМРО во Бугарија и присилно одвоена од македонските емигрантски и бегалски маси во нејзините граници, како и од македонскиот народ во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија, Македонската револуционерна организација дефинитивно се претворила во надворешна и емигрантска организација. Продолжувајќи го своето дејствување во Европа и Америка сред македонските иселеници и

823 *Исто.*

сведувајќи а својата активност само на пропаганден план, таа не се откажала од борбата за ослободување на Македонија и создавање на посебна македонска држава.

# ЗАКЛУЧОК

Со обновувањето на Внатрешната македонска револуционерна организација по Првата светска војна продолжил процесот на популаризирањето на програмските цели за ослободување и обединување на Македонија и нејзино државно конституирање. Реорганизацијата и заживувањето на политичко-пропагандните и вооружените активности на организацијата биле исполнети со многубројни внатрешни противречности, идејни превирања, струења, отворени судири и физички убиства, кои се повеќе придонесувале да се оддалечува од широките македонски народни маси и да го губи карактерот на македонска народна ослободителна организација. Пренесувајќи ги своите организациони институти и борбени сили во Бугарија и дејствувајќи како полулегална емигрантска организација, колку и да сакала да остане самостојна, во нејзините редови неизбежно бил присутен бугарскиот државен фактор. Сите овие внатрешни струења и превирања ќе ја следат организацијата и во последниот период од нејзиното дејствување се до нејзината забрана и распуштање во границите на Бугарија.

Завршниот период на десетгодишното дејствување на ВМРО, од 1924 до 1934 година, исполнет со внатрешни противречности, кариеризам, меѓусебни конфликти, програмски и воено-стратегиски разидувања, раслојување и расцеп на организацијата и меѓусебно крваво истребување на спротивставените струи, заради своите специфичности јасно се забележуваат две посебни карактеристични етапи, односно периоди.

ПРВАТА етапа го опфаќа периодот од септември 1924 година до јули 1928 година. Овој меѓник на историскиот континуитет на ВМРО почнува и завршува со двете најголеми убиства извршени во самата организација - убиството на првите и најавторитативни членови со најголем стаж во Централниот комитет на ВМРО, Тодор Александров и Александар Протогеров. Овие убиства во голем степен ја потресоа организацијата, предизвикувајќи кризни ситуации и отварајќи го процесот на подлабоки судири со незапирливи крвави процеси.

Овој прв период од дејствувањето на ВМРО ја карактеризира лидерската врвица на Иван Михајлов во раководството на организацијата

и неговото устоличување за прв водач на организацијата. Почетната криза во организацијата по убиството на Тодор Александров била брзо надмината со неговото директно влучување во најтесното раководство на ВМРО. Организацијата ја продолжила политичката програма на автономистичката ВМРО со барањето за остварување на максималната програма - "ослободување и независност на целосна Македонија" и минималната програма - "Македонија да биде рамноправен член во федеративна Југославија".

Новата политичка платформа и воена стратегија на ВМРО, согласно изменетите територијални и политички услови на Балканот по Првата светска војна, декларативно биле верифицирани со прифаќањето на Уставот и донесените резолуции на VI-от Конгрес на организацијата од февруари 1925 година. Според нив, раководството на ВМРО и натаму не отстапувало од борбата за "ослободување и обединување на цела Македонија во нејзините географски граници" и тоа со "револуционерни" средства, бидејќи други нелегални средства биле невозможни во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија. За разлика од овие два дела на Македонија, новиот ЦК на ВМРО сметал дека во пиринскиот дел на Македонија немало потреба од "револуционерна" борба, бидејќи според него, во овој дел на Македонија било решено македонското прашање. Покрај уставните определби, новото раководство на ВМРО се задоволувало, особено пред надворешната јавност, и со остварување на минималната програма, односно со алтернативата "Македонија да биде рамноправна единица во рамките на Југославија или во Балканска федерација" и признавање на малцинските права на македонското население, третирајќи го, притоа, за "бугарско" малцинство, односно за "македонски Бугари".

ВМРО не само што го задржала пиринскиот дел на Македонија за своја база, туку ги зацврстила и своите позиции. Под форма за зачувување на безбедносната сигурност на населението од овој дел на Македонија, раководството на ВМРО воспоставило полуофицијална легална власт управувајќи го и контролирајќи го општествено - политичкиот, стопанскиот и образовно-културниот живот на населението. Монополизирајќи го целокупниот живот на македонските емигрантски и бегалски маси, а особено со својата паралелна даночна политика, ВМРО

го претворила овој дел на Македонија во колонија на Бугарија, од каде ги црпела најголемиот дел од материјалните средства за извршување на политичко - пропагандните активности и вооружено-терористичките дејствија на организацијата.

Со своите многубројни активности на внатрешен и надворешен план, декларирајќи се за единствен претставник и заштитник на македонскиот народ во трите дела на Македонија, како и со финансиска подршка и директно наложување, ВМРО успеала да ги привлече раководствата скоро на сите македонски организации, друштва и братства во Бугарија и поголемиот број од македонските студентски друштва во Европа и македонските иселенички организации и друштва во Канада.

Овој прв период од дејствувањето на организацијата е исполнет и со меѓусебно несогласување на двајцата претенденти за заземање раководното место во организацијата, Иван Михајлов и Александар Протогеров. Овие двајца лидери на ВМРО оставија длабок печат во последната етапа од неславното и трагично завршување на организацијата. Тие, по својата возраст, искуство во организацијата, карактерот и амбициите, особено по своите сфаќања за тактиката и методите на вооружената дејност на организацијата, биле дијаметрално спротивни. Александар Протогеров, веќе во шестата деценија од животот, патријархално воспитан, мошне религиозен, "мајстор" на Великата масонска ложа во Бугарија, генерал на бугарската армија, не можел да се откаже од традиционалниот начин на борба на организацијата преку вооружени чети. Од друга страна, Иван Михајлов, млад, со нежно здравје, но крајно амбициозен, работејќи во сенка на Тодор Александров ги спознал сите тајни во раководењето на организацијата, не бирал средства и начини на патот за заземање лидерската позиција во раководството на ВМРО, газејќи, притоа, и врз уставните принципи на организацијата, во своите гледања за идното дејствување на ВМРО брзо се прилагодил на новонастанатите општествено - политички констелации на Балканот и Европа.

Меѓусебното конфронтирање на овие двајца лидери во организацијата ќе прерасне во идејни судири и ќе ја достигне кулминацијата со примената на новата вооружена тактика од страна на

Иван Михајлов. Имено, изменетите политички околности по Првата светска војна во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија и консолидирањето на државните режими на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците и на Грција во овие делови на Македонија, ја налагала потребата од отстапување на основните принципи и традиционални форми на оружената борба и примена на нови вооружени методи на организацијата. Тие биле главните мотиви и причини што Иван Михајлов ја промовирал новата вооружена тактика на ВМРО, преку организирање на терористички акции и атентати со тн "тројки" и "петорки". Имајќи ги предвид новонастанатите политички околности на Балканот, ваквиот начин бил единствен вооружен метод да се влее верба кај македонскиот народ дека организацијата постои и дејствува, а на европската јавност да и се даде на знаење дека македонскиот проблем и натаму е отворен. Од друга страна, преку ваквата ограничена и намалена вооружена дејност, организацијата била изолирана од македонскиот политички амбиент, прекинувајќи ги постепено врските со македонскиот народ во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија. А уште повеќе, со институционализирањето во пиринскиот дел на Македонија, ВМРО од "внатрешна" се претворила во "надворешна" организација, односно од револуционерна и ослободителна во терористичка и емигрантска организација.

Во меѓусебниот конфликт на Иван Михајлов и Александар Протогеров во голема мера придонел и внатрешниот бугарски фактор, што ќе се одрази врз воспоставувањето поблиски односи со заинтересираните политички партии и кругови во Бугарија. Додека Александар Протогеров му останал лојален на бившиот претседател на бугарската влада Александар Цанков, Иван Михајлов се доближил до владеачката партија на Демократскиот сговор на чело со претседателот на владата Андреј Љапчев и министерот на војската Иван В́лков, кои биле проиталијански ориентирани и антијугословенски настроени, што се совпаѓало со политиката на ВМРО, особено во ревизионистичките стремежи за промена на балканските граници. Всушност, овие двајца високи бугарски државници биле и главни покровители и подржувачи на политиката на Иван Михајлов што ја водел во организацијата.

Во односите со бугарските владеачки фактори, ВМРО

подредувајќи ја самостојноста на организацијата, останала лојална на нивната генерална внатрешна и надворешна политика. На внатрешен план, бугарските влади со својот толерантен став во непреченото дејствување на ВМРО во своите државни граници ја искористувале револуционерната енергија на организацијата за свои партиски цели и интереси. Во водењето на својата надворешна политика, бугарските влади вешто ги користеле политичко-пропагандните активности на ВМРО и на највисоките претставнички тела на македонската емиграција во Бугарија пред европските фактори и меѓународни конференции за признавање на "бугарското" малцинство во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија. Нивните барања, упатувани преку институтите на организацијата и на македонската емиграција, тие сакале да ги искористат за проширување на своите етнички граници во сите делови на Македонија и да добијат статус на матична држава на македонскиот народ, а со тоа да имаат историско право на цела Македонија.

Конфликтот меѓу двајцата претенденти за раководното место во ВМРО кулминирал со убиството на Александар Протогеров, извршено по наредба на Иван Михајлов против уставните принципи на организацијата, што било без преседан во долгогодишното дејствување на организацијата.

ВТОРАТА етапа го опфаќа последниот период од дејствувањето на ВМРО, од убиството на Александар Протогеров во јули1928 година до распуштањето на организацијата во мај 1934 година.

Убиството на Александар Протогеров не ги разрешило противречностите во раководството на организацијата, туку напротив, тоа довело до расцеп на ВМРО на две струи: михајловистичка и протогеровистичка. Приврзаниците на овие две струи прибегнале кон меѓусебно истребување со несогледливи последици за македонското ослободително движење. Двете струи во борбата за претендирање на правото за легитимна и вистинска ВМРО тргнале по различни патишта, разликувајќи се по своите програмски концепции, методи и средства на дејствување, како и во насоките на барањето нови сојузници.

Михајловистичката ВМРО ја продолжила дотогашната политика на организацијата, на внатрешен план како значаен фактор во политичкиот живот на Бугарија, а на надворешен како провокаторска

сила во однос на Кралството на Југославија. Оваа струја во ВМРО веднаш по *VII*-от Конгрес и донесените резолуции, изградила своја сопствена политичка платформа која тргнувала од зачувување принципот на "автономија на Македонија" преку обединување на трите дела на Македонија во одделна и самостојна држава во рамките на Балканска федерација. Набргу овој принцип го заменила со паролата за "независна Македонија", кој уште повеќе ја исклучувал можноста за присоединување на Македонија кон Бугарија, додека идеата за "автономна Македонија"оставала сомневање на тактичката стратегија наследена од автономистичката ВМРО на Тодор Александров за присоединување на Македонија кон Бугарија.

Преку паролата за "независна Македонија", михајловистичката ВМРО сметала на обединување на трите дела на Македонија, вклучувајќи го и пиринскиот дел на Македонија, кој го гледал како основно јадро, односно "Пиемонт" за обединување со другите два дела на Македонија, но со бугарски национален карактер. Создавањето на "независна Македонија", лидерот на оваа струја Иван Михајлов, го гледал од политички и државни цели за зачувување на бугарскиот елемент во Македонија и создавање на одделна, втора бугарска држава на Балканот, а не од национални потреби на македонскиот народ. Ваквата негова политичка платформа ја прикривала вистинската цел во блиска иднина да се дојде до обединување со Бугарија.

Од друга страна, со ваквите негови сепаратистички тенденции за откинување на пиринскиот дел на Македонија од Бугарија, а особено со неговото автономно управување во овој дел на Македонија во кој суверенитетот на бугарската држава бил во голема мера нарушен, почнала да реагира и бугарската јавност, а особено опозиционите политички партии. Заплашени за интегритетот на својата држава, нивните реакции ќе бидат и една од причините за забраната на ВМРО во границите на Бугарија.

На внатрешен план, михајловистичката ВМРО имајќи ја подршката на бугарските државни и владеачки фактори и на поголемиот број од македонските емигрантски организации, друштва и братства во Бугарија, а особено на Македонскиот национален комитет, како и контролата над пиринскиот дел на Македонија и касата на

организацијата, се здобила со огромно предимство во борбата со протогеровистичката струја и се до нејзината забрана таа останала најсилна и највлијателна струја во ВМРО. На надворешен план, барајќи сојузници против Кралството на Југославија, михајловистичката ВМРО уште поблиску се поврзала со италијанските и унгарските државни и политички кругови, а особено со националистичките и сепаратистичките сили во Хрватска. Врз основа на заедничките програмски цели за "Слободна и независна Хрватска и Македонија", таа во април 1929 година потпишала и декларација за соработка со лидерот на овие хрватски струи, Анте Павелиќ.

За разлика од михајловистичката ВМРО, протогеровистичката струја тргнала по други патишта, при што нејзината политичка програма ќе претрпи повеќе промени и видоизменувања. На почетокот од своето дејствување, оваа струја ќе остане приврзаник на уставните принципи на организацијата за извојување "автономна Македонија". Меѓутоа, наоѓајќи се во тешка материјална положба, а во меѓусебните борби со михајловистичката ВМРО и во политичка дефанзива, плашејќи се да биде елиминирана како фактор во македонското ослободително движење, таа била принудена да бара подршка и сојузник и кај други внатрешни и надворешни сили, организации и политички партии. Поврзувањето со ВМРО (Обединета) и со одделни политички кругови на Кралството на Југославија и на Бугарија, во голема мера ќе се одрази на идејната еволуција во нејзината политичка програма.

Најпрвин, под влијание на контактите со национално федеративна струја на ВМРО (Обединета), паролата за "автономна Македонија", протогеровистичката ВМРО ќе ја замени со барањето решенија за обединување на Македонија во рамките на балканската федерација и во сојуз со другите балкански држави. И покрај подадената рака и остварените контакти за соработка со ВМРО (Обединета), сепак до поцврста и трајна соработка не дошло, пред се, заради резервираното и колебливото однесување и пројавената недоверба од страна на комунистичкото крило на ВМРО (Обединета), која оваа струја ја третирала за терористичка и фашистичка, исто како и михајловистичката ВМРО.

Како резултат на воспоставените контакти за соработка со

југословенските власти и добивањето материјална подршка во борбата против михајловистичката ВМРО, протогеровистичката струја ја изменила и својата програмска стратегија со прифаќањето на идеата Македонија да влезе како одделна федеративна единица во југословенската федерација. Преку поврзувањето со југословенските политички кругови, оваа струја го отворила процесот на еден нов југословенски врховизам во редовите на ВМРО, што ги олеснувало позициите на михајловистичката ВМРО во меѓусебната борба, која ваквата нејзина соработка ја користела за да ја компромитира пред македонската емиграција во Бугарија и да ја оквалификува за провокаторска и предавничка организација.

Преку остварената соработка со бугарските опозициони партии и групи, чија политичка ориентација била зближување со Кралството на Југославија, протогеровистичката ВМРО ја приспособила и својата политичка програма, гледајќи го решавањето на македонското прашање со вклучување на обединета Македонија во заедничка федерација на Југославија и Бугарија, во која двете држави би ги изгубиле претензиите спрема Македонија. На крај, сепак сите нејзини обиди за воспоставување соработка ќе добијат карактер на политички маневрирања со привремени излети, скитања и нестабилност на нејзината политичка платформа , а чија главна цел била придобивање на сојузник и материјална помош во борбата против михајловистичката ВМРО за превласт во организацијата.

Во меѓусебната конкурентска борба за извојување приматот на легитимна и вистинска ВМРО, двете струи во оваа последна фаза од дејствувањето на ВМРО воделе вистинска истребувачка братоубиствена војна. Во неа, покрај бројни приврзаници и раководни лица од двете струи, биле убиени и поголем број стари револуционерни кадри, дејци, интелектуалци и идеолози на македонското ослободително движење. Меѓусебните убиства не само што го компромитирале ослободителното дело на организацијата и го намалиле нејзиниот авторитет кај европската општествена јавност, туку ја мобилизирале целата енергија и сила на двете струи во ВМРО и ги оддалечиле од македонскиот народ и од борбата што требала да се води за ослободување на Македонија.

За смирување на двете спротивставени струи и прекинување на меѓусебните убиства не помогнало ниту ангажирањето на неколку

"помирителни" комисии составени од истакнати дејци на македонската емиграција и акциите од страна на бугарски државни кругови, како и бројните реагирања, апели и протести на македонските емигрантски организации, друштва и братства и нејзините гласила и на бугарската и европска општествена јавност. Сите овие реагирања, кои ја легитимирале и самата Бугарија како држава на легализиран тероризам и без правен ред, во голема мера влијаело во државата да се создаде општествена клима која отворено го поставила барањето за оправданоста од натамошното дејствување на ВМРО во нејзините граници.

Врз основа на внатрешните реагирања и надворешните дипломатски притисоци, а особено со директното учество на опозицијата во бугарскиот политички живот, која во својата програма за надворешна изолација на Бугарија се залагала за зближување со Кралството на Југославија, на 19 мај 1934 година бил извршен преврат, а една од првите законски мерки била распуштањето на ВМРО. Со цел да го поврати државниот авторитет на земјата, новата влада на Кимон Георгиев го забранила дејствувањето на сите македонски организации, друштва и нивните гласила што имале македонски карактер, сведувајќи ја нивната дејност само на културно - просветен план. Самиот факт што бугарската влада кога посакала ја распуштила ВМРО, доволно говори за длабоките врски што ги имала со раководството на организацијата и со веќе прифатената надворешна политичка стратегија дека натамошните ревизионистички претензии кон Кралството на Југославија во однос на Македонија и акциите за признавање на "бугарското малцинство" во вардарскиот дел на Македонија, ќе мора да ги води преку своите официјални државни органи.

Со забраната на ВМРО во Бугарија, раководството на михајловистичката струја уште поблиску се поврзала со националистичките и фашистичките кругови на Италија, Унгарија, Германија и Хрватска. Одвоена од македонските маси во трите дела на Македонија, своето дејствување таа ќе го продолжи во Европа и Америка сред македонските иселеници. Сплотувајќи и мобилизирајќи го нивното политичко ангажирање во зачувувањето на традициите на ВМРО, таа не се откажала од барањата за ослободување на Македонија, продолжувајќи ја својата активност само на пропаганден план.

Долгогодишното опстојување на Македонската револуционерна организација заврши мошне неславно и трагично, недостојно за нејзините основачи. Причините за распуштањето на ВМРО треба да се бараат најпрвин во внатрешниот раскол, идејната деградација на нејзините водачи, отсуството на стабилна политичка платформа и единствена државна концепција, а особено неизградениот однос кон националното прашање, губењето на самостојниот фактор на движењето и ненаидувањето на разбирање кај големите сили за поголемо ангажирање во изнаоѓањето на поволно решение за македонскиот проблем.

# КРАТЕНКИ

АВИИ - Архив на Воено-историскиот институт

а.е. - архивска единица

АИНИ - Архив на Институтот за нацонална историја

AJ - Архив на Југославија

АМ - Архив на Македонија

АМВР - Архив на Министерството за внатрешни работи на Р. Бугарија

АС - Архив на Србија

БАН - Бугарска академија на науките

БИА НБКМ - Бугарски историски архив при Народната библиотека "Кирил и Методиј"

БЗНС - Бугарски земјоделски народен сојуз

БКП - Бугарска комунистичка партија

В, в - весник

ВЛБ - Велика масонска ложа на Бугарија

ВМОРО - Внатрешна македоно-одринска револуционерна организација

ВМРО - Внатрешна македонска револуционерна организација

ВМРО (Об.) - Внатрешна македонска револуционерна организација (Обединета)

ГГ - Главен Генералштаб

ДН - Друштво на народите

ЗП - Задгранично претставништво

ИНИ - Институт за национална историја

кн - книга

КПЛ - Кралско посланство во Лондон

КПЈ - Комунистичка партија на Југославија

Кралство на СХС - Кралство на Србите, Хрватите и Словенците

кут - кутија

МАНУ - Македонска академија на науките и уметностите

МВР - Министерство за внатрешни работи

МЕФО - Македонска емигрантска федеративна организација

МНК - Македонски национален комитет

МПО - Македонски политички организации

МФРО - Македонска федеративна револуционерна организација

НК - Национален комитет

НА БАН - Научен архив при Бугарската академија на науките и уметностите

РСВР - Републички секретаријат за внатрешни работи

Т - том

ТАО - Трета армиска област

фасц - фасцикла

ЦДА - Централен државен архив

цит - цитирано

ЦК - Централен комитет

ЦП - Централно Пресбиро

ЦПА - Централен партиски архив

# БИБЛИОГРАФИЈА
# НА КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

## I. ИЗВОРИ

### 1. Необјавена архивска документација

а) Архив Војно-историјског института, Београд
Пописник 4
б) Архив на Институтот за национална историја, Скопје
Фонд Главен генералштаб
Фонд Коминтерна
Фонд Кралско посланство во Лондон
Фонд Трета армиска област
Фонд Сеќавања, изјави, стенографски белешки, анкетен материјал и др. од работничкото движење меѓу двете етски војни и за организацијата СКОЈ
Фонд Централно Пресбиро
в) Архив Југославије, Београд
Фонд Министарство унутрашњих послова
Збирка Одељење јавне безбедности - револуционарни комитет ВМРО (1925)
г) Архив на Македонија, Скопје
Фонд Македонски национален комитет
Фонд Министерство за внатрешни работи на Кралството на СХС
Фонд Милан Стојадиновиќ
Фонд Републички секретаријат за внатрешни работи
Фонд Робеви
Фонд Централно Пресбиро
д) Архив на Македонската академија на науките и уметностите, Скопје
Фонд Стеван Симиќ
ѓ) Архив на Министерството за вътрешни работи, София
Збирка ВМРО
е) Архив Србије, Београд
Збирка Танасије Динића (1925-1935)

ж) Български исторически архив при Народната библиотека "Кирил и Методий", София

Фонд 324- Ефтим Спространов

Фонд 540 - Климент Бояджиев

Фонд 583 - Семеен фонд Димитар, Христо и Ангел Узунови

Фонд 589 - Христо Коцев

Фонд 808 - Сребрен Попетров

з) Музеј - галерија, Кавадарци

Фонд Мемоарски материјал, инв.бр.90

Блажо Видов, Спомени за револуционерните дејци од Тиквешијата

Благой Видов, "Някои моменти од македонското революционно движение в България", V и VI дел

ѕ) Научен архив НА БАН, София

Фонд 36 к - Ефтим Спространов

Фонд 73 к - Петър Георгиев Дървингов

Сб.IV, а.е.128, Стойчо Мошанов, "Из спомените ми"

Сб. IV, а.е.153, Благой Видов, "Първите години от властуването на Иван Михайлов (1925-1928 г.)"

Сб. ИВ, а.е.194, Методи Иор. Янчулев, Спомени

и) Централен държавен архив, София

Фонд 3-Задгранични органи на БКП

Фонд 125 - Васил Пундев

Фонд 146 -Георги Димитров

Фонд 176 - Министерство за външни работи

Фонд 181 - Политзатворенически материали

Фонд 193 - Симеон Кавракиров

Фонд 292- Ляпчев Андрей Тасев

Фонд 396 - Македонска вътрешна революционна организация

Фонд 890 - Георги Кулишев

Фонд 1075 - Дружество "Илинден"

Фонд 1909 - Александър Протогеров

Фонд 1932 - Национално освободителни организации на македонските българи след Берлинския договор 1978 година

Фонд 1935 - Георги Баздарев

Фонд 1945 - Иван Михайлов

Фонд 1948 - Кирил Пърличев

Сп. 2120 Спомени на Петър Шанданов

ј) Централен партиен архив, София

Фонд 10 - Балканска комунистическа федерация

Фонд 204 - ВМРО (Обединена)

## 2. Необјавени спомени, мемоари, дневници, ракописи, сеќавања и изјави


Миле Арсениевски и Миле Крцковски, " Активноста на Ванчо Михајлов од 1918 до 1934".

Благой Видов, "Някои моменти от македонското революционно движение в България", V и VI дел

Благой Видов, "Първите години от властуването на Иван Михайлов (1925-1928 г.)"

Блажо Видов, "Спомени за револуционерните дејци од Тиквешијата"

Васил Гранков, Сеќавање

Александър Георгиев Гребенаров, Македонските бежански организации в България (1918-1928 г.)(дисертация), БАН, Институт по история, София, 1988

Танасије Динић, ВМРО и Бугарска, Београд, 1933

Димитър П. Ефтимов, Борбите на прогресивната македонска емиграция в България (спомени и изповеди), Варна, 1935 кн.I и II

Димитър Попефтимов, Идеология и фразеология. Протогеровизъм или федерализъм на борбата на прогресивната македонска емиграция (писма и документи), Варна, 1933. Подредени и преписани 1959г.

Д. Поп Ефтимов, Из моя дневник от 1928 до 1934

Иванов Станчев Славе, Извод од изјавата

Иванов Станчев Славе, Спомени

Васил Хаджикимов, Спомени на Мирчо Кикиридков

Христо Коцев, Спомени

Георги Кулишев, Дневник

Георги Кулишев, Спомени

Михаил Банов Кушев, "Фамилия Кушеви"

Материјали од сослушувањето на: Владимир Спиридонов Куртев, Васил Трпков Шалдев и Јосиф Кузов Марков во 1946 година во Софија,

Цветана Иванова Мичева, Вътрешната македонска революционна организация след разцеплението (1928-1931 г.) (дисертация), БАН, Институт по история, София, 1983

Стойчо Мошанов, Из спомените ми

М-р Даринка Пачемска-Петреска, Федеративната идеја во македонското национално ослободително движење од 1918-1941 година (докторска дисертација), Универзитет "Кирил и Методиј", Факултет за Филозофско-историски науки, Скопје, 1986

Сребрен Попетров, Спомени

Процес срещу ВМРО, София, 1946

Стеван Симић, Аутобиографске успомене

Ефтим Спространов, Автобиография - спомени

Стефанов Иванов Димче, Извод од изјавата

Тома Николов Фиданчев, Записник од сослушувањето

Хаџиев Панајот, Од животот на борбата на македонските иселеници во

Америка

Петар Шанданов, Спомени

Шатев Поцев Павел, Извод од изјавата

Шатев Павел, Спомени

Методи Јанчулев, Спомени

3. Објавени архивски документи, изворни материјали и спомени

ВМРО (Обединета). Документи и материјали, книга I и II. Избор, редакција и коментар: Иван Катарџиев, Скопје, 1991, 1992.

VERITAS. Македония подъ иго 1919-1929. Документи и свидетелства, София, 1931.

Димитар Влахов, Мемоари, Скопје, 1970.

Михаил Герджиков, Спомени, документи, материали, София, 1984.

Стефан Груев, Корона от тръни. Царуването на Борис III 1918-1943, София , 1991.

Димитъръ Гюзелевъ, Жертвитъ на Скопския студентски процесъ, Скопие, 1942.

Ангел Динев, Политичките убиства во Бугарија, Скопје, 1951.

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Том втори, Скопје, 1981.

Za nezavisnu drzavu Hrvatsku. Povodom trogodisnjice "Sofijske deklaracije" za zajednicku borbu Hrvata i Makedonaca, Wien, 1932.

Заговорътъ противъ Тодоръ Александровъ. По данни на Вътрешната македонска революционна организация, София, 1924.

Защо бъ убитъ Александъръ Протогеровъ. Свътлина върху събитията отъ 1924 и 1928 год. По данни на Вътрешната македонска революционна организация, (София),1928.

Тодор Г. Зографски и Димче А. Зографски, КПЈ и ВМРО (Обединета во Вардарска Македонија во периодот 1920-1930, Скопје, 1974.

Идеитъ и задачитъ на македонското прогресивно движение въ България, София , 1933.

Истината върху кризата въ ВМРО. Задгранично издание, (София), Август, 1929.

Димо Казасов, Искри от бурни години. Избрани произведения София , 1987.

Г. Кулишевm, Македонската криза, Софиz, 1928.

Алексо Мартулков, Моето учество во револуционерните борби на Македонија, Скопје, 1954.

Л. Милетичъ, Рец.: Д-ръ П. Джидровъ, Проблемътъ за Македония . Речъ, държана на 27 април 1930 год. по покана на Македонското студентческо дружество "Вардаръ" въ София , 1930, "Македонски прегледъ", год.VI, кн.2, София , 1930, 136-140.

Иван Михайлов, Избрани произведения. Съставители: Кръстю Гергинов, Цочо Билярски, София , 1993.

Иванъ Михайловъ, Спомени III. Освободителна борба 1924 - 1934, Louvain, 1967.

Иванъ Михайловъ, Спомени IV. Освободителна борба 1924 - 1934 г. (продължение), Indianapolis, 1973.

Македония . Сборник от документи и материали, София , 1978.

Д-р Боро Мокров, Развојот на македонскиот печат и новинарството (од првите почетоци до 1945 година), Скопје, 1980.

Svetozar Pribicevic, Diktatura kralja Aleksandra, Beograd, 1952.

Processo diseusso alla corte di assisi di Milano contro il patriota macedone Dimitri Stefanoff per L'uccisione del traditore Pietro Ciauleff, Roma, 1927.

В. Пундевъ, Следъ злодейството. Шестъ месеца отъ убийството на Александъръ Протогеровъ, София , 1929.

Родоотстъпници, (София ), 1929.

Споменица прославе двадесетогодишњице брегалничке битке и десетогодишнице оснивање народне самоодбране, Штип, 1933.

Стенографске белешке Народне скупштине Краљевине СХС. Редован сазив за 1923-1924 год., II књига, Београд, 1924.

Тодор Александров - Живот легенда. Съставител: Цочо В. Билярски, София, 1991.

Тритъ дъла Прага - Таборъ - Виена - Милано. Страници отъ борбата на Македония, (София, 1927).

Уставъ и Правилникъ на Съюзъ на македонскитъ студентски дружества въ Чужбина, Виена, 1925.

Чехословашки извори за българската история , Том I, II, БАН, София , 1985, 1987.

К(лимент) Џамбазовски, Два документа за проучување на националниот развиток на македонскиот народ меѓу двете светски војни, Историја, XI/2, Скопје, 1973, 281-293.

Мирчо Юруков, Симеон Кавракиров (биографичен очерк), София , 1956.

### 4. Весници

"Вардаръ", София
"Илинденъ", София

"Македония", София
"Македонска правда", София
"Македонско дело", Виена
"Македонско знаме", София
"Независима Македония", София
"Протогеровъ листъ", София
"Революционенъ листъ", София
"Свобода или смъртъ", София

## II ЛИТЕРАТУРА

Александар Апостолов, Злетовска област - историски осврт. Злетовска област. Географско-историски осврт, Скопје, 1974, 209-626.

Александар Апостолов,Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, Скопје, 1966.

Александар Апостолов, Специфичната положба на македонскиот народ во Кралството Југославија, Гласник на ИНИ, бр.1, Скопје, 1972, 39-60.

Крсте Битоски, За положбата на македонската емиграција во Бугарија меѓу двете светски војни (до 1934 година), Гласник на ИНИ, бр.1-2, Скопје, 1962, 97-194.

Крсте Битоски, Македонските добротворни братства во Бугарија и нивната активност за создавање на обединета и независна Македонија (1918-1934), Гласник на ИНИ, бр.2, Скопје, 1971, 93-129.

Васил Ат. Василев, Великобритания и македонският въпрос (1924-1929), Исторически преглед, кн.1, София , 1984, 20-42.

Васил Ат. Василев, Майският манифест на ЦК на ВМРО од 1924 г. - опстановка, преговори и последици, Исторически преглед, кн.5, София, 1980, 39-63.

Кърсто Веляновъ, Днешната политическа постановка на македонския въпросъ, София , 1928.

Петър Галчин, Политическите борби в Пиринския край 1923-1939, София , 1989.

Величко Георгиев, Великата ложа на България и някои аспекти на националния въпрос (1923-1931г.), Военноисторически сборник, кн.3, София , 1984, 22-38.

Димитър Г. Гоцев, Младежките национално - освободителни организации на македонските Българи 1919-1941 г., София , 1988.

Димитър Гоцев, Тайна младежка революционна организация във Вардарска Македония (1922-1927 г.), Исторически преглед, кн.2, София, 1983, 49-63.

Александър Гребенаров, Вестник "Македонска трибуна" - извор за дейноста на македонските политически организации в САЩ и Канада (1922-1934 г.), Сборник доклади от Трета национална конференция на младите историци - Пловдив 1981, София , 1985, 151-154.

Александър Гребенаров, Иван Михайлов и национално-освободителното движение на македонските българи (1925-1928), Известия на Военноисторическото научно дружество, Том 50, София , 1990, 164-188.

Александър Гребенаров, Идеи и тенденции в македонското освободително движение между двете световни войни, История, опщество, философия , бр.4, София , 1991, 57-68.

Александър Гребенаров, Мястото на македонската емиграция в информационната служба на ВМРО (1926-1928 г.), Военноисторически сборник, кн.5, София , 1988, 99-111.

Костадин Гърдев, Македонските патриотически организации в Канада от основането им до 1987 г., София , 1991.

Георги В. Димитров, Настаняване и оземляване на българските бежанци

(1919-1939), Благоевград, 1985.

Илчо Димитров, Българо - италианските политически отношения, 1922-1943, София, 1976.

Илчо Димитров, Фашистка Италия и ВМРО. България и европейските страни през XIX век. Посвещава се на чл.-кор. Туше Влахов по случай 75-годишнината му, БАН, София, 1975, 244-264.

Дечо Добринов, Георги Димитров и Вътрешната македонска революционна организация (обединена) (1925-1936 г.), Исторически преглед, кн.2, София, 1982, 89-106.

Историја на македонскиот народ, книга трета, Скопје, 1969.

История на Благоевградската окръжна организация на БКП, София, 1979.

История на България, София, 1994.

Д-р Иван Катарџиев, Време на зреење. Македонското национално прашање меѓу двете светски војни (1919-1930), I, Скопје, 1977.

М-р Стојан Киселиновски, Грчката колонизација во Егејска Македонија (1913-1940), Скопје, 1981.

Никола Коларов, Мара Бунева, В. "Отецъ Паисий", кн.1, София, януарий 1942, 25-32..

Војо Д. Кушевски, Скопскиот студентски процес пред Друштвото на народите. Зборник на трудови посветени на академикот Михаило Апостолски по повод 75-годишнината од животот, МАНУ, Скопје, 1986, 159-172.

Дино Г. Къосев, Борбите на македонския народ за ослобождение, София, 1950.

Кръстъо Манчев, Югославия и международните отношения на Балканите 1933-1939, София, 1989.

Георги Марков, Парола "Сабя". Заговорите и превратите на Военния съюз 1919-1936, София, 1992.

Димитър И. Митев, Англия и македонския въпрос по време на второто лейбъристко правителство (1929-1931 г.), Исторически преглед, кн.2, София, 1986, 3-20.

Трендафил Митев, Българската емиграция в Америка и борбите за ослобождението на Македония 1919-1945, София, 1993.

Димитар Митрев, Пиринска Македонија, Скопје, 1986.

Андреј Митровић, Време нетрпељивих. Политичка историја великих држава Европе 1919-1939, Београд, 1974.

Проф. д-р Добрин Мичев, Македонския научен институт, Македонски преглед, кн.4, София, 1993, 145-148.

Цветана Мичева, Конгресът на ВМРО през 1928 г. - конгрес на разцеплението, Векове, кн.4, София, 1987, 45-53.

Цветана Мичева, Убийството на Александър Протогеров, Исторически преглед, кн.2, София, 1984, 54-69.

Георги Наумов, Политически борби в Демократическия сговор през управлението на Андрей Ляпчев, Исторически преглед, кн.6, София, 1969, 24-51.

Коста Новаковиќ, Македонија на Македонците! Земјата на земјоделците!, Скопје, 1959.

Костадин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия, 1918-1941, София, 1983.

Костадин Палешутски, Югославската комунистическа партия и македонският въпрос 1919-1945, София, 1985.

Д-р Панайот Панайотов, Външната политика на България 1919-1945, София, 1990.

Константин Пандев и Костадин Палешутски, Българското национално-освободително движение след Берлинския конгрес (1878-1941), Исторически преглед, кн.3-4, София, 1981, 95-113.

М-р Даринка Пачемска, Внатрешната македонска револуционерна организација (Обединета), Скопје, 1985.

Д-р Даринка Пачемска - Петреска, Дејноста на левите струи и организации. Златна книга. 100 години ВМРО, Скопје, 1993, 129-142.

Людмил Петров, Подвиг и саможртва, Военноисторически сборник, кн.4, София, 1991, 126-137.

Анри Пози, Војната се врщта. София , 1992.

Блаже Ристовски, Портрети и процеси, III, Скопје, 1990.

Людмил Спасов, България, великите сили и балканските държави 1933-1939 г., София, 1993.

Чезаре Спеланзонъ, Източниятъ въпросъ. Победени и победители на Балканитъ, София, 1930.

M-r Vance Stojcev, Istorijska ishodi{ta VMRO (12), feljton "Narodna armija", 4.IV.-13.*VII*.1991.

М-р Зоран Тодоровски, Дејноста на десните струи и организации. Златна книга.100 годни ВМРО, Скопје, 1993, 152-192.

Веселин Трайков, История на българската емиграция в Северна Америка. От началото и през средата на XIX в. до 80-те години на XX век, София, 1993.

М-р Надежда Цветковска, Политичките активности на македонската емиграција во Бугарија од 1918 до 1929 година, Скопје, 1990.

Д-ръ Павелъ Шатевъ, Балканската проблема и Македония, София, 1945.

Ярослав Иоцов, Управлението на "Демократическия" сговор (статия

втора), Исторически преглед, кн.3-4, София, 1949, 451-488.